**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1123**

**Скопје, 16 мај 2016 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставаат на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1123 од 16 мај 2016 година**


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Анета Трпковска)**.........9

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Стратешки партнерства помеѓу конкуренти и нивното влијание врз структурата на индустријата – со посебен осврт на челичната индустрија и рударството во Република Македонија,** изработена од **м-р Маја Ќурчиева,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.........10-18
2. Рецензија на ракописот **Менаџмент** од авторот **проф. д-р Бобек Шуклев,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје.........19-24
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Цветанка Тодороска, Стефан Јовановски, Бојан Поповски, Џоко Соколов, Радмила Андовска, Драгана Кнежевиќ, Дејан Поповски, Надица Мандалова, Анита Буровска, Ивана Малијанска, Борис Дабевски, Мирјана Бајрактарова, Ангелина Малова, Сања Наумоска, Андриана Ристовска, Надежда Прокопиева Бежовска, Дејан Илиоски, Ирена Станкоска)**.........25-27

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: метод на анализа на структура и фунцкионирање на претпријатието, индустриска динамика, на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Радмил Поленаковиќ)**.........28-55

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на две лица во сите научни звања (научни советници) по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(н. сор. д-р Нико Беќаровски, в. н. сор. д-р Деска Димитриевска, нас. доц. д-р Андон Чибишев)**.........56-83
2. Реферат за избор на научен советник по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(в. н. сор д-р Борјанка Танева)**.........84-93
3. Реферат за избор на соработник (асистент-истражувач) на Катедрата за медицинска физика на Медицинскиот факултет во Скопје **(м-р Душко Лукарски, спец. мед. нук. физ.)**.........94-99
4. Реферат за избор на асистенти-докторанди по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Никола Ѓорѓиевски, д-р Филип Гуќев, д-р Сеад Зејнел, д-р Билјана Зафировска Талеска, д-р Јабе Талески, д-р Марија Здравеска, д-р Ивана Трајковска, д-р Ирена Гиговска, д-р Анче Волкановска, д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, д-р Газменд Амзаи, д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ, д-р Душан Петковски, д-р Дафина Јаневска, д-р Афродита Берат Хусеини)**.........100-147
5. Рецензија на ракописот **Анатомија на човекот** одавторите: **Добрила Тосовска-Лазарова, Билјана Зафирова, Драгица Јурковиќ, Елизабета Чадиковска, Билјана Бојаџиева Стојаноска, Аце Додевски, Билјана Трпковска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.........148-151
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Атланто-аксијална нестабилност како еден од проблемите кај пациентите со ревматоиден артритис** од **м-р Авни Кучи,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.........152-156

7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хомоцистеинот и неговата корелација со микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2** од **д-р м-р Ксенија Богоева Костовска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.........................................................................................................157-167
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер** од **д-р Јасмин Циривири,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...........................................................168-175

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) педагогија, методика, компаративна и историја на педагогијата, менаџмент во образованието на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(д-р Розалина Попова-Коскарова)**......176-196

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економски науки (применета економика) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Ванчо Узунов)**....197-206
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Брачните пречки во римското и современото семејно право од м-р Арлинда Кадри Шахиновиќ,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........................................................................................................207-213
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Ивона Секуловка, Игор Тасевски, Катерина Смическа, Марија Танаскоска-Сековска, Ангела Велинова, Андреј Стојков, Нена Николовска, Александра Ранковиќ, Дејан Арсов, Александар Велјаноски, Антоанета Димовска, Ивана Димитровска, Ивана Петковска, Марија Дамчевска, Ратко Бадалоски, Јоана Милевска, Гордан Шутаров, Ленче Белчевска, Стефан Рајчиноски, Зорица Наумоска, Христијан Давидовиќ, Александра Лулкоска, Лепосава Огњаноска, Никола Суботиќ, Маја Костовска, Ружа Карагонова Атанасова, Катерина Пишева, Томче Бабуновски, Благојче Ристоски, Велика Јовева, Вангелија Трембелиева, Татјана Нарашанова, Моника Спасеска, Тања Ѓорѓиева, Никола Сапунциев, Марија Глигоровска, Ангелина Крмзова Канзурова, Мирјана Стојановска, Зорица Симиќ, Анѓелија Јаначкова, Марјан Стојковски, Александра Цветановска, Ема Стојановиќ, Мартин Симеонов, Снежана Петрова, Златко Илијевски, Александар Ристовски, Моника Велоска, Сораја Јусуфоска, Бисера Ѓоргиевска, Симона Џуклеска, Александра Станојковска, Сара Божиновска, Сашка Талеска, Тамара Мицевска, Тања Бошкоска, Дејан Ристовски, Марија Тодоровска, Александар Бутески, Емилија Ацеска, Александра Тодоровска, Билјана Иванова, Љубинка Митковска, Маја Станојкоска Тодорчева, Елена Попоска, Елена Боганска, Александра Јошеска, Кирил Спироски)**.........................................................................................214-223

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Ана Цветановска)**........................224
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Виктор Цицимов, Иванка Мијиќ, Маја Вељановска Тодорвска, Селим Елмази)**..................................................225

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на научни работници во сите научни звања од научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Анета Мијоска, ас. д-р Наташа Ставрева, ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова)**........................................................................................226-269


**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(м-р Сашка Голомеова)**....270
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Лета Нојкиќ, Елена Трајкоска Бојаџиска)**........................................................................................271-272


**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија (актерска игра) на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Зоја Бузалковска)**............................273-284
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област продукција на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(д-р Игор Вецовски)**........................................................................................285-292
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област драматургија на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Маја Стевановиќ)**.......................................................................293-300
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија (актерска игра) на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Мими Таневска-Србиновска)**.......301-310
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) тв и радиоигра на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Синоличка Меллес-Трпкова)**.......................311-318
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) драматургија и тв-сценарио на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(д-р Сашко Насев)**....................................319-328
7. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија (театарска режија) на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Златко Славенски)**..........................329-338
8. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија (актерска игра) на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(д-р Сузана Киранџиска)**........................339-352
9. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија (сценски говор со техника на глас) на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(д-р Тихомир Стојановски)**........................................................................................353-362
10. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) филмска и тв режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(д-р Антонио Митриќески)**.................................363-372


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област овоштарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Марјан Кипријановски)**.......................................................373-389


**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Појавување на анксиозноста меѓу спортисти и неспортисти во периодот на адолесценција во Р. Македонија** од **м-р Кастриот Шаќири,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.................390-394

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): методика, ортопедагогија, дефектологија, логопедија на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Зора Јачова)**......395-420
2. Рецензија на ракописот **Окупациона терапија** од **Оливера Рашиќ-Цаневска,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје........................421-430
3. Рецензија на ракописот **Економика на образованието** од авторите: **д-р Трајан Гоцевски, д-р Стојан Гоцевски,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје..........................................................................................................431-440
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 до 1939 година** од **м-р Ајрула Јакупи,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје............................................................................................................441-445
5. Преглед на прифатени теми за изработка на докторски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Аделина Хајрулаху, м-р Орданче Петров)**........446


## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација под наслов **Субверзивноста на женското лудило во англо-американската проза наспроти конформизмот на женската патријархална матрица на македонскиот роман** изработена од **м-р Татјана Срцева-Павловска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје....................................447-451
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс** изработена од **м-р Ведат Реџепи,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје...........................................................452-457
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза** од **м-р Васка Ташова,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....................................................................................458-464


## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средните претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската Унија** од **м-р Милица Пројиќ,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје..........................................................................................465-470
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Стефан Герасимов, Лина Петровски, Даница Симоновска, Виктор Димовски, Елена Џонова, Владица Кокаловиќ)**.............................................471-472


## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА


1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност при Институтот за македонска литература во Скопје **(д-р Наташа Аврамовска)**.....................................473-494
2. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност при Институтот за македонска литература во Скопје **(д-р Соња Стојменска-Елзесер)**...........................495-520


## ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Јасмина Мишоска)**.......................521
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Росана Јанкова, Даница Соколовска Бурчевска, Маја Стефанова, Мартин Трајановски, Ивана Иванова,**

**Изабела Цветковиќ, Јована Петковска, Ивана Матеин, Драган Стојановски)**.......................................................................................................522-523

## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

1. Реферат за избор на виш научен соработник од областа македонска ономастика во Одделението за ономастика при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје **(д-р Мери Момировска)**.........................................524-529

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Анета Трпковска,** дипл.проф. по англиски јазик и книжевнсот | **“Влијание на парковите и урбаните шуми врз цените на резиденцијалните недвижности во скопје“** | **“INFLUENCE OF PARKS AND URBAN FORESTS ON THE PRICE OF RESIDENTIAL REAL ESTATES IN SKOPJE ”** | **Доц. д-р. Дивна Пенчиќ** | 02-2/136-44 од 27-04-2016 |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ПОМЕЃУ КОНКУРЕНТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СТРУКТУРАТА НА ИНДУСТРИЈАТА - СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА -**
ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАЈА ЌУРЧИЕВА,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 113/05 и 51/07), член 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 0202-803/2 донесена на 5.5.2015 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ПОМЕЃУ КОНКУРЕНТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СТРУКТУРАТА НА ИНДУСТРИЈАТА - СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, поднесена од кандидатката м-р Маја Ќурчиева.

По внимателното и опстојно прегледување на содржината на докторската дисертација, Комисијата предложи, а Наставно-научниот совет го прифати предлогот за имплементирање на забелешки од Комисијата во докторската дисертација. Со одобрение од Наставно-научниот совет (Одлука бр. 0202-1490/2 од 3.7.2015 година), на кандидатката ѝ се одобри рок од 6 месеци за измени и дополнувања на докторската дисертација. По доставувањето на новиот текст на докторската дисертација во предвидениот рок, Комисијата констатира дека кандидатката постапила по забелешките и затоа го поднесува до Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација содржи вкупно 227 страници текст, 8 страници користена литература (165 релевантни изворно користени библиографски домашни и странски единици) и 6 страници прилози. Трудот претставува комплексна научна материја од доменот на стратегискиот менаџмент. Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана, во согласност и во функција на јасно поставената цел, а се состои од:

**Вовед** (5-16 стр.)
**Глава I** ПРИРОДАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ПАРТНЕРСТВА (17-70 стр.)
**Глава II** СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ПОМЕЃУ КОНКУРЕНТИ (71-101 стр.)
**Глава III** СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ВО ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВОТО ВО СВЕТОТ (102-133 стр.)
**Глава IV** ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (133-221 стр.)
**Заклучок** (222-227 стр.)
**Литература** (228-235 стр.)
**Прилози** (236-241 стр.)

Во **воведот** на дисертацијата се дефинирани актуелноста на истражувањето, предметот, целта, задачите, како и широчината и длабочината на истражувањето.

Во **првата глава, Природата на стратешките партнерства**, м-р Маја Ќурчиева на почетокот истражувачкото внимание го фокусира кон основните аспекти и теоретски концепти на стратешките партнерства. Во продолжение, кандидатката презентира повеќе видови алијанси кои се разликуваат според формата и поврзаноста, како и условите според кои алијансата претставува оптимална организациона структура без разлика на формата. Потоа, кандидатката ги објаснува мотивите за формирање на стратешките партнерства. Надворешните и внатрешните фактори подеднакво можат да бидат пресудни и да создадат потреби кои можат да се реализираат преку стратешки партнерства. Истакнувајќи го исклучителното значење на стратегијата, кандидатката ги разработува факторите кои влијаат врз успешноста на едно стратешко партнерство. Покрај анализата на главните предности кои ги добиваат партнерите со формирање на стратешките партнерства, кандидатката ги презентира и постојните ризици кои можат да произлезат и кои треба да се имаат предвид. Во продолжение на оваа глава претставени се клучните елементи кои се потребни за воспоставување на една успешна стратегија како и постапката за формирање стратешки партнерства. Кандидатката посебно истакнува дека покрај билатералните релации меѓу фирмите, постојат и серии на меѓусебно мрежно поврзани партнерства или констелации.

Во **втората глава, Стратешки партнерства помеѓу конкуренти**, кандидатката м-р Маја Ќурчиева подетално ги проучува стратегиите за стратешки партнерства меѓу конкуренти. Тука се претставени причините за формирање партнерства меѓу конкурентите, како и предностите и ризиците на ваквите партнерства. Особено значајно е согледувањето на влијанието на ваквите партнерства врз структурата и конкурентноста на индустријата. Во продолжение, кандидатката м-р Маја

Ќурчиева прави детално проучување на односот меѓу алијансите и ривалството, истакнувајќи дека тој е сè уште загатка за економистите. Решението на оваа загатка, анализира кандидатката, произлегува од основната причина за формирање на стратешки партнерства, што во овој дел таа пошироко го елаборира. Фокусот на истражување понатаму е насочен кон детално и длабинско проучување на стратешките партнерства и конкуренцијата, како и влијанието на партнерствата врз структурата и конкурентноста на индустријата. Во овој дел, кандидатката теоретските концепти и образложенија за стратешки партнерства со конкуренти ги поткрепува со примери на ваков вид стратешки партнерства во светот, како доказ за успешни практики. Во продолжение, кандидатката истакнува дека покрај предностите, кои ги очекуваат, компаниите мораат да бидат свесни за постоењето и на одредени ризици кои се својствени за едно партнерство формирано помеѓу конкуренти. Во рамките на оваа глава се проучуваат и заштитните механизми кои ги преземаат компаниите со цел формираните стратешки партнерства да не работат против нивните интереси. Фокусот на истражувањето понатаму е насочен кон детално и длабинско проучување на трансферот на знаење и делење на ресурсите. Кандидатката, во продолжение, своето истражување го продлабочува во оваа сфера. На крајот од втората глава издвоени се неколку основни правила, согласно со најдобрите практики и искуства, кон кои би требало да се придржуваат менаџерите на едно мрежно поврзување со цел успешно управување со стратешките партнерства со конкуренти.

**Во третата глава, Стратешки партнерства во челичната индустрија и рударството во светот,** даден е осврт на рударството и челичната индустрија во светот. Во овој дел подетално се разгледани искуствата од формирањето стратешки партнерства во челичната индустрија и рударството во светот. Посебен акцент е ставен на прикажување на искуствата со цел да се искористат за примена и во наши услови. Во рамките на овој дел на докторската дисертација, кандидатката елаборира како стекнатите знаења од успешните искуства поврзани со формирање стратешки партнерства во други земји и индустрии би можеле да се пренесат и искористат ефикасно и во рамките на металургијата во Република Македонија. Во оваа глава, прво се согледани процесите на глобализација и консолидација во рамки на челичната индустрија и рударството во светот. Тука, кандидатката дава краток осврт на историскиот развој на челичната индустрија и рударството, влијанието на економската криза, поттикнувачите на консолидацијата и вертикалната интеграција и тековните трендови во процесот на консолидацијата. Во продолжение на оваа глава, особен фокус е даден на конкуренцијата и поделбата на моќ. На крајот на оваа глава, кандидатката дава конкретни успешни примери од практиката на стратешки партнерства во светот во рамки на челичната индустрија и рударството.

**Четвртата глава, Челичната индустрија и рударството во Република Македонија**, во најголема мера, е посветена на истражувањето кое м-р Маја Ќурчиева го има реализирано за потребите на оваа докторска дисертација. Даден е краток осврт на рударството и челичната индустрија во Република Македонија. Овој дел започнува со прикажување на тековната состојба на овие две дејности во Република Македонија и состојбата на пазарот во двете дејности. Овој дел ги содржи

резултатите од истражувањето на конкретни компании во челичната индустрија и рударството во Република Македонија. Исто така, се согледуваат и можностите за формирање на стратешки партнерства во овие две дејности во Република Македонија. Добиените резултати во целост ја потврдуваат главната тема на ова истражување. Исто така, претставени се основните елементи за менаџирање на стратешките партнерства. На крајот на оваа глава дадени се аналитички заклучоци за дијагностицирање на состојбите и можностите во насока на развивање стратегии за стратешки партнерства во Република Македонија во рударството и челичната индустрија. Заклучоците служат за извлекување препораки за стратешки партнерства во овие две дејности. Препораки се дадени за формирање на стратешки партнерства помеѓу конкурентите од селектираните компании. Исто така, се дадени основни насоки за понатамошни можни стратешки партнерства генерално во рударството и во челичната индустрија.

Во рамките на **заклучните согледувања**, кандидатката м-р Маја Ќурчиева ги сумира заклучоците кои произлегуваат од целиот труд, потенцирајќи ги најбитните сознанија во теоријата и практиката од областа на стратешките партнерства. Наведени се клучните наоди од истражувањето и нивното меѓусебно влијание. Тука е направено сумирање на резултатите и на препораките од целокупното истражување. Притоа, се истакнува дека глобално ориентираните компании поуспешно конкурираат на пазарот ако формираат стратешки партнерства, а особено ако влезат во партнерство со своите ривали.

**ЛИТЕРАТУРАТА** која е користена во овој труд содржи 165 библиографски единици, во најголем број од странски автори, а дел од домашни автори. Користената литература во поголем дел е објавена по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред тоа.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражувањето на докторската дисертација претставуваат стратешките партнерства меѓу конкурентите, со посебен осврт на челичната индустрија и рударството во Република Македонија. Исто така, предмет на истражувањето е и разгледување на интеракциите помеѓу партнерствата и конкуренцијата и како партнерствата го менуваат стандардниот облик на конкуренцијата.

Целта на овој труд е повеќекратна и, главно, се состои во истражување и анализа на можностите за формирањето на стратешки партнерства помеѓу конкуренти во челичната индустрија и рударството во Република Македонија, имајќи ги предвид искуствата од формирањето на стратешки партнерства во овие дејности во светот. Уште една од поважните цели опфатени во ова истражување е да се согледа и комплексноста на формирање на алијансите или стратешките партнерства, причините за нивно формирање и односите кои се формираат меѓу партнерите.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

За реализирање на целите на ова истражување опфатени се челичната индустрија и рударството во Република Македонија, имајќи го предвид стратешкото значење на овие две гранки за севкупниот економски развој на државата. Овие две гранки се извозно ориентирани гранки и тие имаат особено значење за Република Македонија во остварувањето на девизен прилив. Во согласност со обврската која произлезе од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Владата на Република Македонија ѝ даде приоритет на челичната индустрија. Во овие рамки, вообичаено челичната индустрија и рударството се сметаат за есенцијални стратешки гранки кои можат да влијаат врз измена на структурата на целокупната индустрија и економијата на една земја.

Со оглед на фактот дека стратешките партнерства сѐ уште се недоволно распространети и не се применуваат во Република Македонија, се анализираат компании, во двете гранки одделно, во челичната индустрија и рударството. Поради недоволната присутност на ваков вид партнерство, при селекција на компаниите се има предвид и можноста за формирање на стратешки партнерства во иднина, во двете гранки, челичната индустрија и рударството во Република Македонија.

**Краток опис на применетите методи**

Во истражувањето и во обработката на податоците во докторската дисертација се применуваат научни методи кои наоѓаат секојдневна примена во истражувањата во областа на општествените науки. Покрај теоретските истражувања, се користат и аналитичкиот, статистичкиот, компаративниот, историскиот, логичкиот и интердисциплинарниот метод. За потребите на истражувањето се користеа податоци од два извора: примарни податоци, обезбедени преку интервју и секундарни податоци, обезбедени од надлежни институции.

Во истражувањето е користен методот на интервју кој има за цел опфаќање на размислувањата на дел од врвното раководство на македонските компании за разбирањето на стратешките партнерства и причините за нивното формирање, како и предностите кои тие ги овозможуваат. Овој метод се користи со цел појасно согледување на фазите низ кои мора да помине или би требало да помине процесот за целосно имплементирање и користење на стратешките партнерства.

Во текот на истражувањето, покрај информациите добиени од разговори со одговорни лица од селектираните компании и материјали кои се однесуваат на предметната материја, користени се и податоци од релевантни институции во нашата земја: Министерството за економија, НБРМ, Државниот завод за статистика, Геолошкиот завод на Република Македонија, Стопанската комора на Република Македонија и други. Притоа беа земени предвид практичните согледувања и документација на компаниите. Исто така, за изработка на овој труд е користена и литература која овозможува да се согледаат теоретските основи за формирање стратешки партнерства и успешни практики, како и статистички податоци за стратешки партнерства во различни земји по индустриски гранки и области.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Во согласност со поставените цели што ги има предвид ова истражување се добива појасна слика за следниве аспекти на истражувањето:

- значењето од стратешките партнерства во челичната индустрија и рударството во Република Македонија;
- релативните предности од формирањето стратешки партнерства во рударството и челичната индустрија во Република Македонија;
- влијанието на стратешките партнерства врз ривалството, односно структурата и конкурентноста на рударството и челичната индустрија во Република Македонија;
- влијанието на стратешките партнерства врз конкурентните предности на фирмите во рударството и челичната индустрија во Република Македонија;
- основните елементи за менаџирање на стратешките партнерства.

Со ова истражување, кандидатката м-р Маја Ќурчиева дава свој придонес во утврдувањето на потенцијалните влијанија на стратешките партнерства врз структурата и конкурентноста на челичната индустрија и рударството во Република Македонија.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Кооперативните деловни вложувања во последните години постојано се зголемуваат и се познати под повеќе имиња: заеднички вложувања, партнерства, стратешки партнерства, конзорциуми, коалиции. Во основа, без разлика под кои имиња се познати овие активности, компаниите ги здружуваат силите за да направат нешто што не се во состојба самостојно да го направат. Вештината за соработка го зазема централното место во конкурентната стратегија на многу глобални индустрии.

Како што се шират овие алијанси, тие започнаа да го менуваат и обликот на ривалството меѓу глобалните компании. Всушност, соработката веќе е вткаена во самата конкуренција.

Во последната декада на минатиот век, бројот на меѓународните алијанси, формирани со цел размена на технологијата, тројно се зголеми во споредба со претходните декади. Компании кои претходно ги избегнуваа алијансите, почнаа да ги формираат, во почетокот резервирано, но подоцна засилено и формираа мрежни групации. Како резултат на тоа, овие партнерства станаа исклучително популарни во литературата на стратегискиот менаџмент.

Во многу индустрии, ширењето на алијансите создава нови единици на конкуренција. Во минатото, конкуренцијата помеѓу компаниите се одвиваше во форма компанија против компанија. Денес гледаме групирани компании во конкуренција против друга група компании. Збирот на партнерите во алијансата – две, три или група компании – претставува нов вид конкурент. Ние, почнуваме да учиме како дејствуваат овие констелации на здружени компании.

Во овие рамки, вообичаено, челичната индустрија се смета за есенцијална стратешка индустрија која може да влијае врз измена на структурата на целокупната индустрија и економијата на една земја. Од

овие причини, ова истражување е сконцентрирано кон челичната индустрија и рударството, односно кон обоената металургија.

Трудот на кандидатката м-р Маја Ќурчиева, под наслов **Стратешки партнерства помеѓу конкуренти и нивното влијание врз структурата на индустријата-со посебен осврт на челичната индустрија и рударството во Република Македонија**, претставува сеопфатна, комплексна, научно издржана и целно насочена дисертација, која низ теориско и емпириско истражување третира една мошне современа и актуелна материја, која не е многу обработувана и елаборирана од страна на македонската научна и стручна јавност. Овој уникатен карактер на трудот посебно е нагласен со добиените резултати и сознанија од самото истражување во трудот. Според нив може да се увиди дека стратешките партнерства како форма сè уште не се заживеани во челичната индустрија и рударството, односно условите, како и потребата од формирање стратешки партнерства во овие индустрии сè уште не се созреани.

Воедно, се констатираат предностите и потребата од формирање на вакви партнерства во иднина. Корист од формирањето на стратешки партнерства е многустрана. Пред сè како начин за освојување пазари, стратешките партнерства ќе овозможат пристап кон ресурси, делење на ризици и присутност на пазарот. Во овој процес, компаниите ќе имаат можност да ги користат не само знаењето и искуството на своите партнери туку и контактите на потрошувачите и владата.

Докторската дисертација се одликува со методолошки приод кој е оригинален, продлабочен, со критички и аналитички однос кон научно-теоретските и апликативни истражувања на оваа материја од областа на стратегискиот менаџмент, организациското однесување и конкурентноста. Основната тема која е предмет на истражувањето на дисертацијата, **Стратешки партнерства помеѓу конкуренти и нивното влијание врз структурата на индустријата**, е мошне прецизно определена, интегрално заокружена со своите составни елементи и целосно истражена, според опфатноста и длабочината на утврдените заклучоци на кандидатката м-р Маја Ќурчиева.

Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и взаемна поврзаност на деловите, табелите и графикони) е јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на високо ниво, а приодот кон материјата е селективен. Текстот во дисертацијата е компјутерски обработен и лекториран.

Научниот и стручниот придонес на кандидатот се огледа и во успешниот мултидисциплинарен пристап на проучување и осознавање на комплексноста на стратешките партнерства. Истражувањето на стратешките партнерства во Република Македонија се темели врз искуствата од такви партнерства во други земји, со оглед на сè уште слабата развиеност и практика на ова поле. Придонесот на овој труд се состои во истражување на можностите стекнатите знаења од успешните искуства поврзани со формирање стратешки партнерства во други земји и индустрии да се пренесат и да се искористат ефикасно за формирање на стратешки партнерства помеѓу конкуренти во челичната индустрија и рударството во Република Македонија.

Дополнителен научен и стручен придонес претставува тоа што кандидатката м-р Маја Ќурчиева успеала многу сеопфатно да направи

согледување на потенцијалните влијанија на стратешките партнерства врз структурата и конкурентноста на челичната индустрија и рударството.

Елаборирањето и поткрепувањето на предностите и потребата од формирање на стратешки партнерства со конкретни примери од компании кои успешно формирале вакви партнерства во светот, а потврдено и со отвореноста за формирање на вакви партнерства во иднина од страна на македонските компании, ја прави целата оваа идеја реалистично неопходна.

Кандидатката м-р Маја Ќурчиева, на научно издржан и практично апликативен начин успева да ја проучи и истакне улога на стратешките партнерства во зајакнување на конкурентната позиција на компаниите. Формирањето на стратешки партнерства овозможува постигнување економии на обем, учење на нови и унапредување на постојните способности и вештини. Стратешкото партнерство претставува поекономичен и побрз начин за влез на пазарот и ќе им овозможи на компаниите пристап до ресурси, способност да владеат со ризиците и присутност на пазарот. Меѓутоа, во исто време, компаниите ќе отстапуваат одреден дел на контролата бидејќи ќе го делат профитот, технологијата, базата на податоци за потрошувачите и донесувањето на одлуки. Стратешките партнерства се комплексни по својата природа и вклучуваат ризици особено ако потенцијалниот партнер постане конкурент во кој случај компаниите ризикуваат да ја изгубат својата база на податоци за потрошувачите. Тие се исто така тешки за управување бидејќи вклучуваат спојување на различни и понекогаш конфликтни корпоративни структури, како и различни технолошки способности, што може да доведе до побавно и комплексно донесување на одлуки.

Стратешкото партнерство, како најмногу исплатлива опција, ќе им овозможи на компаниите да се позиционираат на пазарот со делење на ризиците помеѓу партнерите. Сепак, потенцира кандидатката, иновацијата и способноста да се приспособат кон промените на пазарот се најзначајни за утврдување на нивната позиција долгорочно. Значаен фокус на докторската дисертација, и еден вид порака за компаниите е да ја разгледаат можноста потенцијалниот партнер да биде нивен директен конкурент. Со помош на стратешкото партнерство со конкурент, компаниите како во рударството така и во челичната индустрија, би можеле да поттикнат конкурентни предности: подобрување на пристапот кон ресурси и пазари, унапредување на развојот со градење на способности од светски размери и градење финансиска моќ со зголемување на приходи и намалување на ризици.

Ако се има предвид дека користената литература од областа на стратешките партнерства е добро селектирана и релевантна, можеме да заклучиме дека м-р Маја Ќурчиева целосно одговорила на поставените цели во оваа докторска дисертација.

Посебно постигнување во истражувањето на кандидатката претставува отсликување на тековната состојба на македонските компании во рамки на челичната индустрија и рударството и давање препораки за можноста за формирање на стратешки партнерства со конкуренти. Според добиените резултати и нивната опфатна анализа може да се заклучи дека таа во тоа целосно успеала. Со право можеме да нагласиме дека теоретските и практичните сознанија и заклучоци од оваа

докторска дисертација можат да бидат особено корисни за компаниите кои се заинтересирани да формираат стратешки партнерства.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација во целост е работена според претходно дефинираните предмет, цел и задачи на истражувањето, со употреба на најрелевантна литература од обласна на стратегискиот менаџмент и организациското однесување, како и сознанието дека анализираните и истражените концепти се потврдија како теоретски и практично релевантни, ни претставува особена чест да констатираме дека докторската дисертација во целост ги остварува очекуваните резултати од неа.

Оригиналноста на докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Ќурчиева на тема „Стратешки партнерства помеѓу конкуренти и нивното влијание врз структурата на индустријата-со посебен осврт на челичната индустрија и рударството во Република Македонија", беше проверена од менторот, преку софтверскиот пакет на проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатиран степен на совпаѓање 4,08 %.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Маја Ќурчиева изработила труд од врвна научна и практична вредност, кој ги задоволува високите нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттаму, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторска дисертација на кандидатката м-р Маја Ќурчиева, под наслов: **Стратешки партнерства помеѓу конкуренти и нивното влијание врз структурата на индустријата-со посебен осврт на челичната индустрија и рударството во Република Македонија**,
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија за оцена на докторската дисертација

1. Проф. д-р Бобек Шуклев, претседател,с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.

3. Проф. д-р Владо Петковски,с.р.

4. Академик Таки Фити,с.р.

5. Проф. д-р Стојан Дебарлиев ,с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „Менаџмент " ОД АВТОРОТ проф. д-р Бобек Шуклев

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 0202-2177/3 од 2.11.2015 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Менаџмент" од авторот проф.д-р Бобек Шуклев, наменет за студентите на студиските програми на Економскиот факултет во Скопје, за предметот основи на менаџментот, избрани се проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Димитар Бојаџиоски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | „Менаџмент" |
| **Назив на предметната програма:** | Основи на менаџментот |
| **Назив на студиската програма:** | Менаџмент |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **90 и 8 ЕКТС** |
| Предметот основи на менаџментот на Економскиот факултет во Скопје, е задолжителен предмет со фонд на часови 90 број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во зимскиот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Деветто издание и се разликува од претходното издание 60%. |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 452 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11,5. Текстот е поделен во 3 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 111 слики и 100 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.**

**2. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски,с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЉУБОМИР ДРАКУЛЕВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Проблематиката на менаџментот во учебникот е систематизирана во три дела. **Првиот дел е посветен на основите на менаџментот.** Посебен акцент е ставен на карактерот на менаџментот, менаџментот на новото работно место, менаџментот на вкупниот квалитет, техниките на менаџмент на вкупен квалитет, развојот на мислата за менаџмент, односот меѓу менаџерите и лидерите, улогите и способностите на менаџерите, одговорностите на генералниот менаџер, влијанието на окружувањето при донесување краткорочни и стратегиски одлуки, како и организациската култура. **Вториот дел е посветен на процесот на менаџментот**. Во него се вклучени основните функции што ги извршуваат менаџерите, планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање. **Третиот дел е посветен на современи предизвици на менаџментот.** Во него се вклучени одлучувањето, моделите на одлучување. процесот на одлучување, општествената одговорност, зелената општествена одговорност, одржливоста на општествената одговорност, етиката и етичкото однесување, содржината на кодексот на етика, менаџментот на малиот бизнис, претприемаштвото и претприемачот, етничкото, женското, ситуациското, стратегиското и корпоративното претприемаштво. Исто така, се елаборирани одделни витални аспекти од проблематиката на корпоративното управување, како и управувањето со разновидноста во одборот, стаклените бариери, институционалните инвеститори и акционерскиот активизам.<br><br>За унапредување на процесот на учење и за подготвување на материјата од страна на студентите, вклучени се педагошки карактеристики кои претставуваат помош во разбирањето и примената на презентираниот концепт. Секоја од главите во книгата ги има следниве карактеристики: резултати од учењето, примери за критичка анализа, декоративен дизајн, слики и табели, речник, индекс на автори и индекс на предемети.<br><br>Најновите сознанија во науката за менаџментот ја наметнаа потребата од вклучување нови (41), |

| | |
|---|---|
| | преработени (15) и изоставени (11) содржини. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е целосно усогласен со предметната програма основи на менаџментот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Современ и сеопфатен ученик со современ стил на концепско и педагошко пишување и изградена методлогија. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 452 страници (формат B5, напишани на компјутер, со големина на фонтот 11,5.) Текстот е поделен во три поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 111 слики и 100 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот основи на менаџментот, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Димитар Бојаџиоски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Проблематиката на менаџментот во учебникот е систематизирана во три дела, и тоа: **првиот дел е посветен на основите на менаџментот** (карактерот на менаџментот, менаџментот на новото работно место, техниките на менаџмент на вкупен квалитет, развојот на мислата за менаџмент, односот меѓу менаџерите и лидерите, улогите и способностите на менаџерите, одговорностите на генералниот менаџер, влијанието на окружувањето при донесување одлуки, како и организациската култура; **вториот дел е посветен на процесот на менаџментот** (вклучени се функции што ги извршуваат менаџерите, и тоа: планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање) и **третиот дел е посветен на современите предизвици на менаџментот** (одлучувањето, општествената одговорност, зелената општествена одговорност, етиката и етичкото однесување, содржината на кодексот на етика, менаџментот на малиот бизнис, претприемаштвото, етничкото, женското, ситуациското, стратегиското и корпоративното претприемаштво, одделни важни аспекти од проблематиката на корпоративното управување, како и управувањето со разновидноста.<br><br>За унапредување на процесот на учење и за подготвување на материјата од страна на студентите, вклучени се **педагошки карактеристики** кои претставуваат помош во разбирањето и примената на презентираниот концепт. Секоја од главите во книгата ги има следниве карактеристики: резултати од учењето, примери за критичка анализа, декоративен дизајн, слики и табели, речник, индекс на автори и индекс на предмети.<br><br>Најновите сознанија во науката за менаџментот ја наметнаа потребата од вклучување нови (41), преработени ( 15) и изоставени (11) содржини. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е целосно усогласен со предметната програма основи на менаџментот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |

| | |
|---|---|
| **Оцена на ракописот:** | Модерен и комплетен ученик, со изградена методологија и модерен стил на педагошко пишување на учебник. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 452 страници (формат B5, напишани на компјутер, со големина на фонтот 11,5.) Текстот е поделен во три поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 111 слики и 100 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот основи на менаџментот, примарно наменет за студентите на Економски факултет во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Димитар Бојаџиоски,с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Цветанка Тодороска | „ Состојби и перспективи на кредитното осигурување во Република Македонија" | „Conditions and perspectives of credit insurance in the Republic of Macedonia" | проф. д-р Драге Јанев | 05.05.2016/02 -746/13 |
| 2. | Стефан Јовановски | „Машинско учење при статистичка арбитража" | „Machine learning for statistical arbitrage" | проф. д-р Драган Тевдовски | 05.05.2016/02 -746/14 |
| 3. | Бојан Поповски | „Ставовите на потрошувачите за домашните наспроти странските брендови на пиво во Република Македонија" | „Consumer attitudes about domestic versus foreign brands of beer in the Republic of Macedonia" | проф. д-р Снежана Р. Јовановска | 05.05.2016/02 -746/15 |
| 4. | Цоко Соколов | „Мерење на профитабилноста врз основа на резултати објавени на веб страниците на компаниите" | „Profitability measurement based on the information published on the companies websites" | доц. д-р Марина Трпеска | 05.05.2016/02 -746/16 |
| 5. | Радмила Андовска | „Форензичкото сметководство во функција на откривање на влијание на креативното сметководство и негова примена во | „Forensic accounting as means of discovering the impact of the creative accounting and its application in the world as well as in the Republic of Macedonia" | проф. д-р Зоран Миновски | 05.05.2016/02 -746/17 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | светот и Република Македонија" | | | |
| 6. | Драгана Кнежевиќ | „Стратегиска анализа на конкурентската способност на претпријатијата" | „Strategic analysis of the companies' competitive capability" | проф. д-р Зоран Миновски | 05.05.2016/02-746/18 |
| 7. | Дејан Поповски | „Развој на процедура за менаџирање на скрам проект од почетник скрам мастер – методологија за акциско истражување" | „Development of a procedure for managing scrum project by beginner scrum master – an action research methodology" | проф. д-р Сашо Јосимовски | 05.05.2016/02-746/19 |
| 8. | Надица Мандалова | „Признавање на високообразовните квалификации во Европската Унија и Република Македонија" | „Recognition of the higher education qualifications in both the European Union and the Republic of Macedonia" | проф. д-р Сашо Георгиевски | 05.05.2016/02-746/20 |
| 9. | Анита Буровска | „Одржливост на јавните финансии во Европската Унија и Република Македонија со посебен осврт на ефектот на снежна топка" | „Fiscal sustainability in the European Union and the Republic of Macedonia with special emphasis on the snowball effect" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 05.05.2016/02-746/21 |
| 10. | Ивана Малијанска | „Управувањето со капиталната адекватност на банките во услови на финансиска нестабилност" | „Bank capital adequacy management under financial instability" | проф. д-р Михаил Петковски | 05.05.2016/02-746/22 |
| 11. | Борис Дабевски | „Влијанието на глобализацијата врз банкарските активности со посебен осврт на Република Македонија" | „The impact of globalization on banking activities with special emphasis on the Republic of Macedonia" | доц. д-р Елена Наумовска | 05.05.2016/02-746/23 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Мирјана Бајрактарова | „Финансиските и економските ефекти на казино индустријата – случајот на Општина Гевгелија" | „The financial and economic effects of the casino industry - the case of Municipality of Gevegelija" | проф. д-р Михаил Петковски | 05.05.2016/02-746/24 |
| 13. | Ангелина Малова | „Улогата на системите за осигурување на депозити врз финансиската стабилност" | „The role of deposit insurance systems on the financial stability" | доц. д-р Елена Наумоска | 05.05.2016/02-746/25 |
| 14. | Сања Наумоска | „Финансиската криза како потсетник на клучното значење на улогата на централните банки како кредитори во крајна инстанца" | „The financial crisis as a reminder of the critical importance of the role of the central banks as lenders of last resort" | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 05.05.2016/02-746/26 |
| 15. | Андриана Ристовска | „Ефектите на странските директни инвестиции во одделни земји од Југоисточна Европа" | „The effects of foreign direct investment in selected South-east European economies" | проф. д-р Горан Петревски | 05.05.2016/02-746/27 |
| 16. | Надежда Прокопиева Бежовска | „Примена на трансформациониот модел на Џон Котер во македонските трговски друштва за медицински помагала" | „Applying John Kotter's transformational model in macedonian medical device enterprises" | проф. д-р Леонид Наков | 05.05.2016/02-746/28 |
| 17. | Дејан Илиоски | „Планирање на сукцесијата во фамилијарните бизниси" | „Succession planning in family businesses" | проф. д-р Бобек Шуклев | 05.05.2016/02-746/29 |
| 18. | Ирена Станкоска | „Улогата на врвниот менаџмент како поттикнувач на организациски промени" | „The role of the top management as a stimulator to organizational changes" | проф. д-р Леонид Наков | 05.05.2016/02-746/30 |

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО

НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ:

- МЕТОД НА АНАЛИЗА НА СТРУКТУРА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, И
- ИНДУСТРИСКА ДИНАМИКА, НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата редовна седница одржана на 28. IV 2016 година, со Одлука бр. 02-815/2, не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието и индустриска динамика.

На конкурсот за избор на наставник, објавен во весниците НОВА МАКЕДОНИА (6. IV 2016 година) и КОХА (5. IV 2016 година), се пријави кандидатот д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж., редовен професор избран во научната област индустриско инженерство и менаџмент, вработен на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на предлогот и анализата на доставената конкурсна документација, како и од личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 1. Биографски податоци, образование и професионален развој

Кандидатот д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж., е роден на 14. III 1967 година во Скопје. Основно училиште завршил во 1981 година во Скопје со одличен успех. Образованието го продолжил во гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин” во Скопје - математичка насока, кое исто така го завршил со одличен успех во учебната 1984/85 година при што се здобил со звањето програмер на сметачки машини. Во текот на школувањето учествувал на неколку натпревари за учениците од основните и средните училишта.

На Машинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1985/86 година, и студиите ги завршил со просечна оценка од сите предмети 8,65. Дипломирал со оценка 10 на 29. IV 1991 година, успешно бранејќи ја дипломската работа од областа на проектниот менаџмент.

За време на студиите двапати бил ангажиран како демонстратор по предметот механика I - статика во учебните 1986/87 и 1989/90.

На 3.X 1991 година, Поленаковиќ засновал работен однос на определено време од 3 години на местото стручен соработник, за вршење воспитно-образовна, научноистражувачка и стручна работа во Институтот за производно машинство на Машинскиот факултет во Скопје.

Во учебната 1991/92 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје на Институтот за производно машинство, на насоката индустриско инженерство и менаџмент. По положените испити (сите со највисока оценка 10), на 10. XI 1994 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов: „Истражување на феноменот на производствената лента во индустриските организации“.

Во септември 1994 година бил избран во звањето помлад асистент на Институтот за производно машинство. Со Одлука бр. 02-985/1 од 23. V 1997 година, донесена од Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет, Поленаковиќ бил избран во звањето асистент на Институтот за производно машинство. На 13. I 2000 год., Наставно-научниот совет на Факултетот донесе одлука (бр. 02-78/1) Поленаковиќ да биде преизбран во звањето асистент на Институтот за производно машинство на Машинскиот факултет.

На 22. I 1998 година, кандидатот ја пријавил докторската дисертација под наслов „Фактори кои го определуваат опфатот на менаџментот во индустриските организации”, која успешно ја одбранил на 14. XII 2001 година на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со Одлука бр. 02-1346/1 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет од 27. VI 2002 година, д-р Радмил Поленаковиќ бил избран во наставно-научното звање доцент, во научната област индустриско инженерство и менаџмент. Со Одлука бр. 02-2873/4 од 30. XI 2006 год. на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, д-р Радмил Поленаковиќ е избран во наставно-научното звање вонреден професор во научната област индустриско инженерство и менаџмент.

Во април 2006, Поленаковиќ го основал и од тогаш го раководи Центарот за развој на нови бизниси - проектна единица при Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од ноември 2009 година го раководи и Националниот центар за развој на иновациите и претприемачкото учење.

За редовен професор на Машинскиот факултет во научната област индустриско инженерство и менаџмент е избран во октомври 2011 (Одлука бр. бр. 02-712/13 од 31.10.2011 година, донесена од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).

Во рамките на својата професионална кариера, Поленаковиќ остварил повеќе значајни студиски престои:

| | |
|---|---|
| 2012 | мај – 1 недела, Европска комисија, Сектор за претпријатија и индустрија, Брисел, Белгија |
| 2011 | февруари - 1 недела, Европска агенција за истражувања, Брисел, Белгија |
| 2010 | мај - 1 недела, Универзитет во Квинс, Белфаст, Велика Британија |
| 2010 | март - 1 недела, Универзитет Сапиенца во Рим, CIRPS – Интерунверзитетски истражувачки центар за одржлив развој, Рим, Италија |
| 2009 | март - 1 недела, Универзитет во Сфакс, Сфакс, Тунис |
| 2006 | септември - 1 недела, Грац и околните технолошки паркови, Грац, Австрија |
| 2004 | јуни - 3 недели на Сити-колеџот –Универзит во Шефилд, Солун, Грција (TEMPUS, IMG) |
| 1998 | јули/август – 1 месец на Универзитетот во Штутгарт, Германија и Данскиот технички универзитет, Лингби, Данска (TEMPUS, IMG) |
| 1995-1996 | 9 месеци – Државен универзитет во Аризона, Темпи, САД |
| 1992 | јануари/ февруари – 2 месеца – Северозападен универзитет – Еванстон, САД и Универзитет Илиноис - Чикаго, САД, Лојола Колеџ - Чикаго, САД |

Д-р Радмил Поленаковиќ се истакнува и како член на повеќе домашни и меѓународни асоцијации, групации, здруженија, комитети и др. (во табелата се споменати само членствата кои Поленаковиќ ги има по неговиот избор за редовен професор во 2011 година):

| | |
|---|---|
| 2016, 2015, 2014, 2013, 2012, 2011 | GEM (Глобално истражување за претприемаштво) - лидер на тимот за Република Македонија |
| 2016, 2015 | Член на Комисија за доделување на државната награда „Гоце Делчев“ |
| 2016, 2015 | член на Комисија за доделување стипендии за студирање на топ 100 светски универзитети |

| | |
|---|---|
| 2016, 2015, 2014 | член на меѓуресорската група за мониторинг и следење на имплементацијата на Националната стратегија за претприемачко учење 2014 - 2020 |
| 2016, 2015, 2014, 2013 | претседател на Комисија за нострификација на дипломи во делот на техничките науки |
| 2015 | национален експерт на COSME-проект – Европска мрежа за претприемачко образование (European Entrepreneurship Education NETwork - EE-HUB.EU) |
| 2015 | член на жири-комисија на националниот натпревар „Биди перспективен – започни свој бизнис“, организиран од Министерството за економија на Република Македонија |
| 2014 | член на жири-комисија на националниот натпревар „Биди перспективен – започни свој бизнис“ организиран од Министерството за економија на Република Македонија |
| 2013 | национален контакт за програмата „Хоризонт 2020“ за столбот за паметен, зелен и интегриран транспорт |
| 2013 | тим лидер за изработка на Национална стратегија за претприемачко учење 2014 – 2020 (проект на Министерството за образование и наука на Република Македонија и Европска тренинг-фондација) |
| 2013 | претседател на меѓуресорска работна група за приспособување на наставните планови и програми во високото образование согласно со потребите на стопанството |
| 2012 | член на меѓународна група на експерти за евалуација на проектни апликации од програмата ”Entrepreneurship Education” – 28/G/ENT/CIP/12/E/N01C01 |
| 2012 | член на меѓународна група на експерти за евалуација на проектни апликации од 4-тиот повик на Транснационалната програма на Југоисточна Европа (одговорен за приоритет 1: Иновации) |
| 2012 | член на експертската група на Светска банка за изработка на “Регионална стратегија за истражување и развој за иновативност за Западен Балкан“ |
| 2011 | член на проектниот тим на OECD за развој на Национална иновациска стратегија 2012-2020 за Република Македонија |

Поленаковиќ бил и член на повеќе научни и/или организациски

бордови/комитети на конференции во земјата и во странство:

| | |
|---|---|
| 2016 | VII Balkan & Black Sea Conference – DAYS of CLUSTERS, 22-24 September, 2016, Скопје, Македонија, Ко-претседател на Конференцијата |
| 2016 | 9th International Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development,<br><br>23-24 June 2014, Букурешт, Романија |
| 2014 | 7th International Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development,<br><br>5-6 јуни 2014, Никозија, Кипар |
| 2014 | Советување: "Како до поголема вработливост на студентите и дипломците", МАНУ, Претседател на организациски одбор, 14 март, Скопје |
| 2014 | 8th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems, 22-27 септември 2013, Дубровник, Хрватска |
| 2013 | 6th International Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development,<br><br>20-21 јуни 2013, Истанбул, Турција |
| 2012 | 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems, 1-6 јули 2012, Охрид, Македонија |
| 2012 | 5th International Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development,<br><br>1-2 јуни 2012, Софија, Бугарија |
| 2012 | Business Excellence Forum, 31.05.2012, Скопје, Македонија |
| 2012 | Balkan Venture Forum, 18-19 April, 2012 Скопје, Македонија |
| 2012 | 5. Меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, 27-28 мај 2012, Софија, Бугарија |

Д-р Радмил Поленаковиќ е член на уредувачкиот одбор на меѓународните научни списанија:

- International Journal of Innovation and Regional Development,
- Journal of Global Entrepreneurship Research,
- Annals of Faculty of Engineering Hunedoara, International Journal of Engineering,
- Подузетник (Економски факултет во Подгорица),

а како поканет рецензент, рецензирал и трудови за:

- International Journal for Production Planning and Control,
- International Journal of Enterprise Innovation and Management,
- Journal of the Faculty of Mechanical Engineering, UKIM.

Поленаковиќ со години активно ја поддржува работата на повеќе студентски организации како што се: ESTIEM, BEST, IASTE, AIESEC и Студентскиот сојуз на Машинскиот факултет, при што често се јавува како предавач на настаните организирани од овие организации.

## 2. Наставно-образовна дејност

Од изборот во звањето редовен професор на Машинскиот факултет во 2011 година, како наставник, Поленаковиќ бил ангажиран на предметите: менаџмент на малиот бизнис, еколошки менаџмент, компјутерско водење на проекти, деловна логистика, менаџмент на човечките ресурси, претприемништво и мал бизнис, организациско однесување, логистика и менаџмент на снабдувачки синџири. На истите предмети во учебната 2011/2012 година ги држел и вежбите.

На постдипломските студии на Машинскиот факултет, Поленаковиќ е ангажиран на насоките:

А) индустриско инженерство и менаџмент, со предметите: развој на нов бизнис, развој на човечките ресурси, логистика и менаџмент на логистички синџири;

Б) менаџмент на животен циклус на производ, со предметите: менаџмент на ПЛМ проекти и иновациски менаџмент; и

В) управување со системи за безбедност и здравје при работа со предметот управување со човечките ресурси.

На докторските студии (студии од трет циклус) на Машинскиот факултет Поленаковиќ ги предава предметите: развој на човечките ресурси и претприемаштво и иновациски менаџмент.

Во периодот 2002-2004, Поленаковиќ бил вклучен на постдипломската МБА-програма на Економскиот факултет во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“, на предметите: менаџмент на човечките ресурси и оперативен менаџмент. Од 2004 година при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на постдипломската програма за менаџмент на човечки ресурси го предава предметот ергономија. Од 2013 година, на Факултетот за електротехника и информациски технологии на постдипломските студии на насоката за проектен менаџмент, Поленаковиќ го предава предметот иновациски менаџмент. Од 2009 година на Универзитетот во Нови Сад, на постдипломските студии при УНЕСКО-Катедрата за претприемаштво како визитинг-професор, Поленаковиќ е ангажиран на предметот човечки ресурси во малиот бизнис.

По изборот во звањето редовен професор, Поленаковиќ бил ментор на шест кандидати кои ја имаат одбрането својата докторска дисертација:

- „Фактори кои предизвикуваат промени во организацијата и улогата на деловното разузнавање во откривање на истите заради зголемување на ефикасноста и ефективноста на организациските промени“ (д-р Драган Шутевски - Машински факултет, УКИМ);
- „Анализа на факторите кои овозможуваат успешна замена на менаџерскиот кадар во претпријатијата“ (д-р Мирослав Котевски - Машински факултет, УКИМ);
- „Анализа на факторите кои што го определуваат степенот на интеграција по должина на снабдувачките синџири“ (д-р Игор Трајановски - Машински факултет, УКИМ);
- „Дефинирање на ефикасен модел за интегрирано планирање на економскиот развој на ниво на држава“ (д-р Игор Костовски - Машински факултет, УКИМ);
- „Споредба на лидерските компетенции и стилови на менаџмент на менаџерите од јавниот и приватниот сектор“ (д-р Глигор Стојков - Машински факултет, УКИМ);
- „Влијанието на интернет широкопојасниот пристап врз капацитетите за иновативност и конкурентност“ (д-р Борислав Несторовски – на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, УКИМ).

Во моментов, Поленаковиќ е ментор на уште 4 кандидати кои ја изработуваат својата докторска дисертација.

Во периодот по 2011 година (по изборот за редовен професор), Поленаковиќ бил ментор на 34 кандидати кои ги одбраниле своите магистерски трудови на Машинскиот факултет и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и при Универзитетот во Нови Сад, како и член на 18 магистерски комисии, каде што ментори биле други колеги. Во моментот, 8 кандидати работат свои магистерски трудови под менторство на Поленаковиќ.

## 3. Научноистражувачка работа и стручно-апликативна дејност

Од моментот кога е избран за редовен професор (2011 год.), д-р Радмил Поленаковиќ има учествувано како експерт во повеќе домашни и меѓународни проекти. Петнаесетина проекти има раководено како национален тим-лидер, односно како проектен менаџер.

Како посебно важен елемент од работата на проф. Поленаковиќ се истакнува неговата работа при подготовка на неколку стратегиски документи како тим-лидер, експерт или член на експертска група:

- Регионална стратегија за истражување, развој и иновации на Западен Балкан, регионален проект финансиран од Светска банка – 2012 – 2013 (член на група експерти);
- Национална стратегија за иновации на Република Македонија 2012-2020 како експерт на OECD) (член на група експерти);
- Национална стратегија за претприемачко учење 2014-2020 на Република Македонија со акциски план (како тим-лидер и експерт на ETF). Само неколку земји во светот имаат стратешки документ од ваков тип кој се однесува на претприемачкото учење;
- Методологија за затворање на јазот помеѓу потребите на пазарот на трудот и компетенциите на тековните студенти и дипломци (национален експерт на

проект финансиран од Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Македонија).

- Регионална стратегија за зајакнување на претприемаштвото, фамилијарните бизниси и самовработувањето во општина Велес (член на група експерти);
- Концепт за изучување на иновации и претприемаштво во основното и средното образование во Република Македонија (усвоен од Министерството за образование и наука на Република Македонија во април 2015 – проект на Светска банка – тим лидер на македонскиот дел од тимот).

Поленаковиќ е повикан како експерт (креатор на програма, индикатори и/или евалуатор) на неколку програми на Европската унија:

| | |
|---|---|
| 2013 | Member of the expert group for development of indicators for evaluation of good practices in entrepreneurial learning, European Training Foundation, June 2013, Turin |
| 2012 | International expert (one of the host for the session ask-the-expert) for the event “2nd Laboratory on enabling teachers for entrepreneurship education – continuing professional development”, Organized by DG Enterprise and Industry, Brdo (Slovenia) 27-28 September 2012 |
| 2012 | Short term expert on the project “Strengthening the SME Sector in the cross border region” – Cross Border Collaboration Program Macedonia-Albania (responsible for 1. desk research 2. Development of methodology and questionnaires and 3.preparation of final report for training need analysis in the cross border region) |
| 2012 | Evaluator of project proposals for call “Entrepreneurship Education” - 28/G/ENT/CIP/12/E/N01C01, DG Enterprise and Industry |
| 2012 | Evaluator of project proposals for 4$^{th}$ call (Axis 1 – Facilitation of Innovation and Entrepreneurship) for South East Europe Transnational Cooperation Program |
| 2012 | Short term expert on the Cross-Border-Collaboration Macedonia-Albania project “Action on Entrpereneurship Business Suppoert and Development of Cross Border Cooperation”, responsible for (1) SWOT analysis for the SME sector in the cross border region, and (2) Detection of the local businesses’ needs |

Во својата дваесет и петгодишна професионална кариера (1991-2016), д-р Поленаковиќ има објавено/презентирано над 270 библиографски единици. Листата на трудови реализирани во периодот од изборот на д-р Радмил Поленаковиќ за редовен професор (над 100 трудови) е поместена во Анекс 2 на овој Реферат.

Во 2013 година со групата коавтори, Поленаковиќ ја добива наградата ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ за книгата Поленаковиќ Р. и други (редактор): „Како до сопствен бизнис (2 издание)?, НЦРИПУ принт, Скопје, 2012 (највисока државна награда за научно дело).

Во 2015 година во Ценова, Италија, Поленаковиќ добива специјална Европска награда за случај од големи размери: **Best Large Case History Award (Special Certificate of Merit)** for Polenakovikj R.: *"Creating Macedonian Innovative Youth [Introducing "Innovation and Entrepreneurship" in the formal education (with focus on primary and secondary education)]",*The Innovation & Entrepreneurship Teaching Excellence Awards (Case Studies Competition), 10th European Conference on Innovation and Entrepreneurship - ECIE 2015, University of Genoa, Italy, 17-18 September 2015.

## 4. Оценка од самоевалуација

Колегата Поленаковиќ во своите предавања има интересен методолошки пристап, при што користи најсовремени методи на организација на наставата (гости предавачи, тимска работа и групни проекти, анализа на студија на случаи, предавања на тематски единици од страна на студентите и др.). Потврда за ваквиот позитивен пристап во наставата се и оценките од анонимно спроведените анкети помеѓу студентите кадешто проф. Поленаковиќ редовно е оценет со највисоки оценки.

Горепрезентираното ни дава за право да констатираме дека сите активности кои редовен проф. д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж, ги реализирал во изминатиот петгодишен период го истакнуваат неговиот огромен придонес за развојот на областите на индустриското инженерство и менаџментот, а особено во претприемаштвото и претприемачкото образование, со што значително го подигнал реномето на Машинскиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", но и на Република Македонија, во регионални и светски рамки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид целокупниот ангажман на ред. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж, презентираните податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во периодот од изборот за редовен професор (2011 год.) покажува континуиран стручен и научен напредок во доменот на областа во која се избира. Комисијата ги оценува неговите бројни трудови и јавни настапи како квалитетни и многу значајни во областа во која конкурира, но и пошироко – значајни и за општеството. Д-р Поленаковиќ особено се истакнува како еден од најголемите промотери во државата за развој на претприемачкото образование и стимулирање на трансферот на знаење од универзитетите кон стопанството.

Земајќи го предвид погоре изнесеното, како и освоените поени од наставно-образовната дејност (130,43), научноистражувачката дејност (310,64),

стручно-апликативната дејност (98,00) и дејностите од поширок интерес (36,00), т.е. вкупно **575,07** поени, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да утврди предлог-одлука за избор на ред. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж., во наставно-научното звање редовен професор (втор пат) во наставно-научните области: метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието и индустриска динамика.

Истовремено, му предлагаме на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да го избере кандидатот д-р Радмил Поленаковиќ за наставник во наставно-научните области: метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието и индустриска динамика во звањето редовен професор по втор пат.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ванчо Донев, с.р.
   Машински факултет, УКИМ - Скопје

2. Проф. д-р Делчо Јованоски с.р.
   (редовен професор во пензија),

   Машински факултет, УКИМ - Скопје

3. Проф. д-р Тодор Кралев с.р.
   (редовен професор во пензија),

   Машински факултет, УКИМ - Скопје

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Радмил Момир Поленаковиќ

**Институција:** Машински факултет - Скопје

**Научно подрачје:** индустриско инженерство и менаџмент

**Наставно-научни** (1) метод на анализа на структура и функционирање на претпријатиeто

**области:** (2) индустриска динамика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ | |
| 1. | Менаџмент на малиот бизнис (III сем. – ПИнф), (2+2), зимски 2011/2012 (предавања и вежби) | 2,4 |
| 2. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗМКИ, МВ, ЕЕ, МХТ), (2+2), зимски 2011/2012 (предавања и вежби) | 2,4 |
| 3. | Менаџмент на човечките ресурси (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2011/2012 (предавања и вежби) | 2,4 |
| 4. | Компјутерско водење на проекти (V сем. – ПИнф), (2+2), зимски 2011/2012 (предавања и вежби) | 2,4 |
| 5. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2011/2012 (од овој семестер само предавања) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Организациско комуницирање (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2011/2012 | 1,2 |
| 7. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2011/2012 | 1,2 |
| 8. | Менаџмент на заштита на животна средина (VIII сем.–ИИМ), (2+2), летен 2011/2012 | 1,2 |
| 9. | Менаџмент на малиот бизнис (VI сем. – ИНД), (2+2), летен 2011/2012 | 1,2 |
| 10. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗМКИ, МВ, МХТ), (2+2), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 11. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 12. | Менаџмент на малиот бизнис (III сем. – ПИнф), (2+2), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 13. | Компјутерско водење на проекти (V сем. – ПИнф), (2+2), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 14. | Претприемништво и мали бизнис (II сем. – сите насоки), (2+2), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 15. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 16. | Организациско комуницирање (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 17. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 18. | Менаџмент на заштита на животна средина (VIII сем.–ИИМ), (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 19. | Менаџмент на малиот бизнис (VI сем. – ИНД), (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 20. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗМКИ, МВ, МХТ), (2+2), зимски 2013/2014 | 1,2 |
| 21. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2013/2014 | 1,2 |
| 22. | Компјутерско водење на проекти (V сем. – ПИнф), (2+2), зимски 2013/2014 | 1,2 |
| 23. | Претприемништво и мали бизнис (II сем. – сите насоки), (2+2), летен 2013/2014 | 1,2 |
| 24. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2013/2014 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 25. | Организациско комуницирање (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2013/2014 | 1,2 |
| 26. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2013/2014 | 1,2 |
| 27. | Менаџмент на заштита на животна средина (VIII сем.–ИИМ), (2+2), летен 2013/2014 | 1,2 |
| 28. | Менаџмент на малиот бизнис (VI сем. – ИНД), (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 29. | Организациско однесување (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2014/2015 | 1,2 |
| 30. | Претприемништво и мал бизнис (II сем. – сите насоки), (2+2), летен 2014/2015 | 1,2 |
| 31. | Претприемништво и мал бизнис (IV сем. – ИНД), (2+2), летен 2014/2015 | 1,2 |
| 32. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2014/2015 | 1,2 |
| 33. | Менаџмент на заштита на животна средина (VIII сем.–ИИМ), (2+2), летен 2014/2015 | 1,2 |
| 34. | Организациско однесување (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| 35. | Менаџмент на човечките ресурси (VII сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| 36. | Интердисциплинарен проект (VII сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| 37. | ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ | |
| 38. | Одбрани поглавја од менаџментот на човечките ресурси (менторски) – 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 | 2,25 |
| 39. | Деловен реинженеринг (менторски) – 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 | 2,25 |
| 40. | Тимска работа (менторски) –2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 | 2,25 |
| 41. | Ергономски аспекти во проектирањето (менторски) – 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 | 2,25 |
| 42. | Деловна логистика (менторски) – 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 43. | Организациски дизајн (менторски) – 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 | 2,25 |
| 44. | Методи во деловното одлучување 2014/2015, 2015/2016 | 3 |
| 45. | Развој на нов бизнис 2014/2015, 2015/2016 | 3 |
| 46. | Развој на човечките ресурси 2014/2015, 2015/2016 | 3 |
| 47. | Менаџмент на ПЛМ проекти 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 4 |
| 48. | Иновациски меанџмент (ФЕИТ) 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016) | 3 |
| 49. | Подготовка на нов предмет: Иновациски менаџмент (втор циклус) | 1 |
| 50. | Подготовка на нов предмет: Менаџмент на ПЛМ проекти (втор циклус) | 1 |
| 51. | Консултации со студенти 2011/2012 (268 студенти) | 0,54 |
| 52. | Консултации со студенти 2012/2013 (257 студенти) | 0,51 |
| 53. | Консултации со студенти 2013/2014 (298 студенти) | 0,60 |
| 54. | Консултации со студенти 2014/2015 (288 студенти) | 0,58 |
| 55. | Консултации со студенти 2015/2016 (302 студенти) | 0,60 |
| 56. | Ментор на дипломска работа (48 студенти) | 9,6 |
| 57. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (7 студенти) | 3,5 |
| 58. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (22 студенти) | 6,6 |
| 59. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (44 студенти) | 4,4 |
| 60. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник: Ергономија?, НЦРИПУ принт, 2012 | 6 |
| 61. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (изменето и дополнето второ издание): Како до сопствен бизнис?, НЦРИПУ принт, 2012 | 3 |
| 62. | Polenakovik R. (editor): “Si deri në biznes vetjak?”, NCDIEL Print, Skopje, September 2012 (Албанска верзија) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 63. | Иновациски менаџмент, НЦРИПУ принт, 2013 (интерна скрипта - книга од предавање) | 4 |
| 64. | Научно-популарна книга: "Претприемништвото во Македонија (GEM 2012 Извештај за Македонија)", MRFP принт, Скопје, декември 2013 | 4 |
| 65. | Lazarevska T., Nedanovski L., Polenakovik R. et al: "*Entrepreneurship in Macedonia (GEM 2013 Report for Macedonia)*", MRFP print, Skopje, December 2014 | **4** |
| | **ВКУПНО** | **130,43** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација (6 завршени и 4 во тек) | 30 |
| 2. | Ментор на магистерска работа (34 завршени) | 34 |
| 3. | Учесник во меѓународен проект: Project CRAYON (Creativity in Action to promote Young Entrepreneurship) ERASMUS+ KA2: Strategic Partnerships for higher education (September 2015 – September 2017) | 5 |
| 4. | Раководител на македонскиот дел од тимот на меѓународен проект: "ECO-SystemApp" ERASMUS+ - Key Activity 2: Strategic Partnerships (September 2015 – September 2017) | 5 |
| 5 | Раководител на национален научен проект „Мерење и споредба на квалитетот на Кластерите со ЕУ-стандардите“, проект финансиран од Министерството за економија на Република Македонија (мај – декември 2015) | 6 |
| 6. | Учесник во меѓународен проект: "Start Up!" – Erasmus+ 2014-3-DK01-KA105-000073 (January 2015 – January 2016) | 5 |
| 7. | Раководител на национален научен проект: „Развој на програма за доделување на грантови и развој на правна рамка за подобрување на соработката помеѓу средните стручни училишта и бизнис заедницата“, проект финансиран од Министерство за образование и наука, преку заем на Светска банка (СКИЛЛС проект) (мај 2015 – април 2016) | 6 |
| 8. | Учесник во меѓународен проект: „Развој на нови курикулуми за иновации и претприемништво во средното образование во Република | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија“проект финансиран од Министерство за образование и наука, преку заем на Светска банка (СКИЛЛС проект) (март – јули 2015) | |
| 9. | Учесник во меѓународен КОСМЕ проект: „European Entrepreneurship Education NETwork (EE-HUB.EU)“ воден од JA-YE Europe, EuroChambres, SEECEL and EUproVET (септември 2015 – јули 2017) | 5 |
| 10. | Раководител на национален проект: „Формирање на Кластер академија“, проект финансиран од Министерство за економија на Република Македонија (мај – декември 2014) | 6 |
| 11. | Учесник во меѓународен проект: „“Youth Entrepreneurship Support YES – Network”, IPA Contract 2013/338-806“ (март 2014 – септември 2015) | 5 |
| 12. | Учесник во меѓународен проект:„Development of indicators for evaluation of good practices in entrepreneurial learning, European Training Foundation, June 2013, Turin“ | 5 |
| 13. | Раководител на меѓународен проект: „Развој на национална стратегија за претприемачко учење во Република Македонија 2014-2020 со акциски план“, проект на Министерство за образование и развој на Република Македонија и European Training Foundation (јануари 2013 – ноември 2014) | 9 |
| 14. | Раководител на меѓународен проект: „Building capacity for better employability“, проект на Министерство за образование и развој на Република Македонија и Министерство за труд и социјална политика, а финансиран од Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Македонија | 9 |
| 15. | Учесник во меѓународен проект: “Support for continued data collection and analysis concerning mobility patterns and career paths of researchers” (MORE-II), granted by the European Commission, DG Research & Innovation under reference number RTD/B2/2011-S236-359211 | 5 |
| 16. | Учесник во меѓународен проект: “Western Balkans Regional Research & Development Strategy for Innovation”, проект финансиран од Светска банка | 5 |
| 17. | Раководител на меѓународен проект:„ Towards Entrepreneurial University – ISCED5/6 – Case of Faculty of Mechanical Engineering, Ss. Cyril and Methodius University“ проект финансиран од SEECEL (Southeast European Centre for Entrepreneurial Learning) | 9 |
| 18. | Учесник во меѓународен проект: European Network of Mentors for Women Entrepreneurs in Macedonia, EU – CIP/EIP program 6/G/ENT/CIP/10/E/N01C21, | 5 |
| 19. | Учесник во меѓународен проект: OECD Regional Competitive Initiative: Developing Innovation Policy for Republic of Macedonia 2012-2020: | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Evaluation of possibilities for innovation in private sector in the Republic of Macedonia | |
| | ***Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:*** | |
| 20. | Stamboliski V., Donev V., Polenakovik R.: "*Implementation of Rapid Services for Vehicle Regular Maintenance as Good Management in Practice*", VIII Strategic management Conference May 2012 "New Wave", 25-27 May 2012, Bor, Serbia | 2,4 |
| 21. | Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski R.: "*Evaluation of the National Innovation System of the Republic of Macedonia – Business Sector Perspective*", 5th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Sofia, Bulgaria, 1-2 June 2012 | 2,4 |
| 22. | Stamboliski V., Donev V., Polenakovik R.: "Development of the Intelectual Capital in the Imorter Automotive Centre from its Establishment since Today", International Conference: Contemporary Managerial Challenges and Organizational Sciences, Bitola, Macedonia, 21-22 June 2012 | 2,4 |
| 23. | Caloska J., Naumovska B., Polenakovik R.: "Optimal Design of Working Position for a Person in Wheelchair", International Conference on Maintenance and Production Engineering - KODING 2012, Budva, Montenegro, 26-29 June 2012 | 2,4 |
| 24. | Stefanovska-Ceravolo Lj., Mirakovski D., Polenakovik R., Ristova E., Sovreski Z.: "*Indoor Air Quality (IAQ) as a Parameter Affecting Workplace Productivity*", 9th "International Congress "Machines, Technologies, Materials", Varna, Bulgaria, 19-21 September 2012 | 1,8 |
| 25. | Naumovska B., J. Chaloska, R. Polenakovik, V. Gechevska: "*Creation of Healthy and Safe Worplaces by Use of Software for Ergonomics and Human Actors – JACK*", 1st International Conference for Safety Engineering in Function of Improvement of the Working Conditions, 10–12 May, 2013, Ohrid, Macedonia | 1,8 |
| 26. | Stamboliski V., Donev V., Polenakovik R.: "*Improving Organisational Structure in the After-sales of Vehicles by Establishing and Developing Effective Teams*", IX International (May 2013) Conference for Strategic management, 24-26 May 2013, Hotel Albo, Bor, Serbia | 2,4 |
| 27. | Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski T..: *"Developing System of Entrepreneurial Education in Secondary Schools in the Republic of Macedonia"* , 6th International Conference for Entrepreneurship, Innovation, and Regional Development ICEIRD 2013, 20-21 June, 2013, Istanbul, Turkey | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | Sutevski D., Polenakovik R.: "*32 sources of organizational changes"*, XI International Scientific Conference "Management and Engineering" 13', 23-26 June 2013, Sozopol, Bulgaria | 2,7 |
| 27. | Stamboliski V., Polenakovik R.: "*Implementation of new way of marketing in after-sale during vehicle servicing"*, Third International Scientific Conference Economics of Integration: "Using knowledge to move from recession to prosperity", ICEI 2013, 6-7 December 2013, Tuzla, Bosnia and Herzegovina | 2,7 |
| 29. | T. Stojanova, V. Gecevska, Z. Anisic, F. Cus, R. Polenakovik: "Mass Customization as a Production Trend for Increasing customer Value", in "Development of intelligent and innovative tools for production process engineering and sustainable management "/ [editors of scientific monography] Franc Čuš, Valentina Gečevska Maribor: Faculty of Mechanical engineering, 2013 | 6 |
| 30. | R. Polenakovik, D. Sutevski, V. Gecevska, L. Polenakovik: "Background Study of Strategies for Entrepreneurial Learning as a Precondition for Development of Entrepreneurial Learning Strategy for the Republic of Macedonia", in "Development of intelligent and innovative tools for production process engineering and sustainable management "/ [editors of scientific monography] Franc Čuš, Valentina Gečevska Maribor: Faculty of Mechanical engineering, 2013 | 6 |
| 31. | Polenakovik R., A. Penaluna, K. Penaluna: "*Closing the gap between labour market needs and students/graduates competences and skills*", in T. Fiti, R. Polenakovik (editors): "How to increase employment of students and graduates? Conference Proceedings", MANU and NCDIEL print, Skopje, 14 March 2014 (closing event for the project "Building capacities for better employability" funded by the UK Embassy in the Republic of Macedonia, MANU, April 2014 | 2,4 |
| 32 | Sutevski D., R. Polenakovik: "*Development of an Entrepreneurial Society – A precondition for Greater Employability*", in T. Fiti, R. Polenakovik (editors): "How to increase employment of students and graduates? Conference Proceedings", MANU and NCDIEL print, Skopje, 14 March 2014 (closing event for the project "Building capacities for better employability" funded by the UK Embassy in the Republic of Macedonia, MANU, April 2014 | 2,7 |
| 33. | Polenakovik R., A. Kochov, R. Minovski, V. Gechevska, J. Calovska, B.R. Jovanovski, T. Velkovski, B.D. Jovanoski: "*Analysis of the experiences with student internships*", in T. Fiti, R. Polenakovik (editors): "How to increase employment of students and graduates? Conference Proceedings", MANU and NCDIEL print, Skopje, 14 March 2014 (closing event for the project "Building capacities for better employability" funded by the UK Embassy in the Republic of Macedonia, MANU, April 2014 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 34. | Stamboliski V., Donev V., Polenakovik R.: "*MBTI Personality Types Analysis in a Vehicle Service Centre*", X International May conference on Strategic Management IMKSM 2014, 23– 25.05.2014, Bor, Serbia | 2,4 |
| 35. | Stojkov G., Janevska D., Polenakovik R.: "*Should I stay or should I go: is the leadership style important for the sector where it is performed?*", Proceedings of 7th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, ICERID 2014, 5-6 June 2014, Nicosia, Cyprus | 2,4 |
| 36. | Jovanovski B., Nikoloski I., Polenakovik R., Velkovski V., Ivanovic E.: "*Reducing skills mismatch as a key for increasing the regional competitiveness of women entrepreneurship in Southeast Europe*", Proceedings of 7th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, ICERID 2014, 5-6 June 2014, Nicosia, Cyprus | 1,8 |
| 37. | Gecevska V., Polenakovik R., Jovanovski B., Sutevski D.: "*Innovativeness as SMEs Success Factor for Growth in Republic of Macedonia*", 6th International Conference on Mass Customization and Personalization n Central Europe (MCP-CE 2014), September 23-26, Novi Sad, Serbia | 1,8 |
| 38. | Polenakovik R., Stankovska I., Jovanovski B.: "*Macedonian National Innovation System (NIS) – Main Challenges",* International Conference SMEs Development and Innovation: Building Competitive Future of South-Eastern Europe, 03-04 October 2014, Ohrid, Macedonia | 2,4 |
| 39. | Krstev D., Polenakovik R., V. Gecevska: "*Engineering and economic analysis of costs and their evaluation for domestic products*", 16th International Conference on Industrial Systems IS'14, October 15-17, 2014, Novi Sad-Andrevlje, Fruška Gora, Serbia | 2,4 |
| 40. | Sutevski D., Polenakovik R., Gecevska V., Jovanovski B., Stankovska I.: "*SME's Ownership, Location, Size, Age and Sector of Operation as Determinants of Suųcess – Case of the Republic of Macedonia*", 3rd International Scientific Conference – Contemporary Management Challenges and the Organizational Sciences, 24-25 October 2014, Bitola, Macedonia | 1,8 |
| 41. | Stamboliski V., Donev V., Polenakovik R.: "*Promotion of new after-sales activities as a precondition to increased corporate competition between vehicle Importers in the Republic of Macedonia*", 3rd International Scientific Conference – Contemporary Management Challenges and the Organizational Sciences, 24-25 October 2014, Bitola, Macedonia | 2,4 |
| 42. | Polenakovik R., Jovanovski B., Stankovska I.: "*Stimulating Entrepreneurial Learning in Macedonia and Its Impact to Logistics and Supply Chain Management*", 18th Panhelenic Logistic Conference, 18 – 19 November 2014 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 43. | Stojkov G., Janevska D., Polenakovik R.: "*Transfer of Leaders between Private and Public Sector – Dream or Reality?*", 7th International Conference Management of Technology - Step to Sustainable Production (MOTSP 2015), Brela, 10 – 12 June 2015 | 2,4 |
| 44. | Polenakovik R., Sutevski D., Polenakovik L.: „*Development of the Entrepreneurial Strategy of the Republic of Macedonia 2014 – 2020*", 8th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development 2015, Sheffield, UK, 17-18 June 2015 | 2,4 |
| 45. | Penaluna K, Penaluna A, Jones C, Polenakovikj R, Kantamaneni K."*Entrepreneurial Education in 21st Century: A Case of United Kingdom*",8th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development 2015, Sheffield, UK, 17-18 June 2015 | 1,8 |
| 46. | Stankovska I, Jovanovski B. R.,, Gecevska V., Polenakovik R.,Sutevski D.: "*Strategic approach for assessment of international donor programmes for SMEs development*", XIII International Scientific Conference "Management and Engineering '15", Sozopol, Bulgaria, 21-24 June 2015 | 1,8 |
| 47. | Polenakovik R., Polenakovik L.: "*Entrepreneurship Education in the Republic of Macedonia*", 10th International Balkan Education and Science Congress: Education and Globalization", Ohrid, 17 – 19.09.2015 | 2,7 |
| 48. | Polenakovik R.: "*Creating Macedonian Innovative Youth* [Introducing "Innovation and Entrepreneurship" in the formal education (with focus on primary and secondary education)]", The Innovation & Entrepreneurship Teaching Excellence Awards (Case Studies Competition), 10th European Conference on Innovation and Entrepreneurship - ECIE 2015, University of Genoa, Italy, 17-18 September 2015 | 3 |
| 49. | Gecevski D., Kocov A., Polenakovik R.: "*An Overview of Reverse Logistics and Green Logistics*" in Methods and Techniques for Industrial Development (Scientific Monograph - editors Franc Čuš, Valentina Gečevska, Fulvia Chiampo), Maribor: Faculty of Mechanical engineering, 2015 | 6 |
| | • Rhabdomyolisis induced acute renal failure.Pavlovski, Chibishev,Petrovski,Popovski<br>15.VII Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество.Охрид 2004, Зборник.<br>• Комликација на крваречки улкус и субкутан емфизем.Петровски Д.Чибишев А.и Павловски Б. и сор.<br>• Парентерална ентерална нутриција кај пациентка со акутно триење со хлороводородна киселина.Чибишев А.Пановски М. и сор.<br>16. XXIV Congress of EAPCT.Strasbourg,France 2004.Book of abstracts.<br>• Reversibile coma after after with initial response to naloxone in patients with heroin overdose.B.Favlovski,A. Chibishev at al.<br>17. Int.Congress of EAPCT.Book of abstracts.Dubrovnik.2011<br>• Coagulation test as predictive paramatars of acuteliver toxicity in phaloides syndrome:thrombin time and active partial tromboplastin time.Pereska Z.,Chibishev A.<br>• Coagulation The role of Urgentesophagogastroduodenoscopy in prognosis of acute corrosive poisonings.Chibishev A.PereskaZ.<br>**18**.XXXVII Congres of the European society for artificial organs (8-11.9.2010)<br>• Combined extracorporal methods in mushroom poisoning treatment, Z. Petronievic, A.Chibishev, A.Sikole, L.Tozija<br>• Artifitial nutrition in therapeuric approach of acute caustic poisonings; A.Chibishev, Z.Pereska, N.Simonovska.2010 ESAO Congres,Skopje. | | | |
| | **Апстракти објавени во зборник на конференција- национална** | 5 | ***0.5** | **2.5** |
| | **1.Прв семакедонски конгрес на лекарите , стоматолозите и фармацевтите, Охрид, 2000**<br>• Наши првични искуства во трtман во детоксикација на пациенти корисници на хероин.ЧибишевА, Пановска Т. И сор.<br>• Heroin overdose-врв на наркоманија.ЧибишевА.и сор.<br>• Хоспитален третман на акутни труења со наркотици.Божинивска Ц,Чибишев А и сор.<br>• Конзервативен третман при труења со печурки.Пановска Т. Пвловски Б, Божиновска Ц. Чибишев А и сор.<br>• Вредностите на детритис индекс кај пациенти акутно интоксицирани со декаметрин.Наумовски Ц, Беќаровски Н. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Чибишев А и сор. | | | |
| | Меѓународни 16<br>Национални 28<br>ВКУПНО | | 1<br>0.5 | 16<br>14<br>**30** |
| | **Вкупно** | | | **32.5** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|---|
| | **Поглавие на книга ( коавтор)**<br>Начин на работа на тимовите во итната медицинска помош (Министерство за здравство на РМ) | | 2 | 2 |
| | **Експертски активности (евалуација, ревизија,супервизија)** | | 1 | |
| | • Стручна ревизија на судски предмети со барање и решение на судски органи<br>• Ревизија на предмети во Етичка комисија<br>• Стручна ревизија на медицински предмети со Решение на министерот за здравство<br>ВКУПНО | 1<br>1<br>1 | | **3** |
| | | | | |
| 2. | **Воедување на нова клиничка лабораториска метода** | | *4 | |
| | • Воведување на нова клиничка метода за детоксикација со бупренорфин<br>• Воведување на нова клиничка метода за ентерална исхрана кај корозивни труења со сонда /ентеростома<br>ВКУПНО | 1<br>1 | | 4<br>4<br>**8** |
| | **Превод** | | 1 | |
| | Дел од (Atlas of Metabolic diseases, WilliamL.Nyhan) | 1 | | 1 |
| | **Предавање во институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | | 0.5 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Предавања во школи (Агенција за млади и спорт) 24*0.5 | 24 | | **12** |
| | **Полагање на здравствени работници со 3 год. ЈЗУ ургентен центар** | | | 1 |
| | **Член на Комисија за изработка на закон** | | 2 | |
| | 1.Закон за опојни droги и психотропни супстанции<br>2.Закон за хемикали | 2<br>2 | | 4 |
| | **Претседател на универзитетски или владини тела** | | 2 | |
| | 1.Претседател на Комисија за изработка на измени и дополнувања на закон, изработка на подзаконски акт<br>2.Закон за здравствено осигурување | | | 6 |
| | **Член на Комисија за изработка на измени и дополнувања на закон, изработка на подзаконски акт** | | 2 | |
| | 1.Комисија за измени и дополнувања на Законот за опојни дроги и психотропни супстанции<br>2. Комисија за изработка на три правилници од закон за безбедност на сообраќајот<br>3.Член на Комисија за усогласување на Законот за хемикалии со европската регулатива | 2<br>2 | | 4 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | | |
| | **Подготовки на национални документи, стратегии, закони** | | 2 | |
| | *1. Закон за хемикалии*<br>*2. Закон за опојни дроги и психотропни супстанции*<br>3.Закон за здравствена заштита<br>4Закон за здравствено осигурување<br>5.Aproximation on the legislation of the Republic of Macedonia of that of the European Union<br>6.Национална стратегија за дроги на РМ<br>7.Национална програма за дроги на РМ<br>8.Три правилници за Законот за безбедност во железничкиот сообраќај<br>9.Национален извештај за дефинирање на листата за услуги кои може да ги вршат интернистичките одделенија при општите болници во РМ<br>10.Процедури за респираторен систем(пилот-проект за упатување на осигуреници)<br>11.Процедури за дигестивен систем<br>12.Процедури за уринарен систем<br>13. Учество во изработка на Национална програма од одредена област-протокол за лекување на зависници од опиоиди со бупренорфин.<br>**Вкупно** | | | **37.5** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | | *1 | |
| . | 1.Член на Владата на РМ како државен секретар во Министерството за здравство<br>2. Комисија за проценка на ризик за опасност од хемикалии<br>3. Комисија за отрови<br>4. Комисија за опојни droги и психотропни супстанции<br>5. Комисија за помошни лековити средства и медицински помагала<br>6.Член на советодавно тело на министерот за здравство за формирање на Ургентен центар<br>7.Член на стручен тим за работа на примена на Спогодбата за трговија на услугите на светската трговска организација во доменот на здравството<br>8.Член на делегација за учество на Генерално собрание на СЗО<br>9.Член на Советот за добивање државна награда ,,Св.Климент Охридски,,<br>10.Национален комитет за храна и исхрана<br>11. Национален комитет кодекс алиментариус<br>12.Комисија за имплементација на Национална стратегија за droги на РМ<br>13. Комисија за полагање на стручен испит за судски вештаци<br>14. Етичка комисија при Министерството за здравство<br>15. Работна група за проверка и ажурирање на клинички упатства за практицирање<br>16.Комисиски надзор над стручната работа во мед.институција Чаир<br>17.Работа на тимови во Итна медицинска помош<br>18.АТЦ-лекови<br><br>ВКУПНО | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 | | 17 |
| 4. | **Завршена специјализација по интерна медицна** | 1 | 2. | **2.** |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација**<br>Диплома<br>Плакета од МЛД | <br>3<br>3 | 3 | **6** |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | | *1 | **3** |
| | **Вкупно** | | | **84.2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **210.2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **84.2** |
| **Вкупно** | **294.2** |

**Членови на комисијата:**

1. проф. д-р Лубе Глигоровски, претседател, с.р.

2. проф. д-р Даниела Чапароска , член, с.р.

3. Н.сов.д-р Лилјана Тозија, член, с.р.

4. проф. д-р Бисерка Ќаева, член, с.р.

5. проф. д-р Борче Георгиевски , член, с.р.

**В.н.сор. д-р. сци Нико Бекаровски**

Биографски податоци

Роден е на 29.12.1962 година во Будимпешта, Унгарија. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1982/83 година, а дипломирал на 14.4.1988 со просечна оценка 9,53.

Од 7.1 до 31.12.1999 година е вработен како општ лекар во здравствената станица во Македонска Каменица. Од 1.3.1990 година е вработен на

Универзитетската клиниката за неврохирургија, а од 13.11.1990 година на Универзитетската клиника за токсикологија, каде што работи и денес.

Специјализацијата по интерна медицина успешно ја завршил во 1996 година.

Во ноември 2005 година е избран за стручен директор на Универзитетската клиника за токсикологија, а во овој момент е раководител на Дневната болница.

**Кандидатот во 2014 престојувал на едномесечен стручен престој во Клинички центар во Љубљана, Словенија, на Клиниката за токсикологија, а во 2015 едномесечен стручен престој во Ургентниот центар при ,,Сплошна болнишница,, Ново Место, Република Словенија.**

**Во 1989 година запишал постдипломски студии по клиничка токсикологија и сите предвидени испити со наставната програма ги има положено со просечна оценка 9,72, а завршниот испит по КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА со оценка *10*.**

**Во периодот 1999 - 2003 година ја изработи докторската дисертација со наслов КЛИНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИНТОКСИКАЦИИТЕ СО ОДДЕЛНИ БНЗД И ПОЈАВАТА НА ПОСТИНТОКСИКАЦИСКИ АПСТИНЕНЦИЈАЛЕН СИНДРОМ која успешно ја одбрани на 8.5.2003 година и се стекна со звањето доктор на медицински науки.**

**Образовни активности**

Во 1993 година е избран за помлад асистент по предметот интерна медицина со што активно се вклучува во едукативниот процес.

Во 1997 година е избран за асистент по предметот интерна медицина.

Во учебната 1999/2000 година е именуван за наставник по интерна медицина во ДСУ "Д-р Панче Караѓозов". Со Одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет од Април 2001 година е именуван за член на Комисијата за полагање на стручни испити за медицински сестри и техничари.

Во април 2004 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, е избран за НАУЧЕН СОРАБОТНИК по интерна медицина. Во март 2011 година е избран за ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК по Интерна медицина. Повеќе пати бил член на испитни комисии по специјализација за интерна медицина. Рецензент и член на комисии за одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации.

**Стручно-научни здруженија**

Член е на Здружението на токсиколози на Македонија, каде што во два мандата бил член на Претседателството, а во моментов е делегат на здружението во Македонското лекарско друштво и секретар на Здружението и генерален секретар на ЗТМ.

Член е на Здружението на клинички токсиколози на Бугарија, Здружението на токсиколози на Србија, Европското токсиколошко друштво (EUROTOX) и Европско-северноамериканското здружение на клиничките

токсиколози (ЕАРССТ), Македонското и Светското здружение на гастроентерохепатолози.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Нико Георги Беќаровски**
(име, татково име ипрезиме)
**Институција:** **Медицински факултет-Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: интерна медицина**

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | | Поени | |
|---|---|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати во стручно/научно списание** | 4 | | |
| | **1. ТРОМБОЛИТИЧНА ТЕРАПИЈА, СОВРЕМЕН НАЧИН ЗА АКУТЕН ТРЕТМАН НА ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР.**<br>С. Радуловиќ-Беќаровска, Н.Беќаровски, М.Стојанпов. Д.Петровска<br>VOX Medici. Br. 70. God. XX. Oktomvri 2011, 168-171<br>2. N.Becarovski.Macedonian gudiance for use of lipid rscue therapy in acute poisonings.Dojran 2011. | | | **8** |
| 1 | **Трудови објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор и/или импакт фактор** | | *6 | |
| | **1.SEIZURES AFTER USE AND ABUSE OF TRAMADOL**.<br>Bekjarovski N, Chaparoska D, Radulovikj-Bekjarovska S; | 60% | 6 | 3.6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Macedonian Academy of Sciences and Arts; Contribution, Sec Bio Med Sci MASA XXXIII I. p.313-318 (2012).<br><br>**2.FABRY DISEASE AS A POSIBLE RISK FACTOR FOR ISCHEMIC INSULT AMONG YOUNG POPULATION**<br><br>С.Р.Беќаровска, Н.Банева, Н.Беќаровски, Мак Мед Преглед 2013, 67/(3); 127-130<br><br>**3.Lipid Rescue Therapy and High Dose Insulin Euglicemic Therapy are effectice fo Severe Refractory Calcium Channel Bloker Overdose:Case report.** N.Bekjarovski; Asian PacificJournal of MedicalToxicology 2;3 September 2012; p.114-116<br><br>**4.Unique Case with Seizures after Prolonged Use of Camphor crème in Eldery Patient** N.Bekjarovski, S.R.Bekjarovska, J ournal of Clinical Toxicology, 2012; 2 126 doi: 10.4 172/216<br><br>**5Корелација на интрацеребралниот хематом,перихеморагичниот едем и**<br><br>Цистеинил леукотриени, екскретирани во урина. Наталија.Банева , Дијана Никодијевич, Гордана Котева Тренчевска,Драгана Петровска Цветковска,Снежана лазарова, даниела Чапароска, Нико Беќаровски. Мак Мед Преглед 2014, 68/(1); 91-95<br><br>ВКУПНО | 80%<br><br>100%<br><br>100%<br><br>90%<br><br>60% | 6<br><br>6<br><br>6<br><br>6<br><br>6 | 4.8<br><br>6<br><br>6+I.**F-1.396**<br><br>5.4<br><br>**3.6**<br><br>**38.8** |
| 3 | **Труд објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество** | | 1 | |
| | N.Bekjarovski **.**Macedonian guidance for the use of LRT in acute pionings.Abstract book**.**2011,Dojran | | | |
| 5 | **Секциски предавања на научен/стручен собир** | | *1 | |
| | .<br>**1.** Н.Беќаровски.Алкохол,дроги и епилептични напади,стручен состанок на Здружението на токсиколози на РМ,Градско, 2013.<br>**2.** Н.Беќаровски.Токсични лезии на црниот дроб.Секциски состанок на научното здружение на гастроентеролозите на Македонија,2013.<br>**3.** Н.Беќаровски.Хербални и диетални суплементи и | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | хепатотоксичнст. Стручен состанок на Здружението на токсиколози на РМ,Кавадарци, 2014.<br>**4.** Н.Беќаровски.Хербални и диетални суплементи и хепатотоксичнст. Стручен состанок на Здружението на токсиколози на РМ,Кавадарци, 2014.<br><br>ВКУПНО | | | **4** |
| 6 | **Учество на научен стручен собир со реферат (со меѓународно учество)**<br>**усна презентација** | | *1 | |
| | 1.Niko Bekarovski,New approaches of treatment of verapamil overdose.Fourth national congres of clinical toxicology with international participation.Sofia,2013 | | | 1 |
| | **Апстракти објавени во зборник од конферција меѓународна.** | 8 | 1 | 8 |
| | 1. Niko Becarovski:Status epilepticias after chronic topic use of camphor crema.International Congres of the European Associations of Poisons Centres and Clinical Toxocologist.Dubrovnik,Croatia 2013.<br><br>1.Niko Becarovski:New approach of verapamil overdose-ase report-IV Congress of clinical toxicology with international particip.2013,Sofia.<br><br>2 С. Радуловиќ-Беќаровска, Н.Беќаровски:Depressio after acute ischemic stroke.IX Kongres neurologa Srbije.2013<br><br>3. С. Радуловиќ-Беќаровска, Н.Беќаровски Post stroke depression.V Macedonian Psychiatry Congress.2013.<br><br>4. С. Радуловиќ-Беќаровска, Н.Беќаровски:Преваленца на емотивни растројства по прележан мозочен удар. V Macedonian Psychiatry Congress.2013.<br><br>5. Niko Becarovski LRT and HIET for treatment of severye refractory rverapamil overdose :case report. 11 th Srbian congress of Toxicology.Sremski Karlovci.2014.<br><br>6. Niko Becarovski .S.Becarovska:Carbamazepine overdose-case rport. 11 th Srbian congress of Toxicology.Sremski Karlovci.2014.<br><br>7.D.Petrovki,N.Bekjarovski:Tretman of Postcorrosive Oesophageal stenosis with Ballon dillatator-case report. 11 th Srbian congress of Toxicology.Sremski Karlovci.2014.<br><br>8.D.Chaparocka,N.Bekjarovski:Acute ethanol poisonings in adolescents-five years study.Global addiction 2014,Rome. | | | |
| | | | | **13** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | | | **51.8** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Број на активности | | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности (евалуација, ревизија,супервизија)**<br><br>**Училишна политика против насилство во училиштето (коавтор);** август 2013 училиштен тим за насилство | 1 | | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | | | |
| | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | 2 | 2 | 2 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | 1 | 1 | 1 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | 1 | 3 | 3 |
| | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | | | 2 |
| | **Студиски престој во странство до три месеци** 2*0.50=1.0<br>Студиски престој во странство до три месеци + престој во Ново Место и Љубљана | 2 | 0.5 | 1 |
| | **Предавање во институции од јавен унтерес** Комисија за надзор на работа ЈЗУ Валандово и ЈЗУ Гевгелија = **+1 БОД** | 2 | 0.5 | 1 |
| | **Раководител на внатрешна единица** | 1 | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | | | **12** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **30.54** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **51.8** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **12** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **63.8** |

**Членови на Комисијата:**

1. проф. д-р Лубе Глигоровски, претседател, с.р.

2. проф. д-р Даниела Чапароска , член, с.р.

3. Н.сов.д-р Лилјана Тозија,  член, с.р.

4. проф. д-р Бисерка Ќаева, член, с.р.

5. проф . д-р Борче Георгиевски , член, с.р.

**Заклучок**

Новата Рецензентска комисија, во променет состав, по деталната анализа на целокупната доставена документација, а врз основа на личното познавање на кандидатите, формално-правниот аспект на исполнувањето на критериумите за избор, увидот во нивната научностражувачка и стручно-апликативна активност, го дава следниов заклучок:

Сите членови на Рецензентската комисија сметаат дека кандидатите за реизбор во научно звање (научен советник) в.н.сор.д-р Нико Бекаровски, в.н.сор.д-р Деска Димитриевска не ги исполнуваат критериумите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/13), заради тоа што немаат потребен број на научноистражувачки трудови во соодветната област.

Членовите на Рецензентската комисија н.сов.д-р Лилјана Тозија, проф.д-р Борче Георгиевски и проф.д-р Бисерка Ќаева имаат идентично мислење за заклучокот по рецензијата на кандидатите, но кандидатот насл.доц.д-р Андон Чибишев го предлагат за избор во научно звање-*виш научен соработник,* со образложение дека кандидатот веќе бил избран за вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и со вкупниот број го надминува минималниот кумулативен број поени, услов кој е

потребен за избор на звање виш научен соработник, за кандидати кои претходно биле избрани во наставно-научно, односно научно звање на друг универзитет, односно високо-образовна установа надвор од рамките на УКИМ (според член 28 од цитираниот Правилник)”.

Членовите на Рецензентската комисија проф.д-р Љубе Глигоровски и проф. д-р Даниела Чапароска, го издвоија своето мислење за кандидатот насл. доц.д-р Андон Чибишев за избор во научно звање-научен соработник, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/13).

Имено, кандидатот е избран за “насловен доцент” на Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ, на 9.10.2012 година, заради што при мигрирање од тоа наставно звање, во ново научно звање (научен соработник) во време кога не е поминат периодот за реизбор (поминати се три од потребни пет години), повторно е потребно, покрај другите услови, лицето да има просечен успех од најмалку ***осум*** на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно. Овој услов кандидатот не го исполнува.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. проф. д-р Лубе Глигоровски, претседател, с.р.

2. проф. д-р Даниела Чапароска , член, с.р.

3. Н.сов.д-р Лилјана Тозија, член, с.р.

4. проф. д-р. Бисерка Ќаева, член, с.р.

5. проф .д-р Борче Георгиевски , член, с.р.

**Појаснување за издвоеното мислење на три члена на Рецензентската комисија, н.сов.д-р Лилјана Тозија, проф.д-р Бисерка Ќаева и проф.д-р Борче Георгиевски, кон Реферaтот за избор на две лица во научни звања**

Имајќи предвид дека конкурсот објавен во дневниот весник ,, Дневник,, од 26.9.2015 година за избор на две лица во научни звања по предметот интерна медицина издвоеното мислење се однесува на кандидатот  Андон Чибишев , кој според Законот и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања ги исполнува условите за избор во звањето виш научен соработник со оглед на следниов услов:

-кандидатот кој веќе е избран во звањето вонреден професор на Универзитетот ,, Гоце Делчев,, во Штип, со вкупниот број бодови го надминува минималниот кумулативен број на поени, услов кој е потребен  за избор во ова научно звање за кандидати кои претходно биле избрани во наставно-научни, односно научни звања на други универзитети, односно високообразовни установи надвор од рамките на УКИМ, според член 28 од Правилникот.

Уште еднаш сакаме да  потенцираме дека издвоеното мислење се базира на конкурсот за избор на две лица во сите научни звања по предметот интерна медицина , на кој конкурирале кандидатите и покрај тоа што Решението за избор на членови на рецензентската комисија гласи за избор на две лица во сите научни звања ( научни советници) , за кое сметаме дека е ненамерна техничка грешка.

Скопје 15.3.2016 година

Членови на комисијата

Н.сов. д-р Лилјана Тозија  с.р.

Проф.д-р Бисерка Ќаева  с.р.

Проф.д-р Борче Георгиевски  с.р.

***

***Рефератот се објавува согласно Решението од Државниот просветен инспекторат Ип1 бр. 09-679 од 20.4.2016 година.***

***Законскиот рок (за избор од 6 месеци) е истечен на 28.3.2016 година.***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XVI редовна седница одржана на 6.4.2016 година, по конкурсот за избор на 1 лице во сите научни звања (научен советник) по предметот интерна медицина, (за ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија објавен на 15.3.2016 година во дневните весници „Нова Македонија"и „Коха"), формира Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Лазар Лазаров
2. проф. д-р Викторија Чаловска Иванова
3. проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска
4. проф. д-р Гоце Спасовски
5. н. сов. д-р Весна Радуловиќ Божиновска

На распишаниот конкурс се пријави в.н.сор.д-р Борјанка Танева. Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација и врз основа на тоа го изготви следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**в.н.сор.д-р Борјанка Танева**

**Биографски податоци**

Д-р Борјанка Танева е родена на 17.1.1960 година во Велес. Основно образование завршила во Велес со одличен успех. Средно образование завршила со одличен успех во Скопје. На Медицинскиот факултет се запишала учебната 1977/78 година и го завршила во јуни 1983 годиа со просечен успех 9,00.

За време на студиите учествувала на Студентски конгрес во 1981 година во Сараево, со сопствен труд.

Од 1.9.1985 година е вработена на Клиниката за кардиологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Стручна дејност

На Клиниката работела како одделенски лекар на Одделот за интензивна коронарна нега од 1985 до 1995 година.

Специјалистичкиот испит го положила на 16.1.1992 година.

Супспецијалистичкиот испит по кардиологија го положила во 2008 година.

На 1.3.1995 година е назначена за раководител на одделението-дневна болница, а од 1.10.2009 е назначена за раководител на општите кардиолошки амбуланти. Работи во супспецијалистичка амбуланта и лабораторијата за коронарен стрес-тест.

Наставна дејност

Во 1987 година е избрана за помлад асистент по интерна медицина и оттогаш е активно вклучена во практичната и теоретската настава за студенти по медицина и стоматологија. Во 1992 година е избрана за асистент на Катедрата за интерна медицина, а на 15. 4.2004 година е избрана за научен соработник. Реизбрана е во звањето виш научен соработник во 2010 година.

Научна дејност

Во ноември 1986 година учествувала на Интернационалниот постдипломски симпозиум за кардиологија во Блед, Словенија.

Учествува како автор и коавтор на многубројни трудови на повеќе кардиолошки манифестации од републички и меѓународен карактер.

Член е на Здружениотето на кардиолози на Македонија, како и на Европското здружение по кардиологија.

Д-р Борјанка Танева учествувала на европски кардиолошки-конгреси во-Амстердам-1995, 2000 година, во Стокхолм-1997, Барселона-1999, Берлин- 2001, Минхен-2008 година. Во јули 2001 година била на едукативен престој во Вашингтон-САД. Со сопствени презентации учествувала на 10. Алпе-Адриа кардиолошки собир во 2002 година во Виена, како и на 11. Алпе-Адриа во Балатон-Унгарија.

Докторската дисертација ја одбранила во 2002 година.

Преку Министерството за наука учествувала како истражувач во научноистражувачки проект кој завршил 2004 година. Како стручен рецензент била член на стручната редакција при преводот и издавањето на учебникот по интерна медицина Харисон, кој е издаден 2012 година.

Оценка од самоевалуацијата за интерна медицина 9,79, за ургентна медицина 9,2, за клиничко испитување 9,68 и генерална просечна оценка 9,56.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: Борјанка Танева

Институција: Медицински факултет, УКИМ, ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија

Научна област: интерна медицина

**НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Ред.<br>бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| **1** | **Одржување на настава** | **1,45** |
| | **Теоретска настава (виш научен соработник од 2010 до 2016)**<br>**- Прв циклус студии**<br>Општа медицина: 4 часа x 0.04бода = 0,16<br>Тригодишни стручни школи 4 часа x 5 години x 0.04бода = 0,8<br>**- Втор циклус студии**<br>Специјализација/општа медицина 5 часа x 0.05= 0.25<br>Модул за специјализација за семејна медицина: 4 часа x 0.05 = 0.24 | |
| **2** | **Одржување на вежби (клинички)** | **4,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Практична настава од 2010-2016 -10 семестри х15 часа х 0,03** | |
| 3 | **Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика/**<br><br>Од 2010- јуни 2015/ 13 групи студенти х 56 часа х 0.06 бода = 43.68 | **43.68** |
| 4 | **Ментор и едукатор на здравствена едукација** | **40,4** |
| | 1. Доедукација по семејна медицина (едукатор) (2011,2012,2013, 2014)<br>2011- 4 кандидати*1 недела*40часа*0.04=6.4<br>2012- 2 кандидати*1 недела*40 часа*0.04=3.2<br>2013- 5 кандидати*1 недела*40 часа*0.04=8.00<br>4 кандидати*2 недели*40 часа*0.04=12.8<br>2. Ментор на специјализанти по интерна медицина- турнус кардиологија (2010-2015)- 5год. х 2 специјализанти годишно х 1 бод=10 | 30,4<br><br>10.00 |
| 5 | **Консултации со студенти** | **1,4** |
| | 1. Прв циклус на студии<br>5 год х 2 семестри х 30 студенти х 0.002 бода=2.88<br>2. Втор циклус на студии<br>2 кандидати х 20 часа х 0.02 = 0.8 | 0,6<br><br>0.8 |
| 6 | **Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика**<br><br>40 студенти х 0.2 бода = 8,0 | **8,0** |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br><br>4 x 0.2 = 0,8 | **0,8** |
| **Вкупно:** | | **100,23** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Учесник во национален научен проект (3 бода)** | |
| | Терминална хронична бубрежна слабост во Р.Македонија и рана иницијација на хемодијализа – дали е оправдана?<br><br>(главен истражувач: О.Стојчева-Танева) | 3 |
| **2** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно-стручно списание со меѓународен управувачки одбор (6 бода)** | |
| 1 | Taneva B, Caparovska D. The impact of treatment with Beta-Blockers upon mortality in chronic heart failure patients. OA Maced J Med Sci. 2016, Mar 15, 4(1):94-97 | 5,4 |
| 2 | Caparovska D, Taneva B, Dilemma for the legalization of marijuana: Review of clinical efficacy or increased risks, Journal of the Macedonian Medical Assotiation, 2015; 69(3):126-130 | 5,4 |
| 3 | Stojceva-Taneva O, Eftimovska Otovic N, Taneva B, Prevalence of Diabetes Mellitus in patients with chronic kidney disease, OA Maced J Med Sci OA Maced J Med Sci. 2016 Mar 15; 4(1):79-82 | 4,8 |
| 4 | Stojceva-Taneva O, Taneva B. Erythropoietin treatment of anemia in chronic kidney disease, Acta morphologica. 2015; Vol.12(2):37-40 | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Танева Б, Ристески Д, Коронарниот стрес-тест како предиктор на квалитетот на живот кај болни со хронична срцева слабост, Мак Мед Преглед 2015;69(1):26-29 | 5,4 |
| 6 | Масин-Спасовска Ј, Стојчева-Танева О, Ѓулшен С, Танева Б, Спасовски Г, Хипертензија по трансплантација на бубрег, Мак Мед Преглед 2015; 69(1):1-7 | 3,6 |
| 7 | Танева Б, Геријатриска кардиологија-терапевтски стратегии, Мак Мед Преглед 2015;69(2):51-54 | 6 |
| 8 | Стојчева-Танева О, Масин-Спасовска Ј, Танева Б, Проценка на гломеруларната филтрациска стапка кај пациенти со хронична бубрежна болест, Мак Мед Преглед, 2014;68(3):123-129 | 4,8 |
| 9 | Eftimovska-Otovic N, Grozdanovski R, Taneva B, Stojceva-Taneva O, Clinical characteristics of patients with intradialytic hypertension, Contributions. Sec. of Med. Sci, 2015, 36(2):186-192 | 3,6 |
| 10 | Ристески Д, Танева Б, Аблација на левостран дополнителен пат кај пациент со ВПВ синдром и лева перзистентна вена кава супериор, Мак Мед Преглед 2015;69(2): 106-108 | 5,4 |
| 11 | Stojceva-Taneva O, Taneva B, Gjulsen S, Hypercalcemia as a cause of kidney failure: Case Report, OA Maced J Med Sci electronic publication. [S.l.], mar. 2016. ISSN 1857-9655. Available at: <http://id-press.eu/mjms/article/view/oamjms.2016.044 | 4,8 |
| 12 | Stojceva-Taneva O, Eftimovska-Otovic N, Taneva B, Prevalence of cardiovascular disease in patients with chronic kidney disease, Physioacta; 2015, 9:87-93 | 4,8 |
| **3** | **Апстракт објавен во зборник од конференции, меѓународни (1 бод)** | |
| 1 | Taneva B, Miletic B, Tosev S, Kostaova N, Buseva M, Lazarova E, Anti-aginal and anti-ischemic effect of Trimetazidine in patients with stable angina pectoris, 5$^{th}$ Macedonian Congress of Cardiology, June 4-7, 2014, Skopje, Macedonia, Abstract No.143p | 1 |

| 4 | **Учество на научен/стручен собир со реферат – постер (0,5 бода)** | |
|---|---|---|
| 1 | Taneva B, Miletic B, Tosev S, Kostaova N, Buseva M, Lazarova E. Anti-aginal and anti-ischemic effect of Trimetazidine in patients with stable angina pectoris, 5th Macedonian Congress of Cardiology, June 4-7, 2014, Skopje, Macedonia | 0,5 |
| | **Вкупно** | **63,9** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Експертска активност** | |
| 1.<br>2.<br>3. | Рецензент на научни трудови (ММП, Акта морфологика)<br>Рецензент на пишани трудови на докторанди при Школата за докторски студии (3)<br>Стручна ревизија на 7 поглавја од Принципи на интерната медицина на Харисон | 2<br>3<br>7 |
| **2** | **Раководител на лабораторија (општи амбуланти) 1 бод** | 1 |
| **3** | **Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството (раководител-2 бода)**<br>• Клиничко испитување на Клопидогрел –АКТАВИС Интернационал Лимитед<br>• Клиничко испитување на Триметазидин – АЛВОГЕН ПХАМА Македонија | 2<br>2 |
| **4** | **Завршена специјализација во областа на здравството** | |
| | Завршена специјализација по интерна медицина | 2 |
| **5** | **Завршена супспецијализација во областа на здравството** | |
| | Завршена супспецијализација по кардиологија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **20** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **2** | **Членство на меѓународна организација која поддржува научноистражувачка дејност** | |
| 1 | Член на Европското кардиолошко здружение | 2 |
| **3** | **Награда за научни постигнувања од струкова организација ( 3 бода)** | 3 |
| | **Член на факултетска комисија** | 1 |
| | **Вкупно** | **6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **100,23** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **63,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **26** |
| **Вкупно** | **190,13** |

**Членови на Рецензентската комисија**

1. проф. д-р Лазар Лазаров с.р.

2. проф. д-р Викторија Чаловска Иванова с.р.

3. проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска с.р.

4. проф. д-р Гоце Спасовски с.р.

5. н. сов. д-р Весна Радуловиќ Божиновска с.р.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на в. н. сор. д-р Борјанка Танева.

Врз основа на изнесените податоци и севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека в. н. сор. д-р Борјанка Танева поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето НАУЧЕН СОВЕТНИК по предметот интерна медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, в. н. сор д-р Борјанка Танева да биде избрана во звањето НАУЧЕН СОВЕТНИК по предметот интерна медицина.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. проф. д-р Лазар Лазаров с.р.
2. проф. д-р Викторија Чаловска Иванова с.р.
3. проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска с.р.
4. проф. д-р Гоце Спасовски с.р.
5. н. сов. д-р Весна Радуловиќ Божиновска с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ) НА КАТЕДРАТА ЗА МЕДИЦИНСКА ФИЗИКА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15 и 30/16), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св.Кирил иМетодиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XVI редовна седница одржана на 6.4.2016 година донесе решение за избор на 1 соработник (асистент-истражувач) по предметот медицинска физика, во согласност со конкурсот објавен на 4.3.2016 година во весниците „Утрински весник“,„Дневник“ и „Коха“ и формира Комисија во состав:

1. проф. д-р Оливија Васкова
2. проф. д-р Снежана Смичкоска
3. доц. д-р Томислав Станковски.

На конкурсот, со доставена целосна документација, се пријави **м-р Душко Лукарски, спец.мед.нук.физ.**

Комисијата ги проучи поднесените документи на кандидатите за избор и на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**М-р Душко Лукарски, спец.мед.нук.физ.**

### Биографски податоци - општи податоци за образованието

М-р Душко Лукарски е роден 1976 година во Скопје. Основно и средно училиште завршил во Скопје со одличен успех. Дипломирал применета физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје во 2003 година со среден успех 9,83. По дипломирањето, во периодот 2003-2004 година, работел како демонстратор на Природно-математичкиот факултет, каде што држел лабораториски вежби по предметот биофизика за студентите од Медицинскиот факултет. Во периодот 2004-2005 година работел како демонстратор на Електро-техничкиот факултет, каде што држел лабораториски и аудиториски вежби по предметите општа физика 1 и 2. Во мај 2004 година започнал со волонтирање на Одделот за радијациона физика при тогашниот Институт за радиотерапија и онкологија, во склоп на Клиничкиот центар во Скопје. Во јуни 2006 година е вработен на истиот Институт, каде што работи сѐ до денес. Во 2009 година ги завршил тригодишните постдипломски специјалистички студии по медицинска нуклеарна физика при Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнал со звањето специјалист по медицинска нуклеарна физика. Во 2012 ги завршил магистерските студии по медицинска

физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје со среден успех 9,83, бранејќи го трудот под наслов „Воспоставување на радиотераписки протокол со модулиран интензитет на зрачното поле“, кој произлегол од неговата работа на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија, каде што бил член на тимот кој ја вовел новата техника за радиотераписки третман - интензитетно модулирана радиотерапија. Со оваа техника се овозможува модулирање на интензитетот на зрачното поле при перкутаниот радиотераписки третман со линеарен акцелератор. Тоа овозможува поконформално озрачување на целниот волумен и истовремено подобра заштита на здравите ткива и органи, во споредба со класичната тридимензионална конформална радиотерапија каде што се користат зрачни полиња со униформен интензитет. Од зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година е ангажиран како стручен соработник на Катедрата за патофизиологија, при Медицинскиот факултет во Скопје, за вежби по биофизика и радијациона физика. Во 2015 година се запишал на третиот циклус студии - на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методија“, на студиската програма по метрологија под Институтот за физика и математика, при Факултетот за електротехника и информациски технологии. Активно го познава англискиот јазик, што е потврдено со полагање на испитот „TOEFL“ во октомври 2015 година, кога има освоено 112 поени од можни 120. Се користи и со германскиот јазик. Има солидни компјутерски вештини кои вклучуваат и работа со софтвери за дизајнирање на веб-страници, за користење на бази на податоци и за обработка на теориски и експериментални резултати („MS Office“, „Matlab“, „Infomaker“, „Dreamveawer“).

**Наставно-образовната дејност**

Работното искуство на м-р Душко Лукарски во наставата и образованието започнало со спроведувањето на лабораториските вежби по предметот биофизика за студентите од Медицинскиот факултет (во периодот 2003-2004 на Природно-математичкиот факултет). Потоа, во периодот 2004-2005 година се надградило со спроведување на лабораториски и аудиториски вежби по предметите општа физика 1 и 2 за студентите на Електро-техничкиот факултет. Конечно, од зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година е ангажиран како стручен соработник на Катедрата за патофизиологија, при Медицинскиот факултет во Скопје, каде што ги држи вежбите по биофизика, радијациона физика и општа фотографија за студентите по студиските програми – општа медицина и тригодишните стручни студии за радиолошки технолози, физиотерапевти и логопеди. Во изведувањето на наставата е исклучително исполнителен, прецизен и одговорен, со многу добри комуникациски вештини кон студентите при пренесување на знаења и оспособување на студентите за практичните вештини од наведените области.

**Научноистражувачка дејност и стручно усовршување**

Во текот на студиите бил активен член на Македонскиот национален комитет на Меѓународната асоцијација за размена на студенти од техничките факултети за техничко искуство („IAESTE Macedonia - International Association for Exchange of Students for Technical Experience“), за во 2000 година да биде и национален секретар на Македонскиот национален комитет. Во текот на студиите има два

двомесечни и два тримесечни престои во универзитетски центри и приватни компании во Европа (Германија и Швајцарија) во кои што се има стекнато со непроценливо практично стручно искуство за работа во стручна и научна институција, на применети проекти.

Во периодот од 2004 година наваму е активен член на Здружението по медицинска физика и биомедицински инженеринг на Република Македонија. Активно учествувал во изработка на актуелните основни документи на Здружението (статут, програма), како и во работните групи кои давале стручни сугестии за правилниците на Р. Македонија во врска со заштитата од јонизирачко зрачење. Активно учествувал и во организацијата на Втората и Третата конференција за медицинска физика и биомедицински инженеринг, одржани на Медицинскиот факултет во Скопје во 2010 и 2013 година. Бил дел од научниот одбор на Третата конференција за медицинска физика и биомедицински инженеринг, одржана на Медицинскиот факултет во Скопје во 2013 година.

Во периодот 4.10 - 30.11.1999 година престојувал во приватната компанија „IFU GmbH, Privates Institut fur Umweltanalysen“ во Флоха, Германија, каде што работел на проект за создавање на оптички спектрометар, конкретно на мерења на оптичка ротациона дисперзија и циркуларен дихроизам и анализа на добиените резултати со MATLAB.

Во периодот од 1.7 до 31.8.2000 година, како и од 1.7 до 30.9.2001 година престојувал на Институтот за хемија и биохемија, при Универзитетот Грајфсвалд во Германија, каде што најпрво работел на поставување на експериментална поставка за површински анализи со масена спектроскопија во ултрависок вакуум, а потоа неа ја користел за анализа на десорпцијата на вода и глицин од површини покриени со тенок слој оксидиран титаниум со помош на температурно програмирана десорпција. Од оваа работа произлегла и дипломската теза на м-р Душко Лукарски во 2003 година.

Во периодот 8.1 - 31.3.2002 година престојувал во „Paul Scherrer Institute“ во Вилиген, Швајцарија, каде што учествувал во проект за создавање на Колерова поставка за осветлување, која се користи во еден од сноповите кои излегуваат од синхротронот во институцијата.

По завршувањето на студиите и започнувањето на волонтирањето и, подоцна, во текот на работата во Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија во Скопје, м-р Душко Лукарски има учествувано на десетина краткотрајни обуки (1-3 недели) од областа на медицинската физика во радиотерапијата кои опфаќаат: пресметка на доза и верификација за перкутани зрачни снопови; имплементација на протоколот TRS430 за контрола на квалитет на систем за планирање на радиотераписки третман; основни принципи за планирање на радиотераписки третман; контрола на квалитет во радиотерапија; планирање на напредни радиотераписки третмани; планирање на ИМРТ третмани; основна клиничка радиобиологија итн.

Во периодот 3.10.2005 - 7.4.2006 година, м-р Душко Лукарски го посетувал шестмесечниот курс за заштита од јонизирачко зрачење во грчкото регулаторно

тело за заштита од јонизирачко зрачење во Атина, Грција, организиран од Меѓународната агенција за атомска енергија. Како завршен труд на овој курс изработил Монте Карло-симулација за неутронските дози во лавиринти на линеарни акцелератори за радиотерапија.

Во периодот 1.4 - 30.6.2009 година учествувал во практична обука при Универзитетската болница „Шарите“ во Берлин, Германија, каде што се обучувал за планирање на ИМРТ-третмани.

**Стручни и научни трудови**

Како автор и коавтор објавил повеќе трудови во домашни и странски научни списанија и учествувала на повеќе домашни и меѓународни конференции.

1. **D. Lukarski**, D. Nikolovski, *Treatment Planning System Commissioning of the Eclipse PBC Dose Calculation Algorithm for the Varian Clinac iX S/N 5052*, Proceedings of the Third Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2013, 33-38.

   Трудот ги презентира резултатите и тестовите спроведени при воведување на алгоритамот за пресметка на доза „PBC“ за новиот линеарен акцелератор со сер.бр. 5052 на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија.

2. D. Nikolovski, **D. Lukarski**, *Dosimetric Comparison of the Linear Accelerators at the University Hospital of Radiotherapy and Oncology in Skopje, Macedonia*, Proceedings of the Third Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2013, 39-42.

   Трудот ги презентира резултатите од споредбата на дозиметриските карактеристики на трите постојни линеарни акцелератори на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија.

3. **D. Lukarski** and M. Ristova, *Introduction of IMRT in Macedonia: Optimizing the MLC parameters*, Physica Macedonica 61, (2012), p.53-57.

   Трудот ги презентира резултатите од оптимизацијата на параметрите на многулистниот колиматор на акцелераторот с.б. 357 кои се внесени во системот за планирање на третманот со цел воведување на ИМРТ-техниката во клиничката практика.

4. S. Marnitz, **D. Lukarski**, C. Köhler, W. Wlodarczyk, A. Ebert, V. Budach, A. Schneider, C. Stromberger, *Helical Tomotherapy Versus Conventional Intensity-Modulated Radiation Therapy for Primary Chemoradiation in Cervical Cancer Patients: An Intraindividual Comparison*, International Journal of Radiation Oncology * Biology * Physics, Vol. 81, No. 2, 2011, 424-430.

   Во трудот се врши споредба на две напредни техники на радиотераписки третман - томотерапија и ИМРТ-техника за примарна хеморадијација на пациенти со цервикален канцер. **Трудот е објавен во списание со импакт-фактор 4,105 за 2011 година.**

5. **D. Lukarski**, S. Petkovska, *Aktivacione doze kod 15 MV medicinskih linearnih akceleratora*, XXVI Simpoziuma Društva za zaštitu od zračenja Srbije i Crne Gore, Zbornik radova, Tara 2011, 185-189.

   Во трудот се презентирани дозите измерени како резултат на неутронска активација на елементите во бункерот за линеарен акцелератор при користење на фотонска номинална енергија од 15 MV.

6. V. Krstevska, I. Stojkovski, **D. Lukarski**, *Concurrent radiochemotherapy in advanced hypopharyngeal cancer*, Radiation Oncology, Vol. 5, 2010, 39-49.

   Во трудот се презентирани резултати од конкурента радиохемотерапија на пациенти со хиполарингеален канцер. **Трудот е објавен во on-line списание со отворен пристап со импакт-фактор 2.409 за 2010 година.**

7. **D. Lukarski**, V. Krstevska, S. Petkovska*, A Treatment Planning Comparison of Two Different 3D Conformal Techniques for Irradiation of Head and Neck Cancer Patients*, Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2010, 44-49.

   Во трудот се презентирани резултати од планирачка студија за споредба на две различни 3Д-конформални радиотераписки техники за третман на пациенти со канцери на главата и вратот.

8. **D. Lukarski**, S. Petkovska, N. Angelovska, B. Grozdanovska, N. Mitrevski, *Determining the Efficiency of a Commercial Belly Board Device in Reducing Small Bowel Volume in Rectal Cancer Patients*, Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2010, 50-52.

   Во трудот се презентирани резултатите од студијата за одредување на ефикасноста на комерцијален уред за имобилизација на пациенти со колоректален канцер во редуцирање на озрачениот волумен на тенките црева.

9. V. Krstevska, **D. Lukarski**, B. Zafirova-Ivanovska, I. Stojkovski, *Acute Mucosal Reactions in Patients with Advanced Head and Neck Cancer Treated with Concurrent Chemoradiotherapy*, Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2010, 37-43.

   Во трудот се презентираат акутните реакции на мукозата на пациенти со напреден канцер на главата и вратот, третирани со конкурентна хемoрадиотерапија.

10. S. Petkovska, **D. Lukarski**, M. Ginovska, *Transmission Comparison for Two Different Electron Block Materials*, Proceedings of the Second Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2010, 53-55.

    Во трудот се презентира споредбата на дозиметриските карактеристики на два различни материјали за изработка на блокови кои се користат при радиотерапија со електронски енергии на линеарниот акцелератор.

11. **D. Lukarski**, S. Petkovska, *Preparation Tests for Introduction of the IMRT Technique at the IRO – Skopje*, Proceedings of the First Macedonian Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2007, 21-26.

    Во трудот се презентираат подготвителните тестови спроведени на Институтот за радиотерапија и онкологија кои треба да обезбедат квалитет на линеарниот акцелератор за спроведување на ИМРТ-третмани.

12. **D. Lukarski**, E Carinou, *Neutron Doses in the Mazes of the Linear Accelerator Rooms*, Proceedings of the First Macedonian Conference on Medical Physics and Biomedical Engineering, Skopje, R. Macedonia, 2007, 47-52.

    Во трудот се презентираат резултатите од Монте Карло-симулации за проценка на дозите од неутроните кои се создаваат при радиотераписки третман на пациенти со високо енергетски фотони кај линеарен акцелератор.

## **З А К Л У Ч О К**

Комисијата ги разгледа приложените документи на пријавениот кандидат за избор на соработник (асистент-истражувач) по предметот медицинска физика и по анализа на документите констатира: м-р Душко Лукарски ги задоволува формалните услови за избор во звањето асистент-истражувач пропишани со Правилникот на Медицинскиот факултет, односно има адекватно високо образование, запишан е на докторски студии, има положено специјалистички испит од обласа медицинска нуклеарна физика, активно се служи со најмалку еден странски светски јазик, има солидни компјутерски познавања и вештини. Кандидатот има искуство во изведувањето на практичната настава по предметите биофизика, радијациона физика и општа фотографија. Покажува несомнен интерес за научноистражувачка работа како автор и коавтор на повеќе објавени трудови и учества во повеќе конференции. Со своето континуирано научно и стручно усовршување, како и со учеството во научни и стручни семинари и работилници, покажува стремеж кон постојано освојување на нови знаења.

Затоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да го усвои извештајот и да го избере м-р Душко Лукарски во соработничкото звање асистент-истражувач по предметот медицинска физика на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Оливија Васкова, с.р.

2. Проф. д-р Снежана Смичкоска, с.р.

3. Доц. д-р Томислав Станковски, с.р.

# РЕФЕРАТ

Д-р Анче Волкановска е родена 1984 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, континуирано со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се запишала во 2003 год. а дипломирала на 16.12.2009 со просечен успех 9,82. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит и во јули 2010 година се здобила со лиценца за работа.

Во март 2011 година се запишала на специјализација по интерна медицина, а специјалистички испит по специјалноста интерна медицина го положила на 30.6.2015 година и се стекнала со звањето специјалист по интерна медицина.

Од декември 2014 година е вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија, Скопје, Македонија.

Запишана е на трет циклус студии – докторски студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет во Скопје во академската 2015/2016 година.

Активно го владее англискиот англискиот јазик - положен интернационален тест - Cambridge FCE (ниво B2), а базично ги познава германскиот и италијанскиот јазик.

**II. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Во периодот од мај 2012 до ноември 2012 година посетувала hands-on медицинска едукација за дигестивна ендоскопија во реномираната ендоскопска единица при Универзитетската болница Policlinico Agostino Gemelli, Рим, Италија.

Трудови

Како коавтор учествувала во изработка на 2 научни и стручни труда. За овој избор, кандидатката ги приложи следниве трудови:

**1 .** Boškoski I, **Volkanovska A**, Tringali A, Bove V, Familiari P, Perri V, Costamagna G.**Endoscopic resection for gastrointestinal neuroendocrine tumors**. Expert Rev Gastroenterol Hepatol. 2013 Aug;7(6):559-69. doi: 10.1586/17474124.2013.816117

Овој труд е ревијален труд кој дава осврт на ендоскопскиот третман на неуроендокрините тумори со локализација во дигестивниот тракт. Дополнителни модалитети на третман се фармаколошка терапија и хируршки третман. Преваленцата на овој тип тумори е во пораст со позастапената употреба на компјутерска томографија и дигестивна ендоскопија. Вообичаено

ендоскопската дијагноза е инцидентна. Ендоскопскиот третман е соодветен за лезии со мали димензии кои се ограничени на мукозата и субмукозата и кај кои нема знаци за инволвирање на околните лимфни јазли и нема далечни метастази. Ендоскопската мукозна ресекција и ендоскопската субмукозна дисекција се напредни ендоскопски техники кои се безбедни и ефикасни терапевтски алтернативи за гастроинтестиналните неуроендокрини тумори. Авторите на овој труд го објаснуваат ендоскопскиот пристап во лекувањето на овие гастроинтестинални лезии согласно локализацијата и димензиите на туморот, како и потребата од соодветен хистолошки и клинички staging на болеста за успешен ендоскопски третман.

**2.** Familiari P, Greco S, **Volkanovska A**, Gigante G, Cali A, Boškoski I, Costamagna G **Achalasia: current treatment options.** Expert Rev Gastroenterol Hepatol. 2015;9(8):1101-14. doi: 10.1586/17474124.2015.1052407.

Овој ревијален труд има за цел да даде осврт на актуелно достапните методи за лекување на ахалазија, со истовремено споредување на предностите и слабостите на секоја од нив. Притоа, особен фокус е посветен на поновите модалитети на лекување поточно пероралната ендоскопска миотомија (POEM). Ахалазијата е болест на езофагусот за која актуелно не постои етиолошки третман. Потенцијална улога во етиолошкиот третман на ахалазијата може да имаат имуномодулаторните лекови кои теоретски би ја спречиле загубата на невроните во миентеричкиот плексус и со тоа би се сочувал мотилитетот на хранoводот. Дополнително, истражувањата со трансплантација на матични клетки би можеле да придонесат за развој на етиолошки третман на аганглионските гастроинтестинални болести, меѓу кои и ахалазијата. Сепак, овие потенцијални модалитети на лекување не би можеле да се пренесат во клиничка практика во брзо време. Сите актуелно достапни третмани делуваат на олеснување на симптоматологијата кај пациентите и превенирање на компликациите од долготрајната болест. Златен стандард во лекувањето на ахалазијата сеуште претставува лапароскопската Heller-ова миотомија, која во комбинација со антирефлуксната процедура има просечна стапка на успех од 90%. Со напредокот на интервентната дигестивна ендоскопија, пероралната ендоскопска миотомија се покажува како релативно безбедна и минимална инвазивна процедура која потенцијално може да го замени хируршкиот пристап во лекувањето на оваа состојба. Сепак, потребни се долгогодишни искуствата со оваа процедура и следење на пациентите во подолг временски период (> 10 години) за споредба и евалуација на долгорочните ефекти.

**Д-р Газменд Амзаи**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Газменд Амзаи е роден 1983 година во Гостивар. Основно и средно образование завршил во Гостивар, континуирано со одличен успех. Во 2002 е избран за најдобар ученик на генерацијата во гимназијата “Панче Попоски” во Гостивар. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”се запишал во 2002 год. а

дипломирал на 3.10.2008 со просечен успех 9,62. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положил стручниот испит и во јуни 2009 година се здобил со лиценца за работа.

Во февруари 2009 година е избран за асистент по предметот анатомија на Факултетот за медицински науки при Државниот Универзитет во Тетово.

Во октомври месец 2009 се запишал на специјализација по интерна медицина, а специјалистичкиот испит по специјалноста интерна медицина го положил на 27.3 2014 година и се стекна со звањето специјалист по интерна медицина.

Од април 2011 година е вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија.

Запишан е на трет циклус студии – докторски студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет во Скопје во академската 2011/2012 година.

Активно го владее англискиот јазик - положен интернационален тест - Cambridge PET (ниво B1) а базично го познава германскиот и францускиот јазик.

**II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Во февруари 2009 година е избран за асистент по предметот анатомија во Факултетот за Медицински науки при Државниот универзитет во Тетово и успешно две години ја изведува наставата како асистент по тој предмет на студентите по општа медицина, стоматологија и фармација.

**III. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Во текот на студиите избран е за потпретседател на Сојузот на студенти по медицина (2006-2008), тогаш станува и координатор на медицинското списание "Втора огласна табла". Во 2009 година извршува тренинг курсеви во Грац-Австрија за дисекциона анатомија. Во ноември 2012 учествувал во ISTH Advanced Course in Haemostasis and Thrombosis-Belgrad едукациски курс организиран од International Society on Thrombosis and Haemostasis.

Трудови

Како автор и коавтор учествувала во изработка на 4 научни и стручни трудови.
За овој избор, кандидатот ги приложи следните трудови:

1 . **Gazmend Amzai,** Aleksandar Stojanovic. **Preservation of Fertility and of Reproduction Ability in Lymphoma Patients.**Macedonian Journal of Medical Sciences. 2013 June 1; 6(2):194-201.

Целта на овој труд е да се подигне свесноста на сите лекари кои ординираат хемотерапија, за штетните ефекти врз репродукцијата на многу тераписки протоколи, за достапните методи за чување на плодноста и многу други прашања поврзани со фертилитетот кај болни лекувани од лимфом. Во последните 30 години значајно е зголемена стапката на преживување кај пациентите болни од

лимфоми, исто како и со другите неоплазми, но поагресивните форми на овие оптимистички терапевтски протоколи ја компромитират способноста на овие пациенти да имаат биолошко потомство, што е од базично значење за квалиетот на животот на пациентите. Авторите успеаа да напишат еден мултидициплинарен текст за да се понудат вистинските опции за зачувување на плодноста базирани на последните медицински достигнувања кај овие пациенти.

**2.** Sotirova T, Krstevska-Balkanov S, Genadieva-Stavric S, Trpkovska Terzieva S, **Amzai G,** Pavkovic M, Stojanovic A, Karanfilski O.**Influence of Prognostic factors in myelodysplastic syndromes.** XXII Conference of Clinical and Hematology and Transfusion Medicine and 9th Balkan Day of Hematology, Sinaia, Romania; 10/2014

Оваа студија претставува ретроспективна анализа на кохорта од 108 пациенти (62 мажи, 46 жени) со миелодиспластичен синдром (МДС), дијагностицирани на Универзитетската клиника за хематологија во Скопје, во периодот од јануари 2011 до декември 2013 година. Испитувани се факторите кои влијаат на преживувањето. Резултатите покажале дека средната возраст на пациентите била 66,6 години. Односот мажи:жени бил 1,35:1. ФАБ-поттиповите влијаеле на преживувањето (p=.03015). Средното преживување било 16,4 месеци. Разликата во преживувањето меѓу мажи и жени била статистички сигнификантна (p=.00819) во корист на жените. Преживувањето негативно корелирало со процентот на бласти во коскена срцевина (p =.02327). Цитопениите немале влијание врз преживувањето (p=.33755). Хемоглобинот во целост и поделен во групи според нивоата немал влијание врз преживувањето (p=.12142) и (p=.07535), соодветно. Групата со феритин < 500μg/L имала подобро преживување (p=.04720). Трансфузионата зависност, ЛДХ и албумините немале влијание врз преживувањето. Леукемична трансформација била нотирана кај 10 (9,3%) од пациентите. Морталитетот бил 36,1%. Може да се заклучи дека полот, ФАБ- поттиповите, процентот на бласти во коскена срцевина и нивото на серумскиот феритин влијаат на преживувањето, додека возраста, нивото на хемоглобин, трансфузионата зависност, ЛДХ и албумините немаат влијание.

**3** . Sotirova T, Karanfilski O, Genadieva-Stavric S, Krstevska S, Pavkovic M, **Amzai G. Overall survival in myelodysplastic syndromes: a cohort study.** Quest Journals.2014; 2(12): 58-66.

Фактори како возраст, пол, ФАБ-поттиповите, цитопениите, процентот на бласти во коскена срцевина (КС), зависноста од трансфузии, албумини, лактат дехидрогеназа (ЛДХ), кариотипот и мутациите можат да ја дефинираат прогнозата кај миелодиспластичните синдроми (МДС). Целта на студијата била да се одреди кои фактори влијаат на преживувањето кај МДС. Извршена е ретроспективна студија (кохорта) на 184 пациенти (98 мажи, 86 жени) со МДС, дијагностицирани на Универзитетската клиника за хематологија во Скопје, во периодот од јануари 2011 до октомври 2014 година. Половите разликите во однос на преживувањето не биле сигнификантни (p = .08368). Средната возраст била 66,5 години. Разликата во преживувањето кај ФАБ-поттиповите била

сигнификантна (p = .00117). Преживувањето инверзно колерирало со процентот на бласти во КС (p = .00054). Хемоглобинот, тромбоцитите и апсолутниот број на неутрофили (АБН) не влијаел на преживувањето - p=0.107161, (p= .79288) и (p= .94860), соодветно. Феритинот и трансфузиите на еритроцити исто така не влијаеле на преживувањето (p = .63575) и (p= .48247), соодветно, како ни ЛДХ. Албумините и коморбидитетите влијааеле на преживувањето (p= .01137 и p= .00184, соодветно). Може да се заклучи дека ФАБ поттиповите, процентот на бласти во КС, албумините и коморбидитетите влијаат на преживувањето, додека возраста, полот, бројот на тромбоцити, АБН, трансфузионата зависност и ЛДХ не влијаат.

**4** . Trpkovska Terzieva S, **Amzai G,** Sotirova T, Pavkovic M, Stojanovic A,Karanfilski O. **BEACOPP is a powerful regimen for poor risk HD patients.** XXII and Conference of Clinical Hematology and Transfusion Medicine and 9th Balkan Day of Hematology, Sinaia, Romania; 10/2014

Трудот е изведен со цел да се објавуваат првите охрабрувачки резултати од пациенти со Хочкинов лимфом третирани во Униврезитетската клиника за хематологија во Скопје со новиот конструиран поагресивен режим BEACOPP (bleomycin, etoposide, doxorubicin, cyclophosphamide, vincristine, procarbazine i prednisone). Во воведот е дадено кратко објаснување што претставува ескалираниот BEACOOP протокол, кај кои пациенти со Хочкинов лимфом се користи, како и некои компаративни студии каде што се прикажува супериорноста на ескалираниот BEACOOP наспроти COPP/ABVD. Во истражувањето се вклучени 47 пациенти со неповолна Хочкинова болест (релапсни/рефрактерни пациенти и пациенти кои носат повеќе негативни прогностички карактеристики по IPI score). Во студијата се прикажуваат сосема задоволителни резултати, на 60 месеци следење 84% пациенти се живи, кај 60% е постигнато 120 месеци преживување и импресивно 40% се живи по 15 години.

**<u>Д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ</u>**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ е родена на 10.11. 1972 година во Штип. Основно и средно образование завршила во Штип со одличен успех. Во учебната 1990/1991 год. се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје, кој го завршила на 30.9.1997 година, со среден успех 8,75. За време на студиите учествувала на повеќе студентски медицински конгреси со стручни теми, како автор и коавтор. По дипломирањето го реализирала стручниот стаж и го положила стручниот испит на 23.10.1998 г.

На Клиниката за нефрологија е вработена со постојан работен однос од 1.4.2006 година.

Специјализацијата по інтерна медицина на Медицинскиот fакултет во Скопје ја започнаla во 2002 година, а завршila на 30.10.2007 година.

Од 2011 година ги има започнато докторските студии.

Од мај 2014 година ја има започнато супспецијализацијата по нефрологија.

Во изминатиот период на работен стаж, учесник е на повеќе меѓународни конгреси и симпозиуми, како во нашата земја така и во странство.

Активно го владее англискиот јазик - положен интернационален тест - Cambridge PET (ниво B1).

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

На 22.5.2008 е избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот интерна медицина.

Во 2010 година е резибрана за асистент на Катедрата за интерна медицина на Медицински факултет во Скопје.

## III. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 1.9.2009 до 1.12.2009, кандидатката остварила стручен претстој на Универзитетската клиничка болница „Меркур“ Загреб, Република Хрватска, каде што се запознала со најсовремените методи во лекувањето на бубрежните болести и бубрежната трансплантација.

Трудови

Како автор и коавтор учествувала во изработка на 4 научни и стручни трудови. За овој избор, кандидатката ги приложи следниве трудови:

1.**Rambabova Busljetic I,** Popov Z, Masin-Spasovska J, Sikole A, Selim G, Ivanovski N. **Could living unrelated renal transplantation ameliorate the actual shortage of organs in the Balkan region?**Hippokratia. 2013 Jul;17(3):243-5.

Целта на овој труд е да се акцентира важноста на бубрежната трансплантација, особено живото дарителство како од сродни, така и од несродни - емоционално поврзани дарители и подалечни роднини. Во недостаток на органи за трансплантација, на Балканот се прават напори за зголемување на бројот на трансплантации од кадавер. Но и покрај ваквите напори се уште постои недоволен број на донори и органи за трансплантација. Прдоминантно е живото дарителство, а исто така и трансплантации од живи несродни дарители, емоционално поврзани (сопруг/сопруга). Рзултатите од оваа студија, во која биле вклучени 24 трансплантирани пациенти од жив несроден

дарител и 30 трансплантирани пациенти од жив сроден дарител, покажуваат одлично 5 годишно преживување на графтот во двете групи на пациенти (83% наспроти 81%, соодветно) и одлични резултати на вредностите на серумскиот креатинин (129,3 мцмо/Л, наспроти 121,1 мцол/Л) во соодветните групи.

**2.** Pavleska –Kuzmanovska S, Popov Z, Ivanovski O, Ristovska V, Masin-spasovska J, **Rambabova Busljetic I**, Ivanovski N. **Cyclosporine nephrotoxicity and early** posttransplant hyperkalemia in living-donor renal recipients: report of 4 cases.Exp Clin Transplant. 2014 Oct;12(5):479-83.

Целта на овој труд е да се покаже можната појава на хиперкалиемија во раниот период по трансплантацијата кај пациентите што се поставени на имуносупресивни протоколи кои вклучуваат циклоспорин. Во трудот се опишани 4 случаи на трансплантирани пациенти од жив дарител кај кои е регистрирана хиперкалиемија напрзо после трансплантацијата на 12, 20, 22 и 34 постоперативен ден. Вредностите на серумскиот калиум се движеле од 7,5-9,4 ммол/Л. Третманот со флуорокортизон во намалувањето на вредностите на серумскиот калиум, заедно со подесување на дозите на циклоспоринот, се покажале ефикасни во третманот на хиперкалиемија асоцирана со циклоспорин кај трансплантираните пациенти во раниот постоперативен период.

**3.** Ivanovski N, Masin J, **Rambabova Busljetic I**, Pusevski V, Dohcev S, Ivanovski O, Popov Z. **The outcome of commercial kidney transplant tourism in Pakistan.Clin Transplant. 2011 Jan-Feb;25(1):171-3.**

Недостатокот на органи од кадаверична трансплантација, мотивира одредени пациенти на просторите на Балканскиот Полуостров, да се одлучуваат на платена трансплантација во земјите во развој. Целта на трудот е да ги покаже компликациите кои следат по платена- недозволена трансплантација на бубрег, која е изведена во Пакистан. Авторите апелирааат дека платената недозволена трансплантација на органи е неетичка, а исто така проследена и со видока стапка на морталитет и морбидитет.

**4.**Arsov S, Graaff R, Morariu AM, van Oeveren W, Smit AJ, **Busletic I,** Trajcevska L, Selim G, Dzekova P, Stegmayr B, Sikole A, Rakhorst G**Does hepatitis C increase the accumulation of advanced glycation end products in haemodialysis patients?**Nephrol Dial Transplant**. 2010 Mar;25(3):885-91.**

Целта на оваа студија е да се покаже влијанието на хепатитис Ц-вирусната инфекција на акумулацијата на напреднати гликациски крајни продукти кај пациенти на хемодијализа. Акумулацијата на овие продукти била мерена со кожна автофлуоресценција. Мерењата биле направени на 92 пациенти на хроничен хемодијализен програм и 93 испитаници како контролна група. Акумулацјата на напреднати гликациски крајни продукти кај хемодијализните пациенти била повисока во однос на здравата популација. Не била регистирана разлика помеѓу пациентите кои биле хепатитис Ц позитивни и хепатитис Ц негативни. Одговорот на оваа појава е дена ХЦВ не предизвикува оксидативен стрес кај пациентите на хемодијализа. Како независни маркери за акумулација

на овие крајни продукти се акцентираат возраста, хемодијализниот стаж, кардиоваскуларните заболувања, ДМ, но не и ХЦВ инфекцијата.

**Д-р.Филип Гучев**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Филип Гучев роден на 6 септември 1981 година во Скопје. Основното образование го започнал во ОУ „Кочо Рацин", каде што се школувал се до шестото одделение. Наредните три години школувањето го продолжил во Портланд, Орегон, САД. За три учебни години завршил четири класа, со награда за академски успех од претседателот Бил Клинтон. По престојот во САД, средното образование го завршил во гимназијата „Јосип Броз Тито" со одличен успех.

На Медицинскиот Факултет во Скопје се запишал во учебната година 1999/2000 година. Дипломирал на 4.10.2005 г. со просек 9,78. Прогласен е за студент на генерацијата, со пофалница од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Македонското лекарско друштво (МЛД).

Завршил специјализација по интерна медицина во 2010 г. Вработен е на Универзитетската клиника по ревматологија од 2010 г.

Во 2011 г. бил на студиски престој на Клиниката за ревматологија во Љубљана, два месеца. Во 2014/2015 г. шест месеци работел како интернист/ревматолог со Seychelles Hospital – Victoria, Seychelles и шест месеци како ревматолог во Al-Amiri Hospital, Kuwait City, Kuwait.

Не успеал да се запише на докторски студии при последниот конкурс на Ректоратот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј", поради недостаток на ментори. Планира запишување на докторски студии во првиот нареден конкурс.

Одлично ги владее англискиот и српскиот јазик. Има основно познавање на германскиот јазик.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот имал усна презентација на англиски јазик на трудот "Effects of Rituximab in a Patient with Refractory Dermatomyositis", како прв автор, на Вториот македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество – MAAP 2013.

Одржал две предавања пред Катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје и три стручни предавања по областа ревматологија во Al-Amiri Hospital, Kuwait.

Редовен соработник, автор и преведувач е за Webdoctor.com од 2008-2014 г.

Активно помага во едукацијата на студенти, специјализанти и супспецијализанти на Клиниката за ревматологија.

## III. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Субистражувач е на три меѓународни студии (MK8808-002, TL001-RA-301 и TNF-K-006), како и истражувач и суб-истражувач на повеќе локални студии од областа на ревматологијата.

Трудови

Како автор и коавтор учествувал во изработка на 7 научни и стручни трудови. За овој избор, кандидатот ги приложи следниве трудови:

1. **Gucev F,** Calovski J, Perchinkova SM, Bozinovski G, Kafedziska I, Antova D. **Effects of Rituximab in a Patient with Refractory Dermatomyositis.** Second Macedonian Congress of Rheumatology with International Participation – MAAR 2013; Ohrid, Macedonia, 10/2013.

   Се работи за приказ на случај на пациентка со рефрактерна форма на дерматомиозитис, претходно лекувана агресивно со комбинација на имуносупресиви (метотрексат, азатиоприн, високи дози на кортикостероиди) без задоволителен ефект. Поради тоа, одлучено било да се аплицира ритуксимаб. Ефектот бил значителен по шест месеци со редукција на CPK до 100U/l и подобрување на мускулната сила кај пациентката. Иако ритуксимаботсеуште е малку испитуван како терапија за најтешките форми на дерматомиозитис, авторите укажуваат на одличниот ефект кај прикажаниот случај и на потребата за понатамошно испитување на овој агенс во третманот на автоимуните миозитиси.

2. **Gucev F,** Calovski J, Perchinkova SM, Bozinovski G, Kafedziska I, Antova D. **Cyclophosphamide in Patients with Newly Diagnosed ANCA-Associated Vasculitis.** Second Macedonian Congress of Rheumatology with International Participation – MAAR 2013; Ohrid, Macedonia, 10/2013.

   Се работи за приказ на три ново дијагностицирани случаи со АНКА-асоциран васкулитис (два пациента со полиангиитис со грануломатоза, еден со полиангиитис со грануломатоза и еозинофилија) лекувани со пулсни дози на циклофосфамид (1000мг, и.в., две апликации на 14 дена, потоа еднаш месечно, вкупно 6 месеци), како и метилпреднизолонски пулс (1000мг метипреднизолон, и.в., три дена), а потоа е продолжено со висока доза на орални кортикостероиди со намалување на дозата по протокол.

   Добиен е задоволителен ефект, односно вкупната активност на болеста мерена според BVAS v3 се намалила од 71 на 6 (пациент 1: 19 на 3, пациент 2: 16 на 1 и пациент 3: 36 на 2, соодветно). Vasculitis Damage Index бил намален помалку од BVAS, односно од првична вредност 11 на 6 после 6 месеци лекување (пациент 1: 5 на 4, пациент 2: 2 на 1 и пациент 3: 4 на 1, соодветно).

   Авторите укажуваат дека раното агресивно лекување на АНКА-асоцираните васкулитиси со циклофосфамид и кортикостероиди

овозможуваат одличен ефект, но сепак постигнувањето на ремисија кај овие пациенти е многу тешко и не е постигнато кај презентираните случаи.

3. Антова Д, Перчинкова СМ, Божиновски Г, Кафеџиска И, Османи Б, **Гучев Ф**. **Потенцијалот на антителата од класата IgA против нативната dsDNA во мониторирањето на активноста на болеста кај болните со СЛЕ**. Втор македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество – МААР 2013; Охрид, Р.Македонија, 10/2013.

   Направена е студија на 60 пациенти со системски еритемски лупус (СЛЕ), при што проценета е вредноста на IgA фракцијата на anti-dsDNA во следење на активноста на болеста кај овие пациенти. Авторите докажале дека помеѓу SLEDAI и титарот на иследуваните антитела постои статистички сигнификантна поврзаност (p=0.0001). Средното ниво на IgA anti-dsDNA изнесувала 191.8U/ml +/- 148.8U/ml кај пациентите со активна болест, додека пак кај оние СЛЕ во ремисија таа изнесувала 48.2U/ml +/- 90.3U/ml. Вредностите на ова антитело кај контролната група изнесувале 5.5U/ml +/- 2.6U/ml.
   Авторите сметаат дека IgA фракцијата на anti-dsDNA може и треба да се користи паралелно со рутински применуваната IgG за следење на активноста на болеста кај пациенти со СЛЕ.

4. Дамевска К, Положани Н, Гоцев Ѓ, **Гучев Ф**. **Синдром на Rowell – приказ на случај.** Втор македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество – МААР 2013; Охрид, Р.Македонија, 10/2013.

   Се работи за приказ на случај на 17-годишна пациентка дијагностицирана со синдромот на Ровел, односно пациентка со системски еритемски лупус, еритема мултиформе (докажана со биопсија), дамчест модел на ANA Hep2, како и позитивен наод за RF, anti-dsDNA, SSA, antiU1snRNP. Пациентката била лекувана со високи дози на орални кортикостероиди (прва доза 60мг/ден), при што комплетна ремисија настанала по 4-5 седмици.
   Авторите укажуваат дека во светот се опишани само околу 70 пациенти со овој синдром од кој особено е ретко да бидат задоволени сите мајорни критериуми како во нивниот случај.

5. Perdan-Pirkmajer K, Hočevar A, Rotar Ž, Žibert J, Marolt VF, **Gučev F,** Tomšič M. **Tumour necrosis factor-alpha inhibitor-induced hepatic injury in patients with rheumatoid arthritis: two case reports and an analysis of the laboratory data from the Slovenian national biologicals registry.** Rheumatol Int. 2013 Nov;33(11):2885-8. doi: 10.1007/s00296-012-2524-z. Epub 2012 Sep 7.

   Се работи за иследување на два пациента лекувани со TNFa-инхибитори (етанервепт и адалимумаб) на Клиниката за ревматологија во Љубљана, Словенија и корелација на овие резултати со искуствата добиени при примената на оваа група  лекови кај пациенти со ревматоиден артритис во однос на инциденцијата на хепатална лезија.
   Авторите укажуваат дека иако лековите од групата на TNFa инхибитори се сигурни и докажани во својата примена во ревматологијата, сепак треба да се има предвид можноста од појава на сигнификантно хепатално оштетување при нивна

примена и препорачана е редовна контрола на трансаминазите кај овие пациенти.

6. Gucev ZS, Tasic V, Jancevska A, Zafirovski G, Kremensky I, Sinigerska I, Nanba E, Higaki K, **Gucev F**, Suzuki Y. **Novel beta-galactosidase gene mutation p.W273R in a woman with mucopolysaccharidosis type IVB (Morquio B) and lack of response to in vitro chaperone treatment of her skin fibroblasts.** Am J Med Genet A. 2008 Jul 1;146A(13):1736-40. doi: 10.1002/ajmg.a.32318.

   Прикажан е случај на 24 годишна жена, која за прв пат била иследувана на 10 годишна возраст. Според клиничкиот фенотип и тенко-слојна хроматографија на уринарните олигосахариди, периферни леукоцити биле испратени за иследување на бета-галактозидаза. Иследувањата улажувале на дефицит на ензимската активност, а иследувањето на генските мутации укажало на мутација p.H281Y (875C > T), како и нова мутација p.W273R (817T > C). За разлика од досегашните пациенти, пациентката не одговорила позитивно на лекување со N-octyl-4-epi-beta-valienamine.

7. Bosevski M, Borozanov V, **Gucev F,** Bosevska G, Tosev S, Georgievska-Ismail Lj. Prevalence of metabolic syndrome components in the type 2 diabetic population who presented coronary artery disease. Prilozi. 2007 Dec;28(2):161-9.

   Направена е студија за преваленцијата на метаболичен синдром кај 327 пациенти со коронарна артериска болест. Метаболичниот синдром бил дефиниран според ATP III критериумите. Превалецијата изнесувала 93,4% кај жените и 82,8% кај мажите. Жените имале поголема половина, артериска хипертензија и ниска вредност на HDL. Најчеста компонента на метаболичниот синдром била артериската хипертензија (78,3%).

## Д-р ИРЕНА ГИГОВСКА, специјалист по интерна медицина

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Ирена Гиговска е родена на 17.3.1982 год. во Скопје. Основно образование завршила во Скопје во 1996 год. со среден успех 5,00, а средното образование го продолжува во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“, кое го завршила 2000 год. со среден успех 5,00 и се стекнала со звањето медицинска сестра. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот„ Св. Кирил и Методиј“ се запишува истата 2000 год., а дипломирала на 5.10.2006 год. со просечна оценка 9,80. По завршениот лекарски стаж, во 2007 год. положила стручен државен испит и се стекнала со основна лиценца за работа, а истата година започнала и специјалистичките студии по интерна медицина. Во 2008 год. е избрана мегу десетте најдобри студенти рангирани по просек за годината на своето дипломирање. Во 2011 год. започнала да волонтира во ГОБ „8-ми септември“ Скопје, а истата година се вработила на Одделението за ургентна медицина и интензивна нега со коронарна единица при истата

установа. Во декември 2011 год. положила специјалистичкиот испит и се стекнала со звање специјалист по интерна медицина.

Од своето вработување во континуитет работи во кардиолошката специјалност со активно практицирање на базична, 2Д, колор и контрастна ехокардиографија, како и периферен артериски и венски васкуларен доплер

Активно го владее англискиот јазик - положен интернационален тест - Cambridge PET (ниво B1), а солидно се служи и со францускиот.

## СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ И ЕДУКАЦИИ ВО СТРАНСТВО

Уште од време на своите специјалистички денови, Д-р Ирена Гиговска, учествува на повеќе стручни едукациски курсеви и престои: 06.2010 год месечен стручен престој на Одд. за кардиологија во Rigshospitalet, Копенхаген, Данска, во сопствена режија, 07.2011 месечен стручен престој на Одд.за интерна медицина во Necker Hopital, Париз, Франција во сопствена режија, 05.2012 год сертификат за завршен курс по Advanced Life support акредитирано од Europian resuscitation council, 11.2012 год сертификат за завршен online ехокардиографски курс, Универзитет за кардиологија, АКН, Виена, Австрија, 2013 год. Европски кардилошки конгрес, Амстердам, Холандија, 06-08.2014 год стручна едукација и усовршување во областа на трансторакална и трансезофагелна ехокардиографија и периферен васкуларен доплер и сертификат за учество во академската и клиничката активност на Одделение за кардиологија при Клинички Комплекс Чапа-Џерапаша, Медицински факултет Истанбул, Р.Турција.

Како автор и коавтор досега ги прикажува следниве трудови

- Корелација на вредностите на DAS 28 скорот со вредностите на CRP кај болни со ревматоиден артритис на терапија со ДМАРДС (Disease modifying antirheumatic drugs)",д-р Ирена Гиговска,пПроф. Д-р Нада Марина, Кл. за ревматологија, објавено на Прв ревматолошки конгрес со интернационално учество, Охрид, Македонија, 2009 год.

Се работи за студија која се работела 6 месеци на Клиниката за ревматологија и имала за цел истакнување на вредноста и валидноста на ДАС 28 скорот во мониторирањето на активноста на болеста кај пациенти со ревматоиден артритис, преку вредностите и тесната корелација со ЦРП, како биолошки маркер за постоење на активноста на болеста. Обработени биле вкупно 50 пациенти со РА на темелна терапија со ДМАРДС, од кои 48 од женски пол, 2 од машки, 46 пациенти биле РФ +, најголемиот број биле на возраст 40-50 год. Резултатите биле следни: од 48 жени, 43 биле со висок ДАС 28 скор, обата мажи биле со висок ДАС скор, од жените со виско ДАС 28-скор, 41 биле РФ + и 31 имале покачени вредности на ЦРП. Од мажите обата биле РФ +, еден бил со покачени

вредности на ЦРП, а другиот со нормални. Со студијата се увиде дека висока активност на болеста пресметана со ДАС 28-скорот во 71,1% корелирала и со виски вредности на ЦРП. Во однос на серпозитивноста, само кај РФ + пациенти се најде јасна корелација мегу вредностите на ДАС 28 скорот и активноста на болеста, мониторирана преку вредностите на ЦРП, дури кај 77,3%, а кај серонегативните пациенти не се доби конклузивен заклучок, само кај половина од пациентите била најдена корелација меѓу високиот ДАС 28-скор и активноста на болеста. Сите податоци беа конклузивни само кај женските испитаници, машката група беша мала кохорта. Целта на студијата е да се исткане вредноста на ДАС-28 скорот како практична, лесна и сензитивна алатка во секојдневната клиничка пракса како сензитивен дискриминатор во процена на активноста на болеста, следење на нејзината прогресија, одлука за започнување или менување на базичната терапија, следење на ефектите од лекувањето со базичната терапија, како и битноста како силен прогностички фактор за физичкиот инвалидитет кај болните.

- сопствено излагање на тема: "Македонските искуства за дијагностичката ехокардиографија" објавено во редовниот месечен журнал при Истанбулскиот клинички комплекс Чапа-Церапаша, во тек на стручен престој, д-р. Ирена Гиговска, Prof. Zehra Bugra, 2014 год.

Целта на излагањето беше презентација на македонските искуства во областа на ехокардиографијата, дијагностичката вредност на ехокардиографијата,нејзината вредност во следење на пациентите со кардиолошка историја, вредноста на ехокардиографијата во акутната презентација на градната болка, а особено местото и вредноста на брзата ехокардиографија кај пациентите хоспитализирани на одделение за интензивна нега и коронарна единица.

**<u>Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова</u>**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова е родена 1985 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, континуирано со одличен успех. Во 2004 година се запишала на Медицинскиот универзитет во Виена , а подоцна во 2007 година ги продолжила студиите на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Во септември 2011 година ги завршила студиите на Медицинскиот факултет во Скопје со просечен успех 8,88. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит и во ноември 2012 година се здобила со лиценца за работа. На ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје волонитрала од декември 2011 до април 2014. Во септември 2013 започнала со специјализација по пулмологија и респираторна алергологија којашто се уште е во тек. Од април 2014 е вработена

на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје. Активно ги владее англискиот и германскиот јазик.

## II. СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Во мај 2011 активно учествува на III Интернационален медицински студентско истражувачки конгрес, Истанбул, Турција. Во март 2012 учествувала на Симпозиум за базична ехокардиографија, организиран од македонското ехокардиографско здружение. Во април 2013 учествувала во заедничкиот состанок на Македонското респираторно здружение и Турското академско респираторно здружение (The Many faces of COPD Symposium, Joint Meeting of Macedonian Respiratory Society and Turkish Academic Respiratory Society), во април 20 до 23 во Охрид.

Во апил 2014 учество на стостанок за модерна антикоагулантна терапија во превенција на венски тромбоемболии, организирано од македонско друштво на ортопеди и трауматолози ( 25.04.2014, Скопје).

Во мај 2014 учество на стручен состанок на тема „ Астма- нерешена енигма и во 21. Век“ организирано од македонското респираторно здружение, Скопје 09.05.2014. Во јуни 2014 учество на стручен состанок на тема „Актуелности во третманот на долно-респираторните инфекции“ организирано од Македонско респираторно здружение, Дојран 13.06. 2014.

Во мај 2015 учество на стручен состанок на тема Синдром на препокривање на Астма и ХОББ ( Asthma and COPD Overlap Syndrome- ACOS), организирано од македонско респираторно здружение, Скопје 05. 05. 2015

Трудови

Како автор учествувала во изработка на 1 научен труд.

1. Груева Владислава Ада, ментор доц. д-р Лујза Груева, коментор: д-р Елена Груева ‚Case report- Giant left atrium (III. International medical student’ research congres 2011 abstract book).

Презентиран е случај на пациент на 66-годишна возраст со енормно зголемена лева преткомора, сигнификанта митрална регургитација во синус ритам . Пациентот за прв пат беше хоспитализиран на Клиниката за кардиологија една недела од појавата на симтомите. За време на хоспитализацијата биле направени лабораториски и клинички иследувања вклучувајќи ЕКГ, рентген на граден кош, доплер на каротидни артерии,ехокардиографија, трансторакална ехокардиографија и трансезофагијална ехокардиографија. Од сите наведени клинички иследувања, ехокардиографската процена се покажа како клучен метод во одредување на дијагнозата и потребата од понатамошна хируршка

интервенција. Хируршкиот третман се базира според NYHA класификацијата: репарација на митрална валвула; репласман на митрална валвула со презервација на субвалвуларен апарат и репласман на митрална валвула без хордална презервација

## ЗАКЛУЧОК

По увидот во приложената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Филип Гучев нема доставено соодветна потврда за познавање на странскиот јазик предвидена со конкурсот, така што Комисијата и покрај позитивното стручно мислење за кандидатот, не може да го предложи за избор во звање асистент-докторанд.

Комплетното исполнување на сите услови предвидени за избор во звањето асистент-докторанд по предметот **интерна медицина** согласно Законот за високото образование, го исполнија следниве кандидати: **д-р Никола Ѓорѓиевски, д-р Билјана Зафировска Талеска, д-р Јане Талески, ас. д-р Марија Здравеска, д-р Ирена Гиговска, д-р Анче Волкановска, д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, д-р Газменд Амзаи, помл. асистент д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ, д-р Душан Петковски и д-р Афродита Берат Хусеини.**

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, предложените кандидати да бидат избрани во звањето асистент–докторанд по предметот ИНТЕРНА МЕДИЦИНА при Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија,

1. Проф. Д-р Александар Стојановиќ с.р.
2. Проф. Д-р Јелка Масин Спасовска с.р.
3. Доц. Д-р Калина Гривчева Старделова с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ“ ОД АВТОРИТЕ : ДОБРИЛА ТОСОВСКА-ЛАЗАРОВА,БИЛЈАНА ЗАФИРОВА, ДРАГИЦА ЈУРКОВИЌ, ЕЛИЗАБЕТА ЧАДИКОВСКА, БИЛЈАНА БОЈАЏИЕВА СТОЈАНОСКА, АЦЕ ДОДЕВСКИ И БИЛЈАНА ТРПКОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на 6.4.2016 год., бр.XVI , за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Анатомија на човекот“ од авторите: Д.Тосовска-Лазарова, Б.Зафирова, Д.Јурковиќ, Е.Чадиковска, Б.Бојаџиева Стојаноска, А.Додевски и Б.Трпковска, наменет за студентите на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет (назив на единицата), за предметитите анатомија со хистологија, анатомија 1 и анатомија 2, избрани се проф.д-р Анѓа Стратеска Зафироска и проф.д-р Марија Папазова.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Општ дел
**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Анатомија на човекот |
| **Назив на предметната програма:** | Анатомија со хистологија, анатомија 1 и анатомија 2 |
| **Назив на студиската програма:** | Тригодишни стручни студии за дипломирани медицински сестри, дипломирани радиолошки технолози, дипломирани логопеди и дипломирани физиотерапевти |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Анатомија со хистологија- 65 часа , ЕКТС- 4**<br>**Анатомија 1 – 45 часа, ЕКТС – 4,5**<br>**Анатомија 2 – 45 часа, ЕКТС - 4** |
| Предметите анатомија со хистологија, анатомија 1 и анатомија 2 на Медицинскиот факултет се задолжителни (изборен/задолжителен) предмети со фонд на часови 65+45+45, број на ЕКТС-кредити 4+4,5+4 и се слушаат во прв и втор семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 322 страници (формат Б 5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 11 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 38 слики и 0 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф.д-р Анѓа Стратеска Зафироска с.р.**

**Проф.д-р Марија Папазова с.р.**

**II. Посебен дел од рецензентот: Проф.д-р Анѓа Стратеска Зафироска**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во првото поглавје е опишан развојот на анатомијата како наука, општите поими и значењето на анатомијата, како и нејзината поделба и систематизација.<br>Во второто, третото поглавје и четвртото поглавје детално се опишани коските, зглобовите и мускулите во човечкото тело.<br>Во петтото и шестото поглавје е даден детален опис на респираторниот и кардиоваскуларниот систем.<br>Во седмото и осмото поглавје се содржани деловите и карактеристиките на дигестивниот и урогениталниот систем.<br>Во деветтото и десеттото поглавје содржана е анатомијата на органите на главата и вратот, како и на сетилата.<br>Во единаесеттото поглавје е опишан централниот и периферниот нервен систем. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е апсолутно усогласен со предметната програма за анатомија со хистологија, анатомија 1 и анатомија 2 . |
| **Предлози за потребни корекции:** | |
| **Оцена на ракописот:** | Издржан и адекватен ракопис, напишан со јасен и концизен стил. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 322 страници (формат Б 5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 11 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 38 слики . |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: анатомија со хистологија, анатомија 1 и анатомија 2, примарно наменет за студентите на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Анѓа Стратеска Зафироска с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ПАПАЗОВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот опфаќа материјал од општата анатомија, остеологија, синдезмологија, миологија, систематска анатомија на респираторниот, кардиоваскуларниот, дигестивниот, урогениталниот, нервниот систем, како и анатомијата на сетилните органи. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на ракописот ги опфаќа сите методски единици од предметната програма за анатомија со хистологија, анатомија 1 и анатомија 2. |
| **Предлози за потребни корекции:** | |
| **Оцена на ракописот:** | Прв ракопис кој е работен според најновиот курикулум за предметните програми од областа на анатомијата, наменет за тригодишните стручни студии. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 322 страници (формат Б 5), напишани на компјутер, со големина на фонтот  11. Текстот е поделен во 11 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 38 слики . |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: анатомија со хистологија, анатомија 1, и анатомија 2, примарно наменет за студентите на тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф.д-р Марија Папазова**
**с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АТЛАНТО-АКСИЈАЛНА НЕСТАБИЛНОСТ КАКО ЕДЕН ОД ПРОБЛЕМИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО РЕВМАТОИДЕН АРТРИТИС" ОД М-Р АВНИ КУЧИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Согласно со член 63 од Законот за високото образование ( Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 14/14/, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, и 154/15), член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 121/09, 188/11, 234/12 и 276/14) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата **XVI** редовна седница одржана на 6.4.2016 година, а по предлог на Советот на трет циклус-докторски студии формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Кучи со наслов АТЛАНТО-АКСИЈАЛНА НЕСТАБИЛНОСТ КАКО ЕДЕН ОД ПРОБЛЕМИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО РЕВМАТОИДЕН АРТРИТИС, во состав: проф. д-р Нада Марина (претседател), проф. д-р Снежана Мишевска-Перчинкова (ментор), проф. д-р Миодраг Врчаковски (член), проф. д-р Ериета Николиќ-Димитрова (член) и проф. д-р Милка Здравковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Кучи, со наслов АТЛАНТО-АКСИЈАЛНА НЕСТАБИЛНОСТ КАКО ЕДЕН ОД ПРОБЛЕМИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО РЕВМАТОИДЕН АРТРИТИС, содржи 92 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со 1,0 проред и големина на букви 12, 141 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Доставениот труд е структуриран и ги содржи сите поглавја на една научноистражувачка студија: вовед, мотив за изработка, цели на студијата, материјал и методи, методи на статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучоци и литература. На почетокот се приложени апстракт и список на кратенки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Начинот на изнесување на проблемот и научната мисла се концизни, јасни и лесно разбирливи.

Во **воведот** на трудот, кандидатот дава јасна дефиниција на атланто-аксијалната нестабилност која според досегашните научни сознанија значително го зголемува морбидитетот и ја влошува прогнозата за преживување кај пациентите со ревматоиден артритис (РА). Тоа се случува главно по неколку години времетраење на болеста кај ревматоиден фактор позитивните пациенти со тешка форма на активен и еволутивен РА и може да предизвика силна цервикална болка, нестабилност и во крајна линија компресија на ´рбетниот мозок. Од повеќе слични научни и стручни студии цитирани во воведниот дел констатираме со право дека атланто-аксијалната нестабилност е најсериозна и потенцијално смртоносна манифестација на ревматоидниот артрит. Понатаму, во воведот на трудот кандидатот укажува на клиничката варијабла која е во најтесна корелација со инволвирањето на цервикалниот дел од ´рбетот кај пациентите со РА, а тоа се присуството на деформитетите на рацете, особено на метокарпофалангеалните сублуксации. Од аспект на испитување на биолошките маркери, како предикторни фактори при појава на атланто-аксијална нестабилност, наброени се: високи вредности на еритроцитна седиментација (SE), RF, anti CCP и на CRP.

Се дава и приказ на неколкуте типови на атланто-аксијална сублуксација кои се случуваат во цервикалниот дел од ´рбетот кај пациентите со РА, а тоа се: антериорна, постериорна, латерална, вертикална атланто-аксијална сублуксација, како и субаксијална сублуксација. Во воведот се опфатени и: преглед на литературата, анатомија на цервикален ´рбет, патофизиологија, епидемиологија и природен тек на болеста, симптоми и клинички наоди, дијагностичка проценка класични рентгенски снимки, компјутерска томографија и магнетна резонанца, елекрофизиолошки модалитети, сомато-сензорен евоциран потенцијал (SEP), SEP на горните екстеремитети, SEP на долните екстремитети, толкување на SEP, клиничка употреба на SEP, цервикална миелопатија, конзервативен третман и оперативен третман.

**Мотив** за изработка на студијата на кандидатот е утврдување на потребата за радиолошки дијагностички процедури на цервикалниот дел од ´рбетот кај сите пациенти со РА за навремена детекција на атланто-аксијалните сублуксации со што би се овозможила навремена превенција на идните можни многу сериозни компликации како последици на РА.

**Целите на студијата** се јасни и таксативно наброени:

1. Да се утврди инволвирањето на РА во горниот дел на цервикалниот ´рбет.
2. Истражувањето исто така има за цел да утврди дали времетраењето на болеста има влијание во појавувањето на атланто-аксијалната нестабилност.
3. Да се испита дали постои корелација помеѓу зголемената активност на РА и појавувањето на атланто-аксијална нестабилност.

4. Да се утврди дали постои разлика во појавувањето на атланто-аксијалната нестабилност помеѓу машкиот и женскиот пол.
5. Да се утврдат разликите во клиничките манифестации меѓу пациентите со РА и атланто-аксијална нестабилност и пациентите со РА без атланто-аксијална нестабилност .

**Материјалот и методологијата** соодветствуваат со поставените цели. Истражувањето е дизајнирано како проспективна студија која е спроведена во Универзитетската клиника за ревматологија во Скопје.

**Статистичката анализа** е направена со соодветни статистички методи.

**Резултатите** се детално прикажани графички и табеларно, збогатени со слики, проследени со соодветен коментар, што претставува добра илустрација на добиените резултати.

**Дискусијата** содржи анализа на добиените резултати, коментари и споредби со веќе објавени резултати во светската литература од таа област.

Од трудот се изведени 12 конкретни **заклучоци,** наведени во посебни точки, кои произлегуваат од поставените цели и добиените резултати.

**Предмет на истражување** се 92 пациенти со дијагноза класичен и дефинитивен ревматоиден артритис според критериумите на ACR од 1988 година. Кај 54 испитаници дијагностицирана е атланто-аксијална нестабилност.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Ваква студија кај нас е направена за прв пат.

**Краток опис на применетите методи**

Кај сите пациенти се направени нативни графии на цервикалниот ΄рбет во неутрална латерална положба, како и функционални ртг-графии во флексија и екстензија, како и КТ. МР на цервикалниот ΄рбет не е реализирана кај сите пациенти поради постоење на медицински контраиндикации.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во оваа студија најчеста е антериорната атланто-аксијална сублуксација со застапеност кај 41 (75,92%) испитаник со РА и атланто-

аксијална нестабилност. Мешани типови на атланто-аксијална сублуксација се откриени кај 43 пациенти, а кај еден пациент е откриена постериорна атланто-аксијална сублуксација.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Кучи, со наслов „Атланто-аксијална нестабилност како еден од проблемите кај пациентите со ревматоиден артритис", претставува истражување од областа на клиничката медицина во специјалноста ревматологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација покажа дека во сите случаи со атланто-аксијална нестабилност, прецизни, брзи и евтини информации можат да се добијат со латерални функционални снимки на цервикалниот ´рбет направени во флексија дури и без употреба на софистицирани дијагностички испитувања како што се КТ и МР. Очекуваниот научен придонес е со раната детекција на атланто-аксијалната сублуксација да се спречат можните многу сериозни компликации и навреме да се направи процена за евентуален оперативен третман. Со ова значително ќе се намали ризикот од инвалидитет и летален исход.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Авни Кучи, со наслов „Атланто-аксијална нестабилност како еден од проблемите кај пациентите со ревматоиден артритис", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил (како прв автор, во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Kuchi A**, Perchinkova MS. Types of atlanto-axial subluxation in patients with rheumatoid arthritis. *Acta morphol* 2014; 11(2): 42-48.
2. **Kuchi A**, Perchinkova MS. Atlanto-axial instability in rheumatoid arthritis, *Journal of the Macedonian Medical Association* 2014; 68(2): 78-84.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се ефектите на РА на атланто-аксијалните зглобови и типовите на сублуксации, како и воспоставување на дијагностички протокол во овие случаи.

Подрачјето на примена на овој истражувачки труд е во областа на клиничката ревматологија во сите случаи со РА.

Можните понатамошни истражувања се да се утврди механизмот на настапувањето на невролошките отстапувања од неврофизиолошки аспект.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Авни Кучи** со наслов **Атланто-аксијална нестабилност како еден од проблемите кај пациентите со ревматоиден артритис**.

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Нада Марина, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Снежана Мишевска-Перчинкова, ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Миодраг Врчаковски, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Ериета Николиќ-Димитрова, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Милка Здравковска, член, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ХОМОЦИСТЕИНОТ И НЕГОВАТА КОРЕЛАЦИЈА СО МИКРОВАСКУЛАРНИТЕ И МАКРОВАСКУЛАРНИТЕ КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2 " ОД Д-Р М-Р КСЕНИЈА БОГОЕВА КОСТОВСКА , ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот / совет на Медицинскиот факултет / во Скопје, на седницата одржана на 6.4.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката др м-р Ксенија Богоева Костовска со наслов ,**Хомоцистеинот и неговата корелација со микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2'** во состав: проф. д-р Бранкица Крстевска (претседател), проф. д-р Чедомир Димитровски (ментор), проф. д-р Марија Крстевска (член), проф. д-р Татјана Миленковиќ (член) и проф. д-р Љутви Зулбеари (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот / совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Ксенија Богоева Костовска, со наслов: „ **Хомоцистеинот и неговата корелација со микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2"** , содржи 64 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 0 проред и големина на букви 12, без фусноти, 59 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во апстракт, вовед, 10 глави и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **ВОВЕДОТ** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека со следење на плазма вредностите на хомоцистеинот би се дополнила листата на анализи и показатели

во раната дијагностика на васкуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2.

Воведот, воедно, претставува и **прва глава** од докторската дисертација. Тој е составен од 10 подглави. Во делот 1.1. се претставени новите епидемиолошки податоци за регистрирани случаи на дијабетес мелитус тип 1 и тип 2 на светско ниво, како и епидемиолошки податоци за бројноста на заболени лица на територијата на Р. Македонија.

Во деловите 1.2 и 1.3 од Глава 1, е опишано значењето на хомоцистеинот, неговиот метаболизам и улога во цовековиот организам, како и неговата корелација во етиологијата на микроваскуларните и макроваскуларните компликации. Понатаму, во делот од 1.4 до 1,8 од Глава 1 е опишана улогата на хомоцистеинот во етиологијата и развојот васкуларните болести, дијабетичната нефропатија, дијабетичната ретинопатија, дијабетичната невропатија, и е опишано дијабетичното стапало и промените на крвните садови на долните екстремитети.

Во делот 1.9 од глава 1 се опишува третманот на хомоцистеинемијата.

Во делот 1.10 се опишани методите за определување на нивото на хомоцистеин. Наведени се 7 методи кои се користат за определување на нивото на хомоцистеин , но за целите на ова истражување е користен методот ЕКЛИА (електрохемилуминистентен имуноесеј).

**Втората глава претставува МОТИВ на истражувањето.** Во него се опишани идеите поради кое е започнато ова истражување. Водечки мотив претставува постоењето на недоволен број рани маркери што би се искористиле во откривањето на васкуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус. Со следење на плазма вредностите на хомоцистеинот би се дополнила листата на анализи и показатели во раната дијагностика на микроваскуларни и макроваскуларни компликации кај пациентите со дијабетес мелитус. Со евалуација на вредностите на хомоцистеинот, би се овозможила достапност на уште еден ран маркер во дијагнозата и следењето на васкуларните компликации

Во третата глава се претставени **ЦЕЛИТЕ** на истражувањето. Тие се поделени во примарни и секундарни цели.

Примарните цели се насочени кон: определувањето на значењето и асоцираноста на хомоцистеинот како предиктор во појавата и развојот на васкуларните компликации кај дијабетесот, но и кон истражување на можноста за корелацијата помеѓу покачените вредности на HbA1c, гликемиската контрола и плазма хомоцистеинот, и нивната улога во прогресијата на дијабетичните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус.

Секундарните цели се насочени кон добивање на податоци за присуство на хроничните дијабетични компликации од микроваскуларен и макроваскулерен тип кај испитуваната популација, анализа на придружните состојби на дијабетесот, БМИ, липидниот статус и нивната

корелација со дијабетичните компликации, како и одредување на корелацијата на хомоцистеинемијата со полот, возраста и времетраењето на болеста.

**Во четвртата глава се опишани МАТЕРЈАЛОТ И МЕТОДИТЕ** кои се употребени во ова истражување. Трудот претставува проспективно-лонгитудинално истражување што е спроведено на Клиниката за ендокринологија и болести на метаболизмот во Скопје. Во студијата се вклучени 80 пациенти со дијабетес мелитус тип 2. Регрутираните пациенти се поделени во две групи: 50 пациенти со дијагностицирани васкуларни компликации и група од 30 пациенти без придружни компликации, што во понатамошното истражување претставува контролна група. Групите на пациенти се регрутирани континуирано во период од девет месеци. Во овој период, пациентите ја посетувале Клиниката, започнувајќи со контролен преглед/визита 1 или скрининг визита. На оваа визита се вклучени пациентите кои ги задоволуваат критериумите за влез во истражувањето, а во втората фаза биле формирани и двете групи.

Пациентите во истражувањето се вклучувани според исполнување на критериумите за вклучување или инклузиони критериуми, и тоа:

1. потпишан формулар за информирана согласност пред сите студиските процедури ;
2. машки или женски пациенти на возраст ≥ 18 години ;
3. ДМ тип 2 повеќе од шест месеци;
4. HbA1c ≥ 7,5% ;
5. пациенти со диета и ОАД, терапија со инсулин, ОАД или комбинација
6. на ОАД и инсулин (повеќе од три месеци);
7. БМИ ≤40 кг/м$^2$ ;
8. можност и способност за придржување кон студиските процедури.

Додека, пак пациентите кои ги исполнувале критериумите за исклучување не се вклучени во истражувањето. Критериумите за исклучување се:

1. секундарен дијабетес;
2. системска терапија со кортикостероиди;
3. бременост, доење или интенција за забременување;
4. позната или суспектна алергија на инсулин;
5. ренална, хепатална и миокардна инсуфициенција;
6. пролиферативна ретинопатија;
7. малигни заболувања;

8. ментални нарушувања и потешкотии за следење на студиските процедури;
9. пушачи;
10. хронично консумирање алкохол;

Состојбата на болеста и регулираноста на дијабетесот кај паиентите е следена преку евалуација на мерењата на гликемијата на гладно пред појадок и постпрандијалната гликемија На контролниот преглед - визита се следени и вредностите на HbA1c, како биомаркер за долгорочно следење на гликемиската контрола и вредностите на хомоцистеин како ран индикатор за развојот и прогресијата на васкуларните компликации. Појавата и текот на веќе постојните компликации од макроваскуларен и микроваскуларен тип се проценувани и следени преку контролата на липидниот статус со определување на вкупниот холестерол, LDL, HDL, како и триглицериди, хомоцистеин, уреа и креатинин во серум, гликозурија, мукроалбуминурија, телесна тежина и висиночина, индекс на телесна маса, крвен притисок, ЕКГ, очен преглед (фундоскопија) и преглед на стапало. Од секој пациент на првата визита за анализа на потребните параметри е земено вкупно 15 мл венска крв. Сите анализи, вклучувајќи ја и анализата за хомоцистеинот претставуваат анализи што рутински се изработуваат во секојдневната клиничка практика и се изработувани во лаборатотијата за клиничка биохемија при интерните клиники во Скопје. Целта на избраната популација е да се вклучат и пациенти со и без дијагностицирани васкуларни компликации со што би се добиле податоци за влијанието и присуството на хомоцистеинот кај микро и макроваскуларните компликации. Во терапијата се дозволени сите видови на ОАД и долго и краткодејствувачки инсулини, со што се добиени информации за влијание на терапијата користена во третман на дијабетесот врз нивоата на хомоцистеин. Следењето на инклузионите критериуми осигурува репрезентативен примерокод кој се добиени податоцикои корелираат со пациентите во секојдневната клиничка практика.

**Во Глава бр 5 се обработени РЕЗУЛТАТИТЕ од ова истражување**.

Во изработката на резултатите се користени методи на дескриптивната и аналитичката статистика. Резултатите се стратифицирани во 10 подгрупи, според процентната застапеност на полот, возраста, времетраењето на болеста и застапеност на васкуларните компликации. Тие се претставени во делот 5.1 од глава 5. Во делот 5.2 е прикажана статистичка анализа на дијабетичните компликации, процентна дистрибуција поединечно или во комбинација како и со придружни болести. Во делот 5.3 од глава 5 е прикажана статистичка анализа на вредностите на бми (индекс на телесна) тежина кај двете групи пациенти. Делот 5.4 дава податоци за статистичката анализа на вредностите на хомоцистеин во однос на полот

кај испитуваните пациенти. Делот 5.5 ја прикажува статистичката анализа на вредностите на HbA1c и хомоцистеин и нивната корелација кај двете групи пациенти според застапеност на васкуларните компликации. Во делот 5.6 се наоѓа статистичка анализа со која е прикажана корелацијата помеѓу вредностите на хомоцистеинот и HbA1c и хомоцистеинот и LDL холестеролот. Делот 5.7 од глава 5 ја прикажува, процентната дистрибуција на дијабетичните компликации поединечно. Во делот 5.8 е дадена статистичка анализа на вредностите на хомоцистеин кај испитуваните групи пациенти според застапеноста на микроваскуларните компликации. Во делот 5.9, статистичката анализа ја прикажува дистрибуцијата на вредностите на хомоцистеин кај испитуваните групи пациенти според застапеноста на макроваскуларните компликации и во делот 5.10 е дадена статистичка анализа на вредностите на хомоцистеин кај испитуваните групи пациенти според видот на терапија кај пациентите со васкуларни компликации. Резултатите се претставени со графички прикази, при што се користени пита и столпчести дијаграми придружени со дескриптивен дел за секој графикон посебно.

**Во Глава бр. 6 е претставена СТАТИСТИЧКАТА АНАЛИЗА.** Во овој дел од докторската дисертација се наведени користените методи за обработка на податоците, добиени во текот на студијата. Во статистичката анализа на добиените разултати од студијата се користени повеќе методи на дескриптивната и аналитичка статистика, меѓу кои:

- фреквенции
- проценти
- пропорции
- аритметичка средина (средна вредност)
- стандардна девијација
- кростабулации (вкрстувања)

За тестирање на нултата хипотеза и донесување на валидни заклучоци, користени се:

1. еднофакторска анализа за пропорции за атрибутивни обележја на набљудување – one way ANOVA за пропорции;
2. Student's t test за пропорции ;
3. ρ – Спирманов коефициент на корелација на рангови;
4. Student's t test за два неврзани големи примероци;
5. $X^2$ тест;
6. Fisher-ov егзактен тест;
7. Гаусова распределба на податоци.

При споредувањето на податоците помеѓу двете групи е користен Mann-Whitney U –test.

P<0,05 и p<0,01 се наведени како параметри на статистичка сигнификантост како и за веројатноста на остварување на нултата хипотеза, согласно со меѓународните стандарди за биомедицински науки.

**Глава бр 7. е посветена на ДИСКУСИЈАТА** за текот на истражувањето и кон добиентите резултати. Во дискусијата се претставени позитивните сознанија кои го оправдуваат мотивот на ова истражување. Од вкупно 80 пациенти, со дијагностициран дијабетес мелитус тип, кај 50 пациенти беа диајгностицирани васкуларни компликации и придружни болести. Кај 30 пациенти со дијабетес мелитус тип 2 не се детектирани васкуларни компликации. Статистички групите биле поделени во однос на полот и застапеноста на компликациите, со што застапеноста на машкиот пол значајно доминира со 32 % во групата пациенти со васкуларни компликации, а кај испитуваната група кај која немаше васкуларни компликации статистички значајно доминира женскиот пол во однос на машката популација. Просечната возраст помеѓу двете групи изнесувала помеѓу 52,9 г и 57,6 години и не е нотирана статистички значајна разлика. Статистички значајно е траењето на болеста од околу 15,22 години, и тоа кај групата пациенти со компликации во однос на групата пациенти без васкуларни компликации. Анализирана е и застапеноста на компликациите поединечно, но и во комбинации каде што во најголем процент се застапени пациентите кои имаат само една васкуларна компликација. Исто така, во дискусијата е прикажана застапеноста на придружните болести, од кои најзастапено заболување е хиперлипидемијата и хипотиреозата кај пациентите со васкуларни компликации. Во овој дел е прикажана и корелацијата помеѓу вредностите на хомоцистеин во однос на половите каде што повисоки вредности на хомоцистеин постојат кај машкиот во однос на женскиот пол.

Позитивни резултати се добиени и во однос на претпоставената корелација помеѓу плазма вредностите на хомоцистеин кај пациентите со дијабетични компликации кај кои траењето на болеста е над 15 години кај пациентите без комликации и времетраење на дијабетесот од 7,5 години, потврдувајќи ја статистички значајната разлика во просечните вредности на хомоцистеинот помеѓу двете групи, со позитивна корелација помеѓу покачените вредности на хомоцистеин кај пациентите со присуство на васкуларни компликации и времетраење на дијабетесот над 10 години.

Во дискусијата е опишана и поврзаноста на гликозилираниот хемоглобин (HbA1c) и регулираноста на дијабетесот и текот на васкуларните компликации. Повисоки вредности се измерени кај пациентите со васкуларни компликации за разлика од вредностите на HbA1c кај пациентите без компликации со што се потврдува фактот за улогата на високите вредности на гликозилираниот хемоглобин во појавата и текот на микро и макроваскуларните компликации.

Особен акцент е ставен на корелацијата помеѓу високите вредности на HbA1c и хомоцистеинемијата помеѓу пациентите во групата со компликации, како и на корелаијата помеѓу вредностите на LDL холестеролот и нивото на хомоцистеин. Кај пациентите со васкуларни компликации со хиперлипидемија, виоките вредноста на LDL корелираат со покачените вредности на хомоцистеин кај испитуваната група.

Од обработката на податоците, секоја од компликациите е прикажана во процентна застапеност на посебен графички приказ каде што помеѓу микроваскуларните компликации сигнификантно најзастапена е нефропатијата, додека од макроваскуларните компликации сигнификантно најзначајна е ХТА и периферната артериска болест. Понатаму во дискусијата на резултатите се прикажани вредностите на хомоцистеин кај двете групи на пациенти со и без детектирана микроалбуминурија како и кај пациентите со дијагностицирана нефропатија каде што високите вредности на хомоцистеин се доведуваат во корелација и со двете микроваскуларни компликации како и во врска со ретинопатијата и невропатијата која е дијагностицирана кај групата на пациенти со микроваскуларни компликации.

Во дискусијата е опишана и позитивната корелација помеѓу хомоцистеинемијата и присуството на артериска хипертензија, но и кајпациентите со коронарна болест.

Прикажан е односот на вредностите на хомоцистеин во однос на двете групи пациенти според видот на терапија: група на пациенти кои примаат орална антидијабетична терапија (ОАД) и група на пациенти кои примаат инсулинска терапија. Направената статистичка анализа со непараметарски Ман-Витниев У- тест на инверзија не покажа статистички значајна разлика во просечните вредности на хомоцистеинот помеѓу пациентите третирани со двата вида терапија.

**Глава 8 го опфаќа ЗАКЛУЧОКОТ.** Во овој дел се навеедени заклучоците изведени од анализата на податоците добиени од истражуваните параметри и споредени со податоците од светските студии. Во овој дел се наведени заклучните точки кои го оправдуваат мотивот за започнување на ова истражување, во неколку параграфи:

Покачените вредности на хомоцистеин се сигнификантно застапени кај пациентите со микроваскуларни компликации, доведувајќи ги во корелација хомоцистеинемијата и дијабетичната нефропатија и ретинопатија, но и високите вредности на хомоцистеин и периферна дијабетична невропатија.

Хомоцистеинемијата корелира и со промени во Гломеруларнатафилтрациона стапка, како и со присуство на микроалбуминурија.

Помеѓу двете групи пациенти високите вредности на хомоцистеин се во корелација со пациентите со хипертензија и коронарна артериска болест во однос на втората група пациенти.

Според тврдењата на светските студии, вредностите на Hcy поголеми од 14 μmol/l претставуваат сигнификантен ризикфактор во појавата на исхемична болест на срцето кај пациенти со инсулин независен дијабетес, а вредностите поголеми од 10 μmol/l се ризик маркер за морталитет кај овие пациенти.

Од резултатите добиени од ова истражување со големо внимание би можело да се разгледа врската помеѓу хиперхомоцистеинемијата и појавата на атерогени лезии, но и можноста за улогата на хомоцистеинот во дијагнозата на болестите на големите крвни садови кај дијабетесот.

Слично како и во светските студии, асоцијацијата помеѓу вредностите на хомоцистеин и присуството на атеросклероза и кардиоваскуларните болести доведува до заклучокот дека хомоцистеинот претставува независен ризикфактор во нивната појава и прогресија.

Од излагањето во оваа дисертација би можеле да заклучиме дека хомоцистеинот би можел да послужи како маркер во детекцијата на васкуларните компликации, кој заедно со вредностите на гликозилираниот хемоглобин и гликемиските вредности е уште еден предиктор според кој би можело да се претпостави прогнозата на дијабетичните компликации.

**Глава бр. 9** ги сумира и објаснува кратенките низ текстот.

**Во Глава бр. 10** е подредена литературата, користените референци. Тука се набројани 59 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

**Предмет на истражување**

Предмет на ова истраражување претставува можното влијание на високите вредности на хомоцистеин во појавата и прогресијата на микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2. Идејата потекнува од постоењето на недоволен број маркери кои би помогнале во раната дијагностиката на васкуларните компликации кај дијабетичните пациенти.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Ова истражување е посветено на следење на плазма концентрациите на хомоцистеин, и корелација на високите вредности на хомоцистеин во појавата на атероматозните лезии на крвните садови кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2.

Хомоцистеинот (Hcy) е аминокиселина што содржи сулфур и целото количество на хомоцистеин во организмот се формира преку циклусот на метилација од основната аминокиселина метионин, како основен и единствен извор на хомоцистеин.

Тој не се наоѓа во протеините што ги внесува човекот со храната поради што и не постои ДНК код за него. Во плазмата Hcy се наоѓа слободен само 1%, додека 70% се наоѓа врзан за албумините. Во метаболизмот на Hcy се инволвирани три ензими: метионин синтаза (МС), метилентетрихидрафолат редуктаза (МТХФР), цистатионин Б сентитаза (ЦБС), како и витамините Б6, Б12 и фолната киселина , како кофактори на овие ензими. Во случај на нарушување на метаболизмот на хомоцистеин поради ензимски дефект или поради недостиг од некој интрацелуларен кофактор, доаѓа до акумулирање на Hcy во клетката и потоа до негово екскретирање и зголемување на нивоата во циркулацијата.

**Краток опис на применетите методи**

Во ова истражување биле вклучени 80 пациенти со дијабетес мелитус тип 2. Регрутираните пациенти се поделени во две групи: 50 пациенти со дијагностицирани васкуларни компликации и група од 30 пациенти без придружни компликации. Групите на пациенти се

регрутирани континуирано во период од девет месеци во тек на една визита / скрининг визита. На визитата 1 се мерени телесна тежина, височина и БМИ, бил извршен физикален преглед, витални знаци ( пулс и притисок), ЕКГ преглед, фундоскопија и ултрасоногравски доплер преглед и преглед на дијабетично стапало. Во текот на истражувањето на визита 1 се земени и примероци на крв за: ФПГ, HbA1c, липиди, хематологија, биохемија и хомоцистеин, уреа, креатинин, како и анализи за микроалбуминурија и урина за дипстик тестирање.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите на ова истражување се стратифицирани во 10 подгрупи, според процентната застапеност на полот, возраста, времетраењето на болеста и застапеноста на васкуларните компликации. Тие се подетално обработени во погорниот текст.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р. м-р Ксенија Богоева Костовска, со наслов „Хомоцистеинот и неговата корелација со микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2“, претставува истражување во ендокринологијата (се наведува научното подрачје/потесната област). Изработката на темата на оваа докторска дисертација преку добиените резултати го покажува влијанието и корелацијата на хомоцистеинемијата во појавата на макроваскуларни и микроваскуларни компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2.

Докторската дисертација на кандидатот д-р м-р Ксенија Богоева Костовска, со наслов „Хомоцистеинот и неговата корелација со микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Ксенија Богоева Костовска, Ивица Коцевски: „ Concentrations of homocisteine in patients with diabetes mellitus –correlations with vascular complications“, објавен: MEDICUS ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol 20 (1) 2015.

[2]. Ксенија Богоева Костовска, Чедомир Димитровски : „ Хомоцистеинот – ризик фактор и предицтор во појавата на васкуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2 , објавен: Македонско медицинско електронско списание Вол: 2016: Статија ИД 50024,eISSN: 1857-9809.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се:

можноста за воведување на хомоцистеинот , како маркер во раната дијагностика во микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2,

можноста за следење на плазма вредностите на хомоцистеин кај пациентите со васкуларни компликации и дијабетес мелитус тип 2 и нивна корелација на со текот и прогнозата на микро и макроваскуларните оштетувања на крвните садови.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: пациентите со дијабетес мелитус

Можните понатамошни истражувања се: во полето на ендокринологијата и дијабетологијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот / совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р. м-р Ксенија Богоева Костовска** со наслов **„**Хомоцистеинот и неговата корелација со микроваскуларните и макроваскуларните компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2“**.**

**КОМИСИЈА**

Проф. д-р Бранкица Крстевска, претседател, с.р.

Проф. д-р Чедомир Димитровски, ментор, с.р.

Проф. д-рМарија Крстевска , член, с.р.

Проф. д-р Татјана Миленковиќ, член, с.р.

Проф. д-р Љутви Зилбеари , член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРЕТМАН ВО ДВЕ ФАЗИ НА ИНФИЦИРАНИ ЕНДОПРОТЕЗИ НА КОЛК И КОЛЕНО СО ПРИМЕНА НА АНТИБИОТСКИ СПЕЈСЕР“ ОД Д-Р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 22.2.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Јасмин Циривири со наслов „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“, во состав: проф. д-р Милан Самарџиски (претседател), проф. д-р Снежана Мишевска Перчинкова (ментор), проф. д-р Никола Пановски (член), проф. д-р Зоран Божиновски (член) и проф. д-р Милка Здравковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Јасмин Циривири, со наслов „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“, содржи 159 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 6 фусноти, 142 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во вовед, шест глави и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека третманот во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено претставува златен стандард во многу установи во светот. Во самиот почеток прецизно ги дефинира главните параметри за поставување на дијагнозата на инфекции на имплантираните ендопротези. Ја објаснува методологијата на дијагностицирање, со осврт на класификациите на оваа сложена и исклучително тешка за третман компликација, како и на основните епидемиолошки податоци, вклучувајќи ги и

можните ризик фактори за нејзиното настанување. Потоа, се задржува на протоколот за дијагностицирање на инфекциите на имплантираните протези и ги презентира основните клинички испитувања кои се неопходни за поставување на дијагнозата со посебен осврт на лабораториските тестови и предоперативната аспирациона пункција. Интраоперативните тестови кои помагаат во поставување на дијагнозата се исто така објаснети. Ја објаснува патогенезата на олабавувањето на артефицијалниот зглоб, со посебен осврт на разликите помеѓу асептичното и септичното олабавување. Во продолжение ги опишува антибиотскиот спејсер, класификацијата на спејсерите и можноста на комбинацијата на антибиотици во полиметилметакрилатот. На крајот од воведниот дел, објаснети се можните начини на третман со факторите кои влијаат на начинот на лекување.

**Мотивот** за изработка на оваа студија е да се прецизира стандард за третман на инфицирани ендопоротези на колк и колено и да се утврди успешноста од употребата на антибиотски спејсер од несериско, сопствено и рачно производство; да ја дефинира успешноста во лекувањето, како што е ерадикација на инфекцијата и да ги имплментира функционалните скорови во категоризација на резултатите.

Како **цели** на студијата, кандидатот најнапред ја наведува *општата цел* која претставува утврдување на процентот на успех со овој начин на лекување, а потоа и *специфичните цели* за оцена на функционалноста на оперираниот зглоб пред оперативното лекување, по првата оперативна интервенција и по имплантирањето на ендопротеза, изолирање и идентификација на етиолошкиот агенс и зависноста на успехот на лекување во однос на етиолошкиот агенс, одредување на компликациите при овој начин на леување и корелација на сопствените резултати со резултатите од литературата објавена од други центри кои се занимаваат со оваа патологија, утврдување на предности и недостатоци на овој вид третман на инфицирани ендопротези на колк и колено.

Во поглавјето **Материјал и методи,** опишан е дизајнот на студијата како ретроспективно-проспективна студија во период од 48 месеци. Испитаниците се пациенти лекувани во ЈЗУ ГОБ "8-ми Септември" во Скопје, при што од испитуваниот примерок од 71 пациент со суспектна инфекција на имплантирана ендопротеза на колк и колено, во студијата се вклучени само 50 пациенти кај кои е успеано да се изолира микробиолошкиот причинител. Направена е стратификација по возрасни групи, во интервали по 10 години. Од вкупно 50-те испитаници, 29 пациенти се со инфекција на имплантирана протеза на колк и 21 пациент се со инфекција на имплантирана ендопротеза на колено. Во инклузиони критериуми се ставени пациенти со болка во имплантиран зглоб од неколку месеци до неколку години по оперативниот третман со уреден РТГ наод и со РТГ наод со знаци за олабавување на протезата, пациенти со фистула во предел на оперираниот зглоб, пациенти со комплетно изразена клиничка слика за инфекција на имплантирана ендопротеза и пациенти со отсуство на субјективни тегоби, но со претходно направена РТГ

графија со знаци за лиза на протезата. Во ексклузиони критериуми се пациенти над 75-годишна возраст, пациенти со анамнеза за хронично заболување кое сериозно ја нарушува здравствената состојба, при што оперативното лекување во две фази може да доведе до загрозување на животот, пациенти со деменција, пациенти со вграден пејсмејкер, бремени жени и пациенти со негативен микробиолошки наод по направената аспирациона пункција. Пациентите се поделени во две групи, пациенти со инфицирани ендопротези на колк и пациенти со инфицирани ендопортези на колено. Опишана е постапката на дијагностицирање и лекување. Опишани се протоколот на работа, техниката на третман, рендгенолошките иследувања, методите по кои се следела функционалноста на зглобот и вградените импланти во втората оперативна интервенција. За статистичка обработка на податоците добиени во текот на истражувањето е направена база на податоци во статистичка програма SPSS верзија 17 for Windows.

**Резултатите** од презентираната студија се поделени во повеќе делови. На почетокот од прикажувањето на резултатите опишан е клиничкиот, рендгенолошкиот и лабораториски статус пред оперативните интервенции, потоа е прикажан лабораторискиот и рендгенолошки наод по првата и по втората оперативна интервенција. Резултатите се прикажани табеларно и со графикони, кои го олеснуваат нивното следење. Прецизно се опишани и даден е јасен приказ на настанатите компликации при ваквиот начин на лекување. Во понатамошната презентација на резултатите, изнесени се резултатите во однос на ерадикација на инфекцијата, функционалноста на оперираниот зглоб, задоволство на пациентот и економскиот аспект во лекувањето на инфекциите на имплантираните ендопортези. Резултатите од статистичката анализа на податоците за дијагноза и лекување на колкот и коленото се дадени посебно и збирно, на крајот од ова поглавје, исто така со јасен увид во табелите и графиконите.

Поглавјето **Дискусија** започнува со Делфиевиот мултидисциплинарен интернационален консензус за дефинирање на успехот во лекувањето. При тоа, во Делфиевиот мултидисциплинарен консензус составен од 159 партиципиенти од 17 различни држави, општо прифатена е дефиницијата за успех при лекувањето на инфицираните ендопортези, според која е предвидено заздравување на оперативната рана без фистула, дренажа или болка, да не се повтори инфекција по третманот со истиот бактериски причинител, да нема супсеквентни хируршки интервенции заради инфекција по реимплантационата хирургија, да нема морталитет кај оперираните пациенти заради сепса или некротизирачки фасциитис. Како краткорочни се земени резултатите кои ги исполнуваат гореневедените резултати во период од две години. Среднорочни резултати се резултати кои се постигнати во период од 5 години, додека долгорочни резултати се оние постигнати во период од 10 години. Во продолжение на трудот се опфатени сите аспекти за дискусија во однос на ерадикацијата на инфекцијата, функционалноста на зглобот, етиолошкиот агенс и антибиотскиот спејсер, со посебен осврт на компарацијата на добиените резултати во овој труд, со резултатите од литературата прикажана од референтни

центри кои се занимаваат со оваа сложена компликација. Во понатамошниот тек од ова поглавје се опишани предностите и недостатоците на овој начин на лекување на инфицираните ендопротези на колк и колено, при што е нагласено дека третманот во две фази на лекување претставува сигурен модел за лекување на хроничен облик на инфицирани ендопротези, особено кога етиолошкиот агенс е стафилококус ауреус бактерија, која по своите карактеристики е тешка за третман. Процентот на успех во лекувањето во оваа студија изнесува 86%, со време на следење од 12 до 30 месеци, пришто може да се заклучи дека методата дава убедливи резултати во лекувањето. Опишани се и предностите на лекувањето со антибиотскиот спејсер, како и негативните страни на овој вид на третман и компликациите поврзани со ваквиот начин на лекување. На крајот, кандидатот потенцира дека третманот во две фази со употреба на антибиотски спејсер има индикации за лекување само во оние случаи, каде што претходно е изолиран бактерискиот причинител и е одредена неговата антибиотска осетливост.

Во **заклучните** согледувања, издвоени се неколку значајни размислувања кои се резултат на добиените податоци од овој труд, а се однесуваат на идентификацијата на микробиолошкиот причинител како неопходен предуслов за третман на инфекцијата, функцијата на спејсерот во третманот, инфекциите предизвикани од бактерии кои спаѓаат во инфекции тешки за третман, каква е функционалноста на зглобот, задоволството на пациентот, процентот на неизолирани причинители кај пациенти со суспектна инфекција и процентот на успех во лекувањето со третман во две фази. Апстрактот е концизен и ги содржи потребните информации за трудот. Литературата е презентирана преку 142 референци од темата која се обработува.

**Предметот на истражување** во овој труд е актуелен, со оглед на фактот дека идентификацијата на инфицираните ендопротези преставува исклучително важен дел од ревизиските интервенции, бидејќи третманот фундаментално се разликува кај септичните, во однос на асептичните причини за ревизија, односно пропуштената дијагноза на инфицирана ендопротеза претставува причина за неуспех на интервенцијата. Присуството на живи микроорганизми на, или околу артефицијалниот зглоб, е базичниот критериум за дефиниција на перипростетичните инфекции. Понекогаш е тешко овие микроорганизми да се изолираат и идентификуваат. При однапред идентификуван микорбиолошки причинител, антибиотскиот спејсер во кој е додаден антибиотик на којшто се осетливи микроорганизмите предизвикувачи на инфекцијата, претставува третман на избор. Акцентот на истражување е ставен на процентот на успешност во лекувањето со антибиотски спејсер, а при тоа се вклучени и основните функционални скорови за колк и колено (Harris hip score, Knee society score). При тоа, овие тестови се искористени за оценување на функционалноста на оперираниот зглоб пред првата интервенција, за време на третманот со аплицираниот спејсер како и по реимплантацијата на ендопротезата. Со овие тестови се овозможува прецизно да се оценат функционалните можности на артефициалниот зглоб и тие да се компарираат со резултатите од други центри кои го истражуваат овој проблем. Исто така овозможуваат и корелација на функционалноста на зглобот со постоперативните РТГ иследувања, како и нивно

споредување и во иднина кај еден ист пациент, со што се добива јасна претстава за еволуцијата на имплантираниот зглоб, како и рана дијагноза на нарушувањата кои евентуално би се јавиле во иднина.

**Состојбата во подрачјето** чиј предметот на истражување го содржи овој труд е актуелен. И покрај фактот дека инфекциите на имплантираните ендопортези се присутни уште од првите денови на алоартропластичната ера, тие како поле на интерес за научно истражување на оваа компликација, не биле од примарно значење кај ортопедите. Постои тенденција да се прикрие проблемот или ненамерно да се погреши дијагнозата. Со развојот на ендопротетиката сè повеќе се зголемува бројот на пациенти кои ја користат имплантационата интервенција за подобрување на квалитетот на живот. Со зголемениот број на интервенции се зголемува и бројот на компликации. Подните години се јави реална потреба за класификација на инфекциите и протоколарен пристап во нивниот третман. Инфекциите околу имплантираните ендопротези претставуваат сложена компликација за чиј третман е потребно внимателно иследување, добра предоперативна подготовка и солидна логистичка поддршка. Во ортопедската наука се актуализира потребата за постојани истражувања на ова поле, со цел подобрување на квалитетот во решавање на оваа сложена компликација, која во почетокот на алоартропластичната ера беше нерешлив проблем („еднаш остеомиелитис - цел живот остеомиелитис“). И покрај фактот на понудените решенија за препознавање на инфекцијата и нејзиниот третман, исходот од лекувањето сеуште останува неизвесен, со мала прогностичка можност однапред да се предвиди успехот од лекувањето. За актуелноста на проблемот зборува и самиот факт што веќе на сите научни собири се посветува големо внимание и време за презентација на најновите научни сознанија во лекувањето на оваа сложена компликација. Останува дилемата дали лекувањето треба да се третира во две фази, чиј процент на успех е поголем, меѓутоа постапката на лекување е долга и болна, или, пак, третманот да се применува во една фаза, со пократко време на лекување и помал процент на успех. Златен стандард на лекување во Северна Америка претставува третманот во две фази, додека во Европа, во одредени центри при одредени предуслови, кај пациентите се применува третманот во еден акт.

**Применетите методи** во трудот го опфаќаат клиничкиот преглед како иницијален пристап во дијагностицирање на инфекциите, дополнети со рендгенолошки иследувања и основни лабораториски испитувања (седиментација и Це - реактивен протеин). Акцент е ставен на аспирационата пункција на артефицијалниот зглоб како клучен момент во дијагнозата на микробиолошкиот причинител и биохемиската анализа на синовијалната течност со одредување на бројот на леукоцити и процентот на неутрофили. Внимателното толкување на овие параметри ја поставува индикацијата за оперативниот третман. Методата на интраоперативната подготовка на метил-метакрилатот со додадвањето на точно одредена доза на соодветен антибиотик, е современ третман. Примената на калапи од несериска и рачна изработка за обликување на спејсерот е досетлив, практичен и едноставен начин на негово обликување, со што се овозможува квалитетна привремена замена на артефицијалниот зглоб, со можност за спречување од создавање на фиброза во

околното ткиво, делумно запазување на функцијата на зглобот и околната мускулатура, како и ослободување на високи дози на антибиотик во локалниот простор. Постоперативното следење на успехот на ерадикација на инфекцијата преку клиничкиот преглед и со лабораториските анализи, во моментот е актуелен начин на следење на состојбата, а воедно претставуваат и методи кои не се зависни од високо специјализирана апаратура и медицински кадар. Функционалните скорови применети во студијата се прецизни, обемни и стандардизирани, со што се овозможува компарација на постигнатите резултати со резултатите од други слични студии. Втората оперативна интервенција е применета со употреба на квалитетни ендопротетски материјали кои се апликативни при дефинитивниот третман на овие компликации. Времетраењето на следењето на состојбата на пациентите е во согласност со Делфиевиот мултидисциплинарен пристап.

**Резултатите** се групирани во: рендгенолошки, лабораториски, микробиолошки, патохистолошки, функционални и компликации. Тие се прикажани табеларно и со графикони кои јасно го оцртуваат трудот и се детално и исцрпно статистички обработени. Посебен осврт е даден на резултатите во однос на ерадикацијата на инфекцијата како главен параметар на трудот, при што е констатиран успехот на лекување преку: неговата процентуална изразеност, најчестиот етиолошки агенс и успехот на третман во зависност од етиолошкиот агенс. Резултатите во однос на функционалноста на зглобот се искажани преку скорови во моментот актуелни во ортопедијата, пришто добиените резултати ја оценуваат методата како успешна во лекувањето. Антибиотскиот спејсер е анализиран индиректно преку функционалните и биохемиските следења на пациентите и директно преку РТГ графии на кои се забележува неговата поставеност и компликации. Анализата на резултатите од статистичката обработка на податоците со стандардна девијација, Пирсонова корелација, дескриптивна статистика на варијаблата и статистичка заначајност, ги опфаќа најзаначајните параметри во трудот.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Јасмин Циривири, со наслов „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“, претставува истражување во медицинските науки и здравствено-клиничката медицина - ортопедија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација се состои во утврдување на процентот на успех, функционалноста на оперираниот зглоб и појавата на компликации кои се јавуваат со примена на антибиотски спејсер којшто е обмислен, рачно изработен и аплициран од страна на кандидатот при лекувањето на инфекциите на имплантирани ендопротези на колк и колено. Трудот со поставните цели и добиените резултати претставува самостојна и оригинална научна работа.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Јасмин Циривири, со наслов „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер “, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[3]. „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк“. Автор-и: Јасмин Циривири, Дарко Талевски, Зоран Несторовски, Тоде Вранишковски, Снежана Мишевска Перчинкова, објавен во: МАНУ, Прилози. Одд. за мед.науки, XXXVI 2,2015.

[4]. „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колено“. Автор-и: Јасмин Циривири, Дарко Талевски, Зоран Несторовски, Тоде Вранишковски, Снежана Мишевска Перчинкова, објавен во: Мак.мед.преглед 2015;69(1):74-80 стр.

**Заклучок и предлог**

Сметаме дека овој труд претставува самостојна и оргинална научна работа со јасно поставени цели, оригинални резултати и клинички придонес. Главни научни придонеси на кандидатот се: потврдата дека со применетата постапка на дијагностицирање и третирање на инфицирани ендопротези на колк и колено во две фази со примена на рачно изработен антибиотски спејсер од несериско производство се постигнуваат солидни резултати во ерадикацијата на инфекциите по имплантација на ендопротези. Сметаме дека трудот ќе доведе до поттикнување на вниманието на здравствената јавност. Рецензентската комисија процени дека оваа студија ги исполнува стручните и научните критериуми за докторска дисертација и има актуелен и значаен придонес во областа на хируршкиот третман.

**Подрачјето на примена и ограничувањата** се: клиничка медицина - ортопедија.

**Можните понатамошни истражувања** се: диференцирање на пациенти за третман во една фаза, времетраење на антибиотскиот третман кај пациенти со позитивен микробиолошки наод при втората оперативна интервенција, одредување на концентрацијата на антибиотик во локалното ткиво и во циркулторниот систем и одредување на механичките карактеристики на антибиотскиот спејсер во зависност од додадената количина на антибиотик во него.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Јасмин Циривири, со наслов „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“.

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Милан Самарџиски, претседател -------- ------- с.р.**
2. **Проф. д-р Снежана Мишевска Перчинкова, ментор--- с.р.**
3. **Проф. д-р Никола Пановски, член -------------- с.р.**
4. **Проф. д-р Зоран Божиновски, член ------------- с.р.**
5. **Проф. д-р Милка Здравковска, член ------------- с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПЕДАГОГИЈА МЕТОДИКА, КОМПАРАТИВНА И ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОГИЈАТА И МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" на 1.4.2016 и „Коха" од 31.3. 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) педагогија, методика, компаративна и историја на педагогијата и менаџмент во образованието, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-425/3, донесена на 14.4.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Целадин Мурати, редовен професор (во пензија) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Снежана Адамческа, редовен професор (во пензија) на Универзитетот„ Св. Кирил и Методиј" и д-р Мирослава Николоска, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: педагогија, методика, компаративна и историја на педагогијата и менаџмент во образованието, за студиските дисциплини:

- општа педагогија (задолжителен предмет за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик),
- методика на воспитна работа (задолжителен предмет на студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик),
- историја на педагошки идеи (изборен предмет за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик),
- менаџмент во образованието (изборен предмет за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик) и
- педагогија, (за студиската група библиотекарство),

во предвидениот рок се пријави д-р Розалина Попова –Коскарова, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Розалина Попова-Коскарова е родена на 16.2.1966 год.во Кавадарци. Средно образование (гимназија) завршила во Кавадарци во 1984 година. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет во Скопје при УКИМ. Дипломирала на 1 јули 1988 година, со просечен успех 9, 57.

Во учебната 1988 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филозофскиот факултет – Катедра за педагогија, на Универзитетот во Белград. Студиите ги продолжила во 1989 на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила 1990 година, со просечен успех 9,16. На 1.6.1993 година го одбранила магистерскиот труд на тема: Третманот на општо образование во средните училишта во Р.Македонија (1974-1990).

Докторска дисертација пријавила во учебната 1996/97 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ. Дисертацијата на тема: „Теоретските проблеми во концепирањето на современото интелектуално воспитание" ја одбранила на 2.7.2001 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марија Костова, проф. д-р Благородна Лакинска, проф. д-р Натка Мицковиќ, проф. д-р Снежана Адамческа и проф. д-р Киро Камберски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на педагошки науки од научната област педагогија.

На 20.2. 2002 год. е избрана за доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, по предметите: општа педагогија и методика на воспитната работа.

На 29.11.2006 год. е избрана за вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, по предметите: општа педагогија, методика на воспитната работа и историја на педагошките идеи.

Во моментот е редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје-УКИМ. Последниот реферат за избор во звањето редовен професор е објавен во Билтенот бр.1012 од 15 јули 2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во билтените бр. 906, 791 и 1012, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Кандидатката активно се служи со англискиот и српскиот јазик, а има познавање од хрватскиот и бугарскиот јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски", кандидатката д-р Розалина Попова-Коскарова изведува настава и вежби на прв и втор циклус студии.

На прв циклус студии на студиската програма по одделенска настава и предучилишно воспитание успешно изведува настава по предметите: општа педагогија, методика на воспитна работа, историја на педагошките идеи и менаџмент во образованието, како и по педагогија на студиската програма библиотекарство.

На втор циклус на студии на студиската програма по одделенска настава изведува настава и вежби по предметите: современи едукативни тенденции за одделенска настава, алтернативни училишта и менаџмент на група; на студиската програма по предучилишно воспитание, по предметите: интеркултурно образование и недискриминаторско дејствување.

Од последниот избор до сега, кандидатката била ментор на 33 дипломски трудови, а учествувала и како член во комисија за одбрана на 47 дипломски работи.

На втор циклус студии, д-р Розалина Попова-Коскарова учествувала како член во комисија за оцена и одбрана 3 (три) магистерски труда и на 1 (една) докторска дисертација.

Кандидатката, покрај досегашниот учебник „Општа педагогија“ (2011) и др. стручни книги, автор е на рецензирана интерна скрипта по предметот менаџмент во образованието под наслов „Менаџмент во образованието“, објавена во 2014 година.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Розалина Попова-Коскарова има објавено вкупно 18 научни трудови од областа на педагогијата, методиката и менаџментот во образованието, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 4 труда во меѓународни научни списанија, 2 (два) труда во меѓународни научни публикации и 12 труда во зборници од научни собири.

Од богатата научно - истражувачка дејност на кандидатката, ги издвојуваме трудовите објавени во референтни списанија:

Во трудот: Developing Interetnic and Intercultural Compethencies,објавен во Academicus- International Scientific Journal (2015), авторката прави систематска и исцрпна анализа на наставните програми по општество од прво до петто одделение, со цел да проучи колку тие овозможуваат развивање на мултикултурни и интеркултурни компетенции кај учениците. Авторката доаѓа до заклучок дека иако во програмите постојат воспитно-образовни цели кои треба да развиваат културна, етничка и др. сензитивност, многу често недостигаат конкретни активности кои би можеле целите суштински да ги реализираат. Декларативното истакнување на целите не дава резултати. Во тој контекст, таа дава препораки за организирање на работилници, дискусии и дебати со учениците, со цел да се развива критичко мислење и сензитивност кон различносите. Авторката со право го иницира прашањето за поставување критериуми (стандарди) за оценување (евалуација) на мултикултурните и интеркултурните компетенции кај учениците. Тоа се т.н. дескриптори низ кои може да биде оцртан профилот на интеркултурно или мултикултурно компетентен ученик.

Во трудот (во коавторство): Educational presumptions for successful managers објавен во Asian Academic Research Journal of Social Scienеces & Humanities (2014), авторите ги проучуваат образовните претпоставки на успешните менаџери, говорејќи за 7 важни вештини кои се неопходни за секој менаџер, посебно посветувајќи внимание на стилот на водење и на комуникацијата. осврнувајќи се притоа и на сѐ поголемите можности за едукација

не само во рамките на универзитетот, туку и надвор од него, во компаниите, коропорациите и фабриките. Прашањето е дали таквите форми можат да го загрозат универзитетот, како што е на пр. Феникс-универзитетот во САД кој претставува алтернативен универзитет-фабрика.

Д-р Розалина Попова-Коскарова во изминатиов период учествувала во голем број национални проекти, од кои во три се јавува како раководител, а во три била учесник. Исто така, учествувала и во еден меѓународен проект.

Имено, првиот проект со наслов „Социо-економскиот статус и мотивот за избор на наставничката професија на студентите на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски", финансиран од УКИМ, обработува многу актуелна проблематика со примарна цел да се проучи социјалниот статус на студентите кои се запишуваат на педагошкиот факултет и да се истражи нивниот мотив за студирање. Податоците до кои е дојдено во истражувањето се објавени во меѓународно списание со наслов American Journal of Sociological Research SAP, Vol.4, Number 5, (2014, ) (p.143-151), а трудот (во коавторство) досега има 1903 прегледи и над 860 симнувања.

Вториот проект со наслов „Унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштата со посебен акцент на засилување на воспитната функција, е финансиран од општините Карпош и Струмица, со цел засилување на крајно маргинализираната воспитна функција во основните и средните училишта, и е реализиран во споменатите општини во периодот 2012-2014 год. Евалуацијата од страна на наставниците покажа извонредено висока оценка за овие проекти.

Третиот проект чиј раководител е д-р Розалина Попова-Коскарова е со наслов „Предности и слабости на одделенската настава во деветтолетката" и е поддржан од Педагошкиот факултет во групата на т.н. интерни проекти. Неговата цел е да ги идентификува проблемите во деветтолетката и можностите за нивно надминување, заради поефикасна одделенска настава во основното образование. Овој проект претставува добра основа за стратегијата за образование во наредниот период за поквалитетно образование и воспитание.

Д-р Розалина Попова-Коскарова учествувала како член во три национални проекти, од кои едниот на Факултетот за физичка култура при УКИМ , а вториот под наслов „Одржлив развој-Зелен пакет јуниор", во организација на Регионалниот центар за животна средина, МОН, Министерство за животна средина и просторно планирање и Austrian Development Cooperation.

Третиот проект, во кој е учесник д-р Розалина Попова-Коскарова е поддржан од УСАИД и е во контекст на теоретски и практични аспекти на меѓуетничка интеграција во образованието наменет за наставничките факултети. Во рамките на овој проект е трудот „Стереотипите и предрасудите во образованието и можностите за нивно надминување", каде што авторката дава целосен осврт на можностите на училиштето и на наставниците во редуцирањето на стереотипите и предрасудите во интерес на меѓуетничката интеграција.

Покрај тоа, од последниот избор до сега, таа е учесник и во еден меѓународен научен проект за стручно усовршување на воспитувачите, на тема: „Интеркултурно воспитание".

Кандидатката била ментор на 7 магистерски труда кои се успешно одбранети, а во моментот менторира уште тројца, од кои два се во завршна фаза.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Розалина Попова-Коскарова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Притоа, таа остварила голем број експертски активности како во рамките на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", така и пошироко, како член на работни групи на проекти поддржани од УСАИД и Министерството за образование. Исто така, таа е и активен учесник во обука на наставници и воспитувачи во голем број основни и средни училишта во Скопје, Струмица, Тетово и Кавадарци.

Како личност со отворен дух и континуирана желба за нови научни сознанија, таа активно работи на своето стручно усовршување во странство. Имено, досега остварила неколку студиски престои во Шведска, кои со оглед на значењето вредат сите да се споменат.

Во 1999 год. остварен тримесечен студиски престој на Учителскиот факултет во Малме, Шведска, реализиран преку Темпус-1 проектот European Teacher Training Project for the Republic of Macedonia" преку кој активно се запознава со целокупниот шведски образовен систем, а првенствено со иницијалното образование на наставниците и воспитувачите.

Во 2002 год. е реализиран двонеделен студиски престој на Факултетот за учители, во Малме, Шведска, како резултат на учество во Темпус 2. Целта на студискиот престој е запознавање со содржините и начинот на реализацијата на граѓанското образование во основните училишта во Шведска.

Во 2015 год. остварила еднонеделен престој во Шведска и се запознала со организацијата и методите на работа на детските градинки и училишта кои работат по принципот на Outdoor pedagogy, односно т.н. шумски градинки.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Таа е уредник на меѓународното списание Journal of Educational Research and Review, JERR Web Science Publishing, од 2013 до денес.

Исто така, кандидатката е член на повеќе уредувачки одбори на списанија, монографии и годишни зборници . Се јавува како член на уредувачкиот одбор на списанието „Педагошка ревија" од 2011 година па сè до денес , како и на уредувачкиот одбор за издавање на монографија по повод 20-годишнината од основањето на Педагошкиот факултет„ Св. Климент Охридски" во Скопје. Била член на неколку организациони, програмски и научни одбори на меѓународни конгреси и симпозиуми во земјава и во странство.

Д-р Розалина Попова-Коскарова повеќекратно се јавува како рецензент на учебници, монографии и научни трудови, и тоа како во домашни, така и во меѓународни рамки. Го рецензирала учебникот „Одбрани теми од педагогијата" од авторот Емилија Петрова - за втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Факултет за образовни науки, а исто така рецензирала и 5 труда за списането „Педагошка ревија". Од страна на БРО била ангажирана за рецензент на два труда за научно-стручното списание „Образовни рефлексии."

Во овој контекст, посебно е забележителна нејзината активност како рецензент на изданија на странски универзитети и меѓународни публикации и списанија. Имено, таа е рецензент на научната монографија со наслов „Школа и неформални образовни контексти" од авторите Слаѓана Анѓелковиќ и Зорица

Станисављевиќ-Петровиќ, професори од Универзитетот во Белград и Универзитетот во Ниш, Р. Србија. Покрај тоа, била рецензент на еден труд во списанието со меѓународен уредувачки одбор Facata Univerzitatis (издавач: Univerzitet vo Nis), како и рецензент на труд за списанието со меѓународен уредувачки одбор со наслов Journal of Theory and Practice in Education во 2012 година. Во 2015 и 2016 година избрана е за рецензент на два труда за меѓународното списание The Antropologist (International Journal of Contemporary and Applied studies of Man) University of New Delhi кое се наоѓа на SCI-листата ( Covered in Thomson Reuters Servicies).

Д-р Розалина Попова-Коскарова активно е вклучена во работата на над 20 стручни комисии и работни групи при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје , од кои во повеќето се јавува како претседател. Од посебно значење се два елабората кои се изработуваат под раководство на д-р Розалина Попова-Коскарова-елаборат за формирање на Центарот за кариера на Педагошкиот факултет во Скопје, како и изработка на Програма за Центарот за кариера на Педагошкиот факутлет, како и елаборат – стратегија за промоција на Педагошкиот факултет .

Посебен придонес и заслуга има на полето на реализацијата на педагошката доквалификација за кандидати со завршен ненаставнички факултет, каде што како член на Комисијата формирана од МОН активно се вклучува од самиот почеток во изработката на елаборат за педагошко-психолошка и методска подготовка, до конкретната организација на реализација на овој вид настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Розалина Попова-Коскарова, во изминатиов период, од почетокот на спроведувањето на самоевалуацијата, секоја година **добива позитивна оценка** од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Розалина Попова-Коскарова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Розалина Попова-Коскарова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор по втор пат во научната област педагогија, методика, компаративна и историја на педагогијата и менаџмент во образованието, за студиските дисциплини: општа педагогија, методика на воспитна работа, историја на педагошки идеи и менаџмент во

образованието на студиските групи за одделенска настава и предучилишно воспитание на македонски наставен јазик и педагогија на студиската група за библиотекарство на Педагошкиот факултет „ Св.Климент Охридски“ во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ во Скопје, д-р Розалина Попова-Коскарова да биде избрана во звањето **редовен професор по втор пат во научната област педагогија, методика, компаративна и историја на педагогијата и менаџмент во образованието.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

___________________________

**1.Проф. д-р Џеладин Мурати с.р.**

_________________________

**2.Проф. д-р Снежана Адамческа с.р.**

_________________________

**3.Проф. д-р Мирослава Николоска с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Розалина Ристо Попова-Коскарова

(име, татково име и презиме)

**Институција:** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** Педагогија, Методика,Компаративна и историја на педагогијата,Менаџмент во образование

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|
| Настава прв циклус студии: општа педагогија, за одделенска настава 3+2 ( 2 семестра 3 часа неделно 15 недели) | 3,6 |
| Настава прв циклус студии: општа педагогија, за одделенска настава 4+1 ( 3 семестра 4 часа неделно 15 недели) | 7,2 |
| Настава прв циклус студии: менаџмент во образованието, за одделенска настава 2+1 ( 2 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 2,4 |
| Настава прв циклус студии: менаџмент во образованието, за одделенска настава 2+1 ( 2 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 2,4 |
| Настава прв циклус студии: современи педагошки теории и концепции, за одделенска настава 2+1 (2 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 2,4 |

| | |
|---|---|
| Настава прв циклус студии: современи педагошки теории и концепции, за предучилишно воспитание 2+1 (2 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 2,4 |
| Настава прв циклус студии: општа педагогија за предучилишно воспитание 4+1 ( 2 семестра 4 часа неделно 15 недели | 4,8 |
| Настава прв циклус студии: општа педагогија за предучилишно воспитание 3+2 ( 2 семестра 3 часа неделно 15 недели) | 3,6 |
| Настава I циклус студии историја на педагошките идеи (2+2) (4 семестра, 2 часа неделно, 15 недели) изборен за одделенска настава | 4,8 |
| Настава I циклус студии историја на педагошките идеи (2+2) (1 семестар, 2 часа неделно, 15 недели) изборен за предучилишно воспитание | 1,2 |
| Настава прв циклус на студии методика на воспитна работа за одделенска настава 2+2 (1 семестар 2 часа неделно, 15 недели) | 1,2 |
| Настава прв циклус на студии методика на воспитна работа за одделенска настава и предучилишно воспи. 3+1 (4 семестра 3 часа неделно, 15 недели) | 7,2 |
| Настава прв циклус на студии методика на воспитна работа предучилишно воспитание 3+1 (4 семестра 3 часа неделно, 15 недели) | 7, 2 |
| **Вежби:** | |
| Вежби прв циклус студии: општа педагогија, за одделенска настава 3+2 ( 2 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 1,8 |
| Вежби прв циклус студии: општа педагогија, за одделенска настава 4+1 ( 3 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 2,7 |
| Вежби прв циклус студии: општа педагогија, за одделенска настава 4+1 ( 2 семестра 2 часа неделно 15 недели) | 1,8 |
| Вежби прв циклус студии: општа педагогија за предучилишно воспитание 4+1 ( 2 семестра 1 час неделно 15 недели) | 0,9 |
| Вежби прв циклус студии: општа педагогија за предучилишно воспитание 3+2 ( 2 семестра 1 час неделно 15 недели) | 0,9 |
| Вежби прв циклус студии: современи педагошки теории и концепции, за одделенска настава 2+1 (2 семестра, 1 час неделно 15 недели) | 0,9 |
| Вежби прв циклус студии: современи педагошки теории и концепции, за предучилишно воспитание 2+1 ( 2 семестра 1 час неделно 15 недели) | 0,9 |
| Вежби прв циклус студии: менаџмент во образованието, за одделенска настава 2+1 ( 2 семестра, 1 час неделно, 15 недели) | 0,9 |

| | |
|---|---|
| Вежби прв циклус вежби прв циклус студии: менаџмент во образованието, за предучилишно воспитание 2+1 ( 2 семестра, 1 час неделно, 15 недели) | 0.9 |
| Вежби прв циклус на студии методика на воспитна работа (2+2) (1 семестар, 2 часа неделно, 15 недели) | 0,9 |
| Вежби прв циклус студии: методика на воспитна работа (3+1) (3 семестра, 1 час неделно, 15 недели) | 1,35 |
| Вежби прв циклус студии: методика на воспитна работа за предучилишно воспитание (3+1) (1 семестар, 1 час неделно, 15 недели) | 0,45 |
| Настава втор циклус на студии современи едукативни тенденции во одделенската настава (2 семестра, 4 часа неделно, 15 недели) задолжителен за одделенска настава | 6 |
| Настава втор циклус на студии современи едукативни тенденции во одделенската настава (2 семестра, 4 часа неделно, 15 недели) задолжителен за одделенска настава менторски) | 3,6 |
| Настава втор циклус студии алтернативни училишта (3+3) (4 семестра , 15 недели ) изборен за одд. ( менторска настава) | 5,4 |
| Настава втор циклус на студии по менаџмент на група (3+3) (изборен еден семестар) менторска настава | 1,8 |
| Настава втор циклус на студии по интеркултурно образование (изборен за предучилишно воспитание) изборен предучилишно в.(2 семестри,менторски ) | 2,7 |
| Настава втор циклус на студии по недискриминаторско дејствување (изборен за предучилишно ) | 1,8 |
| Подготовка на нов предмет (предавање): менаџмент во образованието | 1 |
| Консултации со студенти од прв циклус на студии : 904 | 1,8 |
| Консултации со студенти од втор циклус на студии: 27 | 0,05 |
| Ментор на дипломски: 33 x 0,2 | 6,6 |
| Член на комисија за одбрана на дипломски трудови 47 x 0,1 | 4,7 |
| Член на комисија за оценка и одбрана на 3 магистерски | 0,9 |
| Член на комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација (одл.бр.87/1-3-01 од 25.2.2015) | 0.5 |
| Рецензирана интерна скрипта од предавања по менаџмент во образованието (Билтен бр. 2014) | 4 |

| **Вкупно:** | **105,65** |
|---|---|

## НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 10 магистерски трудови . Одлуки:<br>02-111/19 од 3.2.2016<br>02-928/15 од 26.11.2013<br>08-988/6 од 16.11.2015<br>08-571/2 од 2.7.2015<br>02-1022/11 од 23.12.2013<br>02-209/2 од 6.6.2013<br>02-1254/17 од 30.12.2014<br>02-521/3од 23.5.2014<br>09-157/1 од 12.2.2013<br>02-544/12 од 24.6.2013 | 10 |
| 2. | Раководител на научно - истражувачки проект: „Социоекономскиот статус и мотивот за избор на наставничката професија на студентите на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски”, финансиран од УКИМ, 2012 | 6 |
| 3. | Раководител на проект од областа на образованието, финансиран од општина Карпош (2013) | 6 |
| 4. | Раководител на проект од областа на образованието, финансиран од општина Струмица (2014 ) | 6 |
| 5. | Раководител на научно - истражувачки проект: „ Слабоости и предности на одделенската настава во концептот на деветтолетката “, Педагошки факултет-Скопје (2014) | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Учесник во координативно тело на меѓународен научен проект: Интеркултурно воспитание, 2011-2014 год. | 5 |
| 7. | Учесник во научно - истражувачки проект на Факултетот за физичка култура,2012, финансиран од УКИМ | 3 |
| 8. | Учесник во национален проект „Одржлив развој-Зелен пакет Јуниор“, во организација на Регионалниот центар за заштита на животната средина, МОН, Министерството за животна средина и просторно планирање и Austrian Development Cooperation (2012) | 3 |
| | **Трудови објавени во стручно-научни публикации без меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати (2011*): Key Europian Competences and Human Development of personality*, објавен во во зборникот Васпитање за хумане односе –проблеми и перспективе, Филозофски факултет, Ниш ( 560-564) | 2 |
| 2. | Секциско предавање во научно/стручен собир со меѓународно учество со наслов *Key Europian Competences and Human Development of personality*, Научен собир на тема: Савремене парадигме у науци и научној фантастици НИСУН, Филозофски факулте,т Ниш, (2011) | 2 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати (2013) FOLKOLORE AS MEANS WHICH INFLUENCE`S THE IDENTITY OF THE CHILD`S PERSONALITY THROUGH PROGRAM OF MUSIC EDUCATION, International Conference, Sofia University, Bulgaria | 2 |
| 4. | Секциско предавање во научно/стручен собир со меѓународно учество со наслов FOLKOLORE AS MEANS WHICH INFLUENCE`S THE IDENTITY OF THE CHILD`S PERSONALITY THROUGH PROGRAM OF MUSIC EDUCATION, International Conference, Sofia University, Bulgaria(2013) | 2 |
| | **Трудови објавени во стручно-научни публикации и списанија со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 5. | Труд со оригинални и научни резултати, објавен во зборник на трудови : *The importance of Extracurricular activities for the improvement of the educational role of schools,* International Conference Innovations, Challenges And Tendencies In The Post Modern Education, Stara Zagora, 2013 (електронско издание) | 2 |
| 6. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество на труд со оригинални научни резултати со наслов: *The importance of Extracurricular activities for the improvement of the educational role of schools,* International Conference Innovations, Challenges And Tendencies In The Post Modern Education, Stara Zagora, 2013 (сертификат) | 2 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уреднувачки одбор: (2011) *Improving The upbribing- educational work in the Schools with special attention to the* | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | *consolidation of the upbribing function* меѓународен научен конгрес со меѓународен уредувачки одбог, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, VI International Congress for Education and Science, Ohrid, | |
| 8. | Секциско предавање во научно/стручен собир со меѓународно учество со наслов: *Improving The upbribing- educational work in the Schools with special attention to the consolidation of the upbribing function,* меѓународен научен конгрес со меѓународен уредувачки одбог, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, VI International Congress for Education and Science, Ohrid, 2011)(сертифиокат) | 2 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати:*Social dimension of the purpose of the education ,* Series: Philosophy, Sociology, Psychology and History Vol. 10, No 2, 2011, pp. 167 – 171 | 4 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати:*Education at the intersection between Tradition and Modernization,* (experiences from the R. Macedonia), Facta Universitatis, series Philosophy, Sociology, Psychology And History, University of Nis, Vol.10. No 1, 2011 ( 111-116) | 4 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати: *Some aspects of successful teacher`s role for classroom managemen*t, The IV International Conference for Theory and Practice in Education , Budapest, Hungary, Practice and Theory in Systems of Education, Volume 6 Number 3, 2011 (258-262) | 3 |
| 12. | Секциско предавање на научно/стручен собир со меѓународно учество со наслов: *Some aspects of successful teacher`s role for classroom managemen*t, The IV International Conference for Theory and Practice in Education, Budapest, Hungary (сертификат) | 2 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати:*Slight enlargement of the upbringing function in the school in Macedonia as a serious social issue*, Facta Universitatis, series Philosophy, Sociology, Psychology And History, University of Nis, Vol.11. No 2, 2012 (pp 137-147 ) | 4 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати: *Intercultural Differences for Better Communication in the Global World,* proceeding book from International Symposiumon Language and communication: Research trends and challenges, Izmir University, 2012 (2255-2261) | 3 |
| 15. | Секциско предавање во научно/стручен собир со меѓународно учество со наслов: *Intercultural Differences for Better Communication in the Global World,* proceeding book from International Symposiumon Language and communication: Research trends and challenges, Izmir University, 2012 (сертификат) | 2 |
| 16. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество на труд со оригинални научни резултати со наслов: *„Views of the teachers in the Republic of Macedonia about the increased marginalization of the upbringing function in the schools”*Меѓународна | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | научна конференција EMEE, Опатија, Р.Хрватска, 2012 (сертификат) | |
| 17. | Апстракт објавен во зборник на апстракти од меѓународна конференција со наслов: *Views of the teachers in the Republic of Macedonia about the increased marginalization of the upbringing function in the schools*", Меѓународна научна конференција EMEE, Опатија, Р.Хрватска, 2012 год. | 1 |
| 18. | Труд (во коавторство) објавен во зборник од меѓународна конференција со наслов: *Attitudes and opinions of the teachers and the students for the subject –Education for life skills,* 10 -th International Balcan Congress on Education and Science „Education and Globalization",Педагошки факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје (2015)( во печат) | 1,8 |
| 19. | Секциско предавање на тема: *Attitudes and opinions of the teachers and the students for the subject –Education for life skills,* 10 -th International Balcan Congress on Education and Science „Education and Globalization", Охрид (2015) (сертификат) | 1,8 |
| 20. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание за образовни прашања со наслов: *Образование за одржлив развој преку програмата „Зелен пакет" и „Зелен пакет Јуниор" во деветгодишното основно образование* со меѓународен уредувачки одбор, Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски"-Скопје, 2013 год. | 3 |
| 21. | Труд со оригинални научни резултати (2013):*The Influences Of Globalization To The Educational Aim* , III Megunarodni naucni skup, NISUN, Filozofski Fakultet, Univerzitet u Nisu, Srbija | 3 |
| 22. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество на тема: *The Influences Of Globalization To The Educational Aim* , III Megunarodni naucni skup, NISUN, Filozofski Fakultet, Univerzitet u Nisu, Srbija (2013) (сертификат) | 2 |
| 23. | Труд со оригинални и научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор: *Developing the Interethnic and Intercultural competencies of The Elementary Education Students in RM Through Sillabus,* 9th International Balkan Congress, Edirne, 2014 (во печатење на електронска верзија) | 3 |
| 24. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество на тема: *Educational presumptions for successful managers,* III конгрес за туризам и манаџмент, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје (2013) | 2 |
| 25. | Секциско предавање на научен стручен собир со меѓународно учество со тема: *Developing the Interethnic and Intercultural* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *competencies of The Elementary Education Students in RM Through Sillabus,*Balkan Congress, Edirne, 2014 (сертификат) | |
| 26. | Труд во коавторство во зборник (2014),*The Role of The Educator in The Development Of Social Skills in Children,* II стручно-научен стручен собир со меѓународно учество HOLIPRI, Висока школа струковних студија, Пирот ( elektronsko izdanie) | 2,7 |
| 27. | Секциско предавање во научно/стручен собир со меѓународно учество со наслов: *The Role of The Educator in The Development Of Social Skills in Children,* II стручно-научен стручен собир со меѓународно учество HOLIPRI, Висока школа, Пирот | 2 |
| 28. | Труд во коавторство во списание со меѓународен уредувачки одбор : *The Socioeconomoc Status of the students At the Faculty of pedagogy in Skopje and the motivation to Choose the Teaching profession*,SAP, American Journal of Sociological Research Vol.4, Number 5, (2014, )(p.143-151) | 2,7 |
| | **Трудови објавени во референтни научни списанија** | |
| 29. | Труд со оригинални научни резултати: Developing Interetnic and Intercultural Compethencies, Academicus, International Scientific Journal,XII MMXV(2015) p.(260-269) | 6<br>0,675 if за 2015 |
| 30. | Труд (во коавторство) со оригинални научни резултати: Educational presumptions for successful managers, Asian Academic Research Journal of Social Scieneces & Humanities, Vol.1, Issue 28, (2014) (106-111) | 5,4<br>0,50 if |
| 31. | Учесник и обучувач на меѓународниот проект: Интеркултурно воспитание, за воспитувачи од предучилишно, ПФ Скопје, Универзитети од Падова, Фиренца, Рим, Загреб, Скопје, 2012-2014 год. | 1 |
| 32. | Учесник во Национална конференција „Образование за одржлив развој ‘‘, Струмица, март 2012 | 0,5 |
| 33. | Учесник на „Обука за обучувачи “ за користење на мултимадеијалниот пакет „Зелен пакет јуниор “, во организација на Регионалниот центар за заштита на животната средина, МОН, Министерството за животна средина и просторно планирање и Austrian Development Cooperation, јуни 2012 | 0,5 |
| 34. | Учество во прва работилница со наставниот кадар на факултетите за идни наставници во Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, Дојран, 2013 | 0,5 |
| 35. | Учество на вторaта работилница со наставниот кадар на факултетите за идни наставници во Проектот на УСАИД за | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | меѓуетничка интеграција во образованието, 25-26 октомври 2013, Велес. | |
| 36. | Учество на тркалезна маса „Болоња – од идеје до реализације, Учитељски факултет Врање, Р.Србија (април, 2015) | 2 |
| 37. | Учество на форум за меѓуетничка интеграција во образованието на наставничките факултети во Македонија, Скопје, јануари 2014 год. | 0,5 |
| 38. | Учество на Regional Conference on Peace Education on the University Level, 29-30.04.2014, Ohrid. | 0,5 |
| 39. | Учество на третата работилница со наставниот кадар на факултетите за идни наставници во Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, 17-18 мај 2014, Скопје. | 0,5 |
| 40. | Учество на трибина: Вклучување на младите со помалку можности во сикото образование, Центар за младински активизам „Крик”, ноември, 2014 | 0,5 |
| 41. | Учество во обука на воспитувачи во ЈПУ Рада Поцева во Кавадарци | 0,5 |
| | **ВКУПНО:** | **131,15** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Стручна монографија: Улогата на наставникот во остварувањето на воспитната функција на училиштето во современи услови на живеење, УКИМ, Педагошки факултет Скопје (2014) | 8 |
| 2. | Рецензент на учебник: Одбрани теми од педагогијата за II циклус ( за проф. Емилија Петрова-Горѓева), Одлука бр. 2102-450/74, Универзитет Гоце Делчев- Штип од 28.11.2012 | 1 |
| 3. | Рецензент на научна монографија „Школа и неформални образовни контексти “ на авторот д-р Слаѓана Анѓелковиќ и З.Станисављевиќ, Универзитет у Београду, Географски факултет ( одлука бр. 1143) од 2012 | 1 |
| 4. | Рецензент на трудови (5) на списанието „Педагошка ревија“ (со меѓународен уредувачки одбор), 2011, 2012 и 2013 год. | 2,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Рецензент на 2 труда за научно –стручното списание „Образовни рефлексии“, БРО, Скопје, 2012 год. | 1 |
| 6. | Рецензент на труд за Journal of Theory and Practice in Education (2012 ) | 0,5 |
| 7. | Рецензент на труд за списанието Facta Universitatis, series Philosophy, Sociology, Psychology And History, University of Nis, Vol.11. No 2 2013 | 0,5 |
| 8. | Координатор во подготовка на програма за трет циклус студии од областа на образованието на наставници за ран детски развој, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје, 2014 година | 1 |
| 9. | Рецензент на (шест) проектни задачи од учесници во проектот за стучно усовршување „Интеркултурно воспитание „Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје, 2014 год. | 3 |
| 10 | Рецензент на два труда за меѓународното списание The Antropologist (International Journal of Contemporary and Applied studies of Man) University of New Delhi (2015 и 2016) | 1 |
| 11. | Мислење по авторезиме на една докторска дисертација на Катерина Митева од Филозофски факултет (ноември 2015) | 0,5 |
| 12. | Учество во обука на воспитувачи во ЈПУ Рада Поцева во Кавадарци(2013) | 0,5 |
| 13. | Учество во обука на наставници во ООУ „Петар Поп Арсов“ во Скопје (2012) | 0,5 |
| 14. | Учество во обука на наставници во ООУ „Владо Тасевски“ во Скопје (2012) | 0,5 |
| 15. | Учество во обука на наставници во ОУ „Јахја Кемал”-Скопје, (2013 ) | 0,5 |
| 16. | Учество во обука на наставници во УСО „Јахја Кемал”-Струмица, март, (2015) | 0,5 |
| 17. | Учество во обука на наставници во ОУ „Гоце Делчев” во Тетово, април, 2015 | 0,5 |
| 18. | Член на работна група и изработка на Приракчник за меѓуетничка интеграција во образованието, наменет за педагошките факултети, УСАИД, 2014 | 1 |
| | **Вкупно:** | **24** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Уредник на меѓународно научно списание: Journal of Educational Research and Review, JERR Web Science Publishing од 2013 до денес | 3 |
| 2. | Член на уредувачки одбор на научно списание за образовни прашања „Педагошка ревија“, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје, 2011-2013 година | 0,5 |
| 3. | Член на уредувачкиот одбор на зборник на трудови на VI меѓународен конгрес за образование и наука „Современото општество и образованието“, Скопје, 2011 год. | 1 |
| 4. | Член на International Advisory Board на педагошкото списание со меѓународен уредувачки одбор: Practice and Theory in Systems of Education ( Pedagogical Journal of Assosiation of Education Sciences) (2012) | 1 |
| 5. | Член на научниот одбор на International Congress of Medical Science, Education, Behavioral Science and Physical rehabilitation form the perepective of quality of life –and exposition, во организација на The Didactic Association Craiova, (мај,2015) | 1 |
| 6. | Член на програмски одбор на II стручно-научен стручен собир со меѓународно учество HOLIPRI, Висока школа струковних студија (2014) Пирот | 1 |
| 7. | Член на уредувачки одбор на книга на апстракти за 10. Меѓународен балкански конгрес Education and Globalization,- Ohrid, 2015 | 1 |
| 8. | Член на уредувачки одбор за Годишниот зборник, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје, од 2011 година | 2 |
| 9. | Член на редакциски одбор на Информаторот за студентите од одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје 2014 год. | 1 |
| 10. | Член за комисиско полагање на група предмети (Ме- наџмент во библиотекарството) од студиската програма библиотекарство 2015 год. (одлука бр. 02-78/14) | 0,5 |
| 11. | Член на комисија за реализација на педагошко-психолошка и методска подготовка – педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје (2014) (Одлука бр. 09-1044/5) | 0,5 |
| 12. | Член на комисија формирана од МОН за усогласување на бројот на предметите и содржините на предмените програми потребни за | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | педагошка доквалификација на кадрите кои немаат завршено наставни насоки ( 19-436/1) од 2013 г. | |
| 13. | Носител при изготвување и пријавување на научно-образовен национален проект, УКИМ, Педагошки факултет (2012) (Одлука бр. 02-405/2 | 1 |
| 14. | Носител при изготвување и пријавување на научно образовен национален проект (интерен проект на Педагошки факултет, 2014) | 1 |
| 15. | Носител при изготвување и пријавување на образовен проект за локален развој на општина Струмица (2014) | 1 |
| 16. | Претседател на Комисија за предлог-елаборат за формирање Центар за кариера при ПФ (2013 (Одлука бр. 02-958/4) | 0,5 |
| 17. | Претседател на Комисија за изработка на Предлог-годишна програма за работа на Центарот за кариера на Педагошки факултет „Св.Климент Охридски", Скопје, 2014 (Одлука бр. 02-592/4) | 0,5 |
| 18. | Член на Комисија за оценка на валидноста на Уверение на студент со досие бр. 3098/е на Педагошки факултет „Св.Климент Охридски", Скопје, 2012 год. (Одлука бр. 03-242/9) | 0,5 |
| 19. | Член на Комисија за избор на проект на ПФ за конкурирање за проекти финансирани од УКИМ (2013) (Одлука бр. 02-928/9) | 0,5 |
| 20. | Претседател на Комисија за комисиско полагање на предметот Методика по ОТП за студенти кои студираат по стара наставна програма ( 2012) (од.бр. 02-634/6) | 0,5 |
| 21. | Претседател на Комисија за комисиско полагање на предметот сообраќајно воспитание за студенти кои студираат по стара наставна програма ( 2012) (од.бр. 02-634/6) | 0,5 |
| 22. | Претседател на Комисија за предлог-програми за втор циклус студии на ПФ (Одлука бр. 03-20/34) (2012) | 0,5 |
| 23. | Член на Комисија за реализација на конкурси за упис на нови студенти на прв циклус студии, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски", Скопје,2012-2013-2014-2015 год. | 2 |
| 24. | Член на Организационен одбор за организирање на Шестиот меѓународен конгрес на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски„Скопје, 2011 год. (ОДЛУКА БР. 02-305/7) 23.6.2011 | 1 |
| 25. | Член на Комисија за утврдување на раководители на тимови за изготвување на реферати за учество на Конференцијата за квалитетот на високото образование, организирана од УКИМ (2015) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Член на Комисија за изготвување на Предлог-програма за свечено доделување на сертификати од проектот „Интеркултурно воспитание“ (02-1162/1) (2014) | 0,5 |
| 27. | Член на Работна група на Комисија за изработка на монографија за 20-годишнината од постоењето на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ во Скопје, (2015) | 0,5 |
| 28. | Претседател на Работна група за изработка на маркетинг- стратегија за Педагошкиот факултет (2014) | 0,5 |
| 29. | Член на Организационен одбор за реализација на 10. Меѓународен конгрес од страна на Факултетот, 2015 год. | 0,5 |
| | **Член на комисија за избор во звање на домашен универзитет** | |
| 30. | Член на рецензентска комисија за избор во звање на 3 кандидати: Емилија Петрова-Ѓорѓева, во звање редовен професор (Одл.бр.2102-271/3 од 18.9.2013); Анита Штејроска, во звање асистент (Одлука бр. од 14.9.2011); (Флорина Шеху, во звање вонреден професор, Одл.бр.02-580/4 од 2015) | 0,6 |
| | **Член на комисија за избор во звање на странски универзитет** | |
| 31. | (Слаѓана Ангелковиќ, во звање вонреден професор на Белградскиот универзитет – Географски фак. (Одлука бр.426 од 17.5.2013) | 0,2 |
| **Вкупно** | | **25,80** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **105,65** |
| **НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **131,15** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **24,00** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **25,80** |
| **Вкупно** | **286,60** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Целадин Мурати , претседател с.р.

2. Проф. д-р Снежана Адамческа, член с.р.

2. Проф. д-р Мирослава Николоска, член с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЕКОНОМСКИ НАУКИ (ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИКА) НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот објавен од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 31.3.2016 година, кој се однесува на избор на наставник во сите наставно-научни звања на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на наставно-научната област (дисциплина) економски науки (применета економика), како и врз основа на Одлуката бр. 02-432/52, донесена од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, на седницата одржана на 22.4.2016 година, формирана е Комисија за избор. Комисијата е во состав: акад. д-р Таки Фити, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Софија Тодорова, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, и д-р Владимир Кандикјан, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) економски науки (применета економика), во предвидениот рок се пријави проф. д-р Ванчо Узунов.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот проф. д-р Ванчо Узунов е роден во Скопје на 24.2.1964 година. Средно образование завршил во Скопје во 1982 година, а со високо образование се стекнал на Економскиот факултет во Скопје, каде што дипломирал на 3.11.1987 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1988/89 година кандидатот се запишал на постдипломски (магистерски) студии на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград, кои ги завршил во 1991 година, со просечен успех 9,25. На 24.6.1993 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Анализа фактора конкурентности извоза привреде Македоније*.

Кандидатот пријавил докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје, на 14.5.1999 година. Дисертацијата на тема: *Креирање конкурентни перформанси на националната економија – случајот на Република Македонија* ја одбранил на 28.3.2001 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Таки Фити, проф. д-р Аритон Жиков, проф. д-р Љубица Костовска, акад. проф д-р Ксенте Богоев и проф. д-р Бобек Шуклев. Со тоа тој се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

На 15.1.1999 година, кандидатот е избран во звањето асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на дисциплината применета економика. Во моментот, кандидатот е редовен професор на истиот Факултет. Последниот реферат за неговиот избор е објавен во Билтенот бр. 1009 од 1.6.2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 723 од 25.12.1998 година, бр. 784 од 31.8.2001 година, бр. 901 од 14.7.2006 година и бр. 1009 од 1.6.2011 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во периодот по изборот во звањето редовен професор (од учебната 2011/2012 година), кандидатот проф. д-р Ванчо Узунов ја изведувал наставата на следниве предмети:

- *йрименейа економика* (задолжителен предмет на прв циклус на правните студии);
- *економска йолийика* (задолжителен предмет на прв циклус на политичките студии, до 2014 година);
- *економски сисйем и економска йолийика* (задолжителен предмет на прв циклус на политичките студии на македонски и на англиски јазик, од 2015 година);
- *йрименейа економика* (задолжителен предмет на прв циклус на студиите по новинарство);
- *маркейинї* (задолжителен предмет на прв циклус на студиите по односи со јавноста);
- *меѓународни економски односи* (задолжителен предмет на втор циклус на политичките студии, насока дипломатија и меѓународни односи);
- *основи на маркейинї* (задолжителен предмет на втор циклус студии – мастер деловно право);
- *деловно окружување на РМ* (изборен предмет на втор циклус студии – мастер деловно право, модул А трговско право);
- *маркейинї и медиуми* (изборен предмет на втор циклус студии – мастер медиуми и комуникации, како менторска настава);
- *маркейинї и односи со јавносй* (изборен предмет на втор циклус студии – мастер односи со јавноста, како менторска настава);
- *заеднички йолийики на ЕЗ* (изборен предмет на втор циклус на политички студии, насока европски институции и политики, како менторска настава);
- *йраво и економија* (опционен предмет на втор циклус студии).

Во периодот по изборот во звањето редовен професор, кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на вкупно **93** магистерски трудови и на **9** докторски дисертации.

Кандидатот е коавтор на рецензиран учебник под наслов „Применета економика“.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Во периодот по неговиот избор во звањето редовен професор, кандидатот д-р Ванчо Узунов има објавено вкупно **11** научни трудови, од кои **осум** во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, **еден** во меѓународна научна публикација и **два** труда во зборници на трудови од научни собири. Кандидатот има остварено и **3** пленарни предавања на научни/стручни собири.

Д-р Ванчо Узунов учествувал во **3** научни проекти.

Кандидатот бил ментор на **35** магистерски трудови.

(Насловите и други информации за трудовите и проектите кои ги изработил кандидатот се наведени во табелата во анексот на овој Извештај, која е составена согласно образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање, од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти–докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Ванчо Узунов е активно вклучен и во стручно-апликативната работа. Учествувал во изработката на **две** стручни монографии и **една** експертска студија.

Стручно усовршување во странство, од областа на економика на правната регулатива, кандидатот има остварено во периодот пред неговиот последен избор (во звањето редовен професор), со студиски престои во: Boalt Hall School of Law, University of California in Berkeley, САД (од септевмври 2002 до јуни 2003 година); London School of Economics and Political Science, Center for Study of Global Governance, Велика Британија (од април до јуни 2009 година); и Karl Franzens Universitat во Грац, Австрија (мај 2001 година).

Кандидатот покажува активност и во дејности од поширок интерес. Бил вклучен во работата на следниве стручни комисии и работни групи при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје:

- Комисија за самоевалуација, во учебните 2012/13, 2013/14, 2014/15 и 2015/16 година;
- Работна група за изработка на програма за европски студии.

Д-р Ванчо Узунов е член на уредувачкиот одбор на:

- “*LeXonomica*“, Journal of Law and Economics, Pravna fakulteta Univerze v Mariboru, Словенија;
- “*Iustinianus Primus Law Review*“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатот бил член и на 4 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

(Поконкретни податоци за овие активности се наведени во анексот на овој Извештај).

**Оценки од самоевалуации**

На самоевалуациите кои се спроведени преку анонимно анкетирање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот проф. д-р Ванчо Узунов добивал високи оценки за изведувањето на наставата на предметите од првиот циклус студии на кои бил ангажиран. Оценките се прикажани во следнава табела:

| | академска 2011/12 г. | академска 2012/13 г. | академска 2013/14 г. | академска 2014/15 г. | академска 2015/16 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Применета економика (правни студии) | **4,77** | **4,91** | **4,72** | **4,64** | **4,48** |
| Економска политика (политички студии) | **5** | **4,92** | **4,64** | **4,85** | |
| Применета економика (новинарство) | | | **4,16** | **4,50** | **4,81** |

Забелешка: оценките од самоевалуциите на Правниот факултет се рангираат на скала од 1 до 5.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ванчо Узунов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ванчо Узунов поседува научни и стручни квалитети и, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **ги исполнува сите услови** да биде повторно избран во звањето редовен професор на научната област економски науки (применета економика).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Ванчо Узунов да биде **повторно избран** во звањето **редовен професор** во научната област економски науки (применета економика).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

6. **Акад. проф. д-р Таки Фити, с.р.**
7. **Проф. д-р Софија Тодорова, с.р.**
8. **Проф. д-р Владимир Кандикјан, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Ванчо Никола Узунов

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

**Научна област:** економски науки (применета економика)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава [1] | |
| 1.1 | - прв циклус студии:<br>Учебна година 2011/12 = 20 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 12 поени**;<br>Учебна година 2012/13 = 20 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 12 поени**;<br>Учебна година 2013/14 = 14 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 8,4 поени**;<br>Учебна година 2014/15 = 10 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 6 поени**;<br>Учебна година 2015/16 = 12 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,04 (поени) = **вкупно 7,2 поена**; | 45,6 |
| 1.2 | - втор циклус студии: | 25,6 |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

| | | |
|---|---|---|
| | Учебна година 2011/12 = 2,5 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 1,87 поени;**<br><br>Учебна година 2012/13 = 2,5 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 1,87 поени;**<br><br>Учебна година 2013/14 = 8,5 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 6,37 поени;**<br><br>Учебна година 2014/15 = 10,3 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 7,72 поена;**<br><br>Учебна година 2015/16 = 10,3 (часа неделно) x 15 (недели) x 0,05 (поени) = **вкупно 7,72 поена;** | |
| 2. | Консултации со студенти: [2]<br><br>Учебна година 2011/12 = 350 (студенти) x 0,002 (поени) = **вкупно 0,7 поени;**<br><br>Учебна година 2012/13 = 350 (студенти) x 0,002 (поени) = **вкупно 0,7 поени;**<br><br>Учебна година 2013/14 = 350 (студенти) x 0,002 (поени) = **вкупно 0,7 поени;**<br><br>Учебна година 2014/15 = 350 (студенти) x 0,002 (поени) = **вкупно 0,7 поени;**<br><br>Учебна година 2015/16 = 350 (студенти) x 0,002 (поени) = **вкупно 0,7 поени;** | 3,5 |
| 3. | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат:<br><br>вкупно **9** (докторски дисертации) x 0,5 (поени) | 4,5 |
| 4. | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура:<br><br>вкупно **93** (магистерски трудови) x 0,3 (поени) | 27,9 |
| 5. | Изменето и дополнето издание на учебник:<br><br>*Применета економика*, Култура, Скопје, 2015 г.; во коавторство со д-р Софија Тодорова и д-р Биљана Петревска = (коавтор = **1 x 3** поени) | 3 |
| | **Вкупно** | 110,1 |

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа:<br><br>Вкупно **35** (магистерски трудови) x 1 (поен) | 35 |
| 2. | Учесник во национални научни проекти:<br><br>1. Проект: *Реформи за праведно оданочување* (**3 поени**)<br>Наслов на поглавје: *Предлози за реформирање на даночниот систем во РМ*<br>Наслов на поглавје: *Теоретски објаснувања – рамен наспроти прогресивен данок*<br><br>2. Проект: *Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на РМ* (**3 поени**)<br><br>3. *Форум за јавна администрација – службеничкиот систем во РМ* (**3 поени**) | 9 |
| 3. | Дел од монографија објавена во странство: (**6 поени**)<br><br>Наслов на монографијата: *Welfare States in Transition. 20 Years after the Yugoslav Welfare Model*, Friedrich Ebert Foundation, Office Bulgaria, 1000, Sofia Bulgaria, 2011.<br><br>Наслов на трудот: „*Socio-Economic Transformation and the Welfare System of the Republic of Macedonia in the Period of Transition*“ | 6 |
| 4. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание ѕо меѓународен уредувачки одбор[10]:<br><br>1. *Macedonian Emigration: History, Trends and Current Profile*, Iustinianus Primus Law Review, No. 3, University St. Cyril and Methodius, Iustinianus Primus School of Law, July, 2011 (**6 поени**)<br>2. *Генеза и развој на институционалната економија*, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на Бранко Зеленков, 2012 г (во коавторство со м-р Катерина Шапкова) (90% од 6 поени = **5,4 поени**)<br>3. *Економскиот развоен модел на „Азиските тигри“*, Зборник на трудови во чест на проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје, 2014 (**6 поени**)<br>4. *Начинот на управување со ризиците во банкарското работење*, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан | 44,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | први“ во Скопје во чест на Лазар Китановски, 2015 г. (во коавторство со д-р Биљана Петревска) (90% од 6 поени = **5,4 поени**)<br>5. *Economic Policy for Decreasing the Unemployment in Macedonia,* Odrzivi ekonomski razvoj – savremeni i multidisciplinarni pristupi, Beograd, 2015 (во коавторство со д-р Биљана Петревска) (90% од 6 поени = **5,4 поени**)<br>6. *Social Inequality in the Republic of Macedonia,* Odrzivi ekonomski razvoj – savremeni i multidisciplinarni pristupi, Beograd, 2015 (во коавторство со д-р Биљана Петревска) (90% од 6 поени = **5,4 поени**)<br>7. *Pravni rizik u bankarskom poslovanju u Makedoniji, Financial Management and Banking, Beograd, 2015* (во коавторство со д-р Биљана Петревска) (90% од 6 поени = **5,4 поени**)<br>8. *Creation of Information Asymmetry Through Television Advertising in the Republic of Macedonia*, Iustinianus Primus Law Review, No 12, Vol VII, Winter 2015, University St. Cyril and Methodius, Iustinianus Primus School of Law (во коавторство со д-р Биљана Петревска) (90% од 6 поени = **5,4 поени**) | |
| 5. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>1. *Competitiveness of Macedonian Economy During the Transition Period,* Proceedings of International Conference “Regional Trade Integration in South East Europe: Benefits and Challenges”, Institute of Economics – Skopje, 2013 (**2 поени**)<br>2. *Економската и социјалната димензија на јавната администрација во Република Македонија,* Форум за јавна администрација „Службеничкиот систем во Република Македонија“, Фондација „Фридрих Еберт“ и ЈИЕ универзитет, Скопје, јуни 2015 г. (**2 поена**) | 4 |
| 6. | Пленарни предавања на научен/стручен собир:<br>**1.** International Conference: “Regional Trade Integration in South East Europe: Benefits and Challenges”, University St. Cyril and Methodius, Institute of Economics and South East European Network (SEERN), 2013 г. (2 поена)<br>**2.** Конференција на тема: „*Форум за јавна администрација*“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет Југоисточна Европа и Фондација „Фридрих Еберт“, 2015 г. (2 поена)<br>**3.** Конференција на тема: „*Реформи за праведно оданочување*“, Фондација „Фридрих Еберт“ и Институт за социјална демократија „Прогрес“ – Скопје, 2015 г. (2 поена) | 6 |
| | **Вкупно** | 104,4 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Стручни монографии[3]:<br><br>1. Наслов на монографија: *Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија. Ефикасност, влијание и апсорпционен капацитет*<br>Наслов на трудот: *Апсорпцискиот капацитет на Република Македонија за искористување на фондовите ИПА*, Институт за европска политика - Скопје, 2013 г. (во коавторство – 60% од 8 поени = **4,8 поени**)<br><br>2. Наслов на монографија: *Конкурентност и локален економски развој*, Институт за социјална демократија „Прогрес“ и Национален демократски институт NDI, 2012 г, (**8 поени**) | 12,8 |
| 2. | Студија:<br><br>*Оценување на квалитетот на податоците (Data Quality Assessment – DQA),* USAID, 2011 (**1 поен**) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание:<br><br>**1.** *LeXonomica*, Journal of Law and Economics, Pravna fakulteta Univerze v Mariboru, Slovenia (1 поен)<br>**2.** *Iustinianus Primus Law Review*, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (1 поен) | 2 |
| 2. | Член на факултетски комисии:<br><br>1. Комисија за изработка на наставна програма за европски студии (**0,5 поени**)<br>2. Комисија за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2 x 0,5 поени = **1 поен**) | 1,5 |
| 3. | Член на комисија за избор во звање:<br><br>- вкупно 4 комисии x 0,2 поени = **0,8 поени** | 0,8 |
| | **Вкупно** | 18,1 |

| | |
|---|---|
| | Поени |

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора-секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 110,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 104,4 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 18,1 |
| **Вкупно** | 232,6 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Акад. проф. д-р Таки Фити, с.р.**

9. **Проф. д-р Софија Тодорова, с.р.**

10. **Проф. д-р Владимир Кандикјан, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БРАЧНИТЕ ПРЕЧКИ ВО РИМСКОТО И СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈНО ПРАВО" ОД М-Р АРЛИНДА КАДРИ ШАХИНОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 25.11.2011 год, со Одлука бр.02-1880/61, по предлог на Институтот за историско-правни науки, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Арлинда Кадри Шахиновиќ со наслов, ***Брачните пречки во римското и современото семејно право,*** во состав: **проф.д-р Владо Бучковски (ментор), проф.д-р Гоце Наумовски, проф. д-р Дејан Мицковиќ, проф. д-р Марија Игњатовиќ, доц. д-р Есин Кранли Бајрам**.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

### Извештај

### Приказ на трудот

На самиот почеток на докторската дисертација со наслов „Брачните пречки во римското право и современото семејно право", кандидатката го претставува бракот како институција од општествен карактер и интерес. Дури и тогаш кога се јавува како лична, односно приватна врска меѓу еден маж и една жена, во тој однос потенцијално е присутен општествениот интерес, бидејќи бракот од самиот свој почеток ги соединува во себе двете суштински димензии: личниот однос меѓу партнерите и општествената врска во која се манифестира тој однос пред општествената средина. Општествената средина, имено, никогаш не била и не може да биде индиферентна спрема брачните врски, бидејќи односите што произлегуваат од нив се инкорпорираат во пошироките општествени односи, појаснува кандидатот.

Денес, како што наведува во воведниот дел кандидатката, бракот спаѓа во редот на установите за кои државата манифестира посебен, специјален интерес, кој се изразува во законската регулатива која се карактеризира со различни решенија за регулирање на состојбите. Мал е бројот на оние римски институции кои во својата основа се разликуваат од својот модерен пандан во толкава мера како што е тоа случај со бракот. Од правна гледна точка, бракот претставува статус чие креирање и укинување се регулира со закон. Од законското регулирање на бракот произлегуваат правилата и обврските што се однесуваат на партнерите.

Римскиот брак, од друга страна, во поголема мера бил социјален факт, чие креирање и укинување имало многу мало влијание и кој немал речиси никаков ефект врз правната состојба на партнерите. Бракот во римското право не бил света тајна, средновековно канонско поимање, туку општествен факт со одредени законски последици. Имено, структурата на докторската дисертација е составена од три дела, од кои: првиот дел е составен од 3 точки и 11 потточки, вториот дел е составен од 2 точки и 10 потточки, третиот дел го сочинуваат три точки, по што следуваат заклучните согледувања и преглед на користената литература. Проблематиката која е претставена во докторската дисертација е разработена на вкупно 216 страници.

За да може кандидатката да ја истакне значајноста на тематиката во рамките на својот докторски труд, наведува дека од голема важност е да се истражува хипотезата за тоа дали брачните пречки биле реални и вистински елементи за прогласување на бракот за невалиден во римското право, во однос на современото семејно право. Во овие рамки, исто така, кандидатката најавува дека истражувањето ќе се однесува и на почитувањето на правилата за стапување на брак во римското семејно право, како и на почитување на условите за стапување во брак од страна на современото право. Додека пак, научната цел во рамките на истражувањето на докторскиот труд, се состои од целосно разоткривање и детализирање на делот од брачните пречки кои го ограничуваат стапувањето во брак, односно прогласувањето на бракот за невалиден во римското и современото семејно право. Предметот на докторската студија како дел од истражувањето ќе се фокусира кон анализирање на факторите или причините, односно брачните пречки кои се однесуваат како бариера кон процесот за стапување и склучување на брак, земајќи ја правната гледна точка на римското и на современото семејно право. Операционализацијата на поимот брачните пречки во римското и современото семејно право, пак, како што наведува кандидатот, се темели претежно на основната хипотетичка рамка која ќе биде користена во аналитичкиот пристап кон емпириското истражување во рамките на докторскиот труд.

Истражувачката стратегија која ја употребува кандидатката, е комбинирана, односно во истражувањето се употребуваат квантитативните и квалитативните методи, каде што методолошките постапки на собирање на податоци имплементирани врз основа на квалитетните методи, неструктуираното интервју, сопствените истражувачки зафати и анализата на документи и податоци. Собраните искуствени податоци на кандидатката, со применетите постапки и техники со цел тие да можат да бидат анализирани, се сегментирани, обработени и организирани за да се доведат во правилна и валидна форма од која произлегува и завршната анализа, односно квантитативната анализа и квалитативната анализа со кодирање и интерпретација.

Научната и општествената оправданост на овој труд се согледува во апострофирањето на значајноста на бракот, при што се вклучуваат и рестриктивните одредби инкорпорирани и засегнати со оваа материја од брачното право.

Во првиот дел од трудот со наслов „Развојот на семејството и бракот во римското право", во првата точка станува збор за семејството

во Рим. Во овој дел подетално се обработени темите кои се однесуваат на *Pater Familias*. Римјаните семејното право не го сметале за посебна гранка на правото, туку како дел од правата кои се однесуваат на лице *ius quod ad personas pertinet*. Римското семејство било моногамно, индивидуално семејство со силно изразени власти на машкиот член на семејството *pater familias*. Римското семејство го сочинуваат лица кои се поврзани претежно со крвно сродство – *cognatio* и со тоа што се потпаѓа под *patriam potestat* на истиот *pater familias* без оглед на тоа, дали се во крвно сродство или не.

Во продолжение следува анализата на имотни овластувања на лицата *alieni iuris,* како и анализа на права врз *iuris*. Со текот на времето се создаваат четири можности за лицата *alieni iuris* да имаат право на имот: *peculium castrese, peculium quasicastrense, bona adventicia, bona profecticia*. Покрај останатите разлики меѓу граѓаните, постојат и оние кои потекнуваат од положбата во семејството. Некои лица живеат по своето право, тие се своевласни – *sui iuris*, додека, пак, останатите лица се потчинети на авторитетот на семејниот старешина, и тие живеат по туѓото право, односно *alieni iuris*. Разликите со оглед на положбата во семејството не се толкави како што се меѓу слободните луѓе и робовите, Римјаните и странците. Но не се ниту безначајни. Лицето кое се наоѓа под власта на *pater familias* може да има *conubium*, *suffragium*, *ius honorum*, но е значајно ограничено во *ius commercii*.

Во следната точка од овој дел станува збор за бракот во Рим, односно подетално се анализира самиот поим за бракот во Рим, вонбрачноста и озаконувањето, како и видовите на брак во Рим, односно брак со манус и брак без манус. Кај манус-бракот, жената доаѓа под власт на мажот. Таа добива положба која личи на положбата на ќерката – *filiae locus*: жената морала да следи домицил, место на престој, на својот маж. Во продолжение, кандидатката ги анализира условите за склучување на брак, односите меѓу сопружниците, за на крај посебно да се задржи на брачните пречки и на *Divortium repudium,* при што ги разработува Реформите на Јустинијан за *Divortium repudium* и Реформите на Август. На крајот од овој дел, кандидатката произлегува со заклучоци кои се поврзани со првиот дел од докторската дисертација.

Вториот дел од докторската дисертација е со наслов „Семејството и бракот во компаративното право. Во овој дел, кандидатката започнува со анализа на семејството во различните правни системи, односно преку анализа на семејството во англосаксонските земји, како и во Хрватска и Словенија. Во продолжение, го анализира семејството од аспект на контиенталните земји, во европскиот правен систем и во Република Македонија. Понатаму, во овој дел, кандидатката продолжува да навлегува во суштината на брачните пречки во различните правни системи, при што ги анализира брачните пречки во земјите од регионот – Хрватска и Словенија, брачните пречки во САД, брачните пречки во Република Македонија, за на крај да се произнесе со еден поопширен компаративен приказ на брачните пречки со останатите држави.

Како што може да се увиди од имплементираните компаративни прегледи, брачните пречки, и покрај неколку разлики кои се имплементираат, особено различните решенија кон ваквите норми и проблематики, сепак пречките кои настануваат во однос на спречување на бракот и неговото создавање меѓу брачните партнери се исклучително

слични меѓусебно. Во продолжение, кандидатката поентира дека ваквите имплементирани пречки за бракот датираат и имаат огромно влијание уште од римското семејно право, чиј ефект и влијание може да се забележи и денденес во останатите и во македонските законодавни рамки и брачното и семејното право. Сепак, доколку подлабоко се земе предвид проблематиката на истражување во рамките на брачните пречки, може да се забележи дека тие биле секогаш поставувани во интерес на јавноста, општеството, како и во интерес на потенцијалните брачни партнери.

Во третиот дел од докторската дисертација, со наслов „Современото семејство и брачното право со поглед кон иднината", разработени се разликите во семејството во современото право, односно постојните разлики од вчера и денес. Според кандидатката, одредени размислувања укажуваат на значаен факт кои научниците често го истакнуваат во различни прилики - дури и пред постоењето на ова здружение: постои неделива врска помеѓу концептот на семејството и заштитата на човековите права. Само процена која ни овозможува ефективно да воспоставиме целосно почитување на човековите права, внатре и надвор од семејната единица, може да ни овозможи да се соочиме со предизвиците кои ги носи сега и во иднина, развојот на концептот на правното семејство. Кандидатката во овој дел напоменува дека семејството сѐ повеќе се стреми кон тоа самото да ги одредува сопствените правила на однесување. Сите овие фактори се совпаѓаат со еволуцијата на обичаи и усвојувањето на нови прописи на внатрешен и меѓународен план, како и со нешто кое што (во недостаток на соодветна терминологија) би можело да се нарече „криза" на семејното право.

Во следната точка од овој трет дел, со наслов „Бракот во современото право", кандидатката наведува дека на одреден начин може да се очекува дека во иднина, промените кои би се случиле во внатрешноста на семејството би имале мали реперкусии, односно последици врз промените на правните одредби со кои тоа се регулира. Потеклото на овие очекувања не произлегува од загубениот интерес на законодавството кон семејството, како што наведува кандидатката, туку затоа што демократизацијата на семејните односи ќе биде проследена со преземање правни норми во корист на другите видови на регулирање, дури и договорните. Меѓутоа, ваквото избегнување на нормите не е од понов датум. Процесот на „дејуризација" за прв пат претставува предмет на теоретска обработка уште во 1977 година од M.A. Glendon, автор кој кандидатката го цитира, кој ја испитувал неутралноста на правата во оваа доктирина во корист на принципот на толеранција. Имено, правото се повлекува од семејните односи, при што им остава простор на обичаите, а на крај и на договорите на самите субјекти на семејни односи.

Во овој аспект, според кандидатката, останува неизвесноста за тоа каде иднината на одлуките за семејното право ќе биде донесувана. Сепак, може да се извлече следната констатација - без обѕир на потеклото, европско или национално, семејното право ќе искажува се повеќе слободи и еднаквости. Тука постои и можноста за големи изборни можности, но и веројатноста содржината на семејното право уште долго да биде предводена од националната легислатива.

Последната точка од овој дел се однесува на надлежна институција во случај на престанок на брак. Во овој дел, кандидатката се задржува на сите институции кои имаат одредена улога при престанокот на бракот.

Како што е познато, и како што наведува кандидатката, правниот начин за престанок на брак е регулиран со закон, во одредена постапка со одлука на орган врз основа на правила предвидени со закон. Во современото општество постојат многу промени во однос на причината, и можноста за развод на брак, при што е изразена голема либерализација, но под контрола на државен орган почитувајќи ги правата утврдени со закон. Кандидатката наведува дека за да може да се увиди ефектот и импактот на надлежноста на државата како институција во однос на раскинувањето и престанокот на бракот мора да се истакнат, при што ги истакнува неколкуте периоди кои ја бележат ваквата нестабилност на брачните заедници. Надлежноста на институциите, како што во продолжение ќе истакне кандидатот, кои ги вклучуваат институциите за социјална грижа и услуга, како и државните, законодавни законски одредби во заштита на едната страна која има оправдани причини за развод или за бранење на својата положба, го намалуваат своето влијание со текот на времето, поттикнувајќи ја најголемата надлежност при престанокот на бракот во човекот – како институција денес.

Во заклучниот дел од докторската дисертација, кандидатката ги сумира деталните анализи направени и презентирани во трудот, наведувајќи дека еволутивниот пат и промените што се случиле во текот на римската историја влијаејќи на поимањето на поединечните правни институти поврзани за бракот, семејството како и положбата на самите жени во нив, во поголема мера ги збуниле дури и правните стручни лица какви што биле и самите римски правници, а ова особено може да се однесува на односите на установите и надлежностите на институциите во имплементирање и создавање на брачното право во оваа огромна Империја.

Според кандидатката, во рамките на недостатокот на повеќето извори поврзани за најстариот период, развојот на римскиот брак не е едноставно да се прикаже. Всушност, неспорно е дека само во Рим подолго време постоеле два вида на брака – бракот со манус и бракот без манус. Првиот облик на бракот, со маунсот, ја доведувал жената под власта на мажот. Таа добивала и положба на ќерка *filae locus*. Жената *sui iuris* со склопување на бракот со манус го менувала својот статус *capitis deminuto*, станувајќи лице *alieni iuris* и доаѓајќи под власта на својот маж. И сето тоа кое жената ќе го внесе во овој брак, или на друг начин ќе го стекне за време на бракот, се сметало за имотна сопственост на мажот, односно неговиот семеен старешина, paterfamilias. Општо прифатено е гледиштето дека постоеле неколку начини на кои можело да се склопи брак со манус. Тоа биле *confarreatio, coemptio* и *usus*. *Confarratio* претставувал религиски обред на склопување на бракот, при кој свештеникот ја принесувал жртвата со посебно приготвено јадење. *Coemptio* било симболично купување на жената изведена во форма на *per aes et libram*, каде што оваа постапка била слична со формализираната постапка со која се пренесувала и имотната сопственост исто така. Третиот начин бил имплементиран на основа на воспоставување на бракот со манус, *usus*. Гај известува дека овој вид на брак е предвиден и во Законот на XII таблици кои пропишувале дека жената, која не сака да дојде под власт на мажот, треба секоја година три ноќи да ги поминува надвор од куќата и на тој начин секоја година да ја прекине заедницата и нејзиното одржување.

Во заклучниот дел, кандидатката наведува дека и денес, покрај огромната заложеност на римското законодавство, секоја земја во себе земајќи ги предвид општествените услови во кои живее и се развива има свои унифицирани законодавни брачни и семејни права, што придонесува кон различната варијација не само на брачното право, туку и на правните брачни пречки кои се наоѓаат во повеќето земји имплементирани на одредени диферентни моделирања и структурирања.

Според кандидатката, од голема значајност е унифицирањето на брачните пречки во сите земји во Европа, особено земајќи ја предвид хармонизацијата на законодавните права за бракот и семејното право на сите држави во кои влегува и Република Македонија, каде што поголем дел од земјите, со цел да ги имплементираат европските стандарди на функционирање, вклучува и бракот и регуларните форми и модели на неговото структуирање, ги имплементираат европските директиви и законодавни норми во своите закони и права, за нивно подобрување и хармонизирање, стремејќи се кон евроинтеграција. Меѓутоа, дали ваквите брачни пречки ќе бидат конечно унифицирани или различните општествени услови и културни традиционални обичаи и правила ќе го спречат унифицирањето и ќе го поттикнат диференцирањето на моделите на законодавните правила за бракот, кои датираат уште од римското право, останува само да се претпоставува и нагодува врз основа на бенефициите и недостатоците од ваквите пристапи и размислувања, резимира кандидатот. Понатаму, во делот каде што е наведена користената литература, кандидатот наведува 70 извори кои се поврзани со обработуваната проблематика.

## Оцена на трудот

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија смета дека докторскиот труд на кандидатката м-р Арлинда Кадри Шахиновиќ, според својата содржина, обем и приод кон прашањата кои ги истражува, претставува солидна основа и ги поседува потребните атрибути и како таков може да биде предмет на јавна одбрана.

Од овие причини, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први**“,** по разгледувањето на овој извештај и неговата оцена, да го усвои следниов

## Заклучок со предлог

Со оглед на наведеното, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува законските услови за стекнување право на усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на **м-р Арлинда Кадри Шахиновиќ** под наслов: ***Брачните пречки во римското и современото семејно право.***

Скопје,

Комисија:

Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.
-----------------------------------

Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.
------------------------------------

Проф. д-р Дејан Мицковиќ, с.р.
------------------------------------

Проф. д-р Марија Игњатовиќс.р.
--------------------------------------

Доц. д-р Есин Кранли Бајрам, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

22.4.2016

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Одлука број** | **Датум** |
|---|---|---|---|---|
| Ивона Секуловска | „Appropriation in art in terms of copyright: Comparative aspects (Присвојување во уметноста во однос на авторското право: Споредбени аспекти)“ | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** | **02-432/63** | **22-04-2016** |
| Игор Тасевски | „Дефинирање и утврдување на новоста како услов за патентибилност во Европската Патентна Конвенција, Република Хрватска, САД и Република Македонија-компаративна анализа (Definition and assessment of the novelty as a criteria for patentability in the European Patent Convention, the Republic of Croatia, USA and the Republic of Macedonia-comparative analysis“ | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** | **02-432/61** | **22-04-2016** |
| Катерина Смическа | „Заштита на пронајдоците во областа на уметноста, со осврт на музичката уметност (Protection of inventions in the field of art, focusing on the musical art)“ | **проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска** | **02-432/62** | **22-04-2016** |
| Марија Танаскоска-Сековска | „Нормативни аспекти на спам пораките (Normative aspects of the spam messages)“ | **доц.д-р Драги Рашковски** | **02-432/86** | **22-04-2016** |
| Ангела Велинова | „Новите медиуми и структурата на информирање кај младите во Република Македонија (New Media and the Structure of Information among Young People in the Republic of Macedonia)“ | **проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд** | **02-432/87** | **22-04-2016** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје Н.Н.С од**

**22-04-2016**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Андреј Стојков | Исклучени категории на наследници во Законот за наследувањето како дискриминација (Excluded Heirs in the Law of Inheritance as a Discrimination) | доц. д-р Елена Игновска | 22.04.2016 година | 02-432/28 |
| Нена Николовска | Процесноправни и материјалноправни аспекти кај кумулацијата на тужбени барања во правото на Република Македонија и судската практика (Procedural and Material Legal Aspects of Accumulation of Claims in the Law of the Republic of Macedonia and the Case – Law) | проф. д-р Татјана Зороска Камиловска | 22.04.2016 година | 02-432/27 |
| Александра Ранковиќ | Судско порамнување или медијација во граѓанските спорови – можности и преспективи во Република Македонија (Court Settlement or Mediation in Civil Disputes - Opportunities and Perspectives in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Татјана Зороска Камиловска | 22.04.2016 година | 02-432/26 |
| Дејан Арсов | Подготвување на главната расправа во парничната постапка во правото на Република Македонија и во споредбеното право (Preparation of the Main Hearing in Civil Procedure in Macedonian Law and in Comparative Law) | проф. д-р Татјана Зороска Камиловска | 22.04.2016 година | 02-432/25 |
| Александар Велјаноски | Уредна достава – услов за ефикасна парнична постапка (Proper Service of Process - Condition for Efficient Civil Procedure) | проф. д-р Татјана Зороска Камиловска | 22.04.2016 година | 02-432/24 |
| Антоанета Димовска | Владението и неговата заштита во правниот систем на Република Македонија (Possession and its Protection in the Legal System of the Republic of Macedonia) | проф. д-р Родна Живковска | 22.04.2016 година | 02-432/23 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ивана Димитровска** | **Заштитата на потрошувачите при склучување на договор за кредит“ (Consumer Protection on Credit Activities)** | **доц. д-р Јован Зафироски** | **22.04.2016 година** | **02-432/7** |
| **Ивана Петковска** | **Улога на институциите во сузбивање на даночното затајување“ (The Role of the Institutions in the Combat Against Tax Evasion)** | **проф. д-р Никола Тупанчевски** | **22.04.2016 година** | **02-432/6** |
| **Марија Дамчевска** | **Правни и економски аспекти на злоупотребата на банкарските картички“ (Legal and Economic Aspects of the Banking Cards Abuses)** | **проф. д-р Александар Стојков** | **22.04.2016 година** | **02-432/5** |
| **Ратко Бадалоски** | **Правна рамка на упрвувањето со јавниот долг на Република Македонија“ (Legal framework of the Public Debt Management in the Republic of Macedonia)** | **проф. д-р Александар Стојков** | **22.04.2016 година** | **02-432/4** |
| **Јоана Милевска** | **Права и обврски на даночните обврзници во домашното и компаративното право“ (Rights and Duties of the Taxpayers. A Comparative Analyses)** | **проф. д-р Весна Пендовска** | **22.04.2016 година** | **02-432/4** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**

**22-04-2016**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Гордан Шутаров | Управно правна заштита против одлуки на Државна изборна комисија за изборни нерегуларности (Administrative Protection Against State Election Committee's Decisions on Election Irregularities) | проф.д-р Ана Павловска Данева | 22.04.2016 | 02-432 /146 |
| Ленче Белчевска | Разликите во правната регулатива со која се уредува статусот на вработените во Министерство за одбрана на Република Македонија и во Армијата на Република Македонија (Differences in Legal Regulations on the Status of Ministry of Defense Employees and Army of the Republic of Macedonia) | проф.д-р Ана Павловска Данева | 22.04.2016 | 02-432- 147 |
| Стефан Рајчиноски | Надворешната политика на САД и хуманитарната интервенција: случаите на Косово и Сирија (US Foreign Policy and Humanitarian Intervention: the cases of Kosovo and Syria) | доц. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 22.04.2016 | 02-432/149 |
| Зорица Наумоска | Меродавно право за вондоговорна одговорност кај лекарска грешка (Determining the Applicable Law for Non-Contractual Liability arising out of Medical Errors) | проф. д-р Тони Дескоски | 22.04.2016 | 02-432/ 150 |
| Христијан Давидовиќ | Времени мерки и арбитер за итни случаи во меѓународната трговска арбитража (Provisional Measures and Emergency Arbitrator in International Commercial Arbitration) | проф. д-р Тони Дескоски | 22.04.2016 | 02-432 /151 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Александра Лулкоска | Новинарите како жртви на делата од омраза (Journalists as Victims of Hate Crimes) | доц. д-р Елена Михајлова | 22.04.2016 | 02-432/152 |
| Леposава Огњаноска | Поглавјето 23 од европското acquis во контекстот на политиката на условеност – предизвици за Република Македонија на патот кон Европската унија (Chapter 23 of the European Acquis in the context of the EU Conditionality Policy – Challenges for the Republic of Macedonia on its road towards the European Union) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 22.04.2016 | 02-432 /153 |
| Никола Суботиќ | Интернетот и електронските комуникации (Internet and Electronic Communications) | доц.д-р Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /154 |
| Маја Костовска | Заштита на правата на корисниците на интернет (Protection of Rights of Internet Users) | доц.д-р Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /155 |
| Ружа Карагонова Атанасова | Слободата на изразувањето во електронските комуникации (Censorship in Electronic Communications) | доц.д-р Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /156 |
| Катерина Пишева | Нормативни аспекти на електронското банкарство во Република Македонија (Legal aspects of electronic banking in the Republic of Macedonia) | доц.д-р Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /157 |
| Томче Бабуновски | Претприемништво и регионален развој (Entrepreneurship and Regional Development) | доц.д-р Биљана Петревска | 22.04.2016 | 02-432 /158 |
| Благојче Ристовски | Правно уредување на тргувањето со акциите – состојби и проблеми во Република Македонија (Legal regulation of stock trading – conditions and problems in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Александар Климовски | 22.04.2016 | 02-432 /159 |
| Велика Јовева | Користењето на дигиталните сертификати за електронски потпис во Република Македонија (Usage of digital certificates for electronic signature in Republic of Macedonia) | доц.д-р Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /160 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вангелија Трембелиева | Расположливи инструменти за плаќање во електронската трговија (Available payment instruments in e-commerce) | проф.д-р Горан Коевски | 22.04.2016 | 02-432 /161 |
| Татјана Нарашанова | Компаративна анализа на нормативните аспекти на електронските аукции (Comparative analysis of the legal aspects of electronic auctions) | проф.д-р Александар Климовски | 22.04.2016 | 02-432 /162 |
| Моника Спасеска | Економско финансиските аспекти на акционерските друштва (Economic and Financial Features of Public Companies Limited by Shares) | проф.д-р Ванчо Узунов | 22.04.2016 | 02-432 /163 |
| Тања Ѓорѓиева | Правни последици од отварање на стечајната постапка (Opening of Insolvency Proceedings and Legal Effects upon the Debtor) | проф.д-р Горан Коевски | 22.04.2016 | 02-432 /164 |
| Никола Сапунџиев | Економско финансиските аспекти на друштвото со ограничена одговорност (Economic and Financial Features of Private Companies Limited by Shares) | проф.д-р Ванчо Узунов | 22.04.2016 | 02-432 /165 |
| Марија Глигоровска | Финансиски аспекти на функционирањето на болниците во Република Македонија (Financial Aspects of Hospital Work in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Ванчо Узунов | 22.04.2016 | 02-432 /166 |
| Ангелина Крмзова Канзурова | Економски аспекти на проценета на штетите во трговијата (Economic Aspects of Damage Compensations in Trade) | проф.д-р Ванчо Узунов | 22.04.2016 | 02-432 /167 |
| Мирјана Стојановска | Економско финансиските аспекти на набавувањето на добра и услуги во македонското и споредбеното право (Economic and Financial Features of Provision of Goods and Services in Macedonian and Comparative Law) | доц.д-р Биљана Петревска | 22.04.2016 | 02-432 /168 |
| Зорица Симиќ | Разлачните доверители во стечајната постапка (Secured Creditors in Insolvency Proceedings) | проф.д-р Горан Коевски | 22.04.2016 | 02-432 /169 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анѓелија Јаначкова | Преносот на побарувањата како начин на финансирање на трговските друштва (Factoring and Financing of Commercial Companies) | проф.д-р Горан Коевски | 22.04.2016 | 02-432 /170 |
| Марјан Стојковски | Акциите како електронски податок (Shares as electronic data) | доц.д-р. Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /171 |
| Александра Цветановска | Правата на потрошувачите во склучување на договори надвор од деловните простории на трговецот и договори на далечина во споредбеното и правото во Република Македонија (Consumer Rights for Distance and Off-premises Contracts in Comparative and Macedonian Law) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска | 22.04.2016 | 02-432 /172 |
| Ема Стојановиќ | Феноменологија на измамите според КЗМ на Република Македонија со посебен осврт на кривичното дело осигурителна измама (Phenomenology ofthe Frauds within the Macedonian Criminal Code, with Specific Aspects of the Insurance Fraud) | проф.д-р Никола Тупанчески | 22.04.2016 | 02-432 /173 |
| Мартин Симеонов | Феноменологија на детското престапништво во Република Македонија од 2009-2015 година (Phenomenology of the Child Delinquency in Republic of Macedonia in the period of 2009-2015) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 22.04.2016 | 02-432 /174 |
| Снежана Петрова | Превенција, спречување и заштита од семејно насилство во системот на Република Македонија (Prevention and Protection of the Domestic Violence in the Macedonian Legal System) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 22.04.2016 | 02-432 /175 |
| Златко Илијевски | Феноменологија на економскиот криминал (Phenomenology of the Economic Crime) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 22.04.2016 | 02-432 /176 |
| Александар Ристовски | Етиологија на трговијата со луѓе (Etiology of the Trafficking in Human Beings) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 22.04.2016 | 02-432 /177 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Моника Велоска | Договорени и принудни бракови како вид трговија со луѓе (Arranged and Forced Marriages as Type of Trafficking in Human Beings) | проф.д-р Гордана Бужаровска | 22.04.2016 | 02-432 /178 |
| Сораја Јусуфоска | Децата како жртви и сведоци на кривични дела (Children as Victims and Witnesses of Crimes) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 22.04.2016 | 02-432 /179 |
| Бисера Ѓоргиевска | Постапка за екстрадиција (Extradition Procedure) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 22.04.2016 | 02-432 /180 |
| Симона Џуклеска | Криминолошки и психопатолошки детерминанти кај извршителите на кривичното дело - силување (criminological and Psihopathological Characteristcs of the Perpetrators of the Crime of Rape) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 22.04.2016 | 02-432 /181 |
| Александра Станојковска | Извршување на паричната казна (Enforcement of the Fine) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 22.04.2016 | 02-432 /182 |
| Сара Божиновска | Измамите во Македонија и Европската унија и улогата на специјализираните органи при нивното сузбивање (Frauds in Macedonia and in EU and the Speciallied Institutions' Role for their Prevention) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 22.04.2016 | 02-432 /183 |
| Сашка Талеска | Институтот нужна одбрана во теоријата и практиката (Theoretical and Practical Aspects of the Institute of Self-Defence) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 22.04.2016 | 02-432 /184 |
| Тамара Мицевска | Кривичните дела против државата во Република Македонија во периодот од 2005-2015 година (Crimes Against the State in the Republic of Macedonia in the period of 2005 till 2015) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 22.04.2016 | 02-432 /185 |
| Тања Бошкоска | Казненоправната заштита на шумите во практиката на Основниот суд Крушево во периодот од 2011-2015 (Criminal Law Protection of the Forests regarding the | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 22.04.2016 | 02-432 /186 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Practice of the Basic Court Krushevo in the period of 2011-2015) | | | |
| Дејан Ристовски | Откривање и докажување на кривичните дела сторени од омраза (Detection and Evidencing of the Hate Crimes) | доц. д-р Бобан Мисоски | 22.04.2016 | 02-432 /187 |
| Марија Тодоровска | Екстрадицијата како облик на меѓународна соработка во борбата со криминалот (Extradition as a Form of International Cooperation in the Fight Against the Crime) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 22.04.2016 | 02-432 /188 |
| Александар Бутески | Мерки за обезбедување присуство на лица со посебен осврт врз притворот на подрачјето на Основен суд Охрид и Основен суд Струга во периодот од 2010-2015 година (Measures for Providing the Defendant's Presence with Specific Attention to the Detention in the Practice of the Basic Courts in Ohrid and Struga in the Period of 2010-2015) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 22.04.2016 | 02-432 /189 |
| Емилија Ацеска | Казненоправен аспект на криумчарењето мигранти (Criminal Law Apsect of the Human Smugling) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 22.04.2016 | 02-432 /190 |
| Александра Тодоровска | Демократизација на раздавањето кривична правда во име на граѓаните: споредбена анализа на поротничките модели во казненото право на САД и Република Македонија (Democratization of Criminal Justice in the Name of the Citizens: A Comparative Analysis of the Jury Models in the USA and the Republic of Macedonia) | проф. д-р Каролина Ристова Астеруд | 22.04.2016 | 02-432 /191 |
| Билјана Иванова | Методи и техники на сузбивање на сајбертероризмот (Methods and Technics in the Fight Against the Cuberterrorism) | доц. д-р Драги Рашковски | 22.04.2016 | 02-432 /192 |
| Љубинка Митковска | Компјутерски криминалитет спрема деца (Cyber Crime Towards Children) | доц. д-р Бобан Мисоски | 22.04.2016 | 02-432 /193 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Маја Станојкоска Тодорчева | Малолетничка деликвенција во Република Македонија од 2007 до 2014 (Juvenile Delinquency in Republic of Macedonia in the Period of 2007-2014) | доц. д-р Бобан Мисоски | 22.04.2016 | 02-432 /194 |
| Елена Попоска | Воспитни мерки како кривични санции за деца (Educational Measures as Penal Sanction for Children) | доц. д-р Бобан Мисоски | 22.04.2016 | 02-432 /195 |
| Елена Богданска | Придонесот на жртвите во сообраќајните деликти (Victims’ Impact to the Crimes Against Public Transportation) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 22.04.2016 | 02-432 /196 |
| Александра Јошеска | Етиологија и феноменологија на тероризмот (Etiology and Phenomenology of the Crime of Terrorism) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 22.04.2016 | 02-432 /197 |
| Кирил Спироски | Правна заштита на лични податоци како инструмент за заштита на приватноста на физичките лица во Република Македонија (Personal Data Protection An Instrument for Legal Protection of Personal Privacy) | проф. д-р Борче Давитковски | 22.04.2016 | 02-432 /148 |

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**

**Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на**

**Наставно-научниот совет на Факултетот,**

**одржана на 31.03.2016 година.**

**1. ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ана Цветановска, магистер по фармација | „ЕФЕКТИ НА НИКОТИНОТ ОД РАЗЛИЧНИ ОРИЕНТАЛСКИ СОРТИ НА ТУТУН ВРЗ ПРОДУКЦИЈА НА ПРОСТАГЛАНДИН $E_2$ КАЈ БЕЛ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ“. | „EFFECTS OF NICOTINE FROM DIFFERENT ORIENTAL TOBACOO VARIETIES ON THE PRODUCTION OF PROSTAGLANDIN E2 IN WHITE LABORATORY RAT“ | д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ – Скоп | 02-241/4 од 11.04.2016 г. |

# П Р Е Г Л Е Д

## на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 31.03.2016 година.

**2. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Виктор Цицимов, дипломиран инженер по биологија | „ВЛИЈАНИЕ НА ТРЕТМАНОТ СО ТИАЗОЛИДИН ВРЗ АНТИОКСИДАНТНИОТ СТАТУС НА НИВО НА СРЦЕТО И БЕЛИТЕ ДРОБОВИ ПРИ ХИПЕРТЕРМИЧКА ЕКСПОЗИЦИЈА КАЈ БЕЛИОТ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ“. | „L-2-OXOTHIAZOLIDINE-4-CARBOXYLATE INFLUENCE ON THE ANTIOXIDANT STATUS IN HEART AND LUNGS DURING ACUTE HEAT EXPOSURE AT WISTAR RATS “ | д-р Митко Младенов, вонреден професор на ПМФ – Скопје | 02-232/5 од 25.04.2016 г. |
| 2. | Иванка Мијиќ, дипломиран професор по хемија | „ПРОВЕРКА НА КОНЦЕПТУАЛНОТО ЗНАЕЊЕ ПО ХЕМИЈА КАЈ УЧЕНИЦИ ОД ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“. | „INSPECTION OF THE CONCEPTUAL CHEMISTRY KNOWLEDGE OF HIGH SCHOOL STUDENTS “ | д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-449/3 од 25.04.2016 г. |
| 3. | Маја Вељановска Тодоровска, дипломиран инженер по хемија | „АНАЛИЗА НА АНТИОКСИДАЦИСКАТА АКТИВНОСТ НА ФЕНОЛНИ КИСЕЛИНИ СО ПРИМЕНА НА ЦИКЛИЧНА ВОЛТАММЕТРИЈА И СПЕКТРОФОТОМЕТРИЈА“. | „ANALYSIS OF ANTIOXIDANT ACTIVITY OF PHENOLIC ACIDS BY APPLYINGCYCLIC VOLTAMMETRY AND SPECTROPHOTOMETRY “ | д-р Валентин Мирчески, редовен профсор на ПМФ – Скопје | 02-447/3 од 25.04.2016 г. |
| 4. | Селим Елмази, дипломиран инженер по хемија | „АНАЛИЗА НА ИСПАРЛИВИ РЕЗИДУИ ВО ПРИМЕРОЦИ ОД ПОЛИСТИРЕН СО СТАТИЧНА ХЕДСПЕЈС ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА“. | „ANALYSIS OF VOLATILE RESIDUES IN POLYSTYRENE SAMPLES USING STATIC HEADSPACE GASCHROMATOGRAPHY“ | д-р Јане Богданов, вонреден професор на ПМФ – Скопје | 02-453/3 од 25.04.2016 г. |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Стоматолошки факултет - Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Lajm “ од 19.2.2016 година, за избор на научни работници во сите научни звања од научната област стоматолошка протетика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-383, донесена на 24.3.2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јагода Бајевска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет, д-р Никола Гиговски, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет, д-р Билјана Капушевска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет, д-р Весна Коруноска Стевковска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет и д-р Гордана Ковачевска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на научни соработници во сите научни звања од научната област стоматолошка протетика, во предвидениот рок се пријавија ас. д-р Анета Мијоска , ас. д-р Наташа Ставрева и ас. д-р Емилија Бајракторова Ваљакова.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката ас. д-р Анета Мијоска е родена на 10.7.1972 година, во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов”, отсек забни техничари со успех 5,00, во 1990 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ. Дипломирала на 28.11.1997 година, со просечен успех 8,75. Стручниот испит го положила на 31. 3. 2000 година.

Во 2001 година се вработила во приватна здравствена ординација како општ стоматолог, а потоа на 15.9. 2002 година се вработила во ЈЗУ УСКЦ „ Св. Пантелејмон”, на одделот за дежурна служба. Во 2007 година, по запишувањето на специјалистичките студии по стоматолошка протетика, продолжува со работа на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика. Со звањето специјалист по стоматолошка протетика се здобила на 11.3.2011 година. Во звањето помлад асистент на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана на 14.10.2009 година. Во 2010 година засновала двоен работен однос на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика.
Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и пасивно со германскиот јазик.

Во декември 2011 година се запишала на трет циклус докторски студии на Стоматолошкиот факултет при УКИМ. Дисертацијата на тема: „Евалуација на врската помеѓу цирконијата и порцеланските маси за фасетирање” ја одбранила на 11.9.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р. Мирјана Поповска, проф. д-р Јагода Бајевска, проф. д-р Љубен Гугувчевски, проф. д-р Никола Гиговски и проф. д-р Весна Коруноска Стевковска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматологија-протетика.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр.969, 1071, 1075, 1103, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други

остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 6. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката ас. д-р Анета Мијоска изведува настава/вежби на прв циклус студии на студиската програма за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри на Стоматолошкиот факултет. Своето повеќегодишно стручно клиничко искуство го пренесува учествувајќи и во практичната клиничка едукација на дипломираните стоматолози кои својот стаж го реализираат на Клиниката за стоматолошка протетика и на колеги кои својата специјализација ја завршуваат на истата Клиника. Кандидатката била ментор на повеќе стручно-научни теми презентирани на студентски конгреси по стоматологија. Учествувала во тимот за реализација на проектот за воведување компјутерски модел за испитни прашања за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје за група предмети од областа на фиксната стоматолошка протетика. Ас. д-р Анета Мијоска има активно учество во работата на бројни семинари, едукативни и стручни курсеви, секциски состаноци и конгреси, и тоа: Модерни композити во секојдневната пракса и Атхезивна препарација и цементирање на безметална керамика, ICDE-International Center for Dental education, Ohrid 23-24.6.2006, Salivary gland disease EACMFS, Skopje, 9-10 May 2008, Dentofacial deformities, distraction osteogenesis cleft lip and palate, EACMFS, Skopje, 15-16 May 2009 и Терапевтско планирање и избор на атечмени, 26.2.2009 Скопје.

### Научноистражувачка дејност

Ас. д-р Анета Мијоска има објавено вкупно 39 научни труда од областа стоматолошка протетика, од кои 6 труда со научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир, 23 труда објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, и има објавено 6 труда во научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 4 труда објавени во референтни научни/стручни списанија со импакт фактор.

Како поканет предавач од областа на целосно керамичките системи има настапувано како поканет предавач, на Симпозиумот со меѓународно учество „Орална рехабилитација – современ протетички пристап", во организација на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика, на 17.10. 2015 во Скопје.

Активен учесник е во главниот (основен) проект „Анализа и евалуација на состојбата на оралното здравје и интервенциите кај пациенти од ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон"- Скопје.

За тековниот конкурс за избор во научен работник ги приложува следните трудови кои се наведени во Анекс 2:

**1. Aneta Mijoska,** Mirjana Popovska. Evaluation of zirconia bonding to veneering porcelain., Macedonian Pharmaceutical bulletin, 60 (2): 51-56, (2014), ISSN 1409 – 8695, UDC: 616.314.17-084

Оценката на атхезијата која циркониумската керамика ја остварa со порцеланските маси за фасетирање е дадена според резултатите добиени со In vitro-студијата изведена според поставени стандарди. Примероците цирконија пред фасетирањето биле подложени на три различни третмани за алтерација на површината, а резултатите покажале највисоки вредности за третманот со хемиска алтерација- нанесување на подлога-лајнер. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**2.Aneta Mijoska**, Mirjana Popovska. Evaluation of different in vitro testing methods for mechanical properties of veneer ceramics. ПРИЛОЗИ, Одд. мед. науки, XXXVI 1, 2015, МАНУ (CONTRIBUTIONS) ISSN 1857-9345UDC: 616.314-77.

Авторите наведуваат дека ин витро-студиите за одредување и тестирање на механичките карактеристики на керамичките материјали се најразновидни, и честопати истражувачот тешко одредува кој тип на тестирање е најсоодветен. Трудот претставува ревијален приказ на различните тестови, начинот на изведување, начинот на приготвување на примероците и пресметката на добиените резултати. Да се одбере најсоодветен начин на испитување на керамичките маси е императив во добрата истражувачка практика, а евалуацијата на добиените резултати дава реален приказ на перформансите на протетичките изработки во устата на пациентите. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**3.Aneta Mijoska,** Mirjana Popovska, Biljana Kapusevska. BIAXIAL FLEXURE STRENGTH TEST FOR EVALUATING ZIRCONIA VENEERING CERAMICS., Physioacta, Journal of Macedonian association of physiologist and anthropologist UDK, 2015; 9(2), pp: 1-9.

Авторите во трудот укажуваат дека керамичките маси за фасетирање на циркониумската керамика честопати во устата на пациентите се подложни на оштетување и кршење, многу почесто од конвенционалните метал-керамички реставрации. Биаксијалниот тест на свиткување претставува ин витро-лабораториско испитување на цврстината на порцеланските маси со кој се добиваат реални вредности за јачината на материјалите за фасетирање и очекуваните перформсанси во устата. Контролната група на порцелан за метал-керамика покажала повисоки вредности на силата на свиткување, во однос на 3 типа на целосни керамики. Тоа значи дека овие маси, сепак, се уште не ги постигнале механичките карактеристики на стандардните и потребно е дополнително истражување за нивно подобрување. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**4.Aneta Mijoska**, Mirjana Popovska, Biljana Kapusevska, Emilija Bajraktarova. The role of liners in bonding zirconia to veneering porcelain., International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064 Index Copernicus Value (2013): 6.14 | Impact Factor (2014): 5.611, Volume 4 Issue 11, November 2015, pp:1873-1877.

Во трудот авторите ја претставуваат улогата на лајнерите, односно подлогите како замена за опакерот кај целосно керамичките реставрации, ин витро, со тестот Shear bond – notched edge, според најновите стандарди (2013) на циркониумски примероци (Cercon ceram). Лајнерите покрај тоа што имаат улога во нијансирање на белата боја на цирконијата, истовремено имаат улога и во појава на феноменот на влажнење на површината и со тоа успеваат да обезбедат силна атхезија помеѓу контактните површини. Контролната група примероци без лајнер покажала пониски вредности за силата на врската, и од тука заклучиле дека нанесувањето на подлога на цирконијата е постапка која треба да се применува во секојдневната клиничка практика. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**5.Aneta Mijoska**, Emilija Bajraktarova-Valjakova, Vesna Stevkovska -Korunovska, Nikola Gigovski, Biljana Kapusevska, Jagoda Bajevska. Flexure strength of zirconia veneering ceramics. IOSR Journal of Dental and Medical Science (IOSR-JDMS) ISSN: 2279-0853; Col 15, Issue I, Ver. VI (Jan 2016), pp: 85-88.

Авторите изнесуваат дека циркониумската керамика фасетирана со порцелански маси за изработка на целосно керамички надоместоци има индикации во сите регии на устата, но сепак честите оштетувања имаат одредени ограничувања кај одредени случаи. Помалата цврстина на фасетните керамики сепак не е ограничување за нејзината примена, освен во случаите со длабок загриз и бруксизам. Лабораториското испитување на цврстината покажала доволно високи вредности на цврстината иако пониски од конвенционалните. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**6. Aneta Mijoska,** Jagoda Bajevska, Ljuben Guguvcevski, Biljana Kapusevska, Nikola Gigovski, Vesna Korunovska, Jana Bajevska. Surface treatments of zirconium dioxide ceramic for achieving better adhesion with veneering porcelain and cements. MACEDONIAN DENTAL REVIEW/Year XXXVIII, број 3-4, 2015 ISSN

Трудот претставува ревијален приказ на сите видови на постапки за алтерација на површината на циркониумските керамички маси. Алтерацијата е постапка која би требало да ја подобри атхезивноста и да даде поцврста структура која успешно ќе се спротистави на мастикаторните сили. Третманите се поделени во неколку поголеми групи, и тоа: механички, хемиски, комбинирани механичко-хемиски и нови

алтернативни постапки. Нивната примена, постапките и ефектот на површината се детално опишани со цел да се овозможи добивање целосна слика и познавање на нивните особини. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**7.** Biljana Kapusevska, Nikola Dereban, **Aneta Mijoska**, Marjan Petkov, Borjan Naumovski, Marija Andonovska, Kristijan Shukov**.** Non-vital teeth–a challenge for prosthodontic management. Malaya Journal of Biosciences 2014, 1(3):167-172 ISSN 2348-6236 print /2348-3075 online

Трудот претставува клиничко истражување за употребата на девитализираните заби со соодветна подготовка со ендодонтски колчиња, како заби носачи во фиксната протетика, беше испитувана кај 20 пациенти. Клиничкото испитување, рендген-испитувањето и контролните прегледи биле вршени по 6 месеци од изработката на реставрациите. Добиените резултати покажале дека овие заби соодветно подготвени може да претставуваат добри носачи и затоа се препорачува нивно користење со добро планирање. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

8. **Мијоска А.**, Ставрева Н. CAD-CAM Титаниум керамички коронки соодветна замена за класичната метал-керамика (case report). 6. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид 2012, (зборник на апстракти), 144.

Отежнатото леење на титаниумската легура е причина за нивното производство со алтернативната метода со компјутерско режење и фасетирање со соодветни керамичкуи маси. Кај 20-годишна пациентка со хиподонција на латералните инцизиви биле изработени 2 титаниумски коронки, врз носачи канини. Малата дебелина на металниот скелет и порцеланот дала добра естетика и широко поле на индикација и кај пациенти со длабок загриз кај кои целосна керамика е контраиндицирана. Трудот има стручно и апликативно значење.

9. **Мијоска А**, Петровски Д, Ставрева Н, Јуруковска В,Наумовски Б. Имплантско-протетска терапија при недостаток на фронтален заб во максила (приказ на случај). 6. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид 2012 (Зборник на апстракти), 143.

Авторите во трудот го презентираат рехабилитирањето на парцијалната беззабост во фронталната регија наместо со фиксни протетички реставрации со постава на единечни импланти и преку нив изработка на коронка. Најчести индикации за имплантско-протетичка терапија биле траума, неуспешен ендодонтски третман, хиподонција на заб и сл. По 6 месеци од вградувањето на имплантатите и периодот на осификација ги направиле коронките. Естетски, фонетски и функционално супраструктурата ги исполнила сите барања без состружување на соседните заби, а задоволството на пациентите било целосно. Трудот има стручно и апликативно значење.

10. **А.Мијоска**, Н.Ставрева, В.Јуруковска, Б.Капушевска. Smoking as risk factor for implant–prosthetic therapy failure. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 April 2013: 2/11.

Авторите потврдуваат дека навиката на пушење има влијание на успехот/неуспехот на имплантско-протетичките реставрации. Ефектот на никотинот има влијание како рани или доцни компликации, осеоинтеграцијата, ретенцијата и долготрајноста на имплантите. Резултатите од овој труд покажале дека пушењето има влијание на доцните копликации, и кај пациентите пушачи претставува контраиндикација поставувањето на импланти. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

11. **Мијоска А**., Капушевска Б, Поповска М, Јуруковска В, Митиќ К, Ставрева Н. Предности и недостатоци на коронки од циркониум керамика. 7. Конгрес на стоматолозите од македонија со меѓународно учество, Охрид, 2015 ( Зборник на апстракти).

Авторите изработиле коронки и мостови од метал-керамика и целосна керамика-цирконија кај пациенти и редовно ги контролирале во текот на првата година после цементирањето. И покрај подобрата естетика на циркониумските коронки, сепак тие се послабо отпорни и доста поскапи споредени со конвенционалните. Укажуваат дека целосно керамичките коронки се подобар избор, во фронталната регија, додека во

бочната и метал-керамиката има задоволителен успех. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

12. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapusevska, Natasha Stavreva. T scan III computerized digital occlusal analysis of prosthetic devices. PP100, 19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia, Lecture: 147, Belgrade, Sava Centar.

Обезбедувањето добра оклузија кај фикснопротетичките реставрации со стандардните постапки е доста тешко. Во овој труд биле користени артикулациона хартија, субјективното чуство на пациентите и Т-скен III за одредување и проценка на протетичката оклузија. Покрај клиничкиот успех, артикулационата хартија дала најлоши резултати, во однос на останатите методи. Т-скенот со своите ултратенки сензори регистрирал брзо, едноставно, лесно и прецизно воспоставување на оклузалната хармонија. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

13. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapusevska, Vesna Jurukovska, Kristina Mitic. Surface treatments for improving zirconia ceramic bonding. 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April 2015, PP560: 400 постер.

Користењето на површинските третмани кај циркониумската керамика било цел на испитување во трудот, при што биле користени три третмани, и тоа: хемиски, механички и комбинирани постапки. Апликацијата на хемиски средства за алтерација на примероците покажала најдобри резултати во однос на силата на врската и затоа е е потребно тие да најдат секојдневна примена во клиничката пракика. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

14. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapusevska, Vesna Jurukovska, Natasha Stavreva. Intraoral repairment of all-ceramic zirconia restorations. 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April 2015, PP421 : 364 постер.

Во истражувањето биле користени два типа на прајмери, и тоа: Monobond Plus (Ivoclar, Vivadent) и Rely X (3M ESPE), при интраорална репарација на фасетниот порцелан кај поединечни циркониумски коронки. Контролните прегледи биле извршени по првата седмица, прврвиот месец и потоа секои три месеци во првата година по интервенцијата. Двата типа на прајмери - основни подлоги покажале добри резултати при репарација на коронките и затоа се препорачува нивната секојдневна клиничка примена. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

15. **Mijoska A,** Popovska M, B. Kapusevska, Gigovski N, Stevkoska-Korunovska V, Bajraktarova E, Zlatanovska K. Implant-prosthetic therapy failure in smoker and nonsmoker patients. "International Symposium at Faculty of Medical Science" Vol 1, No 1 (2015), Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, November 24, 2015 – Stip.

Пациентите носители на имплантско-протетички реставрации биле поделени во три групи според статусот пушење: сегашни пушачи, непушачи и некогачни пушачи кои подолго од шест месеци ја немаат оваа навика. Следени биле присуството и појавата на периимплантски промени околу реставрациите со рендген-контролни снимки, појава на болка, појава на расклатеност или луксација на имплантите и губење на имплантите. Било востановено дека пушењето има негативно влијание на доцните компликации, додека кај пациентите во фазата на осеоинтеграција не биле забележани промени. Авторите наведуваат дека напуштањето на оваа штетна навика е од примарно значење за успехот на преземената терапија, а улогата на стоматологот е да му укаже на пациентот за нејзиното негативно значење. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

16. Biljana Kapusevska, Vera Stojanovska, **Aneta Mijoska**. Use of bruxcheker in patients with different type of bruxism. Acta Stomatologica Naissi. Jun/Jul 1014, Vol.30: 69, 1325-1331.

Целта на трудот била да се прикаже целта на употребата на бруксо анализаторите, индивидуално изработени со термичко пресирање на поливинилска фолија. Кај 140 пациенти кај кои била извршена анализа, авторите увиделе дека кај пациентите постои поголема и поизразена присутност на хоризонталниот во однос на вертикалниот тип на бруксизам. Кај овие пациенти имало поизразени морфолошки нарушувања на забниот низ и потреба за протетичка реставрација, додека кај вертикалниот тип немало морфолошки дефекти, но почеста и поизразена била болката.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Ас. д-р Анета Мијоска е член е на македонските стручни здруженија: Македонското стоматолошко друштво (МСД), Стоматолошката комора на Македонија (СКМ) и Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ), како и на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој од 1. до 30.12.1997 во Минхен, Универзитет Лудвиг Максимилијан, Медицински факултет, Оддел за стоматолошка протетика.

Во изборниот период, д-р Анета Мијоска учествувала како соработник во изготвување и пријавување на научен/образовен, национален проект: Постоперативна рехабилитација на пациенти оперирани од тумори со помош на оптуратор протези и епитези, со главен истражувач проф. д-р Алберто Бенедети.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Во Стоматолошката комора на Македонија од 2014 година ја врши функцијата потпретседател на Надзорната комисија на комората. Добитник е на Благодарница за придонес во работата и развојот на Факултетот (Скопје, 2009 год.), по повод 50-годишниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката Анета Мијоска, во учебните 2013/14 и 2014/15, доби позитивна оценка, односно генерална просечна оценка 9,67 од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

ОБРАЗЕЦ

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**

Анета Никола Мијоска

**Институција:**

Стоматолошки факултет - Скопје

**Научна област:**

стоматолошка протетика

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Реден број** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | поени |
|---|---|---|
| | **Докторска дисертација:** ЕВАЛУАЦИЈА НА ВРСКАТА ПОМЕЃУ ЦИРКОНИЈАТА И ПОРЦЕЛАНСКИТЕ МАСИ ЗА ФАСЕТИРАЊЕ- Скопје, 2015 | |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (*2)** | | поени |
| 1 | ИМПЛАНТНО ПРОТЕТСКА ЕСТЕТСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. Флорент Бафтијари, Наташа Ставрева, Весна | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Јуруковска, **Анета Мијоска**, Симпозиум на ЗДССПМ на тема: Естетско функционална рехабилитација кај различни видови беззабост. Охрид, 2011. | |
| 2 | ЕСТЕТСКО - КОЗМЕТИЧКА РЕКОНСТРУКЦИЈА СО ТИТАНИУМ ПРИ НЕДОСТАТОК НА МАКСИЛАРНИ ЛАТЕРАЛНИ ИНЦИЗИВИ - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. Наташа Ставрева, **Анета Мијоска** PP:139<br>6. КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО- ОХРИД, Базично-клинички аспекти во современата стоматологија, 24-27 мај 2012. | 1,2 |
| 3 | CAD-CAM ТИТАНИУМ-КЕРАМИЧКИ КОРОНКИ СООДВЕТНА ЗАМЕНА ЗА КЛАСИЧНАТА МЕТАЛКЕРАМИКА. **Анета Мијоска**, Н.Ставрева PP: 144, 6. КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО-ОХРИД, Базично-клинички аспекти во современата стоматологија, 24-27 мај 2012. | 1,8 |
| 4 | ИМПЛАНТСКО - ПРОТЕТСКА ТЕРАПИЈА ПРИ НЕДОСТАТОК НА ФРОНТАЛЕН ЗАБ ВО МАКСИЛА ( ПРИКАЗ НА СЛУЧАИ ) PP:143<br>**А. Мијоска**, Д. Петровски, Н.Ставрева,Весна Јуруковска, Борјан Наумовски, 6. КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО-ОХРИД. Базично-клинички аспекти во современата стоматологија, 24-27 мај 2012. | 1,2 |
| 5 | ФИБЕР-КОЛЧИЊАТА ВО ЕСТЕТСКО РЕСТАВРАТИВНАТА СТОМАТОЛОГИЈА. Весна Јуруковска-Шотаровска, Јовановски С, Сотировиќ М, Шотаровски С, **Миовска А**, Ставрева Н.,PP: 145, 6. КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО-ОХРИД, Базично-клинички аспекти во современата стоматологија, 24-27 мај 2012, рецензирано во Билтен бр. 1071, 2014. | 1,2 |
| 6 | TORUS MANDIBULARIS-ПРОТЕТСКО РЕШЕНИЕ (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ). Ставрева Н, **Мијоска А**, Петрески Д, Фиљанска И, Јуруковска В, Бафтијари Ф, Ѓурчески Ј. PP: 139, 6. КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО-ОХРИД, Базично-клинички аспекти во современата стоматологија, 24-27 мај 2012. | 1,2 |
| | Вкупно: | **7,8** |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (*3)** | | |
| 1 | SMOKING AS RISK FACTOR FOR IMPLANT–PROSTHETIC THERAPY FAILURE. **А.Мијоска**, Н.Ставрева, В.Јуруковска, Б.Капушевска, 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 April 2013. | 1,8 |
| 2 | ELECTRIC GNATHODYNAMOMERIC MEASUREMENT ON TEETH WITH CLINICALLY MANIFESTED STAGE OG PERIODONTITIS Капушевска Билјана, **Мијоска Анета**, Ставрева Наташа, 18th | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Congress of the Balkan Stomatological Society (Bass) Skopje 25-28 April 2013. | |
| 3 | COMPARATIVE ANALYSIS OF FRACTURE REISTANCE OF THE ENDODONTHIC TREATED TEETH, RESTORATED WITH FIBER AND ZICONOXIDE POSTS. Јуруковска Весна, Сашо Јовановски, Јагода Бајевска, **Мијоска Анета,** Миле Сотировик, Ирена Филјанска, 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (Bass) Skopje 25-28 April 2013, Билтен бр. 1071/2014 година. | 1,8 |
| 4 | COMPLETE AND PARTIAL DENTURES, DETERMINANTS OF QUALITY OF LIFE OF ADULT POPULATION IN RM.Ставрева Наташа, **Мијоска Анета**, Капушевска Биљана, Гугучевски Љубен, Благоја Даштевски, 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (Bass) Skopje 25-28 April 2013. | 1,8 |
| 5 | КЛИНИЧКИ И ПАРАКЛИНИЧКИ ПАРАМЕТРИ НА БРУКСИЗАМ<br><br>Б.Капушевска, Деребан Н., Поповска М., Петков М., Даци А., **МијоскаА.,** Андоновска М. 3 Сеалбански Конгрес на стоматологијата со меѓународно Учество “ Стоматологијата во XXI век “ 11 – 13. 10, 2013 Скопје , Билтен бр. 1075, 15.4.2014. | 1,8 |
| 6 | DENTAL ALLOYS–CHOICE MATERIALS IN THE DENTAL PROSTHODONTICS. Biljana Kapusevska, **Aneta Mijoska**, Nikola Dereban, Mirjana Popovska, Vesna Jurukovska-Sotarovska. Lecture OP75: 60, 19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia, Belgrade, Sava Centar, усна презентација, Билтен бр. 1075, 15.4.2014. | 1,8 |
| 7 | T SCAN III COMPUTERIZED DIGITAL OCCLUSAL ANALYSIS OF PROSTHETIC DEVICES. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapusevska, Natasha Stavreva, PP100, 19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia, Lecture: 147, Belgrade, Sava Centar. | 2,4 |
| 8 | MODIFIED PROSTHETIC APPROACH FOR LINGUAL TORUS MANDIBULARIS-CASE REPORT. Natasha Stavreva, Ljuben Guguvcevski, Mirjana Popovska, Biljana Kapusevska, **Aneta Mijoska** PP: 116, 19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia, Lecture PP116: 154, Belgrade, Sava Centar. | 1,8 |
| 9 | PRESENCE OF COMPLETE AND PARTIAL DENTURES, QUALITY OF LIFE AT GERIATRIC POPULATION IN MACEDONIA. Natasha Stavreva, Biljana Kapusevska, **Aneta Mijoska**, 19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia, Lecture PP 341:25, Belgrade, Sava Centar. | 2,4 |
| 10 | RESTORATION OF FUNCTIONAL OCCLUSION WITH SELECTIVE TEETH GRINDING. Biljana Kapusevska, Nikola Dereban, Gulaba Dereban**, Aneta Mijoska**; Budima Pejkovska – Sahpaska FYROM | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April, 2015. | |
| 11 | SURFACE TREATMENTS FOR IMPROVING ZIRCONIA CERAMIC BONDING. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapusevska, Vesna Jurukovska, Kristina Mitic, 20th BaSS congress, Bucharest 23-26 April 2015, PP560: 400. | 1,8 |
| 12 | FIBER POSTS–SIGNIFICANT FACTOR IN AESTHETIC AND FUNCTIONAL REHABILITATION OF ENDODONTIC TREATED TEETH. Vesna Jurukovska Shotarovska, Biljana Kapusevska, Sasho Jovanovski, **Aneta Mijoska**, Daniela Cvetanovska-Stojceva, 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April 2015, PP451: 371. | 1,8 |
| 13 | INTRAORAL REPAIRMENT OF ALL-CERAMIC ZIRCONIA RESTORATIONS. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapusevska, Vesna Jurukovska, Natasha Stavreva , 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April 2015, PP421 : 364. | 1,8 |
| 14 | BIO AESTHETIC RECONSTRUCTION OF ABRADED TEETH USING METAL FREE AND METAL CERAMIC RESTORATION. Natasa Stavreva, Ljuben Guguvcheski, Biljana Kapushevka, **Aneta Mijoska**, Vesna Ambarkova, 20th BaSS congress, Bucharest 23-26 April 2015, PP347: 346. | 1,8 |
| 15 | ТЕРАПИСКИ ПРИСТАП НА ПАЦИЕНТ СО ТРИЗМУС – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. Билјана Капушевска, Никола Деребан, **Анета Мијоска**, Билјана Ѓорѓиева, Кристијан Шуков, 7 Меѓународен конгрес на МСД, 11-14 јуни, Охрид 2015. | 1,8 |
| 16 | ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF ZIRCONIA-BASED CROWNS. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapushevska, Mirjana Popovska, Vesna Jurukovska, Kristina Mitik, Natasha Stavreva, VII Macedonian Dental Congress with International Participation, Ohrid 11-14 June, 2015 Стоматолошката наука во секојдневната практика (постер). | 1,8 |
| 17 | USE OF LINERS FOR ZIRCONIA BONDING. **Aneta Mijoska**, Biljana Kapushevska, Vesna Jurukovska, Kristina Mitik, VII Macedonian Dental Congress with International Participation Ohrid 11-14 June, 2015. | 1,8 |
| 18 | IMPACT OF THE DIAMETER OF ZIRCONIUM OXIDE POSTS SYSTEM IN THREE POINT BENDING TEST. V. Jurukovska-Shotarovska,B. Kapushevska, B Naumovski, **A. Mijoska**, B Evrosimovska,D. Cvetanovska Stojceva, S Jovanovski, VII Macedonian Dental Congress with International Participation Ohrid 11-14 June, 2015. | 1,8 |
| 19 | ORAL STATUS AT CELIAC DISEASE PATIENTS. Kristina Mitić, Mirjana Popovska, Biljana Kapuševska, **Aneta Mijovska**, VII Macedonian Dental Congress with International Participation Ohrid 11-14 June, 2015. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | ORAL SURGERY TREATMENT IN THE PATIENTS WITH COMBINATION SYNDROME. Korunoska-Stevkovska V., Zlatanovska K., Gigovski N., Menceva Ž., Nikolovska J., Bajraktarova-Valjakova E.[1], **Mijoska A.,** "International Symposium at Faculty of Medical Science" Vol 1, No 1 (2015), Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, November 24, 2015 – Stip. | 1,8 |
| 21 | ALVEOLAR SOCKET PRESERVATION AND SHAPING USING TEMPORARYPROSTHETICCONSTRUCTION–CASE PRESENTATION. Gigovski N., Radeska-Panovska A., Korunoska Stevkovska V., Bajraktarova Valjakova E., **Mijoska A,** Gigovska A.· "International Symposium at Faculty of Medical Science" Vol 1, No 1 (2015), Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, November 24, 2015 – Stip. | 1,8 |
| 22 | IMPLANT-PROSTHETIC THERAPY FAILURE IN SMOKER AND NONSMOKER PATIENTS**.** **Mijoska A,** Popovska M, B. Kapusevska, Gigovski N, Stevkoska-Korunovska V, Bajraktarova E, Zlatanovska K "International Symposium at Faculty of Medical Science" Vol 1, No 1 (2015), Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, November 24, 2015 – Stip. | 1,8 |
| 23 | ECTODERMAL DISPLASIA, A CASE REPORT: A CHALLLENGE FOR PROSTHODONTIC SOLUTION. E. Bajraktarova-Valjakova, Jagoda Bajevska, Vesna Korunoska-Stevkovska, Biljana Kapusevska, Nikola Gigovski, **Aneta Mijoska**, Katerina Zlatanovska, Cvetanka Bajrakatova-Misevka."International Symposium at Faculty of Medical Science" Vol 1, No 1 (2015), Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, November 24, 2015 – Stip. | 1,8 |
| | Вкупно | **43,2** |
| **Учество на меѓународен научен собир со реферат/усна презентација (*2)** | | |
| | DENTAL ALLOYS–CHOICE MATERIALS IN THE DENTAL PROSTHODONTICS. Biljana Kapusevska, **Aneta Mijoska**, Nikola Dereban, Mirjana Popovska, Vesna Jurukovska-Sotarovska<br><br>19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia, Lecture OP75: 60, Belgrade, Sava Centar, Билтен 1075, 15.04.2014 | 2,0 |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (*3)** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Површински третмани за циркониум оксидната керамика - поканет предавач.** “ОРАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА-СОВРЕМЕН ПРОТЕТИЧКИ ПРИСТАП”, Симпозиум со меѓународно учество, Здружение на специјалисти по стоматолошка протетика, Скопје, 17.10.2015. | 3,0 |
| | | **5,0** |
| **Учество на научен/стручен собир со реферат-постер (*0,5)** | | |
| | 1. Симпозиум на Здружение на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија и МСД. Естетско функционална рехабилитација кај различни видови беззабост, Охрид, 3-4 јуни 2011.<br>2. 6. КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО-ОХРИД Базично-клинички аспекти во современата стоматологија, 24-27 мај 2012.<br>3. 3. Сеалбански конгрес на стоматологијата со меѓународно учество<br>„Стоматологијата во XXI век“ 11 – 13. 10.2013 Скопје.<br>4. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 April, 2013.<br>5. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society – BaSS April 24-27, 2014 Serbia.<br>6. 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April 2015 x 2.<br>7. VII Macedonian Dental Congress with International Participation Ohrid 11-14 June 2015 x2.<br>8. "International Symposium at Faculty of Medical Science" Vol 1, No 1 (2015), Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, November 24, 2015, Stip. | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 |
| | Вкупно | **4,0** |
| **Печатени трудови објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (*6):** | | |
| 1 | **TECHNOLOGY AND THE USE OF ACRILYCS FOR PROVISIONAL DENTINE PROTECTION.** Biljana Kapusevska, Nikola Dereban, Mirjana Popovska, Julijana Nikolovska, Vera Radojkova-Nikolovska, Efka Zabokova Bilbilova, **Aneta Mijoska**.Contributions, Section of medical sciences , XXXIV 3, 2013 pp: 113-120, Билтен бр. 1075, 15.4.2014. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **USE OF BRUXCHEKERS SPLINTS WITH DIFFERENT TYPE OF BRUXISM.** Biljana Kapusevska, Nikola Dereban, Aneta Stojanovska, **Aneta Mijoska**, Acta Stomatologica Naissi 2014, Vol. 30 (69): 1325-1331. | 3,6+if 0,103= 3,703 |
| 3 | **EVALUATION OF ZIRCONIA BONDING TO VENEERING PORCELAIN. Aneta Mijoska,** Mirjana Popovska, Macedonian Pharmaceutical bulletin, 60 (2): 51-56, (2014), ISSN 1409 – 8695, UDC: 616.314.17-084. | 5,4 |
| 4 | **NON-VITAL TEETH–A CHALLENGE FOR PROSTHODONTIC MANAGEMENT.** Biljana Kapusevska, Nikola Dereban, **Aneta Mijoska**, Marjan Petkov, Borjan Naumovski, Marija Andonovska, Kristijan Shukov, Malaya Journal of Biosciences 2014, 1(3):167-172 ISSN 2348-6236 print /2348-3075 online. | 3,6 |
| 5 | **EVALUATION OF DIFFERENT IN VITRO TESTING METHODS FOR MECHANICAL PROPERTIES OF VENEER CERAMICS. Aneta Mijoska**, Mirjana Popovska. ПРИЛОЗИ, Одд. мед. науки, XXXVI 1, 2015, МАНУ (CONTRIBUTIONS) ISSN 1857-9345UDC: 616.314-77. | 5,4 |
| 6 | **BIAXIAL FLEXURE STRENGTH TEST FOR EVALUATING ZIRCONIA VENEERING CERAMICS. Aneta Mijoska**, Mirjana Popovska, Biljana Kapusevska, Physioacta, Journal of Macedonian association of physiologist and anthropologist UDK, 2015; 9(2), pp: 1-9. | 3,6 |
| 7 | **THE ROLE OF LINERS IN BONDING ZIRCONIA TO VENEERING PORCELAIN. Aneta Mijoska**, Mirjana Popovska, Biljana Kapusevska, Emilija Bajraktarova, International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064 Index Copernicus Value (2013): 6.14. Impact Factor (2014): 5.611, Volume 4, Issue 11, November 2015, pp: 1873-1877. | 3,6+If 5,6=9,21 |
| 8 | **ETIOPATHOGENETIC CELLULAR MECHANISMS IN ORAL LICHEN PLANUS.** Popovska M, Radojkova -Nikolovska V., Minovska A., Muratovska , **Mijoska A.,** International Journal of Science and Research (IJSR) ISSN (Online): 2319-7064, Index Copernicus Value (2013): 6.14. Impact Factor (2014): 5.611, Volume 4 Issue 11, November 2015, pp:1985-1989 | 3,6+ If 5,611=9,21 |
| 9 | **FLEXURE STRENGTH OF ZIRCONIA VENEERING CERAMICS. Aneta Mijoska**, Emilija Bajraktarova-Valjakova, Vesna Stevkovska - Korunovska, Nikola Gigovski, Biljana Kapusevska, Jagoda Bajevska. IOSR Journal of Dental and Medical Science (IOSR-JDMS) ISSN: 2279-0853; Col 15, Issue I, Ver. VI (Jan 2016), pp: 85-88. | 3,6 +if 1,486 5,086 |
| 10 | **SURFACE TREATMENTS OF ZIRCONIUM DIOXIDE CERAMIC FOR ACHIEVING BETTER ADHESION WITH VENEERING PORECELAIN AND CEMENTS. Aneta Mijoska*,** Jagoda Bajevska, | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ljuben Guguvcevski, Biljana Kapusevska, Nikola Gigovski, Vesna Korunovska, Jana Bajevska. MACEDONIAN DENTAL REVIEW/Year XXXVIII, број 3-4, 2015 ISSN 0350-8129/UDK 616-31 pp: 20-40. | |
| | **Вкупно** | **52,409** |
| | **Вкупно** | **112,409** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Учесник во главен (основен) научен проект (*3)** | | поени |
|---|---|---|
| | -соработник<br><br>АНАЛИЗА И ЕВАЛУАЦИЈА НА СОСТОЈБАТА НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ИНТЕРВЕНЦИИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ ОД ЈЗУ УСКЦ СВ.ПАНТЕЛЕЈМОН – СКОПЈЕ ВО ПЕРИОД 2012-2014 ГОДИНА | 2 |
| | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството, 2010 год**, стоматолошка протетика, Стоматолошки факултет, Скопје. | 2 |
| | **Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството/раководител (*2)**<br>Мијоска Анета. Стоматолошки факултет, УКИМ, Скопје<br>**Докторска дисертација:**<br>„Евалуација на врската помеѓу цирконијата и порцеланските маси за фасетирање" (рецензирана во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр. 1103, Скопје, 1.7.2015, стр.99-104). | 2 |
| | **Студиски престои во странство до 3 месеци**:<br><br>од 1.- 30.12.1997<br><br>Минхен, Универзитет Лудвиг Максимилијан, Медицински факултет, Оддел за протетика | 0,5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (*0,5)**<br><br>-соработник<br><br>ПОСТОПЕРАТИВНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ ОПЕРИРАНИ ОД ТУМОРИ СО ПОМОШ НА ОПТУРАТОР ПРОТЕЗИ И ЕПИТЕЗИ, ГЛАВЕН ИСТРАЖУВАЧ, проф. д-р Алберто Бенедети<br><br>-соработник<br><br>АНАЛИЗА И ЕВАЛУАЦИЈА НА СОСТОЈБАТА НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ИНТЕРВЕНЦИИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ ОД ЈЗУ УСКЦ СВ.ПАНТЕЛЕЈМОН – СКОПЈЕ ВО ПЕРИОД 2011-2014 ГОДИНА, проф. д-р Билјана Капушевска | 0,5<br><br>0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (*0,5)**<br>Ден на наука на УКИМ – 2010<br>Денови на образование на УКИМ, Скопје- 2009,2010,2011,2012. | 2,5 |
| | **Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството (*4)** | |
| | Површински третмани на циркониум оксидната керамика со механичка алтерација за подобрување на атхезијата со порцеланските маси. | 4,0 |
| | Површински третмани на циркониум оксидна керамика со апликација на хемиски средства (лајнери и прајмери) за подобрување на атхезијата со порцеланските маси. | 4,0 |
| | Вкупно | **18,0** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| | **Награда за научни постигнувања од струковата организација/самостоен**<br>Благодарница за придонес во работата и развојот на Факултетот (50-годишнина на Стоматолошкиот факултет во Скопје), Скопје, 2009 год. | 3,0 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>1. Член на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ)<br>2. Член на Македонското стоматолошко друштво (МСД)<br>3. Член на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ)<br>4.Потпретседател на Надзорна комисија на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ)<br>5. Член на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS) | 1x5<br>5,0 |
| | Вкупно | **8,0** |

| | |
|---|---|
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |

| | | |
|---|---|---|
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **112,409** |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **18,0** |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **8,0** |
| | **Вкупно** | **138,409** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Јагода Бајевска с.р.**
2. **Проф. д-р Никола Гиговски с.р.**
3. **Проф. д-р Билјана Капушевска с.р.**
4. **Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска с.р**
5. **Проф. д-р Гордана Ковачевска с.р.**

## 2. Ас. д-р Наташа Ставрева

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Наташа (Павлоска) Ставрева е родена на 24.3.1977 година во Скопје. Средно образование завршила во Оклахома-САД во 1994 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ во 2001 година. Дипломирала во 2001 година, со просечен успех 8,00.

Кандидатката активно се служи со англискиот, а пасивно со германскиот јазик.

Во учебната 2009 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2012 година, со просечен успех 9,88. Во 2012 година го одбранила магистерскиот труд на тема: "Квалитет на живот на лица со вградени орално-протетски помагала на возраст над 65 години во Република Македонија".

Докторска дисертација пријавила на 13.12.2013 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: "Процена на механичката отпорност на безметалните коронки во однос на видот на препарација на забот во корелација со Ferrule effect" ја одбранила на 26.06.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Јадранка Бундевска, проф. д-р Љубен Гугувчевски, проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска, проф. д-р Гордана Ковачевска и проф. д-р Билјана Капушевска.

Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошка протетика.

Кандидатката е во редовен работен однос во ЈЗУ Стоматолошки клинички центар "Св. Пантелејмон" Скопје од 2007 година, а претходно подолг период била вработена со договор на дело.

Во 2010 година засновала двоен работен однос на Стоматолошкиот факултет Скопје при УКИМ и ЈЗУ Стоматолошки клинички центар "Св. Пантелејмон" – Скопје.

На 14.10.2009 година е избрана во звањето помлад асистент на Стоматолошкиот факултет Скопје при УКИМ во областа стоматолошка протетика.

Во моментот е помлад асистент.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 969 од 2009 година, 1071 од 2014, 1111 од 2015 како и вкупните научни,

стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 7. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет-Скопје, кандидатката ас. д-р Наташа Ставрева изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма доктори на стоматологија, на студиската програма доктори по дентална медицина, Високата школа за забни техничари и Високата школа за стоматолошки сестри.

Кандидатката била ментор на повеќе студентски теми презентирани на конгреси во земјава и на голем број стажанти кои го реализираа задолжителниот стаж.

### Научноистражувачка дејност

Ас. д-р Наташа Ставрева има објавено вкупно 32 научни труда од соодветната област, од кои 4 научни труда во меѓународни научни списанија, 1 научен труд во меѓународно списание со импакт фактор и 27 труда во меѓународни научни публикации и трудови во зборници од научни собири.

Ас. д-р Наташа Ставрева учествувала како член во еден домашен научен проект.

За тековниот конкурс за избор во научен работник приложува 32 труда кои се цитирани во Анекс 2. За рецензија ги приложува следниве трудови:

1. **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Kapushevska B. Effect of shoulder and chamfer marginal design on fracture resistance of zirconia crowns. An in vitro study. Physioacta; 2014 Vol 8 no 2.
   Еден од главните проблеми на целосно керамичките изработки е нивната веројатна фрактура под дејство на оклузалните сили во постериорната регија. Целта на оваа ин витро-студија била да се спореди ефектот на два типа на препарација (со правоаголна и олуковидна стапалка) врз фрактурната отпорност на циркониумските изработки (циркониумски капици со дебелина од 0.6 mm изработени на абатменти од нерѓосувачки челик, кои по цементирањето со глас-јономер цемент биле оптоварени до фрактура со користење на универзална тестирачка машина). Врз основа на статистичката обработка на добиените резултати од средните сили на лом и двата типа на препарација нуделе висока фрактурна резистентност, која била повисока од физиолошката мастикаторна сила во бочната регија. Може да се користат двете препарации, но бидејќи фрактурната резистентност кај олуковидната препарација била статистички сигнификантно повисока, овој тип на препарација се препорачува кај циркониумски изработки од механички и периодонтален аспект. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

2. **Stavreva N**, Guguvchevski Lj. Zirconia in dentistry. A literature review. Medicus; 2014 Vol 19(3): 507-513.
   Воведувањето на иновативни целосно керамички материјали во секојдневната практика ги поттикнало авторите за истражувања во полето на целосно керамичките изработки. Поточно, керамиките со висока цврстина и соодветните CAD/CAMтехники ја зголемуваат клиничката индикација за безметални изработки, покажувајќи подобри механички карактеристики споредено со првичните керамички материјали. Цирконијата во комбинација со CAD/CAM-техниките е од неодамна воведена во стоматолошката протетика за изработка на коронки и мостови. Целта на оваа студија

била преглед на некои аспекти на циркониумските дентални изработки со фокус на поновите научни истражувања. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

3. **Stavreva N**. Influence of the sex and age on oral health and quality of life at geriatric population in Republic of Macedonia. Physioacta; 2015 Vol 9-2.
Во овој труд, истражувањето било спроведено на 170 пациенти, со присутни тотални и парцијални протези, згрижени во геријатрискиот центар „13-ти Ноември" - Скопје и 165 пациенти, исто така со присутни тотални и парцијални протези од специјалистичките протетски ординации, кај кои било испитувано влијанието на полот и возраста врз присуството на тотални и парцијални протези, а оттаму и врз квалитетот на живот. Од добиените резултати се покажало дека влијанието на полот е сигнификантно, додека несигнификатно е влијанието на возраста на пациентите врз присуството на протетските помагала (тоталните и парцијалните протези), како и врз оралното здравје и квалитетот на живот. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

4. Zafirova Ivanovska B, **Stavreva N**. Relation among oral health, quality of life and comorbidity at geriatric population in Republic of Macedonia. Physiocta; 2015 Vol 9-2
Во овој труд, биле испитувани пациенти над 65 години со тотални и парцијални протези, хоспитализирани во Геронтолошкиот завод „13-ти Ноември" – Скопје, а како контролна група биле земени пациенти од протетските специјалистички ординации на иста возраст. И кај едната и кај другата група било испитувано влијанието на протетските помагала (тотални и парцијални протези) и присуството на придружните коморбидитетни состојби, т.е корелацијата меѓу оралното здравје кај пациентите со вградени орално протетски помагала – протези и присуството на придружните хронични болести, а оттаму и нивниот квалитет на живот. Резултатите покажале дека присуството на тоталните и парцијалните протези кај овие пациенти имало високо сигнификантно влијание на присуство на коморбидитетни состојби, а со тоа и сигнификантно влијание врз квалитетот на живот. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

5. **Stavreva N,** Guguvchevski Lj, Kapusevska B. Influence of the age and comorbidity on oral health and quality of life at geriatric population with total and partial dentures in Republic of Macedonia. Journal of Advances in Biology; 2016 Vol 9, No.1: 1750-1755 (IF=0,632).
Во овој труд, истражувањето било спроведено на 165 пациенти згрижени во геријатрискиот центар „13-ти Ноември" - Скопје и 170 пациенти од специјалистичките протетски ординации, сите со вградени тотални и парцијални протези, кај кои резултатите добиени покажале дека најчести хронични заболувања кај овие испитаници се: срцевите болести, дијабетесот, бубрежните заболувања и хипертензијата, кои се во директна поврзаност со возраста на пациентите, имаат високо сигнификатно влијание на оралното здравје и квалитетот на живот кај геријатриската популација во Македонија. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

6. Ѓурчески Ј, Матовска К, Поп Ацев С, Стојаноска М, **Ставрева Н**. Периодонтална анестезија-заборавена опција, или метода за секојдневна употреба. VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 103.
Целта на овој труд била споредба на успешноста и субјективното чувство кај пациенти кај кои биле користени два различни начини на апликација на анестезија (спроводна и плексус од една страна и периодонтална анестезија од друга страна).

Периодонталната анестезија била покажана како успешен метод за апликација на локалниот анестетик, преку поголема удобност кај пациентите, па е препорачана метода во секојдневната клиничка практика. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

7. **Ставрева Н.** Мијоска А. Петрески Д. Фиљанска И. Јуруковска В. Бафтијари Ф. Ѓурчески Ј. Torus Mandibularis-протетско решение (приказ на случај). VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 139.
Torus mandibularis кај пациентите претставува сериозен проблем при директно конзервативно решавање на парцијалната беззабост во долната вилица. Целта на овој труд била да се прикаже можност за постигнување на успешно протетско решение без претходна хируршка интервенција кај 48-годишна пациентка со парцијална беззабост во долна вилица, каде што е индицирана изработка на визил-скелетирана парцијална протеза. Со максимална искористеност на постојните услови, изработена била долна визил-скелетирана парцијална протеза која имала добра ретенција и стабилизација и покрај присуството на двата симетрични torus mandibularis, на задоволство и на лекарот и на пациентот. Трудот има стручно и апликативно значење.

8. Капушевска Б, Деребан Н, Митиќ К, Петровски Д, Бафтијари Ф, **Ставрева Н**, Јуруковска В. Изработка и терапија со меки оклузални вметнувачи (шини) во секојдневната стоматолошка практика. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015.
Прикажана била изработка, терапија и резултати од меки вметнувачи со индикации за превенција на забните површини од атриција. Кај 100% од пациентите, степенот на атриција бил еднаков во испитуваните периоди после 1, 3 и 6 месеци. Со тоа била потврдена превентивната улога на меките вметнувачи, при што не влијаеле на ТМЗ дури и на патолошки притисок врз зглобниот диск, ниту на релаксација на мастикаторната мускулатура. Кај сите пациенти каде што се појавиле први знаци на атриција, потребна била изработка на меки оклузални вметнувачи (шини) за превенција на прогредирачкиот процес. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

9. **Ставрева Н**, Капушевска Б, Тантуровски Ф. Циркуларни мостови-естетско и функционално решение-приказ на случај. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015.
Кај 55-годишна пациентка со абразија на забите и на двете вилици потребно било да се врати естетиката, функцијата и говорот. По извршениот конзервативен третман на одделни заби биле изработени циркуларни мостови во горната и долната вилица, со што се подигнал загризот, се вратила нормалната функција на стоматогнатиот систем, а била постигната и извонредна естетска корекција. Трудот има стручно и апликативно значење.

10. Арсовски З, Марковска Арсовска М, Симјановска Љ, **Ставрева Н**, Симјановска С. Превентивни мерки кај пациенти со зголемен ризик за појава на алвеолит. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015.
Целта на овој труд била да се претстават превентивните мерки после екстракција на заб кај пациенти со поголема инциденца за појава на алвеолит (пушачи, пациенти со примена на контрацептивна терапија, пациенти кадешто била извршена трауматска екстракција и сл.). Користењето на анестетик без вазоконстриктор не го намалувал ризикот за појава на алвеолит. Пациентите кадешто не била користена голема траума

при екстракција имале помала инциденца за појава на алвеолит. Апликација на медикамент веднаш по извршената екстракција го намалувала ризикот за појава на алвеолит. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

11. Симјановски С, **Ставрева Н**, Симјановска Љ, Тошевска Спасова Н, Ципунова Б. Користење на ласер во отстранување на фиброми настанати како резултат на иритативни фактори. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015.
Целта на овој труд била презентирање на ласерот со сите негови својства, како еден сосема нов и многу пософистициран начин за отстранување на фиброматозните промени кои се локализирани на букалната слузница. Посттерапискиот третман со ласер кај сите пациенти дал одлични резултати во однос на крварење, отоци, болка и црвенило, и обезбедил одлична хемостаза. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

12. Dastevski B, Dimitrovski O, Spirov V, **Stavreva N**. Digital dentistry: comparison of 3D scanners. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: 1/132.
Споредувани биле прецизноста, брзината, компатибилноста, флексибилноста, софтверот, цената и корисничката поддршка на 3Д-скенерите кои се достапни на пазарот, како вовед во нова ера - дигитална стоматологија. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

13. Kapusevska B, **Stavreva N**, Mijovska A. Electric gnathodynamometric measurements on teeth with clinically manifested stage of periodontitis. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: ½
Целта на овој труд била да се прикажат мастикаторните сили на заби кои се со фиксни протетски изработки, каде што била дијагностицирана клинички манифестна фаза на периодонтитис. Електрогнатодинамометриските мерења покажале дека по 24 часа од дефинитивното цементирање биле добиени најмалите вредности, додека по 6 месеци постоела тенденција на растење, а по 18 месеци можел да се забележи пикот на нивната ефикасност. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

14. **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Kapushevska B, Dashtevski B, Mijoska A. Complete and partial dentures, determinants of quality of life of adult population in RM. 18 Congress of the Balkan Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: 1/23.
Целта на овој труд била да се утврди присуството на целосни и парцијални протези кај геријатриската популација во РМ како детерминанти за квалитетот на живот. Резултатите од истражувањето покажале дека институционално згрижените геријатриски пациенти имале незадоволително ниво на орално здравје, со значителни разлики во физичката и психо-социјалната димензија од квалитетот на живот. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

15. Kapusevska B, Dereban N, Popovska M, **Stavreva N**, Petkov M. Failures in planning of prosthetic constructions. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade-Serbia; Balkan Stomatological Society. 2014: 79.
Целта на овој труд била да се одредат најчестите грешки во планирањето на протетички конструкции. Покрај квалитетот на материјалите и техничката изработка, најголема одговорност за грешки во протетичката рехабилитација се јавувала кај лекарите. Заклучена е потреба од добро планирање за навремен третман и професионална изработка. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

16. **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Popovska M, Kapushevska B, Mijoska A. Modified prosthetic approach for lingual torus mandibularis-case report. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade; Balkan Stomatological Society. 2014: 116.
Целта на овој труд била да се покаже можноста за обезбедување на успешно модифицирано протетско решение без претходен оперативен третман кај пациент со лингвален torus mandibularis. Користејќи ја таквата состојба, успешно дизајнирана визил-скелетирана парцијална протеза обезбедила успешна функционална и естетска хармонија без оперативен зафат на присутниот torus mandibularis, на задоволство и на пациентот и на лекарот. Трудот има стручно и апликативно значење.

17. **Stavreva N**, Kapushevska B, Mijoska A. Presence of complete and partial dentures, quality of life at geriatric population in Macedonia. 19 Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade-Serbia; Balkan Stomatological Society. 2014: 341.
Во овој труд била испитувана застапеноста на тоталните и парцијалните протези кај геријатриската популација во РМ и нивното влијание врз квалитетот на живот. Најчесто присутни биле горна и долна тотална протеза, со незадоволнително ниво на орално здравје и квалитет на живот кај испитаниците. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

18. Kapushevska B, Bundevska J, Kovacevska G, Andonovska M, **Stavreva N**. Comparing the efficiency of using crowns with temporary or permanent cementing. FDI Annual World Dental Congress. New Delhi-India, 2014.
Во овој труд била споредувана ефикасноста на користењето на коронки кои биле привремено и коронки кои биле дефинитивно цементирани, преку мерење на силите на мастикација со помош на електронски гнатодинамометар. 100% од испитаниците потврдиле дека ефикасноста на дефинитивно цементираните коронки била многу подобра. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

19. Kapusevska B, Shukov K, Popovska M, Andonovska M, **Stavreva N**. The correlation between gingival inflammation and charters' tooth brushing technique on patients with fixed prosthodontics. 20th Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 12.
Целта на овој труд било испитување врз 30 пациенти со фиксни протези за одредување на врската меѓу воспалението на гингивата и техниката на четкање на забите на Charter. Користењето на соодветна техника на четкање на забите према Charter доведувала до значајно подобрување на периодонталното здравје, подобрувајќи го индексот во групата за 55.8%, што довело до заклучок дека оваа е најдобрата техника на четкање на заби за пациенти со фиксни протези. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

20. **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Kapushevska B, Mijoska A, Ambarkova V. Bio aesthetic reconstruction of abraded teeth using metal free and metal ceramic restorations. 20 Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 347.
Протетска реставрација била користена кај 50-годишен пациент со голема абразија на забите и загуба на вертикална димензија. Третманот бил комбинација на метал-керамички изработки во латералните сегменти и безметална циркониум керамика во фронталната регија. Со третманот биле обезбедени функција, естетика и одлични клинички резултати. Трудот има стручно и апликативно значење.

21. **Stavreva N**, Simjanovska Lj, Markovska Arsovska M. Oral health quality of life of geriatric population in RM. 20 Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 355.

Во овој труд биле испитувани оралното здравје и квалитетот на живот кај геријатриската- популација во РМ со најчесто горни и долни тотални протези преку висината на GOHAIскорот. Институционално згрижените пациенти имале значително послабо орално здравје и квалитет на живот за разлика од пациентите од специјалистичките протетски стоматолошки ординации. Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Ас. д-р Наташа Ставрева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за стоматолошка протетика, каде што ја остварила и специјализацијата од истата област.

Кандидатката активно е вклучена во работата на семинари, обуки, едукативни курсеви и тоа:

- учесник на постедукативен курс од областа протетика-оклузија, Македонско стоматолошко друштво, Скопје, 2005;
- учесник на курс на тема: „Брза и естетска реставрација со производите на Dentsply“, Стоматолошки факултет - Скопје, Скопје, 2007;
- учесник на курс на тема: “Терапевтско планирање и избор на атечмени“ Стоматолошки факултет - Скопје, Скопје, 2009;
- учесник на едукативен курс/работилница на тема: „Естетска препарација (со стапалка)”, Македонско стоматолошко друштво, Охрид, 2012.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во траење од еден месец во Школата за јавноздравствен менаџмент за ефикасност во стоматологијата под менторство на проф. Бернд Баумгартл.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на Стоматолошката комора на РМ како член на Комисијата за бранители со мандат 2014-2018 година, член на Македонското стоматолошко друштво, Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика, како и на Македонското стоматолошко друштво.

Кандидатката поседува државна награда од Владата на РМ за избор во 80 најдобри доктори во РМ за месец март 2013 година, како и Благодарници од 2004 и 2005 година од Македонското лекарско друштво за придонес и заслуги во полето на здравството и стоматологијата.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Наташа Ставрева, во учебните 2013/2014 и 2014/2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

***Анекс 2***

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**

Наташа Илија Ставрева
**Институција:**
Стоматолошки факултет - Скопје
**Научна област:**
стоматолошка протетика

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (*6)** | |
| | **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Kapushevska B. Effect of shoulder and chamfer marginal design on fracture resistance of zirconia crowns. An in vitro study. Physioacta; 2014 Vol 8, no 2. | 4,8 |
| | **Stavreva N**, Guguvchevski Lj. Zirconia in dentistry. A literature review. Medicus; 2014 Vol 19(3): 507-513. | 5,4 |
| | **Stavreva N**. Influence of the sex and age on oral health and quality of life at geriatric population in Republic of Macedonia. Physioacta; 2015 Vol 9-2. | 6,0 |
| | Zafirova Ivanovska B, **Stavreva N**. Relation among oral health, quality of life and comorbidity at geriatric population in Republic of Macedonia. Physiocta; 2015 Vol 9-2. | 5,4 |
| | **Stavreva N,** Guguvchevski Lj, Kapusevska B. Influence of the age and comorbidity on oral health and quality of life at geriatric population with total and partial dentures in Republic of Macedonia. Journal of Advances in Biology; 2016 Vol 9 No. 1: 1750-1755 (IF=0,632). | 4,8 +0,632= 5,432 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (*2)** | |
| | Ѓурчески Ј, Матовска К, Поп Ацев С, Стојаноска М, **Ставрева Н**. Периодонтална анестезија-заборавена опција, или метода за секојдневна употреба. VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 103. | 1,2 |
| | **Ставрева Н**, Мијоска А, Петрески Д, Фиљанска И, Јуруковска В, Бафтијари Ф, Ѓурчески Ј. Torus Mandibularis-Протетско решение (приказ на случај). VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 139 | 1,2 |
| | Мијоска А, Петровски Д, **Ставрева Н**, Јуруковска В, Наумовски Б. Имплантско-протетска терапија при недостаток на фронтален заб во максила (приказ на случаи). VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 143 | 1,2 |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Мијоска А, **Ставрева Н**. CAD-CAM Титаниум-керамички коронки соодветна замена за класичната металкерамика (приказ на случај). VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 144 | 1,8 |
| | Јуруковкса-Шотароска В, Јовановски С, Сотировиќ М, Шотаровски С, Мијоска А, **Ставрева Н**. Фиберколчињата во естетскореставративната стоматологија. VI конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2012, 145 | 1,2 |
| | Капушевска Б, Дерабан Н, Митиќ К, Петровски Д, Бафтијари Ф, **Ставрева Н**, Јуруковска В. Изработка и терапија со меки оклузални вметнувачи (шини) во секојдневната стоматолошка практика. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015 | 1,2 |
| | **Ставрева Н**, Капушевска Б, Тантуровски Ф. Циркуларни мостови-естетско и функционално решение-приказ на случај. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015. | 1,6 |
| | Мијоска А, Капушевска Б, Поповска М, Јуруковска В, Митиќ К, **Ставрева Н**. Предности и недостатоци на коронки од циркониум керамика. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015 | 1,2 |
| | Арсовски З, Марковска Арсовска М, Симјановска Љ, **Ставрева Н**, Симјановски С. Превентивни мерки кај пациенти со зголемен ризик за појава на алвеолит. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015. | 1,2 |
| | Симјановски С, **Ставрева Н**, Симјановска С, Тошевска Спасова Н, Џипунова Б. Користење на ласер во отстранување на фиброми настанати како резултат на иритативни фактори. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015. | 1,2 |
| | Амбаркова В, Јанкуловска М, Кочубовски М, Мемети Ш, Тошевска С, **Ставрева Н**. Корелација помеѓу КЕП индексот на 12-годишните деца и концентрацијата на флуорот во водата за пиење од источниот регион. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Зборник на апстракти); Охрид: 2015. | 1,2 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (*3)** | |
| | Dastevski B, Dimitrovski O, Spirov V, **Stavreva N**. Digital dentistry: comparison of 3D scanners. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: 1/132 | 1,8 |
| | Kapusevska B, **Stavreva N**, Mijovska A. eElectric gnathodynamometric measurements on teeth with clinically manifested stage of periodontitis. 18th Congress of the Balkan | 2,4 |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: 1/2 | |
| | Mijoska A, Kapusevska B, **Stavreva N**, Jurukovska V. Smoking as risk factor for implant-prosthetic therapy failure. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: 2/11 | 1,8 |
| | **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Kapushevska B, Dashtevski B, Mijoska A. Complete and partial dentures, determinants of quality of life of adult population in RM. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society. Skopje; Balkan Stomatological Society. 2013: 1/23 | 1,8 |
| | Kapuseska B, Dereban N, Popovska M, **Stavreva N**, Petkov M. Failures in planning of prosthetic constructions. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade-Serbia; Balkan Stomatological Society. 2014: 79 | 1,8 |
| | Mijoska A, Kapushevska B, **Stavreva N**. T Scan III computerized digital occlusal analysis of prosthetic devices. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade-Serbia; Balkan Stomatological Society. 2014: 100 | 2,4 |
| | **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Popovska M, Kapushevska B, Mijoska A. Modified prosthetic approach for lingual torus mandibularis-case report. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade; Balkan Stomatological Society. 2014: 116 | 1,8 |
| | **Stavreva N**, Kapushevska B, Mijoska A. Presence of complete and partial dentures, quality of life at geriatric population in Macedonia. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society. Belgrade-Serbia; Balkan Stomatological Society. 2014: 341 | 2,4 |
| | Kapushevska B, Bundevska J, Kovacevska G, Andonovska M, **Stavreva N**. Comparing the efficiency of using crowns with temporary or permanent cementing. 102th FDI Annual World Dental Congress. New Delhi-India, 2014. International Dental Journal, Vol. 65 (Supplement S1) **(IF=1,259)** | 1,8 +1,259= 3,059 |
| | Kapusevska B, Shukov K, Popovska M, Andonovska M, **Stavreva N**. The correlation between gingival inflammation and charters' tooth brushing technique on patients with fixed prosthodontics. 20th Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 12 | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Ambarkova V, Muratovska I, **Stavreva N**, Gorgieva B, Maneva M. Caries wxperience fo 12-years old children in the eastern region of the Republic of Macedonia. 20th Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 190 | 1,8 |
| | **Stavreva N**, Guguvchevski Lj, Kapushevska B, Mijoska A, Ambarkova V. Bio aesthetic reconstruction of abraded teeth using metal free and metal ceramic restorations. 20th Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 347 | 1,8 |
| | **Stavreva N**, Simjanovska Lj, Markovska Arsovska M. Oral health quality of life of geriatric population in RM. 20th Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 355 | 2,4 |
| | Mijoska A, Kapusevska B, Jurukovska V, **Stavreva N**. Intraoral repairment of all-ceramic zirconia restorations. 20th Congress of the Balkan Stomatological Society. Bucharest-Romania; Balkan Stomatological Society. 2015: 421 | 1,8 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на апстракти од научен/стручен собир со меѓународно учество (*1)** | |
| | **Ставрева Н**. Естетско-козметичка реконструкција со титаниум при недостаток на максиларни латерални инцизиви-приказ на случај. Симпозиум на ЗДССПМ на тема „Естетско функционална рехабилитација кај различни видови беззабност“. Охрид, 2011 | 1,0 |
| | Бафтијари Ф, **Ставрева Н**, Јуруковска В. Имлантно протетска естетска рехабилитација-приказ на случај. Симпозиум на ЗДССПМ на тема „Естетско функционална рехабилитација кај различни видови беззабност“. Охрид, 2011 | 1,0 |
| **5.** | **Предавања на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации (*1)** | |
| | **Н.Ставрева**. Фудбалот како ризик фактор по орално-фацијалното здравје. Меѓународен научен семинар за спортски лекари, 25-26.02.2008, Скопје – усна презентација | 1,0 |
| | **Н. Ставрева**. Здравото и санирано забало - голем придонес за успешен фудбал. Меѓународен семинар за фудбалски судии, Скопје, 2009. | 1,0 |
| | **Н. Ставрева**. Влијанието на оралното здравје врз интензитетот на тренинзите. Поканет предавач за стручно предавање на | 1,0 |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | меѓународен стручен семинар за спортски лекари и кондициони тренери. Скопје, 2010 | |
| | **Н. Ставрева**. Оралното здравје и спортските успеси на младинските екипи. Меѓународен семинар на ФИФА за тренери на младински екипи (до 17 години) од земјите на Југоисточна Европа. Велес, 2011 | 1,0 |
| | **Н. Ставрева**. Влијанието на оралното здравје врз физичката подготвеност на фудбалските судии. Меѓународен семинар за меѓународни фудбалски судии. Скопје, 2014. | 1,0 |
| | **N. Stavreva**. Football and oral health. FIFA International Course for Medical staff at football teams. Skopje, 2014 | 1,0 |
| | **Н.Ставрева**. Оралното здравје - предуслов за општо здравје кај фудбалските судии. Меѓународен семинар за фудбалски судии. Охрид, 2015 | 1,0 |
| | **Н.Ставрева**. Лошо орално здравје - висок ризик кај професионалните фудбалери. Меѓународен семинар за тренери и доктори во фудбалските екипи. Скопје, 10-13.2.2016. | 1,0 |
| | **Н.Ставрева**. Спортски повреди и оштетувања на забалото кај фудбалерите за време на тренинзи и натпревари. Меѓународен семинар за тренери и доктори во фудбалските екипи. Скопје, 10-13.2.2016 | 1,0 |
| | **Вкупно** | **81,091** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 6. | **Учесник во Главен (основен) проект (*2)** | |
| | **Главен (основен)** проект на ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“-Скопје, Инситут за јавно здравје - Скопје, ЕСТЕК-Друштво за истражувачки работи, консалтинг и услуги и Технолошко-металуршки факултет-Скопје. Анализа и евалуација на состојбата на оралното здравје и интервенциите кај пациентите од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“-Скопје, 2012-2014. | 2,0 |
| 7. | **Клиничка или начно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството (*2)** | |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Докторска дисертација:** „Процена на механичката отпорност на безметалните коронки во однос на видот на препарација на забот во корелација со *Ferrule effect*“, Стоматолошки факултет - Скопје, Универзитет „Св.Кирили и Методиј“ – Скопје, 2015 година | 2,0 |
| | **Магистерски труд**: „Квалитет на живот кај лица со вградени орално-протетски помагала на возраст над 65 години во Република Македонија“, Медицински факултет - Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, 2012 година | 2,0 |
| **8.** | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството (*2)** | |
| | Специјалист во областа стоматолошка протетика, 2011 година | 2,0 |
| **9.** | **Учество во промотивни активности на факултетот (*0,5)** | |
| | Ден на наука на УКИМ-2010 | 0,5 |
| | Ден на наука на УКИМ-2011 | 0,5 |
| | Ден на наука на УКИМ-2012 | 0,5 |
| | Ден на наука на УКИМ-2013 | 0,5 |
| | Ден на наука на УКИМ-2014 | 0,5 |
| **10.** | **Награда за научни постигнувања од струкова организација (*3)** | |
| | Благодарница од Македонско лекарско друштво, 2004 | 3,0 |
| | Диплома од Македонско лекарско друштво, 2005 | 3,0 |
| **11.** | **Студиски престој во странство до три месеци (*0,5)** | |
| | Школа за јавно здравство “European Expert, Evaluation and Training” во Виена-Австрија (2-3.2007) | 0,5 |
| **12.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи (*1)** | |
| | Член на Комисијата за бранители на Стоматолошката комора на Македонија, 2014-2018 | 1,0 |
| | Член на МСД | 1,0 |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Член на Здружението на доктори стоматолози по протетика | 1,0 |
| | Член на Стоматолошката комора на РМ | 1,0 |
| | **Вкупно** | **21,0** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **81,091** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **21,0** |
| **Вкупно** | **102,091** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Јагода Бајевска с.р.**
2. **Проф. д-р Никола Гиговски с.р.**
3. **Проф. д-р Билјана Капушевска с.р.**
4. **Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска с.р.**
5. **Проф. д-р Гордана Ковачевска с.р.**

### 3. Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова е родена на 12.4.1974 година во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, во 1992 година, како првенец на генерацијата на ниво на отсек (забни техничари). Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, во 1998 година. Во текот на студиите била корисник на стипендија од Министерството за образование и наука за талентирани ученици и студенти. Дипломирала на 23.11.1998 година, со просечен успех 9,63. Стручниот испит го положила на 17.2.2000 година.

По дипломирањето, прво стажира, а потоа и волонтира на Клиниката за стоматолошка фиксна протетика при Стоматолошкиот клинички центар. Во 2001 година се вработила при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика. Во 2010 година засновала двоен работен однос на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2000/2001 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2003 година, со просечен успех 10.0. На 19.6.2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема:

„Евалуација на јачината на поврзување помеѓу порцеланот и композитот преку карактеризација на меѓуграничната површина – interface".

Докторска дисертација пријавила на 29.12.2008 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: „Евалуација на ефикасноста на керамичко-цементното поврзување кај целосно керамичките системи – студија in vitro" ја одбранила на 10.4.2014 година, пред Комисијата во состав: проф. д-р Јагода Бајевска, проф. д-р Никола Гиговски, проф. д-р Силвана Георгиева, проф. д-р Анита Грозданов и проф. д-р Љубен Гугувчевски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошка протетика. Резултатите презентирани во оваа докторска дисертација се добиени преку истражувања - експерименти реализирани во референтната лабораторија за испитување на дентални материјали „BIOMAT - Leuven Research Cluster", оддел на Стоматолошкиот факултет при Католичкиот универзитет „KU Leuven", во Лувен, Белгија, под менторство на еминентниот професор Bart Van Meerbeek.

Во 2006 година е избрана во звањето помлад асистент, а во 2009 година е избрана во звањето асистент на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ, во областа стоматолошка протетика.

Во моментот е асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.969 од 1.9.2009 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 846, 850, 878, 886, 908, 969, 986, 1016, 1054, 1070, 1071, 1091, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Стоматолошкиот факултет, кандидатката ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова изведува практична настава/вежби на студентите од прв циклус студии на студиските програми за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и на стручни стоматолошки сестри.

Своето клиничко искуство го пренесува учествувајќи и во практичната клиничка едукација на дипломираните стоматолози кои својот стаж го реализираат на Клиниката за стоматолошка протетика и на колеги кои својата специјализација ја завршуваат на истата Клиника. Кандидатката била ментор на повеќе стручно-научни теми презентирани на стоматолошки студентски конгреси.

Учествувала во тимот за реализација на проектот за воведување компјутерски модел за испитни прашања за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје за група предмети од областа на фиксната стоматолошка протетика.

Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова активно е вклучена во работата на бројни семинари, едукативни и стручни курсеви, секциски состаноци и конгреси. Присуствувала на следниве курсеви: постедукативен курс „Протетика – оклузија" (Скопје, 2005 год.); едукативен курс „Модерни композити во секојдневната пракса" и „Атхезивна препарација и цементирање на безметална керамика" (Охрид, 2006 год.); курс „The Usage of Lasers in Modern Therapy" (Скопје, 2006 год.); „Contemporary Principles in Esthetic Restorations" (Скопје, 2006 год.); едукативен курс „Протокол за успешна ендодонтска терапија" (Скопје, 2008 год.); двомесечен курс „Менаџмент-вештини" (Скопје, 3.-4.2015 год.).

### Научноистражувачка дејност

Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова има објавено вкупно 44 научни труда од областа стоматолошка протетика, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во национално научно списание и 34 труда во зборници од научни собири.

За тековниот конкурс за избор во научен работник ги приложува следниве трудови:

1. Бајрактарова Ваљакова Е, Коруноска Стевковска В, Гиговски Н, Бајрактарова Мишевска Ц, Гугувчевски Љ. Механичка и/или хемиска алтерација на целосно керамичките реставрации како подготовка за атхезивно цементирање. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Македонија, 2015:347-8.

Клиничкиот успех на целосно керамичките реставрации во голем дел зависи од добрата врска меѓу композитниот цемент и керамиката. Таа се обезбедува преку примена на различни постапки за подготовка на керамичката врзна површина: нагризување со киселина, пескарење, силикатизирање, силанизирање или комбинација од наведените методи. Која постапка ќе биде спроведена, зависи од хемискиот состав на керамиката од која е изработена реставрацијата. Во овој труд авторите направиле осврт на современите керамички материјали и специфичните средства и постапки потребни за алтерација, како подготовка на реставрациите за атхезивно цементирање. Трудот има стручно-апликативен карактер.

2. Гиговски Н, Коруноска Стевковска В, Гиговска А, Бајрактарова Ваљакова Е. Модалитети на постекстракциско обликување на алвеоларниот гребен за изработка на фикснопротетичка конструкција со овално тело. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Македонија, 2015:335-6.

Цел на трудот била да се презентираат можните модалитети за зачувување и обликување на алвеоларниот гребен по екстракција на забите. Кај неколку пациенти веднаш по извршената екстракција била изработена и поставена имедијатна протетичка конструкција (привремен мост или мала мобилна протеза) со конусен заоблен продолжеток кој навлегува во постекстракционата алвеола на гребенот. Финалната мостовска конструкција била дизајнирана со овален гингивален дел на телото. Мостовите со овално тело имале предности по однос на естетиката и хигиената, но потребно било навремено планирање, изработка на соодветна имедијатна конструкција која требала повеќе пати да се коригира и релативно подолго време до комплетното обликување на алвеоларниот гребен. Трудот има научен и апликативен карактер.

3. Коруноска Стевковска В, Поп Стефанова – Трпоска М, Николовска Ј, Бајрактарова Ваљакова Е. Фиксно протетички конструкции кај пациенти со ортодонтски аномалии - приказ на случаи. VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, Македонија, 2015:465-6.

Оптималниот успех на протетската рехабилитација на пациенти со ортодонтски аномалии зависел од професионалната соработка меѓу ортодонтот и протетичарот, и соодветниот ортодонтски третман кој требало да обезбеди доволно простор за изработка и поставување на мостовна конструкција. Во трудот се прикажани пациентите со различни ортодонтски аномалии, кадешто по спроведениот ортодонтски третман биле изработени фикснопротетски конструкции во фронталната регија. Авторите потврдуваат дека докторот специјалист по стоматолошка протетика понекогаш е принуден на компромисни решенија поради нетрпеливоста на пациентите околу времето на траење на ортодонтската терапија, лошата соработка со ортодонтот и, неретко, предвременото вадење на ортодонтските протези. Трудот има научен и апликативен карактер.

4. Bajraktarova Miševska C, Kanurkova L, Curcieva Cuckova G, Maneva M, Bajraktarova Valjakova E. Skeletal age in patients with Turner's syndrome. 91st Congress of the European Orthodontic Society, Venice, Italy, 2015:123.

Скелетната зрелост, претставена како коскена возраст, е еден од најчестите индикатори за проценка на реалната возраст на една индивидуа. Целта на овој труд била да се одреди скелетната возраст кај 40 пациенти со Turner-ов синдром на возраст од 9.2 до 18 години, користејќи радиографии на левата рака. Утврдена била сигнификантна разлика меѓу хронолошката и скелетната возраст, со просечно задоцнување на скелетното созревање од 2,2 години, предизвикано од нарушување во хормоналната секреција. Во ортодонцијата, од големо значење е проценувањето на скелетната возраст, со цел коректна дијагноза и соодветен план на терапија. Трудот има научно-стручно значење.

5. Bajraktarova Valjakova E, Bajevska J, Korunoska Stevkovska V, Kapuševska B, Gigovski N, Mijoska A, Zlatanovska K, Bajraktarova Miševska C. Ectodermal Dysplasia, a case report: Challenge for prosthodontic solution. 1st International Symposium at Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia 2015:66-7.

Во овој труд се презентирани фенотипските карактеристики на 6-годишна пациентка со дијагностицирана ектодермална дисплазија и начинот на изработка на акрилатни протези. Овој синдром опфаќал нарушување во развојот на ткивата од ектодермално ембрионално потекло, вклучувајќи аномалии во развојот на забите како хиподонција, малформација и малпозиција. За нормално функционирање на орофацијалниот систем потребна била изработка на покровни тотални акрилатни протези. Трудот има научно-стручно значење.

6. Gigovski N, Radeska Panovska A, Korunoska Stevkovska V, Bajraktarova Valjakova E, Mijoska A, Gigovska A. Alveolar socket preservation and shaping using temporary prosthetic construction – case presentation. 1st International Symposium at Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia, 2015:68.

Постекстракционата коскена ресорпција најчесто резултира во редуциран или дефектен алвеоларен гребен, кој ја компромитира естетиката на гингивалниот дел на мостовната конструкција. Во овој труд се презентирани начините за сочувување и оформување на алвеоларната коска по извршена екстракција на заби кај 7 различни пациенти, користејќи имедијатни фиксни или мобилни протетички надоместоци. Специфичен елемент кај двата типа на конструкции е мал, т.н. псевдокорен, со должина 4-5 mm, кој налегнува во постекстракционата алвеоларна чашка. Корекција, намалување во должината ја извршувале на секои 2 недели, а по 8-12 недели очекувале целосно оформување на алвеоларниот гребен на местото на екстрахираниот заб. Трудот има научно-стручно значење.

7. Korunoska Stevkovska V, Zlatanovska K, Gigovski N, Menčeva Ž, Nikolovska J, Bajraktarova Valjakova E, Mijoska A. Oral surgery treatment in the patients with combination syndrome. 1st International Symposium at Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delčev", Štip, R. Macedonia, 2015:76.

Авторите укажуваат дека комбинациониот синдром најчесто се јавува кај пациенти носители на горна тотална и долна парцијална акрилатни протези со присуство на природни заби во фронаталната регија во мандибулата. Во студијата се опфатени 5 пациенти со редукција на алвеоларниот гребен и појава на хиперпластично ткиво во премаксиларната регија, како резултат на зголемен притисок од фронталните заби присутни во долната вилица. Хиперпластичното ткиво кај овие пациенти било отстрането со помош на ласер, а по заздравувањето биле изработени нови тотални горни протези или, пак, била спроведена ребазација на веќе постојните протези, со соодветна реоклузија и реартикулација и лесни допири на антагонистичките заби во фронаталната регија. Трудот има стручно-апликативно значење.

8. Bajraktarova Valjakova E, De Munck J, Yoshihara K, Misevska C, Grozdanov A, Peumans M, Van Meerbeek B. Micro-morphological changes of various CAD-CAM blocks after different surface treatments. 47th Meeting of the CED-IADR, Antalya, Turkey, 2015:262.

Целта на ова испитување било да се утврди ефектот на 12 различни механички и/или хемиски третмани на врзувачките површини, врз микроморфолошката структура на 6 различни CAD/CAM-материјали. Обработката со силициум карбидна хартија резултирала со мазни површини независно од типот на реставративниот материјал. Песочењето со алуминиум оксидни зрна предизвикало создавање на плитки јами со алуминиум оксидни и керамички честички наталожени на површината. По силикатизацијата се забележала голема количина на депонирани $SiO_2xAl_2O_3$-честички. Флуороводородната киселина имала агресивен ефект на површината на сите материјали, за разлика од силанизацијата, која нежно ја модифицирала основната топографија добиена со спроведувањето на претходни третмани. Трудот има научно-стручно значење.

9. Bajraktarova Miševska C, Bajraktarova Valjakova E, Kanurkova L, Curcieva Cuckova G, Georgieva S, Sotirovska Ivkovska A, Georgiev Z, Andonovska M. Morphological characteristics

of the occlusal surface of the first permanent molars in individuals with Turner syndrome. IOSR-JDMS. 2016;15(1):44-8.

Целта на овој труд била да се прикажат морфолошките карактеристики на оклузалната површина на првите молари кај девојчиња со Тарнеров синдром, кај кои постоело целосно или делумно отуство на еден од Х-хромозомите. Анализата на 40 девојчиња со овој синдром укажала на различни аномалии вклучувајќи недостаток или намалување на големината на палатодисталниот тубер на максиларниот прв молар и букодисталниот тубер на мандибуларниот прв молар; карабелиевиот тубер се забележува кај половина од испитуваните девојчиња. Наодите укажувале на улогата на Х-хромозомот во развојот на забите, вклучувајќи интеракција помеѓу мезенхималното и епителијалното ткиво, морфодиференцијација, како и апозиција и минерализација. Трудот има научно значење.

Со научноистражувачка работа ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова започнала да се занимава уште како студент. Со свои трудови (усни презентации) учествувала на три студентски конгреси (Дојран, 1995; Охрид, 1996 и 1997), а во 1997 година за презентацијата на својот труд, што опфатил кефалометриски мерења спроведени на 140 студенти од Стоматолошкиот факултет, ја освоила првата награда.

Со свои трудови активно учествувала на III, IV, V, VI и VII конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Охрид: 2002, 2006, 2009, 2012 и 2015 год.); на XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (Охрид, 2008 год.); на XIX конгрес на Балканското стоматолошко здружение - BaSS (Белград, Србија 2014 год.); 46. и 47. конгрес на Меѓународното здружение за истражувања во областа на стоматологијата - IADR (Дубровник, Хрватска, 2014 год. и Анталија, Турција, 2015 год.).

На покана на Здружението на приватни доктори по стоматологија на Македонија, ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова има одржано пленарно предавање на VI стоматолошки симпозиум со меѓународно учество, во Кавадарци, 2012 година. На покана на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика (ЗДССП) има одржано пленарни предавања на стручните собири на Здружението со меѓународно учество, одржани во Неготино (2006 год.) и Скопје (2014 год.).

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за стоматолошка протетика, каде на 13.1.2006 година специјализирала од истата област.

Автор е на стручната монографија „Репарација на фрактури на порцеланот кај метал-порцелански протетски реставрации" (2014 год.). Во оваа монографија претставени се не само сопствените научноистражувачки резултати, но истовремено претставува јасен водич низ репаративните техники, решение на честите проблеми со кои се среќаваат стоматолозите, практичари. Еден е од авторите на стручната книга „Аномалии на забите" (2011 год.) и коавтор на книгите „Трајна дентиција – ембриологија и анатомохистоморфологија" (2000 год.) и „Дентална трауматологија" (2006 год.).

Остварила експертски активности како рецензент во стручно-научното списание „The Journal of Adhesive Dentistry", Quintessence Publishing Co. Ltd, United Kingdom, официјално списание на "International Academy for Adhesive Dentistry", со 6 изданија годишно и со фактор на влијание IF=1.435.

Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова е активно вклучена во работата на комисии на УКИМ, и тоа: во 2002 година била член на Работната група која ја спроведувала првата самоевалуација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а била член и на Комисијата за прием на студенти на Стоматолошкиот факултет (учебна 2015/16 година).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на АСТА, „Академски стоматолошки центар Амстердам" во Амстердам, Холандија, на одделот за Дентални материјали под раководство на prof. C. L. Davidson и на Клиниката за ортодонција под менторство на prof. B. Prahl - Andersen. Во 2013 година, обавила

четиримесечен престој на Стоматолошкиот факултет при Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија, под менторство на prof. B. Van Meerbeek.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес: била активен соработник во студентското списание “Дентиција”, генерален секретар на Сојузот на студенти по стоматологија на Македонија и делегат на полугодишното Собрание на Интернационалната асоцијација на студентите по стоматологија, одржано во Истанбул од 23.2.-28.2.1995 година. Била член-делегат на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во учебната 1997/98 година како претставник на студентите.

Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова е член на следните македонски стручни здруженија: Македонско стоматолошко друштво (МСД), Стоматолошка комора на Македонија (СКМ) и Здружение на доктори-специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ), како и на Здружението за наноматеријали и нанотехнологии на Република Македонија „НАНОМАК“. Член е на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS) и на Интернационалната организација на истражувачи во стоматологијата IADR (International Association for Dental Research).

Ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова во 2009 година е добитник на Благодарница за придонес во работата и развојот на факултетот по повод 50-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет, во 2014 година доделена и е Благодарница за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво, а во 2015 година добитник е на Диплома од „Мотива - Центар за образование и обука“, член на Европскиот совет за деловно образование.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката ас. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, во учебните 2013/14 и 2014/15 година, добила позитивна генерална просечна оценка 9,53 од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Емилија Драган Бајрактарова Ваљакова
**Институција:** Стоматолошки факултет - Скопје

**Научна област**: стоматолошка протетика

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Стручна монографија (*8)**<br>Бајрактарова Ваљакова Е. Репарација на фрактури на порцеланот кај метал-порцелански протетски реставрации.<br>Print Project. Скопје, 2014. | **8** |
| 2. | **Скрипта (*4)**<br>Бајрактарова Б, Бајрактарова Ваљакова Е, Мишевска Ц. Аномалии на забите. Скопје, 2008. | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (*6+IF)**<br><br>1. Bajraktarova Valjakova E, Miševska C, Korunoska Stevkovska V, Gigovski N, Sotirovska Ivkovska A, Bajraktarova B, Guguvcevski Lj. Prosthodontic management of Hypohidrotic Ectodermal Dysplasia: A case report. South Eur J Orthod Dentofac Res. 2015; 2(2):20-6.<br>2. Bajraktarova Miševska C, Kočova M, Kanurkova L, Curcieva Cuckova G, Maneva M, Bajraktarova Valjakova E. Dental arch dimensions and palatal height in children with Turner syndrome. South Eur J Orthod Dentofac Res. 2015;2(1):3-6.<br>3. Bajraktarova Miševska C, Kočova M, Kanurkova L, Curcieva Cuckova G, Bajraktarova B, Maneva M, Valjakova E. Craniofacial morphology in Turner syndrome karyotypes. South Eur J Orthod Dentofac Res. 2015;2(1):14-20.<br>4. Мијоска А, Гугувчевски Љ, Бајевска Ј, Капушевска Б, Гиговски Н, Коруноска В, Бајевска Ј, Бајрактарова Е. Површински третман на циркуниумската керамика за подобрување на врската со фасетната керамика и цементите. Макед. стоматол. прегл. 2015;38(3-4):20-40.<br>5. Mijoska A, Popovska M, Kapusevska B, Bajraktarova Valjakova E. The role of liners in bonding zirconia to veneering porcelain. IJSR. 2015:4(11):1873-7.<br>6. Bajraktarova Miševska C, Bajraktarova Valjakova E, Kanurkova L, Curcieva Cuckova G, Georgieva S, Sotirovska Ivkovska A, Georgiev Z, Andonovska M. Morphological characteristics of the occlusal surface of the first permanent molars in individuals with Turner syndrome. IOSR-JDMS. 2016;15(1):44-8.<br>7. Mijoska A, Bajraktarova Valjakova E, Stevkovska Korunoska V, Gigovski N, Kapusevska B, Bajevska J. Flexure strength of zirconia veneering ceramics. IOSR-JDMS. 2016;15(1): 85-8.<br>8. Bajraktarova Miševska C, Kanurkova L, Valjakova E, Georgieva S, Bajraktarova B, Georgiev Z, Sotirovska Ivkovska A. Craniofacial morphology in patients with increasing severity of hypodontia. South Eur J Orthod Dentofac Res. 2016;3(1):12-17.<br>9. Peumans M, Bajraktarova Valjakova E, De Munck J, Bajraktarova Mishevska C, Van Meerbeek B. Bonding effectiveness of luting composites to different CAD/CAM materials. J Adhes Dent. 2016 (во печат). | 3.6<br>3.6<br>3.6<br>3.6<br>3.6+5.611<br>3.6+1.486<br>3.6+1.486 |

| | | |
|---|---|---|
| | | **33.783** |
| 15. | Продукција 6 (лет. сем. 2012)- часови 5 x 15 x 0,03 | 2,25 |
| 16. | Продукција 7 (зим. сем. 2012)- часови 5 x 15 x 0,03 | 2,25 |
| 17. | Продукција 8 (лет. сем. 2013)- часови 5 x 15 x 0,03 | 2,25 |
| 18. | Продукција 1 (зим. сем. 2013)- часови 4 x 15 x 0,03 | 1,80 |
| 19. | Продукција 2 (лет. сем. 2014)- часови 4 x 15 x 0,03 | 1,80 |
| 20. | Продукција 3 (зим.. сем. 2014)- часови 4 x 15 x 0,03 | 1,80 |
| 21. | Продукција 4 (лет. сем. 2015)- часови 4 x 15 x 0,03 | 1,80 |
| 22. | Продукција 5 (зим. сем. 2015)- часови 5 x 15 x 0,03 | 2,25 |
| 23. | Продукција I: Менаџмент во култура (I сем. 2014)- часови 2 x 15 x 0,05 | 1.50 |
| 24. | Продукција II: Менаџмент мет. и техн. (I сем. 2014)- часови 2 x 15 x 0,05 | 1.50 |
| 25. | Продукција III: Маркетинг во култура (I сем. 2014)- часови 2 x 15 x 0,05 | 1.50 |
| 26. | Ментор на дипломска работа (2 x 0,2) | 0.40 |
| 27. | Член на комисија за оценка/одбрана на магистратура (2 x 0,3) | 0.60 |
| 28. | Член на комисија за оценка/одбрана на докторат (1 x 0,5) | 0.50 |
| | **Вкупно** | **60,45** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Монографија: Република Македонија, 5-то издание; Сибис, 2011 (коавтор и соработник на графички дизајн) | 4.0 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Меѓународна конференција: “Перспективи на драмските академии од регионот”; Скомрахи, 2014 (учесник) | 1.0 |
| | **Вкупно** | **5.0** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста - продукција/авторство на сценско-изведувачко или аудиовизуелно дело (2011-2016) | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Евролинк: стратешко планирање/реализација на комуникациска програма (дизајн на комуникациски материјали; косценарист /продукција на 2 ТВ-спотови- 2 x 3); 2011 | 6.0 |
| 2. | Zk.mk/Златна книга: маркетингистражување, маркетинг стратегија и развој/имплементација на интегрална комуникациска програма (дизајн на комуникациски материјали; концепт/реализација на PR и останати промотивни активности; сценарио/продукција на 2 серијали на интернет/ТВ промотивни видеоматеријали- 2 x 3); 2011-2016 | 6.0 |
| 3. | MarketKonekt: маркетинг истражувања и физибилити студија, развој и дизајн на регионален производ, маркетинг стратегија и развој/имплементација на интегрална комуникациска програма (дизајн на комуникациски материјали; концепт/реализација на PR и останати промотивни активности; сценарио/продукција на 5-јазичен промотивен видео материјал- 2 x 4); 2011-2016 | 8.0 |
| 4. | Информации 1188: маркетинг стратегија и развој/имплементација на интегрална комуникациска програма (дизајн на комуникациски материјали; сценарио/продукција на 3 аудио/интернет/ТВ промотивни материјали- 2 x 3); 2011-2016 | 6.0 |
| | **Вкупно** | **26.00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Истражувачки проекти и промотивни активности на факултетот | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Експлораторно примарно истражување: Процес на стратешко маркетинг-планирање кај домашни организации од културата/уметноста- ставови и практики на извршни/програмски менаџери (идеен проект и реализација); 2012-2013 | 2.0 |
| 2 | Квалитативно истражување: Ставови, навики и однесување на младата публика кон различни уметнички облици и програми на организации од културата/уметноста (идеен проект и реализација); 2012-2013 | 2.0 |
| 3 | Младински културен центар (МКЦ)- Скопје: Формулирање на основи на маркетинг и комуникациска стратегија (идеен проект и реализација); 2014 | 2.0 |
| 4 | 2011-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот) | 0.50 |
| 5 | 2012-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот) | 0.50 |
| 6 | 2013-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот) | 0.50 |
| 7 | 2014-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот) | 0.50 |
| 8 | 2015-Интернационален студентски фестивал „Скомрахи“ (учество на негови студенти во промотивни активности на Факултетот) | 0.50 |
| | **Вкупно** | **8.50** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Поени

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Учество во работа на единици на Универзитетот/Факултетот | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на внатрешна организациона единица (Катедра за продукција на ФДУ); 2012-2016 | 3.0 |
| 2 | Член на Комисија за култура и спорт на УКИМ; 2013-2016 | 1.0 |
| 3 | Координатор на студиската програма продукција на ФДУ; 2012-2016 | 1.0 |
| | **Вкупно** | **5.00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 60,45 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 5,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 26,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 8,50 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 5,00 |
| **Вкупно** | **104,95** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. Мартин Панчевски, с.р.**

**Проф. м-р Лазар Секуловски, с.р.**

**Проф. Владимир Блажевски, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДРАМАТУРГИЈА,НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија„ и „Коха" од 25.2.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) драматургија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 0202-162/1, донесена на 9.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: м-р Русомир Богдановски, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности, д-р Мишел Павловски, редовен професор, виш научен советник на УКИМ, Институт за македонска литература и м-р Лазар Секуловски, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) драматургија, во предвидениот рок се пријави м-р Маја Стевановиќ.

### 11. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Маја Стевановиќ е родена на 31.3.1969, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1986 година . Со високо образование се стекнала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во 1991 година. Дипломирала на ФДУ, во 1991 година, со просечен успех 9,00.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ, Институт за филозофија – насока: естетика во Скопје. Студиите ги завршила на УКИМ, Институт за филозофија во 2011 година, со просечен успех 10,00. На УКИМ, Институт за филозофија, во 2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Поимот театар", во теориите за неговото ритуално потекло".

На УКИМ, Факултет за драмски уметности, во 2011 година е избрана во звањето вонреден професор по драматургија во областа на драмските уметности.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1012 од 2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 909 од 2006 г., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за драмски уметности во Скопје, кандидатката м-р Маја Стевановиќ изведува настава и вежби (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв циклус студии на студиската програма театарска и филмска драматургија.

Кандидатката била ментор на 1 (еден) дипломски труд.

Кандидатоката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 5 (пет) дипломски и на 1 (еден) магистерски труд.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Маја Стевановиќ има објавено вкупно 4 (четири) уметнички дела од областа на драматургијата и драмското пишување.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Маја Стевановиќ активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за драмски уметности во Скопје и на повеќе интернационални фестивали и работилници.

Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за драмски уметности во Скопје:

- член на жири на Меѓународниот југословенски театарски фестивал во Ужице, 2011;
- член на Советот на НТФ „Војдан Чернодрински“- 2012,2013, 2014 и 2015 година;
- претседател на Одборот за доверба и соработка со јавноста на УКИМ, Факултет за драмски уметности - 2014, 2015;
- член на советот за организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи“ - 2011, 2012, 2013, 2014, 2015;
- член на Одборот за самоевалуација - 2012, 2013, 2014, 2015;
- уредник на билтен на „Скомрахи“ - 2011, 2012, 2013, 2014, 2015;

Била член на 1 (една) рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

### Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Маја Стевановиќ, на самоевалуацијата во 2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Маја Стевановиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Маја Стевановиќ поседува научни, уметнички и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област драматургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, м-р Маја Стевановиќ да биде избрана во звањето **редовен професор** во уметничката област драматургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

5. **Проф. м-р Русомир Богдановски, с.р.**

6. **Проф. д-р Мишел Павловски, с.р.**

7. **Проф. м-р Лазар Секуловски, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: м-р Маја Србољув Стевановиќ**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за драмски уметности - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: драматургија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Драматургија 3 (зимски семестар 2011) часа 4*15 * 0,04 | 2,40 |
| 2. | Драматургија 4 (летен семестар 2012) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 3. | Драматургија 5 (зимски семестар 2012) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 4. | Драматургија 6 (летен семестар 2013) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 5. | Драматургија 7 (зимски семестар 2013) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 6. | Драматургија 8 (летен семестар 2014) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 7. | Драматургија 1 (зимски семестар 2014) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 8. | Драматургија 2 (летен семестар 2015) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 9. | Драматургија 3 (зимски семестар 2015) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 10. | Драматургија 3 (зим. сем. вежби 2011) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 11. | Драматургија 4 ( лет. сем.вежби 2012) часа 4*15*0,03 | 1,80 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Драматургија 5 (зим. сем. вежби 2012) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 13. | Драматургија 6 (лет сем. вежби 2013) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 14. | Драматургија 7 (зим. сем. вежби 2013) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 15. | Драматургија 8 (лет. сем. вежби 2014) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 16. | Драматургија 1 (зим. сем. вежби 2014) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 17. | Драматургија 2 (лет сем. вежби 2015) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 18. | Драматургија 3 (зим. сем. вежби 2015) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 19. | Основи на драматургија 3 (зим. сем. 2011) часа 2*15* 0,04 | 1,20 |
| 20. | Основи на драматургија 4 (лет. сем. 2012) часа 2*15* 0,04 | 1,20 |
| 21. | Основи на драматургија 1 (зим. сем. 2014) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 22. | Основи на драматургија 2 (лет. сем. 2015) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 23. | Основи на драматургија 3 (зим. сем. 2015) часа 2*15* 0,04 | 1,20 |
| 24. | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на Ивана Нелкоска, 2011. | 0,1 |
| 25. | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на Билјана Крајчевска, 2013. | 0,1 |
| 26. | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на Горјан Милошевски, 2013. | 0,1 |
| 27. | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на Мирјета Фејзулаху, 2013. | 0,1 |
| 28. | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на Елена Стојанова, 2013. | 0,1 |
| 29. | Ментор на дипломска работа на Катерина Китоска, 2015. | 0,2 |
| 30. | Член на Комисија за одбрана на магистерски труд на Огнен Георгиевски, 2015. | 0,3 |
| 31. | Член на Комисија за проверка на знаењето и умеењето на кандидатите, 2011/2012 | 0,1 |
| 32. | Член на Комисија за проверка на знаењето и умеењето на кандидатите, 2012/2013 | 0,1 |
| 33. | Член на Комисија за проверка на знаењето и умеењето на кандидатите, 2013/2014 | 0,1 |
| 34. | Член на Комисија за проверка на знаењето и умеењето на кандидатите, 2014/2015. | 0,1 |
| 35. | Член на Комисија за проверка на знаењето и умеењето на кандидатите, 2015/2016 | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Член на Комисија за еквиваленција за Ивана Димова, 2014. | 0,1 |
| 37. | Член на Рецензентска комисија за избор на соработник по предметот филмско и ТВ-сценарио | 0,1 |
| | **Вкупно** | **48,20** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество на меѓународна конференција на тема „Искуствата и перспективите на факултетите за драмски уметности“ во Охрид, 2014 година | 1 |
| | **Вкупно** | **1,00** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – театарски претстави, филм и телевизија. (2011 до 2016 ) | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Автор на драмски текст „Систем ерор“ (драма), Скопје: Сигма прес, 2016. | 8 |
| 2. | Перформанс - „Инспирација - етно-кабаре“ - ФДУ, 2016. | 4 |
| 3. | „Сликата на Софија“ (драма), „КУЛТУРЕН ЖИВОТ – Списание за култура, уметност и општествени прашања“ 1-2/2015, Скопје: Културен живот, 2015. | 4 |
| 4. | Драматург на претставата „Слуга на двајца господари“, Турски театар – Скопје, 2015. | 8 |
| 5. | Драмско читање „Зададени параметри“ - ФДУ, 2015. | 1 |
| 6. | Драмско читање „Илузија“ - ФДУ, 2015. | 1 |
| 7. | „Децата на Лилит“ (драма), *Антологија на македонската книжевност - книжевни остварувања од IX до XXI век*, Скопје: Институт за македонска литература - Скопје, 2014. | 4 |
| 8. | Драмско читање: „Ангел“; „Се враќате или заминувате“; „Компировата златица“, на НТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп, 2013. | 1 |
| | **Вкупно** | **31** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Член на меѓународно и домашно жири | Поени |
|---|---|---|
| 2. | Член на жири на Меѓународниот југословенски театарски фестивал во Ужице, 2011 | 2 |
| 3. | Член на Советот на НТФ „Војдан Чернодрински“, 2012. | 1 |
| 4. | Член на Советот на НТФ „Војдан Чернодрински“, 2013. | 1 |
| 5. | Член на Советот на НТФ „Војдан Чернодрински“, 2014. | 1 |
| 6. | Член на Советот на НТФ „Војдан Чернодрински“, 2015. | 1 |
| 7. | Претседател на Одборот за доверба и соработка со јавноста, 2014. | 1 |
| 8. | Претседател на Одборот за доверба и соработка со јавноста, 2015. | 1 |
| 9. | Претседател на Одборот за доверба и соработка со јавноста, 2016.. | 1 |
| 10. | Член на Советот на „Скомрахи“, 2011 | 1 |
| 11. | Член на Советот на „Скомрахи“, 2012 | 1 |
| 12. | Член на Советот на „Скомрахи“, 2013 | 1 |
| 13. | Член на Советот на „Скомрахи“, 2014 | 1 |
| 14. | Член на Советот на „Скомрахи“, 2015 | 1 |
| 15. | Член на Одборот за самоевалуација, 2012. | 1 |
| 16. | Член на Одборот за самоевалуација, 2013. | 1 |
| 17. | Член на Одборот за самоевалуација, 2014. | 1 |
| 18. | Член на Одборот за самоевалуација, 2015. | 1 |
| 19. | Реализација на драматуршка работилница со учениците на СУГС Гимназија „Орце Николов“, 2015. | 2 |
| 20. | Учесник во меѓународниот проект „Регионална мрежа на театарски академии“ - омнибус „Правда“, 2015/2016. | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2011. | 2 |
| 2. | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2012. | 2 |
| 3. | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2013. | 2 |
| 4. | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2014. | 2 |
| 5. | Уредник на билтен на „Скомрахи“, 2015. | 2 |

| **Учество на претстави и филмови на национални и интернационални манифестации** | | |
|---|---|---|
| 1. | Учество на Меѓународниот фестивал „Охридско Лето“, 2015 со претставата „Слуга на двајца господари“. | 2 |
| 2. | Учество на Националниот фестивал „Денови на комедија - Куманово“, 2015, со претставата „Слуга на двајца господари“. | 2 |
| 3. | Гостување во Театар Румелија – Призрен, со претставата „Слуга на двајца господари“, 2015 | 2 |
| 4. | Гостување во Театарот при Културниот центар „АСНОМ“ во Гостивар, со претставата „Слуга на двајца господари“, 2015 | 2 |
| | **Вкупно** | **40** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 48,20 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 1,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 31,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 40,00 |
| **Вкупно** | **120,20** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. м-р Русомир Богдановски,с.р.**

**Проф. д-р Мишел Павловски, с.р.**

**Проф. м-р Лазар Секуловски, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТЕАТРОЛОГИЈА (АКТЕРСКА ИГРА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 25.2.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија (актерска игра), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 0202-162/1, донесена на 9.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: Владимир Блажевски, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности, м-р Рефет Абази, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности и м-р Елјеса Касо, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) театрологија (актерска игра), во предвидениот рок се пријави м-р Мими Таневска Србиновска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Мими Таневска-Србиновска е родена на 17.3.1956 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1974/75. Со високо образование се стекнала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, 1979/80 година. Дипломирала на ФДУ во 1984 година, со просечен успех 9,15.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2009 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ, Институт за македонски јазик во Скопје. Студиите ги завршила на УКИМ, Институт за македонски јазик во 2010 година, со просечен успех 10,00. На УКИМ, Институт за македонски јазик во 2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Средбата актер–гледач во интеркултурниот театар на Гротовски.*

На УКИМ, Факултет за драмски уметности, во 2011 година е избрана во звањето вонреден професор по актерска игра во областа драмски уметности.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1011 од 1.7.2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 906/2006 и 990/2010, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за драмски уметности во Скопје, кандидатката м-р Мими Таневска Србиновска изведува настава и вежби (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв циклус студии на студиските програми драмски актери и театарска режија.

Кандидатката била ментор на 2 (два) дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во Комисии за оцена/или одбрана на 6 (шест) дипломски и на 3 (три) магистерски труда.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Мими Таневска Србиновска има објавено вкупно 11 (единаесет) уметнички дела од обласа на драмските уметности, од кои две уметнички дела се презентирани на интернационални фестивали.

М-р Мими Таневска Србиновска била раководител на 3 национални, односно 3 меѓународни уметнички проекти.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Мими Таневска Србиновска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за драмски уметности во Скопје и на повеќе интернационални фестивали и работилници.

Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за драмски уметности во Скопје:

- Комисија за проверка на компетенциите, актерска игра - 2011, 2014, 2015;
- Работна група за организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи“ - 2011, 2012, 2013, 2014, 2015;
- Работна група за организација и реализација на средбата со Том Стопард, 2015 година;
- раководител на Катедрата за драмски актери, 2012-2016 година.

М-р Мими Таневска Србиновска активно е вклучена во работата на бројни комисии на УКИМ, и тоа: сенатор од Факултетот за драмски уметности од 2012 до 2016 година.

Кандидатката учествувала во Уредувачкиот одбор за издавање на монографија - јубилеен годишен зборник 45 години Факултет за драмски уметности.

Била член на 2 (две) рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, м-р Мими Таневска Србиновска учествувала во изготвување и пријавување на 11 (единаесет) уметнички дела, како и 18 (осумнаесет) стручно-апликативни проекти.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката м-р Мими Таневска Србиновска, на самоевалуацијата во 2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Мими Таневска Србиновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Мими Таневска Србиновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област театрологија (актерска игра).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, м-р Мими Таневска Србиновска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област театрологија (актерска игра).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. Владимир Блажевски, с.р.**
2. **Проф. м-р Рефет Абази, с.р.**
3. **Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: м-р Мими Борис Таневска- Србиновска**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за драмски уметности-Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: театрологија (актерска игра)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Актерска игра 1 (зимски семестар 2011) часа 8 *15 * 0,04 | 4,80 |
| 2. | Актерска игра2 (летен семестар 2012) часа 8*15* 0,04 | 4,80 |
| 3. | Актерска игра 3 (зимски семестар 2012) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 4. | Актерска игра 4 (летен семестар 2013) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 5. | Актерска игра 5 (зимски семестар 2013) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 6. | Актерска игра 6 (летен семестар 2014) часа 8*15* 0,04 | 4,80 |
| 7. | Актерска игра 7 (зимски семестар 2014) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 8. | Актерска игра 8 (летен семестар 2015) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 9. | Актерска игра 1 (зимски семестар 2015) часа 8*15*0,04 | 4,80 |
| 10. | Актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2011) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 11. | Актерска игра 2 ( лет. сем.вежби 2012) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 12. | Актерска игра 3 (зим. сем. вежби 2012) часа 4*15*0,03 | 1,80 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Актерска игра 4 (лет сем. вежби 2013) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 14. | Актерска игра 5 (зим. сем. вежби 2013) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 15. | Актерска игра 6 (лет. сем. вежби 2014) часа 4*15*0,03 | 1,80 |
| 16. | Актерска игра 7 (зим. сем. вежби 2014) часа 4*15*0,03 | 2,70 |
| 17. | Актерска игра 8 (лет сем. вежби 2015) часа 6*15* 0,03 | 2,70 |
| 18. | Актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2015) часа 4*15* 0,03 | 1,80 |
| 19. | Основи на актерска игра 3 (зим. сем. 2011) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 20. | Основи на актерска игра 4 (лет. сем. 2012) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 21. | Основи на актерска игра 1 (зим. сем. 2014) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 22. | Основи на актерска игра 2 (лет. сем. 2015) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 23. | Основи на актерска игра 3 (зим. сем. 2015) часа 4*15* 0,04 | 2,40 |
| 24. | Основи на актерска игра 3 (зим. сем. вежби 2011) часа 2*15* 0,03 | 0,9 |
| 25. | Основи на актерска игра 4 (лет. сем. вежби 2012) часа 2*15* 0,03 | 0,9 |
| 26. | Основи на актерска игра 1 (зим. сем. вежби 2014) часа 2*15* 0,03 | 0,9 |
| 27. | Основи на актерска игра 2 (лет. сем. вежби 2015) часа 2*15* 0,03 | 0,9 |
| 28. | Основи на актерска игра 3 (зим. сем. вежби 2015) часа 2*15* 0,03 | 0,9 |
| 29 | Ментор на дипломска работа "Дон Жуан се враќа од војна" од Еден фон Хорват - 2011 | 0,2 |
| 30. | Ментор на дипломска претстава "Златниот змеј" од Р. Шимелфениг - 2015 | 0,2 |
| 31. | Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура ( Ж. Петровска – театарска режија ) | 0,3 |
| 32. | Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура (Д. Доксевски – театарска режија ) | 0,3 |
| 33. | Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура ( Н. Витошевиќ – театарска режија) | 0,3 |
| 34. | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа ( И. Ангеловска- театарска режија) | 0,1 |
| 35. | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа ( Л. Кортина – театарска режија) | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (н. Николиќ- театарска режија) | 0,1 |
| 37. | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа ( А. Илиевски- театарска режија) | 0,1 |
| 38. | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (К. Димитрова - театарска режија) | 0,1 |
| 39. | Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа на студентите по актерска игра 2014 (класа на проф. м-р Зоја Бузалковска) | 0,1 |
| 40. | Настава по предметот драмска уметност - во International High School – Скопје | 1,5 |
| 41. | Раководител на Работилница за актерство во рамките на ДАФ – Кочани, 2011 година | 1,5 |
| 42. | Раководител на Работилница за актерство во рамките на ДАФ – Кочани, 2014 година | 1,5 |
| 43. | Раководител на Работилница за актерство во рамките на ДАФ – Кочани, 2015 година | 1,5 |
| | **Вкупно** | **85,60** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество на меѓународна конференција на тема: „Искуствата и перспективите на факултетите за драмски уметности“ во Охрид, 2014 година | 1 |
| 2. | Монографија „Кирил Ристоски“, дел од авторскиот тим, МНТ, 2013 година. | 4 |
| 3. | Сценски простор - предавање на Архитектонскиот факултет, 2013 година. | 1,5 |
| | **Вкупно** | **6,50** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – театарски претстави, филм и телевизија. (2011 до 2016 ) | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Дулчинеја во "Дон Кихот" според Сервантес во продукција на Народен театар - Битола, 2011. | 8 |
| 2. | "Досие копче" според Р.Кено, целовечерна претстава со повеќе изведби на Академската сцена на ФДУ-Скопје, 2012.<br>• учество на Интернационалниот студентски фестивал „Урбан фест" во Ниш, Р. Србија | 1 |
| 3. | "Адолесценти и адулти" од П.Кехрет и А. Амури, целовечерна претстава со повеќе изведби на Академската сцена на ФДУ-Скопје, 2012. | 1 |
| 4. | "Галеб" од А.П.Чехов, целовечерна претстава со повеќе изведби на Академската сцена на ФДУ-Скопје, 2013.<br>- учество на Регионалниот фестивал на студентски театар во Нови Сад, Р.Србија<br>- настап на истата претстава на фестивалот на монодрама во Битола | 1 |
| 5. | "Нора" од Х. Ибзен, целовечерна претстава со повеќе изведби на Академската сцена на ФДУ - Скопје, 2013. | 1 |
| 6. | Автор на македонската порака по повод Светскиот ден на театарот, презентирана во сите театри на Р. Македонија на 27 март 2013. | 4 |
| 7. | "Чехов во празен простор", според расказите на А. П. Чехов, целовечерна претстава со повеќе изведби на Академската сцена на ФДУ - Скопје, 2013. | 1 |
| 8. | "Dies Irae" од Ж. Мирчевска, целовечерна претстава со повеќе изведби на Академската сцена на ФДУ-Скопје, 2014.<br>- настап на МТФ- Којдан Чернодрински<br>- настап во Драмски театар по повод 45-годишнината на ФДУ | 1 |
| 9. | "Златниот змеј" од Р. Шимелфениг, целовечерна дипломска претстава изведена во МНТ- Скопје, 2014. | 1 |
| 10. | Читање - аудиозапис на брошурата " Проширување" - публикација на ЕУ - Аудиокниги - Инфо центар ЕУ-МК, 2015. | 1 |
| | **Вкупно** | **20,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Член на меѓународно и домашно жири | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Претседател на меѓународно жири на Интернационалниот студентски фестивал УРБАН ФЕСТ во Ниш, 2011 година | 2 |
| 2. | Претседател на меѓународно жири на Интернационалниот студентски фестивал УРБАН ФЕСТ во Ниш, 2014 година. | 2 |
| 3. | Претседател на меѓународно жири на Интернационалниот фестивал на монодрама во Битола, 2014 година. | 2 |
| 4. | Организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи 2011" | 0,5 |
| 5. | Организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи 2012" | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи 2013“ | 0,5 |
| 7. | Организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи 2014“ | 0,5 |
| 8. | Организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи 2015“ | 0,5 |
| 9. | Координација и реализација на средбата на студентите на ФДУ со Том Стопард, МКЦ, Скопје, 2015 | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Раководител на Катедрата за драмски актери од 2012 до 2016 година | 3 |
| 2. | Сенатор од Факултетот за драмски уметности во Скопје, од 2012 до 2016 година | 2 |
| 3. | Член на факултетска комисија (Комисија за проверка на компетенциите, актерска игра - приемен испит, 2011 година) | 0,5 |
| 4. | Член на факултетска комисија (Комисија за проверка на компетенциите, театарска режија - приемен испит, 2014 година) | 0,5 |
| 5. | Член на факултетска комисија (Комисија за проверка на компетенциите, актерска игра - приемен испит, 2015 година) | 0,5 |
| 6. | Координатор на студиска програма | 1 |
| 7. | Член на Работна група за втор циклус студии на ФДУ, 2013 година | 0,5 |
| 8. | Член на Комисија за еквиваленција на Благоја Веселинов, 2013 година | 0,2 |
| 9. | Член на Комисија за утврдување на критериуми за достигнувања во уметноста, 2013 година | 0,5 |
| 10. | Член на Рецензентска комисија за избор во звање на м-р Куштрим Бектеши, 2012 година | 0,2 |
| 11. | Член на Рецензентска комисија за избор во звање на м-р Александар Рашковиќ, 2014 година | 0,2 |
| **Учество на претстави и филмови на национални и интернационални манифестации** | | |
| 1. | Golden Space Needle Award - Best Actress за Наташа Петровиќ на SIFF-Seattle international film festival (студент од Катедрата за драмски актери во класата на вонр. проф. м-р Мими Таневска Србиновска и вон. проф. м-р Владо Цветановски), 2011 година. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Награда за главна машка улога "Цар Константин" на Интернационалниот студентски фестивал „Урбан фест" во Ниш, Р.Србија, на Стефан Вујисиќ (студент од Катедрата за драмски актери во класата на вонр. проф. м-р Мими Таневска Србиновска), 2012 година. | 2 |
| 3. | Награда за најдобар млад актер на МТФ "Војдан Чернодрински" на Атанас Атанасовски (студент во класата на вонр. проф. м-р Мими Таневска Србиновска и вонр. проф. м-р Владо Цветановски), 2014. | 2 |
| | **Вкупно** | **24,10** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 85,60 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 6,50 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 20,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,10 |
| **Вкупно** | **136,20** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. Владимир Блажевски, с.р.**

**Проф. м-р Рефет Абази, с.р.**

**Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТВ И РАДИОИГРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија„ и „Коха" од 25.2.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) ТВ и радиоигра, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 0202-162/3.10, донесена на 16.3.2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: ред.проф. м-р Елејеса Касо УКИМ, Факултет за драмски уметности, ред.проф. Јорданчо Чевревски УКИМ, Факултет за драмски уметности и проф. Кренаре Невзати УКИМ, Факултет за драмски уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) ТВ и радиоигра, во предвидениот рок се пријави м-р Синоличка Меллес-Трпкова.

### 13. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Синоличка Меллес-Трпкова е родена на 22.7.1965 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1982. Со високо образование се стекнала на Факултетот за драмски уметности. Дипломирала во 1988 година, со просечен успех 9,22.

Кандидатката активно се служи со холандскиот и англискиот јазик.

Во учебната 2009 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот за туризам и менаџмент. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 8.00. Во 2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Филмскиот туризам и странските искуства од значење за РМ*.

Во 2011 година е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за драмски уметности во областа филмска ТВ и радиоигра.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1011 од 2011 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 909, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**14. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за драмски уметнсости, кандидатката м-р Синоличка Меллес-Трпкова изведува настава, вежби, теренска настава итн. на прв циклус студии на студиските програми: драмски актери, филмска режија, филмско снимање и монтажа.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов „Актерска игра пред камера".

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

Проф. Синоличка Меллес Трпкова има објавено еден научен труд од областа на филмскиот туризам, со импакт-фактор во меѓународно научно списание (Regional Impact Factor Two 0.005; WoS Impact Factor Five 0.027) (http://ceoncees.org/journaldetails.aspx?issn=1857-6974).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Синоличка Меллес-Трпкова го преведе драмскиот текст „Денови без драма" (прв модерен холандски драмски текст преведен на македонски јазик) од познатиот драматург и режисер Мариолајн Биренс. Поставен е на сцената на Битолскиот театар од самиот автор.

Ментор е на студентски проект за подигање на свесност за општествените состојби, „Краток филм против сиромаштијата", во соработка на ФДУ и Платформа против сиромаштијата.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката м-р Синоличка Меллес-Трпкова, во 2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за драмски умтености.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Синоличка Меллес-Трпкова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Синоличка Меллес-Трпкова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во областа ТВ и радиоигра

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, м-р Синоличка Мелллес-Трпкова да биде избрана во звањето редовен професор во областа ТВ и радиоигра.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. Јорданчо Чевревски, с.р.**

**Проф. м-рЕљеса Касо, с.р.**

**Проф. Кренаре Невзатис.р.**

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
м-р Синоличка Трпкова Меллес

**Институција:**
УКИМ, Факултет за драмски уметности - Скопје

**Научна област:** ТВ И РАДИОИГРА

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Филмска, ТВ и радиоигра 1(зим.сем 2011/12) часа 2*15*0,004 | 1,2 |
| 2 | Филмска, ТВ и радиоигра 2(лет.сем 2011/12) часа 2*15*0,004 | 1,2 |
| 3 | Филмска, ТВ и радиоигра 3(зим.сем 2011/12) часа 2*15*0,004 | 1,2 |
| 4 | Филмска, ТВ и радиоигра 4(зим.сем 2011/12) часа 2*15*0,004 | 1,2 |
| 5 | Актерска игра пред камера 5 (зим.сем 2011/12) часа 1*15*0,004 | 0,6 |
| 6 | Актерска игра пред камера 5 (зим.сем 2011/12) вежби 3*15*0,003 | 1,35 |
| 7 | Актерска игра пред камера 1 (монтажа) (зим.сем 2011/12) часа 1*15*0,004 | 0,6 |
| 8 | Актерска игра пред камера 1 (монтажа) (зим.сем 2011/12) вежби 1*15*0,003 | 0,45 |
| 9 | Актерска игра пред камера 2 (монтажа) (зим.сем 2011/12) часа 1*15*0,004 | 0,6 |
| 10 | Актерска игра пред камера 2 (монтажа) (зим.сем 2011/12) вежби 1*15*0,003 | 0,45 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 11 | Актерска игра пред камера 1 (камера) (зим.сем 2011/12) часа 1*15*0,004 | 0,6 |
| 12 | Актерска игра пред камера 1 (камера) (зим.сем 2011/12) вежби 1*15*0,003 | 0,45 |
| 13 | Актерска игра пред камера 1 (камера) (зим.сем 2011/12) часа 1*15*0,004 | 0,6 |
| 14 | Актерска игра пред камера 2 (камера) (зим.сем 2011/12) вежби 1*15*0,003 | 0,45 |
| 15 | Теренска настава 2011/2012 14*15*0,03 | 6,3 |
| 16 | Филмска, ТВ и радиоигра 1(зим.сем 2012/13) часа 2*15*0,004 | 1,20 |
| 17 | Филмска, ТВ и радиоигра 2(лет.сем 2012/13) часа 2*15*0,004 | 1,20 |
| 18 | Филмска, ТВ и радиоигра 3(зим.сем 2012/13) часа 2*15*0,004 | 1,20 |
| 19 | Филмска, ТВ и радиоигра 4(лет.сем 2012/13) часа 2*15*0,004 | 1,20 |
| 20 | Филмска, ТВ и радиоигра 5(зим.сем 2012/13) часа 4*15*0,004 | 2,40 |
| 21 | Филмска, ТВ и радиоигра 5(зим.сем 2012/13) вежби 2*15*0,003 | 0,90 |
| 22 | Филмска, ТВ и радиоигра 6(лет.сем 2012/13) часа 4*15*0,004 | 2,40 |
| 23 | Филмска, ТВ и радиоигра 5(лет.сем 2012/13) вежби 2*15*0,003 | 0,90 |
| 24 | Теренска настава 2012/2013 8*15*0,03 | 3,60 |
| 25 | Филмска, ТВ и радиоигра 3(зим.сем 2013/14) часа 2*15*0,004 | 1,20 |
| 26 | Филмска, ТВ и радиоигра 4(лет.сем 20113/14) часа 2*15*0,004 | 1,20 |
| 27 | Филмска, ТВ и радиоигра 5(зим.сем 2013/14) часа 4*15*0,004 | 2,40 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 28 | Филмска, ТВ и радиоигра 5(зим.сем 2012/13) вежби 2*15*0,003 | 0,90 |
| 29 | Филмска, ТВ и радиоигра 6 (зим.сем 2013/14) часа 4*15*0,004 | 2,40 |
| 30 | Филмска, ТВ и радиоигра 6 (зим.сем 2013/14) вежби 2*15*0,003 | 0,90 |
| 31 | Актерска игра пред камера 1(зим.сем 2013/14) часа 1*15*0,004 | 0,60 |
| 32 | Актерска игра пред камера 2(лет.сем 2013/14) часа 1*15*0,004 | 0,60 |
| 33 | Актерска игра пред камера 1-продуценти (зим.сем 2013/14) часа 1*15*0,004 | 0,60 |
| 34 | Актерска игра пред камера 1(зим.сем 2013/14) вежби 1*15*0,003 | 0,45 |
| 35 | Актерска игра пред камера 1-продуценти (лет.сем 2013/14) часа 1*15*0,004 | 0,60 |
| 36 | Актерска игра пред камера 2(лет.сем 2013/14) вежби 1*15*0,003 | 0,45 |
| 37 | Теренска настава 2013/2014 8*15*0,03 | 3,60 |
| 38 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (зим.сем. 2014/15) часа 2*15*0,04 | 1,20 |
| 39 | Филмска, ТВ и радиоигра 2 (лет.сем. 2014/15) часа 2*15*0,04 | 1,20 |
| 40 | Филмска, ТВ и радиоигра 5 (зим.сем. 2014/15) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 41 | Филмска, ТВ и радиоигра 5 (зим.сем. 2014/15) вежби 2*15*0,03 | 0,90 |
| 42 | Филмска, ТВ и радиоигра 6 (лет.сем. 2014/15) часа 4*15*0,04 | 2,40 |
| 43 | Филмска, ТВ и радиоигра 6 (лет.сем. 2014/15) вежби 2*15*0,03 | 0,90 |
| 44 | Актерска игра пред камера 3 ( зим.сем.2014/15) часа 1*15*0,04 | 0,60 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 45 | Актерска игра пред камера 3 ( зим.сем.2014/15) вежби 1*15*0,03 | 0,45 |
| 46 | Актерска игра пред камера 4 ( лет.сем.2014/15) часа 1*15*0,04 | 0,60 |
| 47 | Актерска игра пред камера 4 ( лет.сем.2014/15) вежби 1*15*0,03 | 0,45 |
| 48 | Теренска настава 2014/2015 6*15*0,03 | 2,70 |
| 49 | Филмска, ТВ и радиоигра 1 (зим.сем. 2015/16) часа 2*15*0,04 | 1,20 |
| 50 | Филмска, ТВ и радиоигра 3(зим.сем. 2015/16) часа 2*15*0,04 | 1,20 |
| 51 | Актерска игра пред камера 5 (зим.сем. 2015/16) часа 1*15*0,04 | 0,60 |
| 52 | Актерска игра пред камера 5 (зим.сем. 2015/16) вежби 3*15*0,03 | 1,35 |
| 53 | Актерска игра пред камера 1 (зим.сем. 2015/16) часа 2*15*0,04 | 1,20 |
| 54 | Актерска игра пред камера 1 (зим.сем. 2015/16) вежби 2*15*0,03 | 0,90 |
| 55 | Основи на филмска и ТВ радио игра 1 (зим.сем. 2015/16) часа 2*15*0,04 | 1,20 |
| 56 | Теренска настава 2015/2016 6*15*0,03 | 2,70 |
| 57 | Консултации со студенти -34 студенти * 0,002 | 0,068 |
| | Позитивно рецензиран универзитетски учебник, во кој се јавувам како единствен автор. “Актерска игра пред камера” е прв учебник од таа област, кај нас и пошироко. | 8 |
| | **Вкупно** | **80,37** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Movie induced tourism – new tourism phenomena, печатен во странски часопис, UTMS Journal of Economics 3 (1): 97–104; Цитиран – 14 пати. | 3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **3** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| | Автор и водител на 20 ТВ-емисии со различни теми од едукативен карактер, врзани за важни и теми од обласата на уметноста, културата и општественото живеење. | 20 |
| | Улогата на докторката во претставата "Кој пукаше на 21-ви?", режија: Нина Николиќ ( споредна улога) | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **22** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Превод и препев на драмскиот текст „Денови без драма", од холандски јазик од познатиот драматург и режисер Мариолајн Биренс, поставена од самиот автор на Битолската театарска сцена. | 3 |
| | Реализација на драматуршка работилница со учениците на СУГС Гимназија „Орце Николов", 2015. | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на студентски проект за подигање на свесноста за општествените состојби, „Краток филм против сиромаштијата”, во соработка на ФДУ и Платформа против сиромаштијата | 1 |
| | Учество на меѓународна студентска конференција во организација на средното училиште „Нова“ | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **80,37** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **3,00** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **22,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6,00** |
| **Вкупно** | **111,37** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

8. **Проф. Јорданчо Чевревски, с.р.**
9. **Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.**
10. **Проф. Кренаре Невзати, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ДРАМАТУРГИЈА И ТВ-СЦЕНАРИО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 25.2.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) драматургија и ТВ-сценарио, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 0202-162/1, донесена на 9.3.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: **Владимир Блажевски**, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности, **м-р Лазар Секуловски**, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности и **м-р Рефет Абази**, редовен професор на УКИМ, Факултет за драмски уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) драматургија и ТВ-сценарио, во предвидениот рок се пријави д-р Сашко Насев.

### 15. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Сашко Насев е роден на 4.10.1966 година во Кочани. Средно образование завршил во Скопје, во Гимназија „Кочо Рацин“. Со високо образование се стекнал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во 1994 година. Дипломирал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во 1994 година, со просечен успех 8,70.

Кандидатот активно се служи со англискиот и францускиот јазик.

Во учебната 1994/95 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ, Филозофски факултет. Студиите ги завршил на Филозофскиот факултет во 1996 година, со просечен успех 9,90. На Филозофскиот факултет во 1997 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Естетските погледи на Беролд Брехт*.

овоштарство и на Наставно-научниот колегиум на студиската програма растителна биотехнологија - модули: овоштарство, лозарско производство, винарско производство, производство на алкохолни пијалаци, на втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ. Член е на Советот за втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ, а бил член и на Комисијата за настава на ФЗНХ, за мандатниот период 2011-2013 година.

**Научноистражувачка дејност**

До изборот за редовен професор, кандидатот д-р Марјан Кипријановски има објавено 65 научни и стручни трудови, рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 601, 674, 761, 796, 908 и 1012.

Д-р Марјан Кипријановски во периодот по изборот за редовен професор има објавено вкупно 26 трудови од областа на овоштарството, од кои еден труд во научно списание со фактор на влијание, осум труда во меѓународни научни списанија, десет труда објавени во зборници од меѓународни научни собири, две монографии објавени во странство, четири стручни книги и еден труд во меѓународна научна публикација.

Кандидатот проф. д-р Марјан Кипријановски, по изборот за редовен професор, учествувал во реализација на повеќе научно - истражувачки проекти во областа на овоштарството финансирани од домашни и странски владини и невладини институции. Бил раководител на еден национален проект и еден меѓународен билатерален научен проект. Бил национален координатор на еден меѓународен научен проект, а учествувал и во реализација на пет меѓународни и национални научни и апликативни проекти.

Проф. д-р Марјан Кипријановски во извештајниот период е ментор на два магистерски труда кои се во фаза на изработка.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

Д-р Марјан Кипријановски во овој период одржал едно предавање по покана на Агрономскиот факултет во Загреб, Хрватска. Со реферати со усна и постерска презентација има вкупно 9 учества на научно/стручни собири во земјата и странство. Во зборници на апстракти од меѓународни конференции, симпозиуми и во конгреси има публикувано вкупно 24 апстракти.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот д-р Марјан Кипријановски по изборот во звањето редовен професор бил активен и во стручно-апликативната дејност. Во овој период, во соработка со други автори во странство има публикувано 2 монографии, објавил 4 стручни книги и еден напис во странска публикација.

Активно е вклучен во стручно-апликативна работа во областа на овоштарството. Во изминатиот период има одржано голем број обуки и тренинзи од областа на овоштарството во земјата и во странство. Активно учествува во изготвување и реализација на програми и елаборати за подигање и одгледување овошни насади кај повеќе правни субјекти. Стручна контрола на производството на саден материјал врши кај поголем број снабдувачи на саден материјал во земјата.

Како член на тим има учествувано во подготовка на Национална стратегија за земјоделство и рурален развој на Р. Македонија за периодот 2014-2020 година. Бил одговорен и за изработка на една студија.

Стручно усовршување во странство со учество на тренинзи, курсеви и студиски престој реализирал во Италија, Израел и Босна и Херцеговина.

Кандидатот д-р Марјан Кипријановски особена активност покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на повеќе комисии на Факултетот за земјоделски науки и храна, и тоа:

-член на Комисија за настава на ННС на ФЗНХ, 2011-2013 година,

-член на Советот на втор циклус студии на ФЗНХ,

-член на комисија за нормативна дејност на ФЗНХ,

-член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на ФЗНХ.

Во овој период, проф. д-р Марјан Кипријановски бил:

-раководител на Катедра за овоштарство во мандатен период 2009-2013 година;

-раководител на Наставно-научниот колегиум на студиската програма растителна биотехнологија - модули: овоштарство, лозарско производство, винарско производство, производство на алкохолни пијалаци;

-раководител на II циклус студии - студиска програма: растителна биотехнологија, модул: овоштарство;

-координатор на студиската програма овоштарство со лозарство на прв циклус студии на ФЗНХ.

Во овој период бил член на организационен одбор на два меѓународни симпозиума и член на уредувачки одбор на две научни списанија.

Бил член на две рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научни звања.

Во изборниот период, д-р Марјан Кипријановски учествувал во изготвување и пријавување на два научни проекта во МОН и МЗШВ.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот проф. д-р Марјан Кипријановски, во учебната 2014/2015 година, доби позитивна оценка (8,80) од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марјан Кипријановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марјан Кипријановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избран во звањето редовен професор во научната област овоштарство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Марјан Кипријановски да биде повторно избран во звањето редовен професор во научната област овоштарство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

23. **Проф. д-р Владислав Огњанов с.р.**

24. **Проф. д-р Зоран Кесеровиќ с.р.**

25. **Проф. д-р Звонимир Божиновиќ с.р.**

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Марјан Миливоја Кипријановски**

**Институција:** **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**Научна област:** **овоштарство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Производство на овошен саден материјал (3+2), I циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016-предавање | 9 |
| 2 | Подигнување и одгледување на овошни насади (4+2), I циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016-предавање | 12 |
| 3 | Општо овоштарство (3+2), I циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016-предавање | 9 |
| 4 | Еко-овоштарство (4+2), I циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016-предавање | 12 |
| 5 | Производство на овошен саден материјал (3+2), 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016-вежби | 4.5 |
| 6 | Подигнување и одгледување на овошни насади (4+2), летен, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016-вежби | 4.5 |
| 7 | Општо овоштарство (3+2), зимски, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016- вежби | 4.5 |
| 8 | Еко-овоштарство (4+2), зимски, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011- вежби | 4.5 |
| 9 | Проектирање и подигнување на овошни насади, II циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 11.25 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
| --- | --- | --- |
| 10 | Интегрално и органско производство на овошје, II циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 11.25 |
| 11 | Методи на научни истражувања, II циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 11.25 |
| 12 | Овоштарство-одбрани поглавја, II циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 11.25 |
| 13 | Растително производство (дел овоштарство), II циклус на студии, диференцијален предмет 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 2.80 |
| 14 | Напредни поглавја од растително производство (дел овоштарство), II циклус на студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 2.80 |
| 15 | Применети биотехнологии во овоштарство, II циклус студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 11.25 |
| 16 | Размножување на овошни растенија, II циклус на студии, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 11.25 |
| 17 | Ментор на дипломска работа *8 | 1.6 |
| 18 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат „Влијание на условите на средината врз развојот на популацијата на јаболковиот црв (Lasperesia pomonella L. Lepidoptera: Tortricidae) и негови природни непријатели во Јужна Србија“ изработена од м-р Катерина Николиќ, на ФЗНХ | 0.5 |
| 19 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска работа X4 | 1.2 |
| 20 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа X2 | 0.2 |
| | **Вкупно** | **136.6** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа под наслов „Ефектот на резидбата врз приносот и квалитетот на плодовите кај праската", пријавена од Никола Сарагиновски на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје | 1 |
| 2 | Ментор на магистерска работа под наслов „Одржување на површината во редот кај насади од круша", пријавен од Соња Бојковска на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје | 1 |
| 3 | Раководител на национален научен проект: „Интродукција на нови сорти јаболка во производните насади", финансиран од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ (2012) | 6 |
| 4 | Раководител на меѓународен научен проект „Morphological and genetical characterisation of sweet cherry (Prunus avium L.) genofond", финансиран од Министерство за образование и наука на Р. Македонија и Министерство за наука на Р. Хрватска, (2012-2014) | 9 |
| 5 | Национален координатор на меѓународен научен проект: COST Action FA 1104 Sustainable production of high-quality cherries for the European market (2012-2016), финансира од European Comission | 6 |
| 6 | Учесник во меѓународен научен проект „South-Eastern European Development Network on Plant Genetic Resources", (2005-2012), финансиран од SIDA | 5 |
| 7 | Учесник во национален проект: „Support to the Introduction of Sustainable Farming Practices in the Prespa Lake Watershed Restoration of Prespa Lake Ecosystem" (2013-2015), финансиран од UNDP | 3 |
| 8 | Учесник во национален проект: „ Adaptation to Climate Change in Agriculture" (2012-2015), финансиран од USAID | 3 |
| 9 | Учесник во национален проект: „Fresh Fruits and Vegetables Value Chain in R. Macedonia" (2011-2013), финансиран од USAID | 3 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 10 | Учесник во национален проект: „Technical Assistance for Introduction of Sustainable Farming Practices in the Strumica River Basin" (2015-2017), финансиран од UNDP | 3 |
| 11 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2011. Research of Agronomic Characteristics of Peach Rootstocks on Calcareous Soil– Twelve Yearly Results. Journal of Agricultural Science and technology B. Vol.1. No.6, 810-819. | 3.2 |
| 12 | Gjamovski V., Kiprijanovski M. 2011. Influence of nine dwarfing apple rootstocks on vigour and productivity of the cultivar Granny Smith. Scientia Horticulturae 129 (2011) 742-746. IF 1.527. | 6.93 |
| 13 | Кипријановски М., Арсов Т., Ѓамовски В. 2011. Време на зреење, органолепрички карактеристики и можности за чување на одредени сорти јаболка погодни за одгледување во Р. Македонија. Зборник на трудови од Втора средба "Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје, важна компонента за извозниот потенцијал", 68-76. | 1.6 |
| 14 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2012. Performance of some Italian strawberry genotypes grown under conditions of Republic of Macedonia Acta Hort. (ISHS) 926:177-184 | 3.2 |
| 15 | Arsov T., Kiprijanovski M., Gjamovski V. 2013. The Effect of Different Training System on Yield and Fruit Quality of Jonagold Apple Variety. Acta Hort. (ISHS) 981, 243-247. | 3.2 |
| 16 | Gjamovski V., Kiprijanovski M Arsov T.2013. Fruit Quality parameters of Apple Cultivar Granny Smith produced on Different Dwarfing Rootstocks. Acta Hort. (ISHS) 981, 581-586. | 3.2 |
| 17 | Ganiji A. Kiprijanovski M. 2013. Effect of apple varieties on the qualitative characteristics of apple chips prepared with osmotic treatment. Proceeding of International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje 595-601. | 2.4 |
| 18 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2013. Research of quality characteristics of some autumn pear varieties. Proceeding of International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje, 585-594. | 2.4 |
| 19 | Kiprijanovski M., Gjamovski V., Arsov T. 2013. Deep planting of the trees-alternative way for cultivation of apple on dwarfing rootstocks in | 2.4 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | changed climate condition. Proceeding of International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje, 574-584. | |
| 20 | Kiprijanovski H., Bandzo S., Gjamovski V., Kiprijanovski M., Uzunov A. 2013. Effect of bumblebees (Bombus terestris L.) pollination on fruit set of some apple cultivars. Proceeding of International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje, 569-573. | 2.4 |
| 21 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Markovski A., Popovska M., Arsov T. 2014. Conservation and characterization of apple and plum autochthonous cultivars in Macedonia. Book of Proceedings of Scientific Conference "Challenges in modern agricultural production", 235-240. | 1.8 |
| 22 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2015. Evaluation of autochthonous ecotype of bitter almond as peach rootstocks. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 21 (No 3), 624-630. | 3.2 |
| 23 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2016. The effect of anti-hail net in in protection of pear orchard after hail occurrence. Acta Hort. (ISHS) (во печат). | 3.2 |
| 24 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2016. Morphological and pomological variability of some autochthonous cherry varieties in Republic of Macedonia. Acta Hort. (ISHS) (во печат). | 3.2 |
| 25 | Arsov T., Kiprijanovski M., Gjamovski V. 2016. Fruit quality and productivity of apple cv. Breaburn depending on the training system. Acta Hort. (ISHS) (во печат). | 3.2 |
| 26 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V., Saraginovski N. 2016. Evaluation of some new introduced summer pear cultivars in production regions in R. Macedonia. Proceeding of Second international symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje (во печат). | 1.8 |
| 27 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2016. Behaviour of pear orchard grown under anti hail and UV protective net. Proceeding of Second international symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje (во печат). | 2.4 |
| 28 | Ganiji A., Kiprijanovski M. 2016. Influence of the varieties on the optical properties of apple chips prepared with osmotic treatment. | 2.7 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Proceeding of Second international symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje (во печат). | |
| 29 | Saraginovski N., Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2016.The influence of some phytohormones on the rooting of plum cuttings. Proceeding of Second international symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje (во печат). | 1.8 |
| 30 | Одржано предавање по покана на универзитет (Агрономски факултет – Загреб, Хрватска | 1 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 31 | Орална презентација *4 | 4 |
| 32 | Постер *5 | 2,5 |
| | **Апстракти објавени во зборници од симпозиуми, конференции и конгреси** | |
| 33 | Kiprijanovski M., Gjamovski V., Arsov T. 2011. The effect of deeper planting of apple on some M9 types on growth and bearing of the trees. Book of apstracts, Second Balkan symposium on Fruit growing, Pitesti, Romania, 35 | 1 |
| 34 | Kiprijanovska H., Bandzo S., Gjamovski V., Kiprijanovski M. 2011. Influences of bumblebees (Bombus terestris) to pollination of apples. Book of apstracts, Second Balkan symposium on Fruit growing, Pitesti, Romania, 35 | 1 |
| 36 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2011. Comparative investigations of Oblachinska sour cherry on own root and grafted on Mahaleb. Book of apstracts, Second Balkan symposium on Fruit growing, Pitesti, Romania, 50. | 1 |
| 37 | Arsov T., Kiprijanovski M., Gjamovski V. 2012. Quantity of pruned apples trees trained on intensive growing systems. Book of abstracts of I International symposium and XVII scientific conference of agronomist of Republika Srpska. Trebinje, BiH. 149. | 1 |
| 38 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2012. Distribution of root system of apple trees on different dwarfing rootstocks. Book of abstracts of I International symposium and XVII scientific conference of agronomist of Republika Srpska. Trebinje, BiH. 155. | 1 |
| 39 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2012. Evaluation of quality characteristics of some autumn pear varieties. Book of abstracts of I | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | International symposium and XVII scientific conference of agronomist of Republika Srpska. Trebinje, BiH. 160. | |
| 40 | Arsov T., Kiprijanovski M., Gjamovski V. 2012.The effect of different training system on yield and fruit quality of Breaburn apple variety. Book of abstracts of International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje. 109. | 1 |
| 41 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2012. Behaviour of some introduced cherry varieties in Ohrid region, R. Macedonia grafted on Gisela 5. Book of abstracts of International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje. 111. | 1 |
| 42 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2012. Morphological and pomological characteristics of some autochthonous varieties in Republic of Macedonia. Paper and abstract proceedings of 14$^{th}$ Serbian congress of fruit and grapevine producers with international participation.126. | 1 |
| 43 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2012. Some reproductive characteristics of apple cultivar Granny Smith grown on nine different dwarfing rootstocks. Paper and abstract proceedings of 14$^{th}$ Serbian congress of fruit and grapevine producers with international participation. 172. | 1 |
| 44 | Kiprijanovski M., Radunic M., Arsov T., Gjamovski V., Strikic F., Klepo T. 2014. Evaluation of morphological and pomological characteristics of the autochthonous sweet cherry genofond in Ohrid-Prespa region, R. Macedonia. Zbornik sazetaka 9.Znanstveno-strucno savetovanje hrvatskih vocara s medjunarodnim sudjelovanjem: Mjere za razvoj i unapredjenje mediteranskog vocarstva. 66. | 1 |
| 45 | Radunic M., Kiprijanovski M., Jukic-Spika M., Gadze J., Strikic F., Klepo T. Arsov T., Gjamovski V., 2014. Evaluacija autohtonih kultivara tresnje uzgajanih u Splitsko-Dalmatinskoj zupaniji. Zbornik sazetaka 9.Znanstveno-strucno savetovanje hrvatskih vocara s medjunarodnim sudjelovanjem: Mjere za razvoj i unapredjenje mediteranskog vocarstva. 46. | 1 |
| 46 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2014. Behaviour of some sweet cherry varieties on rootstock Gisela 5. Zbornik sazetaka 9.Znanstveno-strucno savetovanje hrvatskih vocara s medjunarodnim sudjelovanjem: Mjere za razvoj i unapredjenje mediteranskog vocarstva.22. | 1 |
| 47 | Dimitrov L., Gjamovski V., Kiprijanovski M. 2014. Economically feasibility to invest in anti-hail and UV nets in pear orchards. Zbornik | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | sazetaka 9.Znanstveno-strucno savetovanje hrvatskih vocara s medjunarodnim sudjelovanjem: Mjere za razvoj i unapredjenje mediteranskog vocarstva.100. | |
| 48 | Arsov T. Kiprijanovski M., Gjamovski V. 2014. Performance of wild peach seedlings in replant conditions. Book of abstracts of scientific conference Challenges in modern agricultural production, Institute of Agriculture. Skopje, 29. | 1 |
| 49 | Gjamovski V., Kiprijanovski M. 2014. Technology of sour cherry production in R. Macedonia. Abstract book of Meeting on Sustainable production of high-quality cherries for the European market. Novi Sad, Serbia. COST Action FA 1104 | 1 |
| 50 | Arsov T., Kiprijanovski M., Gjamovski V. 2015. Oblacinska sour cherry as potential dwarfing rootstock for sweet cherry. Book of abstracts of Meeting Sustainable production of high-quality cherries for the European market. COST Action FA 1104, Trebinje, BiH, 11 | 1 |
| 51 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T. 2015. Comparative investigations of Oblacinska sour cherry on own root and grafted on mahaleb. Book of abstracts of Meeting Sustainable production of high-quality cherries for the European market. COST Action FA 1104, Trebinje, BiH, 12 | 1 |
| 52 | Kiprijanovski M., Arsov T., Gjamovski V. 2015. Some experiences at the oblacinska sour cherry crown training. Book of abstracts of Meeting Sustainable production of high-quality cherries for the European market. COST Action FA 1104, Trebinje, BiH, 20. | 1 |
| 53 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Popovska M., Arsov T.2016. Nursery characteristics of some bitter almond ecotypes as a peach rootstock. Book of Abstracts of 5$^{th}$ International Symposium on Agricultural Sciences, Banja Luka, BiH, 122. | 1 |
| 54 | Gjamovski V., Kiprijanovski M., Arsov T.2016. Effect of rootstock on growth, flowering and fruit set at apple cultivar Granny Smith. Book of Abstracts of 5$^{th}$ International Symposium on Agricultural Sciences, Banja Luka, BiH, 46. | 1 |
| 55 | Gjamovski V., Arsov T., Kiprijanovski M. 2016. Structure of nuts production in Macedonia. 1$^{st}$ European Fruit Research Institutes Network Shell Fruit Species Meeting, Budapest, Hungary. 26. | 1 |
| 56 | Arsov T., Gjamovski V., Kiprijanovski M. 2016. The influence of planting distance on distribution and growth of the root system at apple cv. Jonagold grafted on M9 rootstock. Book of Abstracts | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | of 5th International Symposium on Agricultural Sciences, Banja Luka, BiH, 123. | |
| 57 | Arsov T., Gjamovski V., Kiprijanovski M., Saraginovski N. 2016. Sensory evaluation of some sweet cherry varieties, consumption needs. Book of abstracts of Final Conference COST Action FA1104 Sustainable production of high-quality cherries for the European market. Naoussa, Greece | 1 |
| | **Вкупно** | **123.23** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Чукалиев О., Лазаревска С., Кипријановски М., Мукаетов Д., Танасковиќ В. 2011. Агроеколошки мерки во јаболкопроизводството. GEF, UNDP, 1-72. | 7 |
| 2 | Cvetkovic M., Tomic L., Botu M., Gjamovski V., Jemric T., Lazovic B., Ognjanov V., Pintea M., Sevo R., Achim G., Bozovic D., Bucarciuk V., Carka F., Cicek D., Fruk G., Jakimovic V., Kiprijanovski M., Hjalmarson I. 2012. Balkan Pomology: Apples. SEEDNET, 1-226. (монографија објавена во странство) | 7.2 |
| 3 | Botu M., Tomic L., Cvetkovic M., Gjamovski V., Jemric T., Lazovic B., Ognjanov V., Pintea M., Sevo R., Achim G., Bozovic D., Carka F., Cicek D., Fruk G., Jacimovic V., Kiprijanovski M., Juraveli A., Hjalmarson I. 2012. Balkan Pomology: Plums. SEEDNET, 1-168. (монографија објавена во странство) | 7.2 |
| 4 | Кипријановски М. 2013. Прирачник за подигање и одгледување на интензивни насади од јаболка. USAID- EPI Centar, Скопје, 1-92 | 8 |
| 5 | Кипријановски. М. Ѓамовски В. 2013. Мерки за адаптација на овоштарството кон климатските промени. USAID, МРР на РМ, Скопје, 1-46 | 7 |
| 6 | Кипријановски М. 2012. Водич за производство на сертифициран овошен саден материјал. USAID, EPI Centar, Скопје, 1-52. | 8 |
| 7 | Kiprijanovski M., Arsov T. Gjamovski V.2014. Following Walnut Footprints (Juglans regia L.) – Cultivation and culture, Folklore and History, Traditions and Uses. Scripta Horticulturae, N 17 , 239-242 | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на тимот за подготовка на Национална стратегија за земјоделството и рурален развој во Р. Македонија за период 2014-2020 | 2 |
| 2 | Одговорен за изработка на студија Apple /Fresh Fruits Value Chain Baseline Screening. 2013.USAID, AgBiz Program | 2 |
| 3 | Член на уредувачки одбор на научно списание Pomologia Croatica, Загреб, Хрватска | 0.5 |
| 4 | Член на уредувачки одбор на научно списание Воќарство, Чачак, Србија | 0.5 |
| 5 | Член на организационен одбор на International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje | 1 |
| 6 | Член на организационен одбор на II International symposium for agriculture and food, Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje | 1 |
| 7 | Носител на изготвен и пријавен научен национален проект , „Интродукција на нови сорти јаболка во производните насади”, Финансиран од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ (2012) | 1 |
| 8 | Носител на изготвен и пријавен научен билатерален проект, „Morphological and genetical characterisation of sweet cherry (Prunus avium L.) genofond”, Министерство за наука на Р. Македонија и Министерство за наука на Р. Хрватска, 2012 год. | 2 |
| 9 | Член на Комисија за настава на ННС на ФЗНХ, 2011-2013 година | 0.5 |
| 10 | Раководител на Катедра за овоштарство во мандатен период 2009-2013 година | 2 |
| 11 | Член на Советот на втор циклус студии на ФЗНХ | 0.5 |
| 12 | Член на Комисија за нормативна дејност на ФЗНХ | 0.5 |
| 13 | Член на Комисија за соработка и доверба со јавност на ФЗНХ | 0.5 |
| 14 | Член на комисија за избор во звање *2 | 0.4 |
| 15 | Координатор на студиската програма овоштарство со лозарство на прв циклус студии на ФЗНХ | 1 |
| 16 | Раководител на Наставно-научниот колегиум на студиската програма растителна биотехнологија - модули: овоштарство, | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | лозарско производство, винарско производство, производство на алкохолни пијалаци | |
| 17 | Раководител на II циклус студии - студиска програма: растителна биотехнологија, модул: овоштарство | 2 |
| 18 | Студиски престој во странство *3 | 1.5 |
| | **Вкупно** | **67.30** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **136,60** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **123,23** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **67,30** |
| **Вкупно** | **327,13** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. **Проф. д-р Владислав Огњанов с.р.**
2. **Проф. д-р Зоран Кесеровиќ с.р.**
3. **Проф. д-р Звонимир Божиновиќ с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ "ПРОЈАВУВАЊЕ НА АНКСИОЗНОСТА МЕЃУ СПОРТИСТИ И НЕСПОРТИСТИ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА" ОД КАНДИДАТОТ

## М-Р КАСТРИОТ ШАЌИРИ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје со дел. број 0201-473/7 од 27.4.2016 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **ПРОЈАВУВАЊЕ НА АНКСИОЗНОСТА МЕЃУ СПОРТИСТИ И НЕСПОРТИСТИ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА** од кандидатот м-р Кастриот Шаќири. Комисијата во состав: проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска – ментор, проф. д-р Милан Наумовски – член и проф. д-р Иван Анастасовски - член, проф. д-р Вујица Живковиќ – член и проф. д-р Татиана Јанчева – член, по разгледувањето на докторската дисертација го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кастриот Шаќири, претставува самостоен научен труд презентиран на 85 страници текст, поделен на 10 поглавја: 1. Вовед (3 страници), 2. Теоретска основа на истражувањето (4 страници), 3. Релевантни емпириски истражувања (18 страници), 4. Предмет, цел и хипотези на истражувањето (4 страници), 5. Метод на работа (3 страници), 6. Резултати 23 страници), 7. Дискусија (12 страници), 8. Практична применливост на добиените резултати (2 страници), 9. Заклучоци (3 страници), 10. Литература (4 страници, со вкупно 58 референци). Во истражувањето се инкорпорирани вкупно 34 табели.

Во воведниот дел на проектот, кандидатот укажува на комплексноста и значењето на спортската психологија за постигнувањето на врвни спортски резултати. Тој го нагласува значењето на познавањето на психолошката структура на личноста спортист (општите и специфичните интелектуални способности, емоционалните карактеристики, мотивациските диспозиции и други особини на личноста), што претставува предуслов и основа за објаснување на однесувањето во која било натпреварувачка ситуација. Наведува дека секоја личност има свое специфично однесување и нејзиниот развој претставува динамички процес. Пред да ја дефинира спортската психологија, тој поаѓа од основните поими: психологија и спорт: Психологијата ја дефинира како наука за човечкото однесување, афектите и сознанијата, а спортот го дефинира како активност во која се вклучени силата и вештината, натпреварувањето, стратегијата или можноста за ангажирање со цел за уживање, сатисфакција, личен успех на учесниците и други (пр. навивачи), вклучувајќи организирани и рекреативни спортови, а исто така и спортот како забава. Спортската психологија е дефинирана како научна студија за однесувањето, афектите и когнитивните реакции во спортот, вклучувајќи ги реакциите и на учесниците и на навивачите.

Овие наводи кандидатот ги поткрепува со дефиниции на повеќе спортски психолози.

Теоретските основи на истражувањето се презентирани во втората глава, со посебен акцент на емоционалната особина анксиозност како црта и како состојба на личноста. Наведени се бројни научници кои ја истражувале оваа и други психолошки појави (Спирман, Терстон, Гилфорд, Берт, Вернон, Кател, Ајзенк, Пијаже, Олпорт, Маслов, Момировиќ, Ван, MekGovan, Рот, Хавелка, Звонаревиќ, Лазаревиќ, Керамичиев, Вејли, Луфи, Тененбаум, Алексовска и др.). Имајќи ги предвид научните сознанија, кандидатот ја дефинира анксиозноста како диспозиција, како релативно трајна црта на личноста, која се јавува како наклонетост да реагира со анксиозни реакции во ситуации кои се проценуваат како закануваачки. Анксиозноста се јавува во облик на возбуденост од т.н. лесна трема до силен страв што спортистот го прави емоционално нестабилен, нервозен, парализиран и привидно го прави незаинтересиран и неангажиран. Анксиозноста ја третира како психичка појава која влијае врз целокупното поведение на личноста, па и врз спортскиот успех. Тоа влијание може да биде позитивно или поттикнувачко и негативно или инхибиторно. Позитивното или поттикнувачкото влијание на анксиозноста кај спортистот ќе предизвика поголема мобилизација на расположливите сили и способности кои сепак ќе доведат до повишена мотивација, истрајност и концентрација во успешно спортско натпреварување. Негативното или инхибиторно влијание на анксиозноста кај спортистот ќе предизвика намалување на потенцијалот на силите, потребни за успешно играње, намалување на моќта за концентрација, спласнување на мотивацијата, на кои ќе се надоврзе чувството на инфериорност, сомнеж и недоверба во сопствените способности. А тоа, секако, значи послаб спортски успех или пораз. Анксиозноста може да се појави прво како структурна црта на личноста и второ, како менлива состојба врзана за одредена ситуација. Истражувањата укажуваат дека степенот на анксиозност е повисок и поприсутен кога се јавува како црта на личноста.

Во третата глава, кандидатот наведува бројни релевантни научни истражувања кои се хронолошки подредени. Наведени се истражувања во кои се проучувани разликите во карактеристиките на личноста помеѓу: неспортисти, рекреативци и врвни спортисти, како и поврзаноста помеѓу некои психолошки компоненти на личноста со успешноста во поодделни спортови. Опфатени се истражувања во кои се проучувани: општата емоционална нестабилност, генералната невротичност, емоционалната стабилност како особина на личноста, когнитивните карактеристики и конативните способности, како и нивното значење за спортската успешност. Наведениот број истражувања укажуваат на фактот дека кандидатот проучил повеќе истражувања кои се во директна врска со предметот на проучување во ова истражување.

Во четвртата глава посебно се дефинирани предметот, целите и хипотезите, од кои јасно може да се согледа суштината на истражувањето. Покрај јасното дефинирање на предметот на проучување, авторот поставил и 10 конкретни цели, кои се насочени кон утврдување на разликите во нивото на психолошката особина анксиозност меѓу спортисти и неспортисти во периодот на адолесценција За реализирање на целите на истражувањето, авторот поставил вкупно 10 хипотези кои се однесуваат на униваријантните и мултиваријантните

разлики во нивото на психолошката особина анксиозност меѓу: спортистите и неспортистите генерално, спортистите и неспортистите од машки и женски пол на возраст меѓу: 11-14 години, 15-19 и 20-24 години.

Во петтата глава презентиран е методот на работа кој содржи: примерок на испитаници, примерок на варијабли за испитување на анксиозноста, инструменти за мерење и методите за обработка на податоците. Вкупниот примерок опфаќа 300 испитаници и е поделен во два суппримерока од кои: првиот суппримерок опфаќа 150 испитаници спортисти (75 испитаници од машки пол и 75 испитаници од женски пол). Вториот суппримерок опфаќа 150 испитаници неспортисти (75 испитаници од машки пол и 75 испитаници од женски пол) – субјекти кои ниту рекреативно не се занимаваат со спортска активност. Секој суппримерок е поделен уште на три супсуппримероци кои бројат по 50 испитаници, од кои првиот супсуппримерок ги опфаќа испитаниците од 11 до 14 години (рана адолесценција), вториот супсуппримерок ги опфаќа испитаниците на возраст од 15 до 19 години (средна адолесценција) и третиот супсуппримерок ги опфаќа испитаниците на возраст од 20 до 24 години. Суппримероците кои ги опфаќаат спортистите се поделени според вкупниот спортски стаж. За реализција на целите на истражувањето, кандидатот применил вкупно 4 варијабли за испитување на анксиозноста: 1 - ТАИ - анксиозност која се третира како диспозиција, како релативно трајна црта на личноста која се јавува како наклонетост да реагира со анксиозни реакции во ситуации кои се проценуваат како заканувачки. 2 - КА - когнитивна анксиозност. 3 - СА - соматска анксиозност и 4 - САМ - самодоверба. За целиот примерок и сите применети варијабли пресметани се основните дескриптивни показатели: аритметичка средина, стандардна девијација, коефициент на варијабилност и долната и горната граница на резултатите - минимум и максимум. Квантитативните и квалитативните меѓугрупни разлики во истражувањето ќе бидат утврдени со униваријантна и мултиваријантна анализа на варијансата (АНОВА, МАНОВА). За утврдување на разликите меѓу поодделни варијабли и нивото на нивната значајност помеѓу одделни суппримероци ќе биде применет пост-хок компаративниот ЛСД -тест.

Анализата и интерпретацијата на резултатите се дадени во шестата глава, која е наедно и најобемна. Кандидатот на почетокот се задржува на анализата и интерпретацијата на дескриптивните статистички показатели на применетите варијабли, кај спортистите и неспортистите од машки пол на возраст од 11 до 14 години, од 15 до 19 години и од 20 до 24 години. Во продолжение се интерпретирани резултатите за спортистите и неспортистите од женски пол на возраст од 11 до 14 години, од 15 до 19 години и од 20 до 24 години. Врз основа на добиените резултати, а особено поради тоа што кај најголемиот број варијабли, постои нормална распределба на нивните резултати, кандидатот констатира дека степенот на нормалноста на дистрибуциите на применетите манифестни варијабли ги задоволува потребните методолошки и статистички критериуми за примена на коректни и оправдани мултиваријанти и униваријантни статистички процедури за натамошна обработка на добиените податоци. Резултатите од мултиваријантната анализа на коваријансата покажуваат статистички значајни разлики меѓу вкупниот примерок спортисти и неспортисти, кај сите варијабли за проценка на анксиозноста (општа анксиозност, когнитивна анксиозност,

соматска анксиозност и самодоверба). Врз основа на добиените резултати утврдено е дека спортистите имаат поголема самодоверба, помала когнитивна, соматска и општа анксиозност од неспортистите. Меѓу спортистите и неспортистите од машки пол на возраст од 11 до 14 години, утврдени се статистички значајни меѓугрупни разлики кај варијаблите: КА, SA и SAM. Меѓу спортистите и неспортистите од машки пол на возраст од 15 до 19 години не се утврдени статистички значајни меѓугрупни разлики кај варијаблите за проценка на анксиозноста. Меѓу спортистите и неспортистите од машки пол на возраст од 20 до 24 години, утврдени се статистички значајни меѓугрупни разлики кај варијаблите: КА и SAM. Утврдено е дека спортистите на возраст од 20 до 24 години имаат помала когнитивна анксиозност и поголема самодоверба во однос на неспортистите на возраст од 20 до 24 години. Меѓу спортистите и неспортистите од женски пол на возраст од 11 до 14 години и 15 до 19 години, утврдени се статистички значајни меѓугрупни разлики кај варијаблите: TAI, КА, SA и SAM, што значи дека спортистите од женски пол  имаат помала општа анксиозност, когнитивна и соматска анксиозност и поголема самодоверба во однос на неспортистите. Меѓу спортистите и неспортистите од женски пол на возраст од 20 до 24 години, утврдени се статистички значајни меѓугрупни разлики кај варијаблите: TAI и SAM, што значи дека спортистите од женски пол имаат помала општа анксиозност и поголема самодоверба во однос на неспортистите. Испитаниците спортисти од машки пол на возраст од 20 до 24 години, статистички значајно се разликуваат во варијаблата TAI, во однос на испитаниците од машки пол на возраст од 11 до 14 и 15 до 19 години. Меѓу испитаниците од машки пол на возраст од 11 до 14 и 15 до 19 години, не се утврдени сигнификантни статистички разлики во варијаблата TAI. Испитаниците неспортисти од машки пол на возраст од 20 до 24 години, статистички значајно се разликуваат во варијаблите TAI и  SAM, во однос на испитаниците од машки пол на возраст од 11 до 14 години.  Во истата варијабла, статистички значајни разлики покажуваат и испитаниците на возраст од 15 до 19 години,  во однос на испитаниците од машки пол на возраст од 11 до 14 години. Испитаниците спортисти од женски пол на возраст од 11 до 14 години, статистички значајно се разликуваат во варијаблата SA, во однос на испитаниците од женски пол на возраст од 20 до 24 години. Во истата варијабла, испитаниците од женски пол на возраст од 15 до 19 години, статистички значајно се разликуваат во однос на испитаниците од женски пол на возраст од 20 до 24 години. Испитаниците неспортисти од женски пол на возраст од 11 до 14 години, статистички значајно се разликуваат во варијаблата SAM, во однос на испитаниците од женски пол на возраст од 20 до 24 години. Меѓугрупни разлики меѓу спортистите од машки и женски пол од 11 до 14 и 15 до 19-годишна возраст утврдени се само кај враијаблата TAI. Во останатите варијабли не се утврдени статистички значајни разлики. Меѓугрупни разлики меѓу спортистите од машки и женски пол од 20 до 24 -годишна возраст, утврдени се само кај враијаблата SA. Во останатите варијабли не беа утврдени статистички значајни разлики. Меѓугрупни разлики меѓу неспортистите од машки и женски пол од 11 до 14-годишна возраст, утврдени се само во варијаблата SAM. Во останатите варијабли не беа утврдени статистички значајни разлики. Меѓугрупни разлики меѓу неспортистите од машки и женски пол од 15 до 19- годишна возраст, утврдени се во сите варијабли: TAI, КА, SA и SAM. Статистички значајни меѓугрупни разлики

меѓу неспортистите од машки и женски пол од 20 до 24-годишна возраст не се утврдени кај ниедна варијабла.

Во седмата глава е презентирана дискусијата за сите проучувани варијабли. Тука кандидатот детално ги објаснува причините за проучуваните состојби кај испитаниците.

Во осмата глава презентирана е теоретската, општествената и апликативната вредност на истражувањето. Тоа дава одговор на прашањето дали спортот има влијание врз формирањето на анксиозноста (фактор кој се смета релевантен за успех) кај спортистите и дали постојат разлики меѓу спортистите и неспортистите на различна возраст.

Во деветтата глава, презентирани се заклучоците од спроведеното истражување. Секој од заклучоците содржи соодветни сознанија со кои може да се влијае на научната практика. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност, коректно ги објаснуваат добиените резултати и даваат соодветен одговор на поставените хипотези.

Користената литература е презентирана во десеттата глава и во неа се наведени вкупно 58 автори.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Имајќи го предвид презентираниот текст и неговата целосна анализа, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација под наслов: **ПРОЈАВУВАЊЕ НА АНКСИОЗНОСТА МЕЃУ СПОРТИСТИ И НЕСПОРТИСТИ ВО ПЕРИОДОТ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА** од кандидатот м-р Кастриот Шаќири. Докторската дисертација ги задоволува потребните методолошки барања и истата претставува научен придонес во областа на кинезиологијата.

Според тоа, Комисијата во состав: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска – ментор, проф. д-р Милан Наумовски – член, проф. д-р Иван Анастасовски - член, проф. д-р Вујица Живковиќ – член и проф. д-р Татиана Јанчева - член, со посебна чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на наведената тема и на кандидатот да му дозволи јавна одбрана.

## Комисија

1. Проф. д-р Ленче А. Величковска - ментор с.р.
2. Проф. д-р Милан Наумовски - член с.р.
3. Проф. д-р Иван Анастасовски - член с.р.
4. Проф. д-р Вујица Живковиќ - член с.р.
5. Проф. д-р Татиана Јанчева - член с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИКА, ОРТОПЕДАГОГИЈА ДЕФЕКТОЛОГИЈА, ЛОГОПЕДИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" од 6.4.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): методика, ортопедагогија, дефектологија и логопедија и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-367/5, донесена на 4.5.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јасмина Ковачевиќ, редовен професор на Факултетот за специјална едукација и рехабилитација во Белград, д-р Ристо Петров, редовен професор во пензија и д-р Миле Вуковуќ, редовен професор на Факултетот за специјална едукација и рехабилитација во Белград.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): методика, ортопедагогија, дефектологија и логопедија, во предвидениот рок се пријави д-р Зора Јачова, редовен професор на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**.**

**25. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Зора Јачова е родена на 5.3.1969 година во Штип. Средно образование завршила во медицинскиот училишен центар „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје на 10.6.1987 година. Со високо образование се стекнала на Дефектолошкиот факултет во Белград, на 14.10.1991 година. Кандидатката активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Во учебната 1991/1992 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Дефектолошкиот факултет во Белград. Студиите ги завршила на 15.5.1996 година, со просечен успех 9,00. На 15.5.1996 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Проблеми во корелативниот однос при разбирањето на прочитаниот текст во себе и наглас и неговото вербално интерпретирање од страна на глувите ученици* под менторство на проф. д-р Љубомир Савиќ .

Докторска дисертација пријавила на 15.11.1996 година на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет. Дисертацијата на тема: *Визуелната перцепција на гласовите на македонскиот стандарден јазик и нејзиното значење за едукацијата на слушно –оштетените лица* ја одбранила на 28.6.2001 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Љубомир Савиќ, проф. д-р Љубомир Ајдински, проф. д-р Људмил Спасов, проф. д-р Ристо Петров и доц. д-р Татјана Такашманова Соколовска и со тоа се стекнала со научниот степен доктор по дефектологија.

На 16.1.2002 година е избрана во звањето доцент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, во областите: ортопедагогија, методика на ран

третман и предучилишно воспитание на деца со пречки во развојот, методика на одделенска настава со глуви и наглуви ученици.

На 10 јануари 2007 година е избрана за вонреден професор на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје за следниве научни области на додипломските студии: дефектологија, сурдологија, ран третман и методика.

Од февруари 2002 година е вклучена во реализацијата на наставата и испитите на постдипломските студии како член на Советот на постдипломски студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Од учебната 2006/2007 година започнала со реализација на наставата на вториот циклус студии според новите студиски програми.

Од 2004 година работи како наставник по предметот инклузивно образование со студентите на Институтот за педагогија и Институтот за психологија.

Од учебната 2007/2008 година е ангажирана на предметот методика на работа со деца попречени во развојот при Педагошкиот факултет во Скопје.

Од 2009 година работи како наставник по предметот алтернативна комуникација на насоката за логопеди-прв циклус студии при Медицинскиот факултет.

Од 2013 година работи како наставник по предметот инклузивно образование при Педагошкиот факултет во Скопје.

Од 2014 година работи како наставник на Државниот универзитет во Тетово на Институтот за специјална едукација и рехабилитација по предметите: сурдологија, знаковен јазик и методика на учење на говорот кај децата со оштетен слух.

На 31.10.2011 година е избрана за редовен професор на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје за следниве научни области и предмети на додипломските и постдипломски студии:

- сурдоаудиологија (рана интервенција и едукација на децата со оштетен слух)

- ран третман (рана интервенција на деца со пречки во развојот);
- методика (методика на предучилишна воспитно образовна работа со деца со пречки во развојот, методика на работа со деца попречени во развојот, методика на работа со глуви и наглуви ученици, методика на лица со оштетен слух);
- дефектологија (инклузивно образование);
- логопедија (алтернативна комуникација);
- знаковен јазик;
- визуелна перцепција на говорот;
- комуникација на лицата со оштетен слух.

Во периодот од нејзиниот последен избор е ангажирана за следниве научни области (дисциплини) и предмети:

- методика (методика на работа со ученици со оштетен слух, методика на учење на говорот кај деца со оштетен слух, методика на работа со деца попречени во развојот);
- ортопедагогија (визуелна перцепција на говорот, комуникација на лицата со оштетен слух, знаковен јазик);
**Проф. д-р Јасмина Ковачевиќ, с.р.**

**Проф. д-р Ристо Петров, с.р.**

**Проф. д-р Миле Вуковиќ, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОКУПАЦИОНА ТЕРАПИЈА“ ОД ОЛИВЕРА РАШИЌ-ЦАНЕВСКА

| ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ | | ОПИС |
|---|---|---|
| 1. | НАЗИВ НА УЧЕБНИКОТ, УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Окупациона терапија |
| 2. | НАЗИВ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ЗА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА | Специјална едукација и рехабилитација – предмет „Окупациона терапија“, дефектолози, психолози |
| 3. | НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | Специјална едукација и рехабилитација |
| 4. | ФОНД НА ЧАСОВИ НАСТАВА И ВЕЖБИ И ЕКТС КРЕДИТИ | 3+2 / 6 кредити |
| 5. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА АВТОРОТ (АВТОРИТЕ) | Оливера Рашиќ-Цаневска |
| 6. | ВРЕМЕ И АКТ НА ИЗБОР НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ[4] | XXIII седница одржана на 17.2.2016 година, Одлука бр. 13-192/4 од 19.2.2016 |
| 7. | ДАЛИ Е ПРВО ИЗДАНИЕ ИЛИ НЕ (член 23 УКИМ, до или над 25%) | Прво издание |
| 8. | ДОКОЛКУ НЕ Е ПРВО ИЗДАНИЕ, ВО КОЛКАВА МЕРА СЕ РАЗЛИКУВА? | |
| 9. | ОПШТИ ПОДАТОЦИ (број на страници, прилози, заглавја или делови итн.) | 256 стр. (200 стр. текст, 26 стр. прилози и 28 стр. литература); 6 заглавја (1. Вовед во окупациона терапија, 2. Модели на окупациона терапија, 3. Окупациона терапија во педијатријата, 4. Окупациона терапија кај различни видови инвалидност, 5. Окупациона терапија во психијатриската рехабилитација, 6. Окупациона терапија во геријатријата) |

[4] Се пополнува за учебник и учебно помагало.

| ИЗВЕШТАЈ[5] | | |
|---|---|---|
| 1. | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | Ракописот претставува прв труд од областа на окупацината терапија во нашата земја. Првенствено е наменет за студентите на прв и втор степен на студии на Институтот за дефектологија, но нуди и широк дијапазон на информации корисни за студентите по педагогија, психологија, како и студентите на педагошките факултети и факултетите за физиотерапевти. Практичните примери и прилозите своја примена може да најдат во работното ангажирање и кај веќе дипломираните профили.<br><br>Ракописот се состои од 6 поглавја, предговор, кратенки, прилози и користена литература, срочени во 254 страници.<br><br>Првото поглавје всушност и претставува **Вовед во окупационата терапија**, каде што авторката нè запознава со потеклото на термините, дефинирањето, целите, задачите и принципите на окупационата терапија. Исто така, даден е историски осврт на појавата на окупационата терапија и нејзиното современо конституирање, со детално објаснување на денешниот процес на окупациона терапја.<br><br>Во второ поглавје, **„Модели на окупациона терапија“**, доц. д-р Рашиќ-Цаневска ги претставува моделите на окупациона терапија кои се применуваат во светски рамки, притоа посочувајќи ги и проценките и техниките на работа за секој од наведените модели. Првиот од опишаните модели е биомеханичкиот, кој своја примена наоѓа во третман на лица со проблеми во функционалното движење при изведување на секојдневните активности, а кои се резултат на болести или трауми на коскено-зглобниот, мускулниот, или периферниот нервен систем. Следен е когнитивниот модел кој се применува кај лица кои имаат прблеми и тешкотии во метакогнитивните, но и базичните когнитивни функции. Во овој дел, авторката дава јасен приказ на ремедијалните и компензаторни терапевтски стратегии. Трет е функционалниот групен модел, објаснувајќи го групниот третман, неговото значење, начинот на формирање на групите, улогите на членовите и сл. Следствено на функционалниот групен модел е интенционалниот релациски модел, кој, пак, ја третира врската помеѓу терапевтот и корисникот, како основа за нормално функционирање и позитивен исход на секој од останатите модели. Петти е моделот на хумана окупација, кој истакнува дека покрај моторните, когнитивните и сензорните оштетувања, многу други фактори придонесуваат кон отежнато изведување на секојдневните активности, меѓу кои: |

[5] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

| | | |
|---|---|---|
| | | мотивација, задржување на позитивна вклученост во животните улоги и рутини, квалитетно изведување на задачите сл. Како еден од најприменуваните модели, моделот на хумна окупација ги истакнува процесот на ремотивација и програмата за самодетерминација како дел од своите стандардизирани програми за интервенција. Во 6 модел, моделот на моторна контрола, авторката претставува 4 традиционални пристапи (пристап по Rood, Bobath пристап, Brunnstrom терапија и проприоцептивна невромускулна фасцилитација) и 2 современи пристапа (целно насочен тренинг и Constraint induced therapy) за третман на лица со нарушувања на моториката како резултат на оштетување на централниот нервен систем. Седмиот модел на окупациона терапија е моделот на сензорна интеграција, кадешто авторката ги објаснува сензорните нарушува и проблеми (сензорна преувствителност, сензорна нечувствителност и потреба од сензорни информации) и дава приказ на современите трендови во сензорно интегративниот третман, меѓу кои терапевтско четкање, терапевтско слушање, проприоцептивни сенорно-интегративни активности и сл. Последниот модел ој доц. д-р Рашиќ-Цаневска го опишува е моделот на терапија со игра, подетално објаснувајќи ги фазите на развој на детската игра, директивната и недирективната терапија со игра и придобивките од нив. Во овој дел, авторката дава опис и на 11 видови на терапија со игра.<br><br>Третото поглавје, **„Окупациона терапија во педијатрија“**, дава приказ на примената на окупационата терапија и улогата на терапевтот во рамките на единиците за интензивна неонатална нега, раната интервенција, во предучилишниот период, како и во рамките на училиштата. Последниот дел од ова поглавје се однесува на примена на окупациона трапија кај хоспитализирани деца.<br><br>Следното поглавје укажува на видовите **окупациона терапија кои се применуваат кај различни видови на инвалидност**, притоа вклучувајќи ги лицата со оштетен слух, оштетен вид, лицата со интелектуална преченост, лицата со аутизам и лицата со различен вид на телесна инвалидност.<br><br>Петтото поглавје авторката го посвети на **„Окупациона терапија во психијатриската рехабилитација“** при што прво дава објаснување за видовите на ментални растројства, а потоа ги наведува методите и техниките на окупациона терапија кои се применуваат кај различен вид на ментално растројство.<br><br>Во последното поглавје, **„Окупациона терапија во геријатрија“**, доц. д-р Рашиќ-Цаневска прво ја дефинира староста, посочувајќи ги теориите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | стареење и карактеристиките на процесот на стареење, а потоа го истакнува значењето на окупациона терапија во оваа возрасна категорија.<br><br>Во делот „прилози“, авторката нуди прашалници и скали за проценка кои се применуваат во окупационата терапија, меѓу кои: иницијала евалуација во окупацината ерапија, проценка на функционалната способност и самстојното изведување на секојдневните активности, училишна евалуација за окупацина терапја, чек-листа за евалуација на играта кај деца и формулар за самоевауација во моделот на хумана окупација.<br><br>Делот користена литература се состои од 354 референци, меѓу кои најголемиот број од англосаксонско говорно подрачје. |
| 2. | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | УЧЕБНИКОТ ШТО СЕ ПРЕДЛАГА ЦЕЛОСНО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМ ЗА КОЈА Е НАМЕНЕТ |
| 3. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Ракописот е автентичен, актуелен и има значаен апликативен придонес. Авторот концизно и на едноставен начин, користејќи разбирлив јазик ги разработува посебните поглавја содржани во ракописот, компонирани во една целина и во обем кој одговара на наставната програма по истоимениот предмет. Добро е осмислен, поддржан со графички и табеларни прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. |
| 4. | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО | УЧЕБНИК |
| 5. | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 256 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12.<br><br>Општата педагошка оцена е дека овој учебник наполно соодветствува за едукација на студентите, особено ако се земе предвид дека досега немаше учебник во нашата земја за овој предмет.<br><br>Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот окупациона терапија, примарно наменет за студентите од прв и |

| | | |
|---|---|---|
| | | втор циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за дефектологија. |
| 6. | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. |

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.

| ИЗВЕШТАЈ[6] | | |
|---|---|---|
| 1. | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | Предговор, 1. Вовед во окупациона терапија, 2. Модели на окупациона терапија, 3. Окупациона терапија во педијатрија, 4. Окупациона терапија кај различни видови на инвалидност, 5. Окупациона терапија во психијатриска рехабилитација, 6. Окупациона терапија во геријатрија), Прилози, Користена литература |
| 2. | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕБНИК Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА |
| 3. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXIII седница одржана на 17.2.2016 година, избран сум за рецензент на учебникот „Окупациона терапија“ од д-р Оливера Рашиќ Цаневска, доцент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. По деталното разгледување и проучување на приложениот материјал го поднесувам следниов<br><br>**И З В Е Ш Т А Ј**<br><br>Ракописот под наслов „Окупациона терапија“ е наменет за студентите од прв и втор циклус студии од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет. Покрај тоа, тој може да им послужи и на студентите од Институтот за психологија, Институтот за педагогија, како и на физиотерапевтите.<br><br>Ракописот содржи 254 страници текст, слики и табели, што наполно одговара на наставната програма по предметот окупациона терапија.<br><br>Содржината на ракописот е распределена во шест дела, и тоа: ***Вовед во окупациона терапија, Модели на окупациона терапија, Окупациона терапија во педијатријата, Окупациона терапија кај различни видови попреченост, Окупациона терапија во психијатриската рехабилитација, Окупациона терапија во геријатријата***.<br><br>Предложениот ракопис започнува со ***Вовед во окупациона терапија***, каде што авторката ни објаснува за |

[6] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

| | | |
|---|---|---|
| | | човекот и окупацијата, ги дефинира целите на окупационата терапија. Потоа, накусо дава историски осврт на окупационата терапија. Во овој дел, авторката посебно се задржува на процесот на окупациона терапија што го спроведуваат окупационен терапевт и асистент на окупациониот терапевт и ги споменува сите места на вработување на окупациониот терапевт во институциите.<br><br>Понатаму следува поглавјето во кое се објаснуваат ***моделите на окупациона терапија.*** Едниот од нив е биомеханичкиот модел кој се применува кај лицата што имаат ограничувања во слободното движење и намалена сила. Една од основните процени која се спроведува во биомеханичкиот модел е мерење на опсегот на движење на дадениот сегмент од телото на субјектот. Методите на интервенција на биомеханичкиот модел се јасно прецизирани. Посебен осврт авторката Рашиќ Цаневска дава на когнитивниот модел на окупациона терапија каде јасно ги прикажува трите основни вида на компензаторни интервенции: процесно-ориентирани и динамички стратегии на учење, тренинг за специфични способности и модификација на задачата и средината. Посебно се осврнува на стратегиите за когнитивна процена како што се: окупациона/функционална проценка, проценка на компонентите, динамична проценка и проценка на степенот на когнитивно оштетување. Интервенцијата е прикажана преку: третман на свеста и извршените функции, третман на динамичките стратегии, когнитивно ретренирање, неврофункционален тренинг, динамична когнитивна интервенција и когнитивна интервенција ориентирана кон изведба на дневните окупации. Во овој дел таа се осврнува и на функционалниот групен модел на ОТ кога терапевтите користат групи на пациенти со заемна интеракција. Интенционалниот релациски модел го објаснува како поврзаност меѓу клиентот и терапевтот што влијае врз финалниот процес на окупационата терапија. Таа посебно го потенцира моделот на хумана окупација што се применува со корисници кои имаат значителни тешкотии во функционирањето, а неговата примена се заснова на вклучување и приспособување на индивидуата во секојдневните активности. Овој дел го завршува со приказ на стандардизираните програми и протоколи за интервенција. Потоа, авторката своето внимание го насочува на приказ на моделот на моторна контрола каде ни ги објаснува: традиционалните концепти во моделот на моторна контрола, современите концепти на моторна контрола, традиционалните невроразвојни пристапи, како и современите пристапи за подобрување на моторната контрола. Моделот на сензорна анализа кој е воведен од Jean Ayres зазема посебно место во ова поглавје од ракописот каде што се претставени: сензорните интегративни проблеми и предизвици, можните терапевтски интервенции: сензорно катче, сензорна кутија, терапевтско четкање, проприоцептивни сензорно-интегративни активности, |

| | | |
|---|---|---|
| | | вестибуларно-сензорни активности, орални моторно-сензорни активности, како и организацијата на просторот и опремата кои се користат во оваа значајна метода. Терапијата со игра претставува значаен дел од овој учебник, каде што авторката умешно н¢ води во развојот на играта преку: сензорна и физичка игра, симболичка игра, конструктивните игри. Терапијата со игра ја спроведуваат игровни терапевти. Опишани се видовите на терапија со игра, а тоа се следните: когнитивно-бихејвиорална терапија со игра, терапија со игра на ослободување, директивна терапија со игра во рамките на училиштата, терапија со игра во песок, терапија со игра со централно поставување на детето, theraplay и филијалната терапија. Прикажани се најчестите места за примена на терапијата со игра, а тоа несомнено се: институциите за ментално здравје, училиштата, болниците, развојните советувалишта и рекреативните центри. Овој дел завршува со играта како проценка и терапија во кое се обработени некои видови на игри.<br><br>Во третото по ред поглавје, ***Окупациона терапија во педијатрија***, обработен е материјал од педијатриската практика. Окупационата терапија во единиците за интензивна нега е релативно нова практика во светот, освен во САД и овде кандидатката дава еден пресек на состојбите во последните декади. Таа наведува дека: окупационата терапија во рамките на програмите за рана интервенција може да се применува од клинички центри, па с¢ до помалку контролирани услови како што се инклузивните програми. Следен предизвик за авторката е окупационата терапија во предучилишните установи. Улогата на окупациониот терапевт во предучилишните установи е да обезбеди соодветна поддршка на детето каде што окупациониот терапевт учествува во уредување и организација на просторот со што ќе се овозможи стимулативна средина и превенција на инвалидноста. Окупационата терапија во училиштата се фокусира на отстранување на бариерите кои го попречуваат процесот на учење кај ученикот и развивање способности за самостојно функционирање во училишната средина. Работата на окупациониот терапевт во хоспитални услови претставува голем дострел бидејќи ОТ треба да му помогне на детето да воспостави контрола врз новонастанатата ситуација и побрзо да се адаптира на болничките услови.<br><br>***Окупациона терапија кај различни видови попреченост*** е четвртото поглавје што е обработено во предложениот ракопис. Внимателно селектираните теми во ова поглавје ја објаснуваат употребата на окупационата терапија кај оштетување на слухот, оштетување на видот, аутистичен спектар на нарушување, интелектуална попреченост и телесна инвалидност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во следното поглавје, ***Окупациона терапија во психијатриската рехабилитација***, авторката се задржува на поимот ментално оздравување, ги опишува главните видови ментални растројства како што се: шизофренијата, биполарните растројства, депресивните растројства, анксиозноста и опсесивно-компулсивните растројства. Интервенциските програми во окупационата терапија започнуваат со адаптација на средината, што ќе овозможи подобра сензорна стимулација, подобра организација на материјалите, промени во расположението и афектот на корисникот, охрабрување на специфичен начин на однесување.<br><br>Темата ***Окупациона терапија во геријатријата*** е последната во предложениот ракопис. Во неа се опишани поимот и дефиницијата за староста, теориите кои го објаснуваат процесот на стареењето, карактеристиките на стареењето, како и примената на окупационата терапија кај геријатриските пациенти. Работата со стари лица кои боледуваат или имаат губење на меморијата треба да претставува фокус во работата на окупационите терапевти. Основната цел во нивната работа е да се надминат физичките препреки и да се продолжи со секојдневните животни активности. Првиот потег е проценка на способностите или ограничувања на личноста кои влијаат врз независното функционирање.<br><br>Книгата завршува со делот прилози каде што се прикажани неколку инструменти кои се користат во рамките на окупационата терапија за проценка на функционалната способност на корисниците. Дадени се следниве прилози: иницијална евалуација во окупационата терапија, проценка на функционалната способност и самостојно изведување на секојдневните активности, училишна евалуација за окупациона терапија, чек листа за евалуација на играта кај децата, формулар за самоевалуација во МОХО. По прилозите следува користената литература во која се вклучени 349 домашни и странски референци од што може да се види студиозниот пристап на авторката. |
| 4. | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО | Учебник |
| 5. | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА | По прегледаниот ракопис, може да се заклучи дека авторката направила адекватен избор на содржините на овој учебник со оглед на неговата основна намена за студентите на прв |

| | | |
|---|---|---|
| | ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | и втор циклус на студии на Институтот за дефектологија. Изложувањето на содржините во ракописот е концизно и прегледно, пишувано со јасен и добар стил, што на ракописот му дава посебна вредност. Авторката во текот на пишувањето на целиот текст, доследно се придржува до еден концепт на изнесување на материјата, што ги задоволува стручните и методските барања на современ учебник.<br><br>Врз основа на гореизнесеното, со особено задоволство предлагам ракописот под наслов „Окупациона терапија“ да биде печатен како учебник по изборниот предмет окупациона терапија, за студентите на Институтот по дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. |
| 6. | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | a. да се воведе листа на кратенки;<br>b. да се стави логото на Филозофски факултет;<br>c. прилозите да се средат технички;<br>d. да се поправат сите лекторски и печатни грешки;<br>e. Трпчевска да се наведе во литература;<br>f. на први страници да се стави издавач, рецензенти, ISBN број, евентуално куса биографија на авторката;<br>g. прилозите убаво да се средат технички и да биде наведен изворот на цитирање. |

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Владимир Трајковски,с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „ЕКОНОМИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО“ ОД АВТОРИТЕ: Д-Р ТРАЈАН ГОЦЕВСК И Д-Р СТОЈАН ГОЦЕВСКИ

| ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ | | ОПИС |
|---|---|---|
| 10. | НАЗИВ НА УЧЕБНИКОТ, УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Предложениот ракопис за издавање на учебник има наслов: ЕКОНОМИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО |
| 11. | НАЗИВ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ЗА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА | Називот на предметната програма за кој е наменет овој учебник е: Економика на образованието |
| 12. | НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | -Студиска програма за прв циклус студии по едагогија, и<br><br>-Студиска програма за прв циклус студии по дефектологија |
| 13. | ФОНД НА ЧАСОВИ НАСТАВА И ВЕЖБИ И ЕКТС КРЕДИТИ | -Фодот на часови и вежби на студиската програма на Институтот за педагогија е 2+2, и носи 6 ЕКТС кредити<br><br>-Фондот на часови и вежби на студиската програма на Институтот за дефектологија е 3+2, и носи 6 ЕКТС кредити |
| 14. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА АВТОРОТ (АВТОРИТЕ) | Д-р Трајан Гоцевски, редовен професор на Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје и д-р Стојан Гоцевски |
| 15. | ВРЕМЕ И АКТ НА ИЗБОР НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ[7] | Со Одлука бр.13-540/2 на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје, донесена на 31.3.2016 година |
| 16. | ДАЛИ Е ПРВО ИЗДАНИЕ ИЛИ НЕ (член 23 УКИМ, до или над 25%) | Ова всушност не е ново издание, но во принцип е работено според нови содржини во согласност со новата предметна програма, а целосно се обновени и сите економски индикатори, бидејќи претходното издание е работено пред 10 години.<br><br>Околу 70 % е нов текст и 100 % нови економски и други индикатори. |
| 17. | ДОКОЛКУ НЕ Е ПРВО ИЗДАНИЕ, ВО КОЛКАВА МЕРА СЕ РАЗЛИКУВА? | Повеќе од 70 % од трудот е нов текст, како и сите економски и други индикатори се нови. |
| 18. | ОПШТИ ПОДАТОЦИ (број на страници, прилози, заглавја или делови итн.) | Приложениот текст се состои од 298 чукани страници, компјутерски обработен текст. Материјата е поделена во три дела. Првиот дел има седум поглавја, вториот дел има 11 поглавја, а |

[7] Се пополнува за учебник и учебно помагало.

| | | |
|---|---|---|
| | | третиот дела има 25 поглавја. Вкупниот број на наслови изнесува 45, и со нив се покриваат сите содржини предвидени со предметната програма по економика на образованието. |

| ИЗВЕШТАЈ[8] | | |
|---|---|---|
| 7. | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | По анализата на приложениот ракопис под наслов „Економика на образованието“ од проф. д-р Трајан Гоцевски, може да се заклучи дека тој е структуриран во три дела и над 45 поглавја, кои чинат една логична целина.<br><br>Првиот дел на трудот е посветен на следниве содржини: Вовед во предметот, Економиката на образованието како научна дисциплина, Класификација на економските науки, Економиката на образованието и другите сродни дисциплини, Методи на економиката на образованието,како што се: Историски метод, Дијалектички метод, Метод на квантитативна анализа, Метод на квалитативна анализа, Метод на математичко-статистичка анализа и Метод на компаративна анализа. Во овој дел авторот се задржува и на ставовите на економистите за образованието и развијот на економската мисла за образованието.<br><br>Вториот дел од трудот е посветен на стопанскиот систем на Р.Македонија. Притоа авторот вниманието го насочува кон: Развој и карактеристики на новиот стопански систем, Стопанска структура, Економска политика на Р.Македонија, Суштина на пазарот и неговите функции функции,Систем и политика на цените, Место и улога на планирањето, Паричен систем на Р Македонија, Промена на вредноста на парите, Инфлација како економска категорија, Банкарско-кредитен систем, Улогата ма банките и кредитот, Банкарско-кредитен систем на Р Македонија, Надворешно-трговски и девизен систем, Надворешно-трговски систем, Девизен систем, Систм на странски вложувања, Систем на јавни приходи и расходи, Видови јавни приходи, Карактеристики на даночниот систем, Јавни расходи јавни расходи, Буџет на земјата, Формирање и распределба на БДП, Фактори на економскиот развој, Ниво на економска развиеност, Темпо и фази на развојот, Проблемите и перспективите на развојот и разлики во развиеноста и |

[8] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

| | | |
|---|---|---|
| | | сл.<br><br>Третиот дел се однесува на следниве содржини: Степен на развиеност на образованието и стопанскиот развој, Образованието како потрошувачка, Образованието како инвестиција, Образованието фактор за виталноста на нацијата, Значењето на човечките ресурси за развојот, Научно техничкиот и технолошкиот развој и неговото влијание врз развојот и структурата на потребните кадри, Техничкиот напредок и структурата на активно население, Технолошкиот развој и општествените промени, Технолошкиот развој и промената на структурата на човечките ресурси, Технолошкиот развој и подвижноста на работната сила, Технолошкиот развој, науката, образованието и производството, Задачите на воспино-образовната работа, Местото и улогата на универзитетите во надминување на технолошката зависност, Општеството неговата суштина и образованието, Науката и општеството, Елементи од кои е условена општествената структура, Трудот поделбата на трудот и образованието, Социјалната диференцијација и образованието, Општествена стратификација, Општествената подвижност и образованието, Човеков капитал во знаење, Знаењето како вид човеков капитал, Образованието како потрошувачка и инвестиција, Образованието и економскиот развој, Ефикасност на инвестициите во образованието, Мерење на човековиот капитал во знаење, Инвестиции за стекнување на човеков капитал во знаење, Улогата на Универзитетите во создавањето на чоечкиот капитал во знаење, Економија на знаењето, Населението како фактор на економскиот развој, Населението и развојот, Промените во населението и нивниот одраз врз развојот, Урбанизацијата и нејзиниот одраз врз структурата на образованието и развојот, Воведувањето на нов политички и економски систем и нивниот одраз врз воспитно-образовниот систем, Диспропорции во развојот и образувањето на кадровската структура, Структурните промени во стопанството и промените во образовниот систем, Вклучување на Р. Македонија во светскиот образовен и истражувачки систем, Показатели за делотворноста и квалитетот на образованието, Инвестиции во образованието на кадри, Инвестиции во образованието, Образованието и продуктивноста на трудот, Образованието, примањата, |

| | | |
|---|---|---|
| | | стандардот и нивото на културно живеење, Примарна и секундарна распределба, Утврдување на цена на образованието, Пазарно однесување на образовните организации, Цена на образованието, Финансирање на образованието, Понуда и побарувачка во образовната сфера , Мерила и критериуми за формирање цена на образовните услуги во високото образование, Инвестиции во образованието, Образованието продуктивноста на трудот и заработките, Распределбата и образовниот систем, Планирањето во образованието, Планирање на човечките ресурси, Принципи на планирање на човечки ресурси, Методи за планирање на образованието, Улогата на УНЕСКО за образованието и сл. |
| 8. | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | Анализирајќи ја предметната програма по предметот: Економика на образованието, што се изучува на Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје, може да се заклучи дека предложениот текст за учебник по оваа предметна програма во целост е во согласност со предметната програма. |
| 9. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Учебникот под наслов „Економика на образованието“ е изработен според сите методолошки и други стандарди предвидени за подготовка на универзитетски учебници, користи современ пристап при анализата на економските појави и економските законитости, користи најнови економски индикатори преку кои ги илустрира економските движење и законитости, сугерира солидна база на податоци за критичко размислување на студентите и нуди излезни решенија за економските проблеми поврзани со образованието.<br><br>Авторите користеле релевантна и најнова литература од оваа област, како од домашни така и од странски автори што учебникот го прави доста актуелен.<br><br>Оценката е дека станува збор за современ, актуелен и со атрактивни економски содржини учебник. |
| 10. | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО | Како рецензент на овој труд во целина се согласувам тој да биде објавен како УЧЕБНИК по предметната програма за економика на образованието. |
| 11. | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | Имајќи ја предвид целината на материјата која е предмет на анализа, актуелноста на овие содржини за стекнување на соответни компетенции на студентите, како и потребата од сè поголеми знаења од областа на |

| | | |
|---|---|---|
| | | економијата, недвојбено сум на мислење дека овој труд треба да биде објавен. Актуелноста на содржините и интересот на студентите да ја изучуваат оваа материја исто така јасно зборува за оправданоста да се објави овој учебник.<br><br>Како рецензент му предлагам на издавачот-Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје да го прифати овој предлог и да донесе одлука за печатење на овој учебник. |
| 12. | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | Нема потреба за какви било корекции или измени во текстот, бидејки авторот исцело се водел од содржините во предметната програма, како и од современиот пристап при изготвување на универзитетски учебници |

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.

| ИЗВЕШТАЈ[9] | | |
|---|---|---|
| 7 | КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА | Приложениот ракопис за учебник по предметната програма за економика на образованието се состои од 50-тина наслови кои се групирани во три дела.<br><br>**Првиот дел** на трудот ги разработува следниве содржини:Вовед во предметот Економика на образованието,Класификација на економските науки, Економиката на образованието и другите сродни дисциплини, Методи на економиката на образованието,како што се:Историски метод, Дијалектички метод, Метод на квантитативна анализа, Метод на квалитативна анализа, Метод на математичко-статистичка анализа и Метод на компаративна анализа. Во овој дел, авторот се задржува и на ставовите на економистите за образованието и развојот на економската мисла за образованието и сл.<br><br>**Вториот дел** од трудот се однесува на следниве проблеми: Стопанскиот систем на Р.Македонија, при што авторот вниманието го насочува кон: Развојот и карактеристики на новиот стопански систем, Стопанска структура, Економска политика на Р.Македонија, Суштина на пазарот и неговите функции функции,Систем и политика на цените, Место и улога на планирањето, Паричен систем на Р. Македонија, Промена на вредноста на парите, Инфлација како економска категорија, Банкарско-кредитен систем, Улогата ма банките и кредитот, Банкарско-кредитен систем на Р.Македонија, Надворешнотрговски и девизен систем, Надворешно-трговски систем, Девизен систем, Систм на странски вложувања, Систем на јавни приходи и расходи, Видови јавни приходи, Карактеристики на даночниот систем, Јавни расходи јавни расходи, Буџет на земјата, Формирање и распределба на БДП, Фактори на економскиот развој, Ниво на економска развиеност, Темпо и фази на развојот, Проблеми и перспективи на развојот и Разлики во развиеноста.<br><br>**Третиот дел** од текстот на овој труд е посветен на следниве содржини: Степенот на развиеност на образованието и стопанскиот развој, Образованието како потрошувачка, Образованието како инвестиција, |

[9] Извештајот може да изнесува најмногу 10 чукани страници со нормален проред.

| | | |
|---|---|---|
| | | Образованието фактор за виталноста на нацијата, Значењето на човечките ресурси за развојот, Научно-техничкиот и технолошкиот развој и неговото влијание врз развојот и структурата на потребните кадри, Техничкиот напредок и структурата на активно население, Технолошкиот развој и општествените промени, Технолошкиот развој и промената на структурата на човечките ресурси, Технолошкиот развој и подвижноста на работната сила, Технолошкиот развој, науката, образованието и производството, Задачите на воспитно-образовната работа, Местото и улогата на универзитетите во надминување на технолошката зависност, Општеството неговата суштина и образованието, Науката и општеството, Елементи од кои е условена општествената структура, Трудот поделбата на трудот и образованието, Социјалната диференцијација и образованието, Општествена стратификација, Општествената подвижност и образованието, Човеков капитал во знаење, Знаењето како вид човеков капитал, Образованието како потрошувачка и инвестиција, Образованието и економскиот развој, Ефикасност на инвестициите во образованието, Мерење на човековиот капитал во знаење, Инвестиции за стекнување на човеков капитал во знаење, Улогата на универзитетите во создавањето на чоечкиот капитал во знаење, Економија на знаењето, Населението како фактор на економскиот развој, Населението и развојот, Промените во населението и нивниот одраз врз развојот, Урбанизацијата и нејзиниот одраз врз структурата на образованието и развојот, Воведувањето на нов политички и економски систем и нивниот одраз врз воспитно-образовниот систем, Диспропорции во развојот и образувањето на кадровската структура, Структурните промени во стопанството и промените во образовниот систем, Вклучување на Р.Македонија во светскиот образовен и истражувачки систем, Показатели за делотворноста и квалитетот на образованието, Инвестиции во образованието на кадри, Инвестиции во образованието, Образованието и продуктивноста на трудот, Образованието, примањата, стандардот и нивото на културно живеење, Примарна и секундарна распределба, Утврдување на цена на образованието, Пазарно однесување на образовните организации, Цена на образованието, Финансирање на образованието, Понуда и побарувачка во образовната сфера, Мерила и критериуми за формирање цена на образовните услуги во високото образование, Инвестиции во образованието, Образованието продуктивноста на трудот и заработките, Распределбата и образовниот систем, Планирањето во образованието, Планирање на човечките ресурси, Принципи на планирање на човечки ресурси, Методи за планирање на образованието, Улогата на УНЕСКО за образованието и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 8. | ОЦЕНА ДАЛИ ПРЕДЛОЖЕНИОТ УЧЕНИК /ПОМАГАЛО Е ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА | Предложениот ракопис во целина ги покрива содржините од предметната програма по економика на образованието |
| 9. | ОЦЕНА НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО | Станува збор за стандардено подготвен, актуелен и модерен универзитетски учебник, кој разработува актуелна економска проблематика, проблематика која е неопходна за идните работни ангажмани на дипломираните студенти, преку чие совладување ќе се здобијат со солидни компетенции од оваа област.<br><br>Затоа, како рецензент, предлагам ракописот да се објави како солиден универзитетски учебник. |
| 10. | КАТЕГОРИЗАЦИЈА – УЧЕБНИК ИЛИ УЧЕБНО ПОМАГАЛО | Содржински, учебникот ги покрива сите делови предвидени со предметната програма по економика на образованието.<br><br>Методолошки, учебникот ги практикува сите критериуми за подготовка на учебник.<br><br>Авторите имаат современ пристап при обликувањето на содржините и изборот на индикатори со кои ги поткрепуваат заклучоците и констатациите.<br><br>Како целина создава услови за критично обликување на ставовите и мислењата на студентите.<br><br>Користена е најнова домашна и странска литература од областа на економските науки.<br><br>Според сето изнесено може да се заклучи дека предложениот ракопис ги исполнува сите услови да биде издаден како учебник. |
| 11. | ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ | Се работи за исклучително актуелни содржини од областа на Економиката образованието како современа научна дисциплина, многу актуелна на сите Универзитети во светот, а која се актуелизира и на нашиот Универзитет, особено во услови кога Р.Македонија функционира во услови на функционална пазарана економија.<br><br>Овој учебник го актуализира прашањето на образованието и знаењето како негов производ, кое треба да се третира како развоен ресурс од прворазредно значење за македонското општество |

| | | |
|---|---|---|
| | | како целина но и како пресудно за забрзувањето на економскиот развој на земјата.<br><br>Исто така посебно се анализиара значењето на работната сила од сите нејзини аспекти а посебно од аспект на потребата за пермнентно инвестирање во подобрувањето на квалитативните перформанси на работната сила кои се основен предуслов за ефикасна, просперитетна и модерна економија.<br><br>Ако на тоа се додаде и интересот на студентите за изучување на овие содржини, се наметнува заклучокот дека е повеќе од потребно да се објави овој учебник, а оправданоста очевидна. |
| 12. | ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ | На мислење сум дека предложениот ракопис ги исполнува сите критериуми за да биде издаден како универзитетски учебник, поради што не предлагам корекции или измени на приложениот труд. |

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф.д-р Зоран Велковски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАВЛЕГУВАЊЕ НА ИТАЛИЈАНСКИОТ КАПИТАЛ И НЕГОВАТА УЛОГА ВО АЛБАНИЈА ОД 1935 ДО 1939 ГОДИНА" ОД М-Р АЈРУЛА ЈАКУПИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30. 3. 2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ајрула Јакупи со наслов „Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 до 1939 година", во состав: проф. д-р Далибор Јовановски (претседател), проф. д-р Методија Манојловски (ментор), проф. д-р Маргарита Пешевска (член), проф. д-р Катерина Тодороска (член) и проф. д-р Халим Пурелку (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ајрула Јакупи, со наслов „Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 до 1939 година", содржи 200 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1.5 проред и големина на букви 12, со 449 фусноти, 150 библиографски единици, меѓу нив архивски документи, научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 7 (седум) глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека по завршувањето на Версајската конференција, Италија започнала да спроведува и да поддржува антиалбанска политика. Сите окупирани зони или ослободени од Италија, по Мировната конференција ги објавила како воени зони, спречувајќи го слободното движење на Албанците од едно место во друго, цензурирајќи го печатот, ставајќи ги под своја контрола телеграфските и телефонските линии. Како што се гледа, Италија за краток временски период за да ги реализира своите намери почнала да ги спроведува своите планови, еден по друг, за да стигне до крајната цел. А тоа значело, премин од протекторат до целосна воена окупација и до анектирање на албанските стратешки и значајни територии. Италијанските власти се потрудиле да и ги одземат правата на албанската влада во врска со управување со жандармеријата, со тоа што побарале жандармеријата во Валона да биде под нивна контрола. Овој обид на Рим создал

многу незадоволство кај вработените офицери во системот и министрите при Владата во Драч, но затоа пак, значел и уште поинтензивен упад на италијанската политика во сите сегменти во албанското општество.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Политичките и економските состојби меѓу Албанија и Италија по Првата светска војна“. Во неа се анализирани состојбите непосредно по Првата светска војна и 20-тите години на 20. век , политичка борба за склучување воен сојуз, улогата на Италија во создавањето на кралска Албанија, италијанскиот притисок врз Албанија, економската криза во Албанија (1929 – 1933), атентатот врз кралот Ахмет Зогу.

**Втората глава** ги анализира албанско-италијанските недоразбирања и посочува на причините за нив, потоа улогата на Албанија во италијанско-југословенските односи, како и мерките на фашистичката италијанска влада за италијанизирање на албанската држава.

**Третата глава** ги анализира билатералните преговори и договори за концесии. При тоа, докторандот ги разгледува прашањата поврзани со договорот во Ливорно и разговорите за добивање меѓусебни концесии, актуелната состојба во Албанија при интензивирањето на разговорите и постигнатиот компромис, понатамошно италијанско продирање во Албанија и постигнатите договори од 19 март 1936 година, како и обидот на италијанскиот капитал за целосно преземање на албанските нафтени извори.

**Четвртата глава** ги анализира албанско - југословенските односи преку одделни прашања, како инцидентот за влошување на албанско-југословенските односи, востанието во Фиер.

**Петтата глава** го анализира потпишувањето на албанско-италијанските договори за меѓусебна соработка како што се: Договор за враќање на долгот од 100 милиони златни франци, Договор за финансиската состојба во албанската држава, Договор за добивање заем од 10 милиони франци за земјоделството, Договор за монопол на тутунот, Договор за финансирање на пристаништето во Драч, Договорот за кредитот СВЕА и Договор за организирање и финансирање на албанската војска.

**Шестата глава** ја анализира експанзионистичката економска политика на Италија во Албанија преку навлегувањето на италијанскиот капитал во земјоделството и транспортот, лошата состојба во албанската економија, состојбата на Албанија во годините на економската криза (1934 – 1938), обидите за подобрување на албанската економска состојба (1935-1939) и албанско-југословенските односи пред окупацијата на Албанија.

**Седмата глава** ја анализира окупацијата на Албанија од страна на Италија. Овде докторандот се осврнува на постапките на владата на Ахмет Зогу со кои оваа влада го отвора патот за окупација врз Албанија од страна на Италија. Тука посебно се осврнува на улогата на влезениот финансиски капитал за подготовка на фашистичката окупација на Албанија, како и на општите албанско-италијански односи пред италијанската агресија во Албанија.

Во заклучните согледувања, докторандот ги пренесува своите заклучоци во однос на подготовките и окупацијата на Албанија од страна на Италија, при што констатира дека во овој процес значајна улога имале меѓународните

околности. Големите сили направија големи пропусти за влезот на фашистичка Италија во Албанија во сите животни сфери (полиња). Ахмет Зогу направи неколку обиди да ја зачува неговата држава, преземајќи активности за да преговара со претставниците на италијанската држава и се покажа подготвен да му дозволи на италијанскиот капитал други концесии поголеми од тие што ги давале дотогаш. Но, сепак, нивните проекти не ја достигнаа целта, затоа што римските околности бараа да ја окупираат Албанија. Зогу и неговите привврзаници дејствуваа во друг правец и влегоа во преговори со претставници од западните земји за да ја придобијат нивната поддршка. Сепак, и во овој правец претрпеа неуспех. Во текот на почетокот на април 1939 година разни слоеви на албанскиот народ, од кои: ученици од средните училишта, работници, занаетчии и интелектуалци патриоти во повеќе албански градови побараа оружје за да војуваат против окупаторот. Окупацијата на Албанија беше прв објектив на фашистичка Италија. Окупирајќи ја Албанија, Италија имаше за цел да постигне други позначајни цели.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во овој докторски труд е односот на италијанската севкупна политика кон Албанија. При тоа, докторандот своето истражување го конципира согласно со достапната оригинална граѓа во повеќе архиви.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Оваа тема спаѓа во областа на историјата на економската политика, поле на истражување кое е многу сиромашно со историска литература. Затоа цениме дека докторандот направил добар избор бидејќи се зафатил со досега неистражена и непополнета празнина на економската историја на Албанија.

**Краток опис на применетите методи**

Во овој докторски труд имаме обработување на историјата на одредени економски проблеми, паралелно со бурните политички промени во тоа време. За сето тоа кандидатот ги користи традиционалните методолошки пристапи и експликации.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од спроведените истражувања за оваа тема покажуваат дека економската историја на Албанија е во зародиш, а нејзиното потиснување пред политичката историја е неоправдано. Имено, кандидатот врз база на направените истражувања и нивните анлизи покажува дека политиката имала длабоки корени во економските состојби во една држава.

Говорејќи конкрено за албанската историја во овој период, докторандот посочува дека подобрените економски состојби во албанската држава

придонесувале за намалување на политичките тензии во државата. Во тој однос, италијанската политика кон Албанија имала двојни аршини. Првиот бил италијанскиот интерес за природните богатства на албанската територија, а вториот бил финансискиот ефект по албанското население од бројните концесии кои ги добила Италија во Албанија. При анализата на оригиналните документи направен е преглед на добивката, односно загубата во однос на профитот кој го остварувале италијанските компании од работата во Албанија. Од тој профит, само мал и незначителен дел останувал за албанскиот народ. Затоа, пак, албанската елита богато била наградувана од италијанските компании кои безмилосно го експлоатирале албанското национална богатство.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ајрула Јакупи, со наслов „Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 до 1939 година" претставува значајно и комплексно истражување во историската наука. Обработката на темата на оваа докторска дисертација ја постигна поставената цел за опстојно презентирање на добиените сознанија од достапната архивска граѓа и запознавање на македонската јавност со неа. На тој начин историската наука се збогатува со уште еден сериозен труд од полето на меѓународните односи.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ајрула Јакупи, со наслов „Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 до 1939 година", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Автор: М-р Ајрула Јакупи, Проверувањето и оценувањето на знањата на учениците со акцент во наставата по историја, објавен: Списание за теорија и практика на образованието, год. LXVII, Просветно дело, број 5, Скопје 2014, с. 68-81.

2. Автор: М-р Ајрула Јакупи, Мултикултурализмот и интелектуалните вредности во образованието, објавен: Списание за теорија и практика на образованието, год. LXVIII, Просветно дело, број 4, Скопје 2015, с. 92-102.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главен научен придонес во оваа дисертација е разоткривањето на италијанската политика во однос на албанската држава и нејзиното население. Ако се има предвид дека окупацијата на албанската територија од страна на фашистичка Италија во текот на Втората светска војна имала големи реперкусии и врз македонската територија во нејзиниот западен дел, тогаш е јасно зошто оваа докторска дисертација е толку значајна за нашата историографија.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во доменот на економската историја, политичката историја, историјата на меѓународните односи.

Можните понатамошни истражувања се: документирање на случувањата во Албанија поврзани со италијанската агресија на сите полиња во албанската држава.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Ајрула Јакупи со наслов „Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 до 1939 година”.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Далибор Јовановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Методија Манојловски, ментор, с.р.
Проф. д-р Маргарита Пешевска, член, с.р.
Проф. д-р Катерина Тодороска, член, с.р.
Проф. д-р Халим Пурелку, член, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Аделина Хајрулаху | „Креирање и имплементација на детското портфолио во предучилишните установи“ | „Creation and Implementation of Children's Portfolio in Preschool Institutions“ | Проф. д-р Лена Дамовска | 5. V 2016<br>10-44/16 |
| 2. | М-р Орданче Петров | „Средновековно оружје од Македонија“ | „Medieval Weapons from Macedonia“ | Проф. д-р Елица Манева | 5. V 2016<br>10-43/16 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „СУБВЕРЗИВНОСТА НА ЖЕНСКОТО ЛУДИЛО ВО АНГЛО-АМЕРИКАНСКАТА ПРОЗА НАСПРОТИ КОНФОРМИЗМОТ НА ЖЕНСКАТА ПАТРИЈАРХАЛНА МАТРИЦА НА МАКЕДОНСКИОТ РОМАН ИЗРАБОТЕНА“ ОД М-Р ТАТЈАНА СРЦЕВА-ПАВЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 63. редовна седница одржана на 9.3.2016 год., избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Субверзивноста на женското лудило во англо-американската проза наспроти конформизмот на женската патријархална матрица на македонскиот роман,* изработена од м-р Татјана Срцева-Павловска, во состав:

1. д-р Виолета Христовска, редовен професор
2. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор
3. д-р Соња Витанова-Стрезова, редовен професор
4. д-р Славица Србиновска, редовен професор
5. д-р Румена Бужаровска, доцент.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, ни претставува чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација „Субверзивноста на женското лудило во англо-американската проза наспроти конформизмот на женската патријархална матрица на македонскиот роман“, изработена од кандидатката Татјана Срцева-Павловска, се состои од 221 страница компјутерски обработен труд кој содржи: апстракти на англиски и македонски јазик; опис на целта и мотивацијата, разработката на темата во седум поглавја, по кои следува избор од библиографијата на користената литература.

Дисертацијата има за цел преку едно темелно и компаративно истражување на потеклото, генезата и ефектите на женското лудило во англиската и американската книжевност поставено директно наспроти женскиот лик во македонската книжевност, а преку бројни длабински анализи на ликови од повеќе автори, да покаже и да докаже дека жените во различните општества преку лудилото, како најрадикален концепт на слобода, демократичност и либералност, ја прегрнуваат со гордост сопствената психичка ослободеност, наспроти воздржаноста, ограничувањата и автоцензурата на македонската жена како дел од севкупното патријархално опкружување, меѓу кое е женската интерпретација и приказ во македонската книжевност.

Во трудов акцентот е ставен на жените (особено женските ликови во англо-американската литература) кои се неправедно третирани со векови од страна на фалогоцентричното, мизогинистичко и доминантно машко општество и кои биле принудени да им се подвинуваат на патријархалните правила; тие ги избираат најразличните форми на лудило како најрадикални методи за преземање субверзивни дејства и борба против овие угнетувања - ултимативно лудило и/или суицидност преку „прекрасното натопување во сопствената флуидност“, буктежот на пламените јазици, или автоагресијата. Од друга страна, пак, македонските женски книжевни ликови конформистички се повинуваат на мизогинистичкото општество и одбираат молк и повинување, ја одбираат „метафората на тишината“ се решаваат на бегство или некои други, поинакви форми на покорно дејствување и недавање отпор. Женското лудило може да се толкува како дефинитивно ултимативна форма на борба против патријархалното и мизогинистичко општество полно со предрасуди.

Во воведниот дел (стр.14-24), кандидатката уште на самиот почеток го внесува поимот „лудило“ и се осврнува на некои од главните карактеристики на оваа комплексна состојба. Најпрвин ја обработува природата на лудилото и хистеријата како феномени присутни во сите сегменти на човековото цивилизациско живеење; уште од најстарите времиња, женското лудило се среќава во митологијата на повеќе народи, но и во најразличните религии, во народното творештво, како и во уметноста низ бројните историски епохи и како најзначајно во овој контекст, во книжевноста на англо-американските народи во текот на нивната историја.

Во вториот и теоретски дел (стр.25-47), кандидатката прави подлабински увид на поимот и генезата на менталните растројства и лудилото како медицинско-психијатриска состојба, за потоа да ги анализира нив и од повеќе теориски и филозофски аспекти. Во овој дел се прави и кус пресек и осврт на менталните болести на кои им е дадена човечко-уметничка димензија поради тоа што кандидатката дава и приказ како тие биле и се дел од англо-американската книжевност. Во продолжение, во делот „Половите разлики и менталните заболувања“, кандидатката ја обработува и ја цитира американската мислителка Филис Чеслер која во своето дело „Жени и лудило“ прави аналогија на општествено наметнатото двојство жена-роб, а исто така дава и една продлабочена анализа на три различни психолошки студии за шизофренијата на докторите Ширли С. Ангрист, Френсис Чик, Дејвид Мекleланд и Норман Ват, контрастирајќи ги мажите и жените шизофрени пациенти и сумирајќи ги добиените резултати за бројните разлики меѓу нив.

Во овој дел, исто така се обработуваат и повеќе феминистички теории за женското лудило. Посебен осврт и акцент е ставен на критичарката и писателка Илејн Шоволтер и нејзината теорија за „женската болест во литературата“ која ги анализира состојбите преку анахроно видување на проблематиката поделено на три историски периоди, и тоа: 1) психијатриско викторијанство (1830-1870); 2) психијатриски дарвинизам (1870-1920); и 3) психијатриски модернизам (1920-1980). Првиот дел го анализира периодот на викторијанска Англија, односно тоа е периодот на формирањето на големи, јавни, односно државни душевни болници, како резултат на донесувањето на Законот за душевни болни од 1845 година. Потоа следува периодот на таканаречениот „психијатриски дарвинизам“, кој го одбележува трендот на влошување на и така траорната состојба со психијатриските установи и нивните пациенти, и третиот период, кој бележи подобрување на општите состојби кај психијатриските пациенти, но не и значително раздвижување на состојбите кај жените шизофреници. Воведувањето на принципот на третирање на болеста попознат како лоботомија, што претставува еден вид на метафориска „ментална кастрација“, која се спроведува преку неврохируршка процедура со која само им се влошува и така веќе фрагилната состојба на пациентите со ментални растројства и придонесува за дополнително проблематизирање на општествените состојби и односите помеѓу мажот и жената во доминантно фалоцентричните констелации.

Во продолжение на истиот теориски дел, кандидатката ги анализира и темите за женското лудило разработени во повеќе дела на истакнати психоаналитичари и мислители. Кај Фројд се анализира теоријата за анатомијата на женскиот недостаток, или поточно женската верзија на Едиповиот комплекс, зависта поради немање пенис, чувството на самоомраза и инфериорност односно популарно-наречената „теорија за женската кастрација“ во која се посочени три значајни фази и тоа: прво - начинот со кој жената се справува со овој свој недостаток, т.е. немање пенис, и тоа преку инхибиција на сексуалноста што, пак, води кон ***неврози,*** сексуален страв и повлеченост; второ - жената создава силен комплекс на машкост преку дрско натпреварување со мажите и најверојатна хомосексуалност; и трето - нормална женскост. Освен Фројд, значајни се теоретизирањата и на уште еден мислител по однос на

проблематиката на женското лудило, францускиот филозоф и критичар Мишел Фуко, кои се исто така разработени во овој докторски труд. Кандидатката ги разработува теориите на Фуко, според кои лудилото не е ментална, односно психичка болест, туку претставува производ на дискутабилни општествено-етички обврски. Овој факт го поткрепува со повеќе најразлични објаснувања на лудилото низ историјата - од погрешен баланс на телесните течности, па сé до душевни заболувања, карактерни слабости, соништа, илузии. Овие теориски основи се концептот на кој понатаму кандидатката го разградува конкретниот литературен лик до посакуваниот исход од целиот овој научно-книжевен експеримент, а тоа е тенденцијата за идна позитивна промена на системот во кој проблемот на лудилото воопшто ќе биде осознаен, третиран и прифатен надвор од рамките на стигматизацијата и предрасудите.

Третиот дел од научниот труд насловен како „Суицидност и лудило: Леди Магбет од драмата 'Магбет' на Вилијам Шекспир и Хагар од романот 'Соломоновата песна' на Тони Морисон“ (стр.48-80) се осврнува на конкретни книжевни ликови и нивните специфични психолошки особености во рамки на посебниот историско-социјален амбиент. Заедничка одлика на овие два концептуално и временски различни, а сепак блиски по сензибилитет ликови е нивната мрачна природа која е всушност многу повеќе од типот на елокуциска театралност отколку на функционален, оперативен демонизам при што и самата нивна вина и нивното таканаречено „сторено злосторство“ е повеќе „изречено, помислено наспроти сторено“. Кај овие два лика, кандидатката го посочува сегментот на декларативен наспроти активен чинител, при што и шкотската кралица и младата Афро-американка се всушност многу повеќе елоквентни отколку проактивни; јаки на „вилици“, но не и на дела, со што нивната реална вина се сведува само и единствено на нивната вербалност. Неможноста за крваво дејствување, малициозност и злодела ги втурнува двете во виорот на нивното сопствено лудило но, сепак, се потенцира и дека симптомите, комплексноста и тежината за настанатите психози се правопропорционално зависни од повеќе фактори кои влијаат за развојот и анамнезата на болестите, а пред се на начинот, (не)можноста и (не)успешноста на нивното третирање. Затоа, овој дел се заокружува со констатацијата дека овие два книжевни лика не завршуваат со интенција трагично и прерано втурнати во сопствената смрт туку се жртви на сплет на несреќни околности кога единствен начин на детоксикација на душата и совеста, ментално прочистување и себеослободување неизбежно и единствено е упокојувањето.

Четвртиот дел (стр.81- 114), насловен како „Лудите жени од таванската соба: Берта Мејсон на Шарлота Бронте во романот 'Џејн Ејр' и Антоанета Козвеј Мејсон на Џин Рис во романот 'Широкото Саргашко Море', всушност разработува еден „темен континент“ на еден и единствен книжевен лик во две различни (и временски и концептуално) интертекстуални четива, поткрепен со критичките анализи на бројни феминистички теоретичари меѓу кои се и Илејн Шоволтер, Хелен Сиксу, Сузан Гилберт и Сандра Губар и други. Лудилото на Берта/Антоанета е само површинско и надворешно лудило на телото наспроти духот кој останува либерален и слободен. Наспроти посочените разработени најразлични гледишта и толкувања на потеклото на менталната фрагилност кај овој лик (ликови), докторантката заклучува дека е значајно да се подвлече дека перцепцијата на жртва во ликот на Берта/Антоанета е само привидност; надворешна маска наспроти внатрешниот свет на овој лик кој е мошне комплексен и моќен и кој субверзивно го разорува и го распарчува воспоставеното патријархално и конзервативно општествено јадро и дејствува во насока на негово ослободување и еманципирање.

Петтиот дел (стр. 115- 114) под наслов „Прекрасното натопување“ на Една Понтеље од романот „Будење“ на Кејт Шопен и Офелија од драмата „Хамлет“ на Вилијам Шекспир во самиот почеток ја разработува феноменологијата на

самоубиството како еден од ретките општествени феномени кој е наполно ослободен од културни, вредносни, временски и возрасни граници, а е присутен низ историјата на човештвото. Самоубиството, како автодеструктивен чин чија цел е одземање на сопствениот живот, бил и е најразлично доживуван во рамки на различните цивилизациски средини, а како негова подгрупа кандидатката посочува и повеќе најразлични видови на автодеструктивни однесувања како и обидот за самоубиство, планирање или размислување за самоубиство и сите видови на самоповредување. Преку најразличните теории на Фридан, Дејвид Хјум и преку размислите на Гастон Башлар и неговата „теорија за прекрасното натопување“, т.е. соединувањето на жената со сопствената флуидност, прикажани се повеќекратни асоцијации за женскоста и нејзината „течна агрегатна состојба“ поради мноштвото на флуидни телесни форми кои таа ги манифестира - месечница, лактација, амниотични течности. Давењето е ултимативниот отпор против машката доминација кај двете книжевни хероини од овој дел Една и Офелија; тоа претставува специфика на симболично спојување, претопување на два ентитети во една целина чија крајна цел е приказ на женската флексибилност и флуидност наспроти машката сувост и стерилност - на две различни *неврози* кои ги спојува еден субверзивен потенцијал.

Во делот „Македонскиот роман и лудилото на македонската жена“ (стр.160-205) се разработува историската рамка на развојот на македонскиот роман. Генеалогијата на македонската литература подразбира мошне силна доминација на машкото писмо и машкото видување на светот и векот. Бројните студии и истражувања покажуваат дека жената автор е минимално присутна во македонското книжевно милје, а жената како книжевен лик е како по правило маргинализирана, второстепена, безначајна, безлична, па дури и безимена. Кандидатката преку приказ на повеќе толкувачи на македонското творештво пренесува состојби во народната песна, расказот, драмата, театарот и романот, како мал сегмент од севкупните гледишта и третманот на жената во уметничкиот распон на земјата. Мал е проблесокот на женски книжевни ликови во македонската книжевност кои заклучно со крајот на XX век даваат надеж за минимални промени, а пак и воопшто не станува ниту збор за некакво позитивно поместување од тектонски размери. Кандидатката ја цитира и Јасна Котевска, според која „жената е изгонета од расказноста, а пак причината за ваквата состојба на изгонетост лежи во „структурната“ претпоставка дека таму каде што има литературна/уметничка практика нема жена, и обратно, таму каде што има жена не постојат услови да има литературна/уметничка практика.“ Затоа, македонската книжевна жена се развила во рамки на „метафората на тишината“ за која пишува Елизабета Шелева, воедно потенцирајќи дека таа е доволно моќна во себе да компримира и да зафати повеќе аспекти и рамништа на промислување. Меѓу другото, проблематиката на тишината произлегува од еден комплексен и современ вид *нихилизам*, насочен кон постојните видови и облици на културата и уметноста, во нивната институционализирана форма, без оглед на тоа дали станува збор за книжевноста, уметноста, книжевната теорија или естетиката.

И за крај, кандидатката Татјана Срцева-Павловска ќе посочи и ќе подвлече неколку општи, генерални заклучоци (стр.206-214), и тоа, првенствено, како базичен заклучок ќе го посочи фактот дека лудилото како најрадикален чин на ослободување прави обид за подривање на закоравената општествена рамка, при што самиот процес полека и намерно станува реверзибилен и двонасочен. Општеството кое се менува, кое се развива и кое се ослободува од предрасудите постепено почнува да дејствува обратнопропорционално. Како што со давењето, жената гласно крикнува против патријархатот и стегите на традиционализмот, така, двострано и општеството врши влијание, дејствува субверзивно врз жената и ја буди, ја менува и ја ослободува од конформистичкиот оклоп, овозможувајќи и да се развива во сопствената чудност, лудило и специфичност, да осозрее и да

расте како во својот сопствен поглед на реалноста, така и во очите на фалогоцентричната заедница.

Исто така, како подзаклучок на оваа теза, кандидатката ја потенцира и потребата која е од пресудно значење, а тоа е охрабрувањето и излегувањето, не од „таванската соба“ на Гилберт и Губар, туку од метафориската „кујна“ во која е затворена македонската книжевна хероина. Ова излегување треба да биде гласно, гневно, јавно; треба да ја пробие вековната траорна тишина, со силен афектен врисок да го прекине долгогодишниот „завет за молчење“ и да пенетрира внатре, длабоко во јадрото на патријархалното опкружување. Само тогаш, македонската жена ќе биде дел од сопствената и индивидуална приказна, а не од колективната меморија на традиционалната, машка историја.

ЗАКЛУЧОК:

Од гореизнесеното може да се забележи дека докторантката мошне сериозно му пристапила на проблемот со кој се зафатила во својот научен труд и речиси во целост успеала да ги реализира предвидените цели и задачи што си ги поставила пред себе. Инаку, трудот претставува резултат на значајно и интересно феминистичко и компаративно проучување и анализирање на феноменот *женско лудило* како *субверзивност*, феномен на кој, досега, според нашите сознанија, не му е посветено доволно внимание кај нас во нашата научна средина или, пак, се наоѓа на самите маргини во родовите проучувања. Затоа, ни претставува чест и особено задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати нашата рецензија и на м-р Татјана Срцева-Павловска да и дозволи одбрана на нејзината докторска дисертација под наслов ***Субверзивноста на женското лудило во англо-американската проза наспроти конформизмот на женската патријархална матрица на македонскиот роман.***

Рецензентска комисија

Д-р Виолета Христовска, редовен професор, с.р.
Д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор, с.р.
Д-р Соња Витанова-Стрезова, вонреден професор, с.р.
Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.
Д-р Румена Бужаровска, доцент, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕТОРИЧКО-СТИЛСКА КУЛТИВИРАНОСТ И КУЛТУРОЛОШКИ ПРОНИКНУВАЊА ВО ДИПЛОМАТСКИОТ ДИСКУРС“ ОД М-Р ВЕДАТ РЕЦЕПИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 64. редовна седница одржана на 20.4.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ведат Рецепи со наслов „Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс“, во состав: академик Луан Старова (претседател), проф. д-р Кристина Николовска (ментор), проф. д-р Илинка Митрева (член), проф. д-р Агим Лека (член) и проф. д-р Јасна Котеска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ведат Рецепи, со наслов „„Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс“, содржи 224 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (македонска поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 14, со 67 фусноти, 50 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 11 глави, Вовед и заклучни согледувања (11-та глава). Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Воведот е особено инспиративен и претставува успе шен влез во оваа голема тема. Кандидатот јасно ја претставува својата визија: „Оваа докторска дисертација пред се, ќе биде насочена кон разоткривање и опишување на културната размена, не само како „уметност“ и како „култура“, туку и како пренесување на размислувањето, истражувањето, новинарството и националните дебати на земјите“. (стр. 6). Исклучително важно е што авторот процесите на *дипломатска комуникација* ги сфаќа како процеси на *културна размена*.

Одлично е што на самиот аналитички старт, авторот го споделува со нас својот план на работа и визиите на својот труд. Во воведот сосем јасно се објаснува од кој тип апликации има потреба овој труд Докторандот пред нас го поставува и носечкото прашање на трудот, кое, пред се спаѓа во теоријата на литературата (реторика и стилистика), но и во комуникологијата, семиологијата, културологијата, а одлично е потковано со политикологијата и теориите на дипломатија.

Во овој дел се отвора прашањето за реторичко-стилскиот капацитет на дипломатскиот дискурс со сите негови суштински квалитети.

Поентата на воведот е инвентивно и умно прашање, односно серија прашања од типот: “На крајот, се осврнуваме на прашањето: колку има уметност во политиката, а колку политика во уметноста? Колку самата преговарачка комуникација е уметност, а колку уметноста се претвора во полезна политичка комуникација“? (стр. 11)

Успехот на науката зависи од квалитетот на поставените прашања. Клучните прашања на овој труд се стабилно, сериозно и темелно поставени. Впрочем, и целиот труд е поставен стабилно и компетентно.

Своето научно љубопитство, докторандот вака го објаснува: "Интересот за „демаскирање" на таа „невидлива" граматика на дипломатијата е наш голем афинитет, воедно и потреба на филолошката наука (теорија на литература – реторика и стилистика), во синергија со: семиолошките, политиколошките, комуниколошките и културолошките истражувања". (стр. 11-12) Потрагата по "невидливата граматика" на дипломатскиот дискурс или непишаните правила на овој тип комуникација се голема аналитичка провокација, која успешно ја оправдува оваа анализа.

Во **првата глава** од докторската дисертација **„Дипломатија",** м-р Реџепи темелно го дефинира и објаснува потесното, но и поширокото значење на поимот *дипломатија.* Концизно, ефикасно и јасно тој успева да даде суштински дефиниции на овој клучен поим од докторскиот труд, од кои можеме да се изградиме сеопфатна и комплексна слика. Потоа, авторот се посветува на *развојот на дипломатијата,* дел кој ја објаснува суштината на дипломатијата низ неколку носечки етапи на развој.

Потоа, докторандот се посветува на *дипломатската коресподенција* како една од официјалните форми на надворешната политика, со особен осврт на „Писмената коресподенција". *Дипломатскиот стил,* појаснува Реџепи, всушност е синергија меѓу *административниот стил* и *законодавниот стил,* но авторот забележува и далеку повеќе синергии и проникнувања на дипломатскиот дискурс со *јавниот јазичен стил, политичката лексика* итн. Брилијантни се согледбите на Реџепи дека „(...) дипломатскиот стил има свој неповторлив облик и колорит. Примерите од долговековната историја на дипломатијата упатуваат на факти дека познатите дипломати освен со интелигенција, сталоженост, претставителност, тактичност, искуство, секогаш се карактеризираат и со голем степен на елоквенција, којашто им дозволува да бидат иновативни при користењето на јазичните средства во своите аргументации.„ (стр. 18). Во овој дел, докторандот одлично ги објаснува и толкува суштините на дипломатската кореспонденција, од протоколарно, па се до највисоко, суштинско ниво. Ниво на највисоки пораки и најсофистицирани комуникации. Регулацијата на таа конресподенција, протоколите, но вооопшто методологијата и технологијата на дипломатската коресподенција се објаснети на највисоко можно суспецијалистичко ниво. Таа сигурност во дефинирањето, но и толкувањето на клучните поими, кај Реџепи доаѓа од неговото конкретно искуство во дипломатската практика (околу две децении), но и од неговиот елоквентен и ерудициски капитал на врвен интектуалец, длабоко посветен на филолошката наука, но и на науката за меѓународна дипломатија, комуникологија, културологија итн.

За восхит се согледбите на м-р Реџепи, кои, сигурни сме, ќе останат во највредната колекција на литературата за дипломатија, политикологијата, но и филологијата и културологијата: „Институционализирањето на дипломатијата, како составен дел и реализатор на надворешната политика во меѓународните односи, остава длабок белег врз дипломатскиот јазичен стил, издигнува принцип и во стилот внесува норми со постулативен карактер, коишто се јавуваат согласно волјата на субјектите во меѓународното договорно право". (стр. 18)

Реџепи одлично го објаснува и следниот важен поим "јазикот на дипломатијата". Дека тоа е комплексен ентитет кој е многу поширок од основното значење, станува јасно од сознанијата на докторандот: **„Јазик на дипломатијата** се однесува посебно на формата, стилот, начинот и тонот на вербалното и невербалното изразување на мислите и чувствата". (стр. 20)

**Втората глава, Реторика,** сосем компететно го следи развојот на реториката. Тој дел е важен поради градење на една вертикала која може да ни помогне подобро да ги разбереме суштините на реториката. Авторот покажува извонредна упатеност во реторичките теории, почнувајќи од епохалната реторика на генијалниот Аристотел, па се до најновите реторички достигнувања.

Потоа, м-р Реџепи прави вистинска морфологија на носечките *реторички поими,* мошне темелно и наполно компететно. За пофалба е и овој квалитет на магистрандот кој умее да ги нагласи најважните поими, а потоа да се насочи кон заглавието "Реторички категории". Во овој дел, авторот сјајно ги објаснува кетегориите: "Делови на говорот", "Жанрови на дискурсот", "Типови на говорот и видови беседи", но и уште неколку.

Во делот "Говорот и говорникот", авторот говори за изклучително важни категории: *говор, структурирање на говорот* и дораснува до големиот и култен поим - *култура на говорот*. Идеалот на врвните и вистински дипломати. Неговиот рафиниран однос кон овој поим – е голема вредност, за нас и за иднината на дипломатскиот говор воопшто. Но и за културата на говорот.

Така, делото преку сите овие етапи расте во зрело и полифоно научно дело од голем ранг.

**Третата глава, Реторика и дипломатија,** прекрасно и концизно ја објаснува срцевината на синергијата меѓу реториката и дипломатијата. Авторот говори за исклучително важното значење на реториката како „(...) како беседничка вештина на јавното комуницирање.„ (стр. 33) во дамнини и сега, во актуелниот дипломатски, политички, но и воопшто, во јавниот живот, па дури и во секојдневниот.

**Четвртата глава, Реторички карактеристики на дискурсите,** се однесува на "(...) реторичките карактеристики на дискурзивните арени каде што овие проблеми биле адресирани и решени" (стр. 35).

Во овој дел, авторот истакнува неколку нуклеусни карактеристики на дискурсите: "Перфекција", "Драматизам", "Мотиви и дејства / вокабуларен концепт", "Аргументи", "Јавност, публика, јавна сфера, јавно мислење", "Креативност и инвентивност", "Користење на добри причини за убедување", "Авторитет", "Етос и животни навики". Оваа глава е прекрасна можност за запознавање со срцевината на особеностите на дискурсите. На темелен, јасен и прегледен начин, авторот ја гради внатрешната слика на поимите кои се слеваат во – покрупниот поим *дискурс*.

Во **петтата глава, Дипломатски говори,** се одредува: "Значењето на дипломатскиот јазик" преку неколку аспекти: "Жанр, регистер и дискурс на заедницата", "Користење на говорите во меѓународната diplomatija", "Методологија „Discussion of Language of Speeches". Овој дел е богат со исклучително драгоцени апликации.

**Шестата глава, Култура на говорот,** е извонредно значајна. Најпрво авторот објаснува што е Поимот комуникација, а потоа ги толкува поимите: "Интерперсонална комуникација", "Вербална и писмена комуникација", "Структура на комуникација, чин и компетентна комуникација", "Политичкиот дискурс и симболите во политичкиот дискурс", "Употребата на стилски фигури во политичкиот дискурс", "Културата и стилот" и "Фонологија и граматологија". Овој дел е несекојдневно важен за развој на комуникологијата, но и за реториката, оти гради посебен однос кон култивирањето на дипломатскиот дискурс. И на ова поле, магистрантот е суверен, сигурен и стабилен.

Во **седмата глава, Дипломатите како мостови на културите и на пријателството,** авторот говори за: "Национална култура и дипломатија", "Употребата на дипломатскиот дискурс на меѓународната сцена", "Искуствата на дипломатите", "Дипломатија и литература". Тука се истакнува значењето, но и конкретната улога на дипломатите како интеркултурални и меѓународни субјекти на дипломатската комуникација. Меѓународната сцена се сфаќа како арена на полифонија од различни диркурси. Финесите на таа комуникација, но и квалитетите на дипломатската актива се оценуваат како "мостови" на културите и на пријателството. Тоа е една од врвните

придобивки на дипломатијата. Дипломатијата на ранг на разговор на културите, со сосем конкретни цели и визии – така ја доживуваме, откако студиозно ќе го проучиме овој дел.

**Осмата глава, Уметност на преговорите,** говори за: „Главни цели", „Подготовки - елементи на успешно преговарање", „Комуникациски вештини", „Градење на силни позиции", „Дефинирање на целите", „Комуникациски вештини (успешна комуникација)", „Користење на дипломатски техники во тешки ситуации", „Јазикот на телото „Body language", „Финална фаза на преговори „Closing the Deal". Овој дел е посебно драгоцен поради конкретниот придонес со кој ни се објаснува уметноста на преговорите. Отсекогаш реториката значела: поставени цели и примена на методи на уверување и убавување на публиката во име на поставените цели. Преговорите имаат поставени цели. Комуникациските вештини и техники се срцевината на уметноста на преговорите. Тоа најдобро го знае м-р Реџепи. Од одлична позиција, позиција на стабилна теорија во комбинација со импресивна апликација, не гледа авторот на овој труд и сака да ни ја доближи својата слика за предметното прашање.

**Деветтата глава, Јавна дипломатија,** се развива низ неколку потточки: „Поим", „Силата на „подобриот аргумент", „Меката" сила и политички стратегии", „Е-дипломатија", "Односи со јавност". Тука се појаснува сликата за јавната дипломатија преку серија аргументи, докази но и заклучоци на авторот.

**Десеттата глава, Компететивен идентитет,** се осврнува на неколку теми: "Компетитивен идентитет и глобализација", „Нацијата и управувањето со брендот (Brand management and the Nation)", „Пропаганда - уметност на пропагандата", „Семантиката и етиката на пропагандата". Овој дел е неопходен поради уточнување на некои поими, но и поставување на свои, авторски тези.

**Во единаесеттата глава, Заклучни согледби,** докторандот Реџепи дава сосем конкретни и јасни заклучоци кои се очекуваат од секоја вистинска, стабилна и зрела наука. Импонира нивото на постигнатите заклучоци кои произлегуваат од длабочината на анализите, но и од сугестивноста на апликациите, сериозната теориска подлога во повеќе сфери, но и од конкретното професионално дипломатско искуство – практика која е необично драгоцена за овој труд. Заклучните согледби несомнено ќе предизвикаат отворен и траен интерес во науката, но и пошироко. Тука доаѓа до израз целата густина на мислата која одлично кулминира. А сето тоа е напишано на рафиниран, академски научен стил.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Авторот Реџепи пред себе поставува сосем јасен предмет на истражување: "Предмет на истражување на докторската дисертација претставува анализа на реторичко-стилскиот капацитет на дипломатскиот дискурс во контекст на културолошките проникнувања" (стр. 6).

Докторандот знае што е најважно да се истражи во ова поле и затоа вели: "Во односите на културната размена, исто како и во новата јавна дипломатија, акцентот повеќе се става на ангажирање странски публики, отколку на праќање пораки, на заемност и воспоставување стабилни односи, наместо на чисто политички мотивирани кампањи, на „долго патување", отколку на краткорочни потреби и на освојување на „срца и умови" и градење на доверба" (стр. 6).

Предметот на истражување е јасно поставен, конзистентно истражен и соодветно третиран.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Во овој домен на науката кој претставува синергија на неколку дисциплини како: филологија (реторика и стилистика), комуникологија, политикологија, теории на дипломатија и културологија, воопшто не постои научен труд. Делото е резултат на сеопфатен, комплексен, полифон пристап кон ова круцијално прашање, прашање кое

досега беше дефицитарно во науката. Затоа е важно постоењето на овој труд, поради неистраженоста на оваа област.

**Краток опис на применетите методи**

Методи кои се применети во докторскиот труд се: реторички анализи, анализи на дикурси, споредбени анализи, стилистички анализи, потоа методи на културолошки истражувања итн. Богатиот репертоар на методи го прави трудот методички издржан, густ и теориски заснован.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Докторската дисертација постигнува големи и важни резултати во овој домен на науката, поточно во неколку научни дисциплини кои покажуваат отворена меѓусебна соработка. Резултатите од овој труд се далекусежни, долготрајни и суштински. *Новата реалност* која ја гради науката во овој труд е златоврв кој тешко се достигнува. Но, резулатите се плод на длабинска посветеност, искрен однос кон науката и длабока верба во науката. Имаме конкретни, вонесериски и квалитетни резултати со овој научен зафат.

М-р Реџепи успеа да ни ја објасни внатрешната "технологија" на производство на *дипломатскиот дискурс*. Тој успеа да ги сфати или да го сфати океанот пораки кои дипломатскиот дискурс богато ги емитува. Треба особена дарба, но и напорен и посветен труд, а секако и способност да се успее во поставените визии на трудот. Сето тоа го има м-р Реџепи. И сето тоа е среќно преплетено во неговиот труд.

Затоа резулататите се – вонсериски. И трајни.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ведат Реџепи, со наслов „Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс", претставува капитално истражување во *реториката, стилистиката, семиологијата,* но и во *политикологијата, комуникологијата и културологијата*.

Поставените цели на трудот се наполно остварени и далеку надминати. Докторската дисертација одговара на крупни и суштински прашања за реторичко-стилската култивирност на дипломатскиот дискурс, преку заемни културолошки проникнувања.

Очекуванот научен придонес е да се осветли едно, досега нетретирано прашање од науката, особено од филологијата, семиологијата, комуникологијата и културологијата. Ова дело претставува важен трезор на дефиниции, теории, искуства, знаења, апликации, без кој ниту еден дипломатски аворитет ни би можел да постигне успешен и вистински развој. Науката во овој домен е особено драгоцена и прекупотребна, не само на нашето време, каде дипломатијата е важен светски дијалог, и се повеќе дијалог, не само на политиките, туку и на културите. Ова дело, кое час поскоро треба да се отпечати како книга, претставува вистински учебник за високо образование, за постдипломските и докторските студии во неколку области, но и конкретен научен "водич" за дипломатите. Во свет во кој дипломатијата ја има насекаде околу нас и во свет во кој таа е прекупотребна како дијалог на мирољубивите, поумните и поразбраните избраници на државите, ова авторитетно научно дело е и етички водич за стабилна, компетентна и успешна дипломатија која има изграден и висок и култивиран однос кон поимот *култура на говорот* и *култура на меѓународниот дијалог*.

Во форматот на м-р Ведат Реџепи, ова дело наоѓа среќна „матица" која успева да оркестрира неколку науки, со неколку конктретно поставени и наполно остварени цели.

Јасната визија на м-р Реџепи го воздигна неговиот скапоцен научен зафат до највисоко светско ниво кадешто тој како автор, но и угледен дипломат, може да разговара или полемизира со највисоките "врвови" на светот од овој домен. Уште поточно кажано, нашата, но и секоја светска модерна дипломатија може да се позлати со придобивките од овој драгоцен и вонсериски труд.

Го оценуваме трудот како извонредно дело кое може да не претставува во светот, кое може да не поучи, да ни го покаже вистинскиот пат кон иднината. Оти иднината – е

дијалог, комуникација, и тоа се повеќе културолошка, наместо политичка. Нема иднина – без дијалог. И без сите финеси, благодети и убавини на реториката, стилистиката, семиологијата, културологијата. А сето тоа вгнездено – во политикологијата.

*Културата на дипломатскиот дијалог,* но и *култивираноста на овој тип говор* преку заемно почитување - се меѓу највисоките дострели кои овој труд успешно ги афирмира и преку дело – ги брани.

За гордост е овој труд, за пофалба е великот подвиг на докторандот, кој искрено ја оствари, но и ја надмина својата визија за овој мисионерски подвиг.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ведат Реџепи, со наслов „Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: осветлување на крупно научно прашање, пред се филолошко, но и политиколошко, комуниколошко, културолошко, семиолошко. Трудот создава една *нова слика*, прекупотребна на новиот амбиент на актуелната дипломатија како арена на светски дискурзивен "сообраќај", но и дијалог не само на полтиките, туку и на културите.

Подрачје на примена се неколку научни области: филологија, политикологија, комуникологија, семиотика, културологија итн. Трудот може да биде одлично научно помагало во високото образование, но и понатаму во постдипломските и докторските студии. Трудот може да има примена и во супспецијалистичката наука, но и во професионалните сфери на меѓународната дипломатија. Но, и во сите разговори на културите. И секако, трудот е драгоцен придонес и за пошироката публика на која може да и отвори нови перспективи.

Можните понатамошни истражувања се: филолошки, културолошки, политиколошки процеси во јавните комуникации. Перспективите на таквите зафати би биле неограничени и плодотворни. Докторатот овозможува искачување кон врвната "планина" на науката, која е голем гарант за квалитет и успех. Науката е искачување и осветлување – тоа се сосем реални перспективи на овој научен зафат.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот советна Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Ведат Реџепи** со наслов **Реторичко-стилска култивираност и културолошки проникнувања во дипломатскиот дискурс.**

КОМИСИЈА

1. **Академик Луан Старова, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Кристина Николовска, ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Илинка Митрева, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Агим Лека, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Јасна Котеска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АВТОРСКИТЕ ЛИНГВОСТИЛИСТИЧКИ МАРКИРАНИ ЕДИНИЦИ ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ПРОЗА“ ОД М-Р ВАСКА ТАШОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 17.2.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Васка Ташова со наслов „Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза“, во состав: проф. д-р Катерина Велјановска (претседател), проф. д-р Томислав Треневски (ментор), проф. д-р Славица Велева (член), проф. д-р Симона Груевска-Маџоска (член) и проф. д-р Симон Саздов (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Васка Ташова, со наслов „Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза“, содржи 319 страници компјутерски обработен текст во фонт Makedonski Times, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 204 цитирани библиографски единици од кои 200 со упатување во текстот (со загради) и 4 белешки под текстот (фусноти). Од цитираните библиографски единици 62 се на кирилица, а 43 на латиница; консултирана е една интернет-страница.

Трудот е структуриран во 9 глави, со вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот (1-13), изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека со проучувањето на стилски маркираните единици во прозниот дискурс на осуммина истакнати македонски писатели од различни генерации ќе се покаже богатството на изразни можности на македонскиот јазик. Литературните текстови со својата сила и убавина дејствуваат на чувствата и на фантазијата на читателот, а „јазикот во делата на истакнатите македонски писатели, како од почетниот период така и во сиот досегашен развиток, се појавува со своите експресивно-естетски квалитети заземајќи предводничко место во системот на средствата на литературниот израз и со тоа извршува големо плодотворно дејство врз развитокот на целокупната национална говорна култура.“ Во овој дел од трудот се најавуваат одделните јазични рамништа што се подложени на анализа: фоностилистичките особености, морфолошките категории, изразната вредност на лексичките единици, фразеолошките изрази, нарацијата и туѓиот говор во прозата, графичките и интерпункциските средства, семантичките фигури и стилистиката на текстот. Во рамките на истражувањето проследени се 17 збирки раскази и 22 романи на писателите: Славко Јаневски, Петре М. Андреевски, Влада Урошевиќ, Драги Михајловски, Венко Андоновски, Јадранка Владова, Гоце Смилевски и Сашо Тасевски. Секој од авторите се одликува со специфичен авторски израз, а задачата што си

ја поставува кандидатката е преку споредбена анализа да ги идентификува авторските доминанти што се своевиден заштитен знак на креативниот микрокосмос на писателите.

Втората глава од докторската дисертација е насловена „Фоностилистички особености на современата македонска проза“ (14-34). Во неа се анализирани различните типови гласовни фигури и нивната функција во книжевниот дискурс. Во современото македонско прозно творештво, фоностилемите се најчеста и доминантна стилистичка одлика на туѓиот говор и тие, како резултат на свесна интервенција на авторите заради карактеризација на ликовите, се моќне илустративни показатели за тоа како врвните пера доловуваат автентичност во нарацијата. Во рамките на оваа глава, авторката, следејќи ја традицијата на античката реторика, разграничува четири постапки на структурно-семантичко онеобичување на единиците: detractio (одземање, изоставување), adiectio (додавање, умножување), imutatio (замена, супституција) и transmutatio (преместување, пермутација). Сите фоностилеми во ексцерпираниот материјал се групирани според типот на постапката која им овозможува статус на стилогена единица. Во рамките на класификацијата на рестриктивните фоностилеми спаѓаат аферезата (недостасува гласовен елемент на почетокот на лексичката единица), апокопата (недостасува елемент на крајот) и синкопата (редукција на гласовен елемент во средината на примарната форма). Проскриптивните фоностилеми, кои се релативно помалку застапени, се темелат на проширувањето на основната форма на лексемата: протеза (додавање елемент на почетокот на примарната форма), епентеза (вметнување во средината), парагога (додавање гласовни елементи на крајот) и алонжман (продолжен изговор). Кај мутациските постапки, пак, доаѓа до промена на фонолошкиот состав на примарната форма на лексемата. Тие „се базираат на менување (премин) на еден структурен елемент во друг, што доведува до супстанцијална модификација на стандарднојазичната форма на лексемата на фонолошко рамниште“. Со нив се постигнува ефект на локален, местен колорит. При употребата на супституциските фоностилеми доаѓа до промена на фонолошкиот состав на лексичката единица (главно се заменуваат една самогласка со друга, односно согласка со друга), но значењето се зачувува. Супституцијата може да се врши и на почетокот, и во средината и на крајот на примарната единица. Се констатира дека на лексичко рамниште новодобиените единици може да се третираат и како варваризми. Во продолжението на трудот наведени се примери во кои се идентификуваат повеќе (паралелни) фоностилистички постапки. Во рамките на разделот за гласовните фигури наведени се илустративни примери за парономазија (комбинирање, нижење зборови со слична гласовна и тонска структура), ономатопеја (стремеж со артикулирани гласови да се презентираат природните звуци, да се имитираат надворешните појави и форми), асонанција (повторување на исти или слични самогласки во еден исказ) и алитерација (повторување на исти или слични согласки). На крајот, авторката резимира дека со примената на различни фоностилистички постапки семантичката вредност на исказот се надоградува и стилистички се збогатува.

Во третата глава, „Стилистичката маркираност на морфолошките категории“ (35-65), се анализираат морфолошките категории низ призмата на стилистичката маркираност на јазичните единици во ексцерпираниот материјал. „Морфолошките категории кријат експресивни можности што се резултат на асоцијативните врски и односи, што се пројавуваат во речта при нарушување на граматичките норми преку потенцијалните (метафорични) употреби на зборовните групи во нив. Во речта, во синтагматиката, меѓу граматичкото и лексичкото значење на еден збор се градат дополнителни стилистички значења, конотации, што се условени од самиот контекст.“ Во разделот за морфостилистиката на именските категории се проследуваат: родот, бројот, определеноста и категоријата падеж. Стилистичкиот ефект што се постигнува кај овие категории произлегува од имагинативноста на авторите, кои ја искористуваат отворената

можност во јазикот (заложена во богатата лепеза на народните говори) да го очудуваат наративот со употреба на ретки или неочекувани форми. Според кандидатката, „зборовните групи може да ги транспонираат своите основни граматички значења, па на тој начин може да се добие експресивност, емоционалност во текстот, стилистичка конотација“. Во рамките на оваа глава, внимание е посветено и на морфостилистиката на глаголските категории: време, лице, преодност, начин, вид. „Поголемиот дел од вторичните значења на глаголите се контекстуално условени, па глаголската категорија добива статус на стилистички маркант преку нејзината преносна (транспозитивна, метафорична) употреба во контекстот“. Експресивноста на граматичките категории кај именските и кај глаголските форми може да биде и резултат од асоцијации и аналогии, кои се создаваат при нивната наменска употреба во уметничкиот контекст, така што стилистиката на јазичните единици на морфолошко рамниште го вклучува стилистичкиот ефект од разминувањето меѓу традиционално означеното и ситуациски означеното.

Во четвртата глава од трудот, „Изразната вредност на лексичките единици“ (66-107), се спроведува лексикостилистичка анализа, во која стилистичката маркираност на лексичките единици се определува врз основа на разграничувачките поими: денотација и конотација. Денотацијата се однесува на основното значење на зборовите, а конотацијата, пак, на оние својства на лексичките единици кои во контекстот дејствуваат како актуализирачко средство; тие се носители на експресивноста на изразот, но „можат да укажат и на врската на авторот со јазичната традиција“. Конотативното значење произлегува од различното субјективно реагирање на објективната реалност условено од претходното индивидуално или колективно искуство и често е емотивно обоено. Во одделни раздели, преку богат избор илустративни примери, претставени се статусот и функционирањето на различни лексички слоеви: интернационализми, црковнословенизми, историзми, турцизми, дијалектна лексика, разговорна лексика, жаргонска лексика, просторечна лексика, деминутивно-хипокористична лексика, аугментативно-пејоративна лексика. Во заклучните белешки на оваа глава се дава сублимиран преглед на авторските доминанти кога е во прашање изборот на лексиката во опусот на анализираните писатели.

Во петтата глава од докторската дисертација под наслов „Фразеолошките изрази во функција на стилот“ (108-132), кандидатката извршува класификација на фразеолошките изрази според повеќе критериуми. Фраземите се едни од најизразните средства на јазикот што имаат конотативно значење и преку својата сликовитост влијаат на стилистичката вредност на прозниот дискурс. Својата изразна вредност тие може да ја добијат со употреба на метафората, компарацијата, алегоријата, парадоксот и други стилски фигури. Во одделни раздели претставени се разговорните, книжните, дијалектните и жаргонските фраземи. Во продолжението на оваа глава, анализата е фокусирана на пословиците, кои се плод на наталожената народна мудрост. Разработени се начините на настанувањето на пословиците, тематиките и фигуративноста што се добива при нивната употреба. Одделно внимание им е посветено на авторските иновирани искази и на наменски модификуваните пословици и искази; постапки со кои писателите успеваат да изградат своја авторска фразеологија. Тоа се т.н. контекстуални изреки, што произлегуваат од самиот дискурс. Во анализираниот материјал има и општопознати сентенции како сецивилизациско наследство. На крајот од оваа глава направен е осврт на народните умотворби засновани врз верувањето во магиската моќ на зборовите: клетвите и благословите. Во заклучните белешки, кандидатката констатира дека фразеолошките изрази, како мошне впечатлив сегмент од креативната творечка постапка на писателите, се „плод на размислувањето на народниот творец за суштествените животни проблеми и појави“ и во нив е одразена народната мудрост,

народната филозофија; тие се синтези на народните искуства и сознанија за најразновидни животни прашања и премрежиња, а писателите, пак, искористувајќи го непресушниот потенцијал на наталоженото јазично богатство, маестрално го вклопуваат во своите дела.

Во шестата глава, „Стилистичката синтакса и современата македонска проза“ (133-164), се врши анализа на стилемите на синтаксостилистичко рамниште, каде што како најчести се идентификуваат: инверзијата, елипсата (со подвидот апозиопеза), номинализацијата, парцелацијата на реченицата, анафората и епифората, градацијата, акумулацијата на реченични членови (со подвидовите: акумулација на атрибути и акумулација на предикати), парентезата, конструкциите со етички датив и начините на поврзување на сложените реченици. Од спроведената анализа се констатира дека сите стилистички разновидности на синтаксичко рамниште произлегуваат од различните односи на говорното лице спрема јазикот, како и од различните цели и задачи при оформувањето на текстот.

Во седмата глава, „Нарацијата и туѓиот говор во современата македонска проза“ (165-181), кандидатката разграничува два основни типа говор: говор на нараторот и говор на ликовите. Според формата на нарацијата, пак, се разликуваат два основни вида: преку формата за прво лице „јас“ или преку формата за трето лице „тој“. Но, во современата постмодернистичка книжевност, според кандидатката, се јавува нов вид нарација: раскажување во второ лице „ти“, кое се реализира во две форми: едното е со автентичното значење што го има второто лице еднина и, раскажување преку формата „ти“ како замена за раскажувањето преку формата „јас“, кое се смета за стилистички маркирано. Посебен осврт има за говорот на ликовите кога се реализира во вид на директен говор (со илустративни примери за употреба на различни глаголски времиња), како и за т.н. проектирани искази. На крајот од оваа глава направен е осврт на монолозите во делата.

Осмата глава, под наслов „Графичките и интерпункциските средства од стилистички аспект“ (182-222), е важен прилог за лингвостилистичките проучувања на уметничките текстови, во кои не се запоставува графостилистиката, која е стилистичка дисциплина што ги опишува и ги вреднува екстралингвистичките стилистички интензификатори остварени на планот на ортографијата на текстот вклучувајќи ја особено и интерпункцијата. Овде кандидатката ги анализира стилогените постапки и стилогените средства на графички план, при што извршува разграничување на специфичните начини на почнување на текстот, пишувањето на големата и на малата буква, нагласувањето на важните делови од текстот, присуството, односно отсуството на илустрации, употребата на интерпункциските знаци таму каде што природно не се очекува, како и визуелната организација на текстот. Наведени се илустративни примери за употребата (и одделно: за неупотребата) на некои интерпункциски знаци (точка, две точки, запирка, црта, три точки, прашалник, извичник). Кандидатката заклучува дека и графичките и интерпункциските знаци може да бидат носители на одредена стилистичка вредност со која се збогатува текстот.

Деветтата глава, „Семантичките фигури во современата македонска проза“ (223-258), е посветена на тропите што се употребени во прозниот дискурс, „кај кои највидливо доаѓа до прекршување на неговиот дискурзивно-конвенционален тек и до критичко превреднување на парадигмите на јазичните знаци“. Конотативната вредност на тропите е „тоа што со нив се укинува автоматизмот во употребата на јазичните знаци; тие донесуваат онеобичување, очудување во еден исказ“. Тие се мошне важни изразни средства во прозата, преку кои се оформува фигуративниот израз, како битен елемент на величината на уметничкото дело. Централното место во анализата е посветено на метафората, која има различни реализации во текстот (копулативна, апозициска, хифенска, лексичка, лексикализирана, метафора на припадност). Одделно место зазема

хипотипозата – метафора во форма на реченица. Во продолжението на оваа глава се анализираат и: персонификацијата, синестезијата (аудитивна, олфактивна, густативна, тактилна), епитетот (плеонастички, метафорски, синестезиски), оксиморонот, антитезата, антиметаболата и хиперболата. Во заклучните белешки се констатира дека „фигуративноста во современата македонска проза е богата, разновидна, оригинална и уметнички обоена (...) и дека стилистичките постапки што ги употребуваат авторите во описите укажуваат на нивната способност за насочување кон одреден настан, за длабоко анализирање на сложената човекова психа, природните и општествените феномени“.

Во десеттата глава, „Стилистиката на текстот во современата македонска проза“ (259-296), вниманието на кандидатката е насочено на надреченичното рамниште, кое како предмет на лингвистичките проучувања се актуализира во втората половина на XX век и е познато под повеќе називи. Во рамките на ова проследување, таа ги анализира сите стилогени елементи, меѓусебните односи на тие елементи на различни рамништа, како и начинот на кој тие елементи ја одредуваат функционално-стилистичката маркираност на текстот како целина. Фокусот на анализата овде е на следниве аспекти: 1. силните позиции во текстот; 2. гледната точка на нараторот и 3. интертекстуалноста. Под силни позиции во текстот се подразбираат сите места во него кои се своевидни смисловни и стилистички *јазли*. Тука спаѓаат: насловите, поднасловите / наднасловите и епиграфите, кои претставуваат „рамка на разбирањето на текстот, а секој дел на извесен начин и станува надреден на целината. Како силни позиции, кандидатката ги наведува и воведните и финитивните реченици во делата, како и изборот на имињата на ликовите (антропоними и псевдоними). Точката на гледање е исклучително значајна за стилистиката на текстот, а во дисертацијата се разграничени четири: просторно-временска, фразеолошка, идеолошка и психолошка. Во однос на интертекстуалноста, која подразбира упатеност на текстот на други текстови што му претходат или што го опкружуваат, набројани се следниве разграничувања: интертекстуални релации со народното творештво, интертекстуални релации со библиските текстови, интертекстуални релации со средновековната литература и интертекстуални релации со грчката митологија.

Во заклучните согледувања, кандидатката во сублимирана форма ги одбележува најважните сегменти од спроведеното истражување. Од темелната анализа на јазичниот израз во современото македонско прозно творештво, таа заклучува дека стилогените јазични единици во текстовите се актуализирачки средства на времето, местото, различните аспекти од животната стварност и целосно се вклопуваат во една целина; тие ја одразуваат прецизно и јасно авторовата уметничка визија во книжевното дело.

**Предмет на истражување**

Докторската дисертација е од обласа на современиот македонски јазик, во делот лингвостилистика, која ги проучува одделните функционални стилови, во конкретниот случај: литературноуметничкиот функционален стил. Истражувањето е спроведено на повеќе јазични рамништа и дава многу корисни информации за креативните потенцијали на прозното писмо на плејада македонски писатели, кои на свој начин даваат придонес за развојот на јазикот.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Интересот за проучување на јазичниот израз во литературноуметничкиот функционален стил бил и е постојан. Одделни јазични аспекти од литературното творештво на македонските писатели од различни генерации е анализирано од многу истражувачи уште од почетоците на македонската лингвистика. Како што се збогатува продукцијата во македонската литература, така се засилуваат и се продлабочуваат истражувачките активности. Во оваа смисла, претставените сознанија во оваа докторска

дисертација претставуваат значаен придонес за лингвостилистичките проучувања на литературноуметничкиот функционален стил.

**Краток опис на применетите методи**

Во трудот превладува дескриптивниот метод во идентификацијата и претставувањето на јазичните факти. И покрај тоа што за лингвостилистичките проучувања има(ло) пројавени сомнежи за целисходноста на спроведените анализи, сметаме дека пристапот на кандидатката кон проблематиката и продлабочениот начин на елаборација на материјалот, како и поткрепеноста со мошне илустративни примери, целосно ги следи принципите на лингвостилистичката анализа.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во трудот е извршена обемна лингвостилистичка анализа што е спроведена на импозантен корпус. Дисертацијата е плод на повеќегодишна упорна работа и посветеност на кандидатката и со неа нашата наука за јазикот добива солиден прилог што е показател за богатството на креативни изразни можности на современата македонска проза. Резултатите од анализата се однесуваат на повеќе јазични рамништа и тоа на: фоностилистичките особености, морфолошките категории, изразната вредност на лексичките единици, фразеолошките изрази, графичките и интерпункциските средства, семантичките фигури и стилистиката на текстот.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Васка Ташова, со наслов „Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза“, претставува темелно и сеопфатно истражување во областа на лингвостилистиката. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ја оправда својата цел, претставувајќи го прозниот дискурс (вклучувајќи ги одделните јазични рамништа што се подложени на минуциозна анализа) на наведените истакнати македонски писатели со редица автентични белези како богата јазична ризница што заслужува проследувања од овој тип.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Васка Ташова, со наслов ,,Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[5]. Ташова, Васка (2015) „Метафората од лингвистички аспект“, *Македонски јазик* LXVI, Скопје, 231-240.

[6]. Груевска-Маџоска, Симона, Ташова, Васка (2015) „Фоностилемите во прозата на Драги Михајловски“, *Македонски јазик* LXVI, Скопје, 205-216.

Кандидатката учествува во истражувачкиот проект „Речник на синонимите во македонскиот јазик“ што се спроведува во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: интегрално проучување на највпечатливите белези на современата македонска проза од лингвостилистички аспект. Подрачјето на примена и ограничувањата се: анализа на повеќе јазични рамништа во уметнички контекст со акцент на креативни подновувања и проследување на можностите за редица иновативни, очудувачки постапки. Можните понатамошни истражувања се: овој труд претставува одлична основа и патоказ за идните научноистражувачки зафати на полето на лингвостилистиката, односно во проследувањето на литературноуметничкиот функционален стил.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Васка Ташова** со наслов **Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза.**

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Катерина Велјановска, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Томислав Треневски, ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Славица Велева, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МОДЕЛИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НИЗ ФАЗИТЕ НА ЖИВОТНИОТ ЦИКЛУС ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗЕМЈИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА" од М-Р МИЛИЦА ПРОЈИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Милица Пројиќ со наслов „Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средните претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската унија", Советот на Економскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 25 март 2016 година, донесе Одлука (бр. 02-350/2 од 29.3.2016) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Биљана Ангелова, редовен професор
2. д-р Неда Петроска Ангеловска, вонреден професор
3. д-р Дејан Пендев, научен советник
4. д-р Климентина Попоска, вонреден професор
5. д-р Зоран Јаневски, вонреден професор.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, на Советот на Економскиот институт му го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милица Пројиќ со наслов „Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средни претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската унија" третира актуелна, комплексна проблематика од областа на претприемаштвото и финансиите. Во современите економски системи, малите и средните претпријатија (МСП) претставуваат едни од најзначајните фактори во заживување на економската активност во секоја национална економија. Современата теорија покажува дека успешноста во работењето и развојот на оваа група претпријатија во голема мера зависи од финансиската и нефинансиска поддршка која истите ја добиваат. Во современите услови на стопанисување, проблемите околу обезбедувањето соодветни извори за финансирање на работењето на деловните субјекти стануваат сè поизразени. Всушност, пристапот до изворите за финансирање е еден од ограничувачките фактори за развој на

деловните субјекти. Доколку деловниот субјект е способен целосно или во голема мера да ги задоволи своите потреби за финансирање од сопствени извори, тогаш тој добива значителна конкурентска предност и можност за раст, преку намалување на трошоците за финансирање и минимизирање на ризикот. Меѓутоа, овие извори најчесто не се доволни за финансирање на работењето и посебно развојната фаза на претпријатијата. Затоа, изнаоѓање решенија за проширување на понудата на изворите на финансирање во различни фази на животниот циклус е императив за секое претпријатие, а воедно и за овој труд.

При теоретските и емпириските опсервации, во овој труд се анализирани различни извори на финансирање кои им се достапни на малите и средни претпријатија во зависност од фазата на животниот циклус во која се наоѓаат. Потоа, направена е компаративна анализа на финансирањето на МСП во земјите на Европската унија во кои преовладуваат високоразвиени финансиски пазари, земјите од регионот и Република Македонија и дадени се предлог-мерки и препораки кои би требало да се преземат со цел да се овозможи поедноставен пристап до различни видови на извори за финансирање на МСП.

Врз основа на репрезентативен примерок на МСП во Република Македонија, преку емпириска анализа тестирана е појдовната хипотеза за постоење корелација помеѓу соодветното финансирање на почетното, тековното и развојното работење на малите и средните претпријатија, кое понатаму води кон зголемување на производството и услугите, побрз технолошки развој, зголемување на стапката на вработеност и побрз економски развој во Република Македонија.

Користејќи дескриптивна статистичка анализа, регресиона и корелациска анализа, како и параметарско тестирање со помош на калкулатор ANOVA и F-тест дополнително се оценети и две потхипотези, при што во првиот случај кај тестирањето на врската помеѓу сопственичката структура и пристапот до финансии се доаѓа до заклучок дека не постои корелациска врска помеѓу пристапот до финансии и сопственичката структура на претпријатието. Независно од тоа дали се работи за поединец трговец или друштво со ограничена одговорност, потребата за финансии е иста. Она по што се разликува достапноста до различни извори на финансирање е фазата на развој на претпријатието, како и подготвеноста на претприемачите за избор на алтернативен извор на финансирање. Кај втората потхипотеза, претпоставката дека претпријатијата без оглед на нивната големина имаат соодветна и доволна финансиска поддршка, со помош на ANOVA направена е проценка, при што во двата случаја на тестирање, емпириската вредност е поголема од теориската. Како резултат на добиените параметри се доаѓа до заклучок дека не постои соодветна и доволна финансиска поддршка без разлика на големината на деловните субјекти, т.е. без разлика дали станува збор за микро, мало или средно претпријатие. Како резултат на податоците добиени преку спроведеното истражување и тестирањето на поставените хипотези, јасно е дека на патот кон осигурување на подобри услови за стопанисување на претпријатијата, постојат низа мерки кои најпрво треба да осигураат здраво окружување кое е темел за нормално функционирање на претпријатијата. Дури, откако ќе се создаде нормално и здраво окружување за непречено реализирање на активностите, претпријатијата можат да размислуваат за различни алтернативни извори на финансирање на нивните деловните потфати

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милица Пројиќ со наслов „Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средните претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската унија" е конципирана во: апстракт, воведен дел, шест тематски поглавја, заклучок, користена литература и прилози. Трудот е претставен на 348 страници.

Во воведот даден е осврт кон актуелноста на проблематиката во докторската дисертација. Презентирана е кратката содржина на материјата која е предмет на обработка, елаборирани се целите и предметот на истражувањето. Во овој дел, посебен акцент е ставен на методите на научноистражувачката дејност кои се користени во насока на добивањето на очекуваните резултати и постигнувањето на целите на истражувањето.

Во првата глава се претставени фундаменталните аспекти на малите и средните претпријатија. Во оваа глава се презентирани основните и теоретски аспекти на малите и средните претпријатија преку истакнување на нивната улога и важност за развој на домашната економија.

Во втората глава се поставени основите за финансирање на малите и средните претпријатија, посебно осврнувајќи се на началата и правилата на финансирање. Исто така, даден е осврт на финансирањето на малите и средните претпријатија, и тоа од аспект на степенот на развој на животниот циклус. Посебно се презентирани различните видови финансирање во зависност од сопственоста, како и од нивото на развој на едно претпријатие, како и начелата, т.е. принципите на финансирање. Имајќи ја предвид актуелноста на проблематиката, како и аспирациите на Република Македонија да стане дел од европското семејство, во оваа глава посебно се претставени актуелните форми на помош и поддршка на МСП и претприемаштвото кои се достапни во ЕУ-земјите. На тој начин се настојува да се поттикнат претпријатијата да ги користат сите можности кои им се нудат, со цел да се намали традиционалното врзување за банкарски кредити.

Во третата глава е претставен животниот циклус на претпријатијата и е даден осврт на проблемите со кои се соочуваат малите и средните претпријатија кои се наоѓаат во различна фаза, како и начините на кои тие се справуваат. Исто така, во рамките на оваа глава се анализирани проблемите со кои се соочуваат банките при селекција на најповолен кредит за соодветно претпријатие. Понатаму, анализирано е кои се негативните страни на барателот на финансиска поддршка – претпријатијата. Во оваа глава начнати се и финансиските јазови кои се јавуваат на пазарот на кредити, како и банкарските практики за проценка на ризикот. Овде јасно е разграничено на кои начини банките ги заштитуваат своите интереси, како и фазите на кредитно бодирање и донесување одлуки за одобрување кредити.

Во четвртата глава е направена анализа на моделите на финансирање во зависност од фазата на животен циклус во која се наоѓа едно претпријатие. Во рамките на оваа глава детално се разработени банкарскиот систем и сите негови финансиски инструменти на ниво на земји во Еворпската унија. Исто така, презентирани се и алтернативните модели на финансирање (ризичен капитал, бизнис ангели, мезанин финансирање, секуритизација, комерцијални записи) кои им стануваат сè поблиски на македонските претпријатија. Со цел подобра илустрација на самите модели за финансирање, преку студија на случај претставени се примери на поинаков облик на финансирање на производите и услугите.

Во петтата глава е претставен истражувачкиот проект, анализирани се податоците од спроведеното истражување и направена е компаративна анализа на различните модели на финансирање на малите и средните претпријатија, и тоа на ниво

на земји од Европската унија, регионот и поединечно ситуацијата во Република Македонија. На тој начин преку сеопфатен пристап се прави споредба и се извлекуваат препораки за иден развој. Оваа глава посветува внимание и на добрите практики од употреба на различни финансиски инструменти. На крајот на оваа глава понудени се мерки и препораки за оптимализација на структурата на изворите на финансирање.

На крајот, шестата и последна глава е посветена на Република Македонија, претставувајќи ги моделите на финансирање на МСП кои во моментов им стојат на располагање. Посебно внимание се посветува на пазарот на алтернативни извори на финансирање, се со цел да се поттикнат претприемачите во Република Македонија да почнат да размислуваат и за други опции кои им се на располагање. Оваа глава опфаќа и анализа на трендовите на финасисрање на МСП преку издавање на обврзници и акции при што се направи обид да се анализира пазарот на хартии од вредност во Република Македонија и обемот на тргување со хартии од вредност. Отворањето на нови финансиски инструменти во различни фази од животениот циклус на претпријатијата ја наметнува потребата да се објасни што претставува шпекулативниот капитал, како и кои се перспективите за развој на секуритизација во Република Македонија и влијанијата од неа. На крајот на оваа глава посветено е внимание на можностите и ограничувањата на самофинансирањето на МСП во Република Македонија. Во еден момент од развојот на претпријатијата особено е важно тие да имаат стабилно финансирање, со цел да се овозможи инвестирање во нивниот понатамошен развој, за што подолго да се одржат во фаза на раст или највисок степен на развој. Оваа глава е заокружена со куса анализа на потребите и можностите за формирање нови финансиски институции за финансирање на МСП во Република Македонија и користа од нив за сеопфатен развој на сектророт МСП.

Во заклучокот на трудот се сумирани клучните резултати од истражувањето преку идентификација на различни модели на финансирање во зависност од степенот на развој и животниот циклус во кој се наоѓаат малите и средните претпријатија.

## 3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатката м-р Милица Пројиќ со наслов „Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средните претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската унија", Комисијата оцени дека докторската дисертација поседува современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската дисертација обработува современа и актуелна проблематика од областа на претприемаштвото и финансиите и има свој научен придонес кој се аргументира со соодветната научна методологија применета во примерното истражување на податоците со користење на ANOVA-моделот.

Врз основа на направените теоретски и практични истражувања од областа на финансирањето на МСП, преку овој труд се изведени сзаклучоци и препораки кои им се ставаат на располагање на малите и средните претпријатија во Република Македонија. Врз основа на направеното истражување, кандидатката направила разграничување на финансиските инструменти и дефинирање на понудата од страна на различни финансиски институции; идентификувала модели и добри практики за финансирање на МСП преку алтернативни извори на финансирање и идентифицирани се досегашните слабости и ограничувања кои директно влијаат на развој на МСП.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на финансирањето на МСП, со посебен осврт на добрите практики и искуства на развиените економии од Европската унија. Трудот заслужува посебно внимание пред сѐ и поради неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од сферата на финансирање на МСП. Истражувањето во докторската дисертација спаѓа во групата на применети истражувања, со цел стекнување нови знаења и информации неопходни за решавање на важни прашања поврзани со финансирањето низ фазите на животниот циклус на претпријатието.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Милица Пројиќ во својата докторска дисертација под наслов „Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средните претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската унија" целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражување, а тоа е да се утврдат постојните можности и ограничувања за основање и развој на МСП во Македонија, споредено со оние во Европската унија и земјите од регионот, како и да се укаже на нови, напредни можности на финансирање, кои може да се користат во Македонија.

Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со јасни препораки за придобивките и предизвиците од примена на концептитите на финансирање на МСП низ фазите на нивниот животен циклус.

Докторскиот труд е поставен на системот за плагијати и согласно со системот и генерираниот извештај за плагијати, тој има совпаѓање од 8,21%.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација „Компаративна анализа на моделите на финансирање на малите и средните претпријатија низ фазите на животниот циклус во Република Македонија и земјите на Европската унија" и на

2. на кандидатката м-р Милица Пројиќ да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на

докторската дисертација

1.______________________________________с.р.

/Д-р Биљана Ангелова/

2.______________________________________с.р.

/Д-р Неда Петроска Ангеловска /

3.______________________________________с.р.

/Д-р Дејан Пендев/

4.______________________________________с.р.

/ Д-р Климентина Попоска /

5.______________________________________с.р.

/Д-р Зоран Јаневски/

***ПРЕГЛЕД***

***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Стефан Герасимов | „Формирање на цена во контекст на деловното одлучување – Студија на случај“ “Pricing in terms of decision making process – Case Study“ | Д-р Биљана Ангелова | бр. 02-634/2 од 27.4.2016 год. |
| 2. | Лина Петровски | “Улогата на оперативниот ризик во банкарското работење” “The role of operational risk in banking” | Д-р Диана Бошковска | бр. 02-659/2 од 27.4.2016 год. |
| 3. | Даница Симоновска | „Финансирање на општините по пат на издавање на општински обврзници“ “Municipal financing over issuing municipal bonds“ | Д-р Биљана Ангелова | бр. 02-658/2 од 27.4.2016 год. |
| 4. | Виктор Димовски | „Франшизата како алатка за развој на семејните бизниси во Република Македонија“ “Franchising as a tool for the development of family businesses in Macedonia“ | Д-р Васил Поповски | бр. 02-676/2 од 27.4.2016 год |
| 5. | Елена Џонова | „Современи здравствени системи и реформите во здравствениот систем на Република Македонија“ “Contemporary health systems and reforms in the health system in Republic of Macedonia“ | Д-р Биљана Ангелова | бр. 02-678/2 од 27.4.2016 год |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 6. | Владица Кокаловиќ | „Влијанието на социјалните фактори и карактеристики на производот во однесувањето на потрошувачите при купување нови патнички возила“<br><br>“The impact of social factors and the characteristics of the product in consumer behavior when buying new passenger vehicles“ | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска | бр. 02-695/2 од 27.4.2016 год |

# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА**

**ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА И КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ**

Советот на Институтот за македонска литература (ИМЛ) во Скопје, на својата 2. редовна седница одржана на 11.4.2016 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: академик Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Александар Прокопиев, научен советник и д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, научен советник, за избор на еден истражувач во сите научни звања во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност при Институтот за македонска литература.

Рецензентската комисија ги разгледа материјалите пристигнати на конкурсот за избор на еден научен истражувач (во сите звања) при Институтот за македонска литература, и го подготви следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот распишан во дневните весници *Дневник* и *Koha* на 17.3.2016 година, се има пријавено д-р Наташа Аврамовска, научен советник во Одделението за теорија на литературата и компаративна литература при Институтот за македонска литература, како единствен кандидат.

Д-р Наташа Аврамовска кон својата пријава ги има доставено потребните материјали – (1) биографија на кандидатот, (2) копии од објавените научни трудови и (3) пополнет формулар за избор во научно звање.

Врз основа на доставените материјали, Рецензентската комисија ги изнесува своите согледби за биографијата, научноистражувачката и наставната дејност, творештвото и поширокиот општествен и културен ангажман на кандидатката.

## Биографски податоци за Наташа Аврамовска

Наташа Аврамовска е родена во Скопје, 1965 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, во октомври 1987, кога го стекнала образовниот степен *професор по општа и компаративна книжевност.* Магистрирала на Филозофскиот факултет на Универзитетот (Свеучилиште) во Загреб, Хрватска, на 27 јануари 1997, кога се стекнала со степен магистер по филолошки науки, со тезата: *Теориски аспекти на романот и новелата во раскажувачкиот опус на Петре М. Андреевски*

*(Teorijski aspekti romana i novele u pripovjednom opusu Petre M. Andreevskog).* На 11 ноември 2003 година се стекнала со степенот доктор по филолошки науки, одбранувајќи ја докторската дисертација „Интертекстуалноста и самореференцијалноста на македонската драма", на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Наташа Аврамовска има работено како (по хронолошки ред): *професор по македонски јазик и литература* во гимназијата „Раде Јовчевки – Корчагин" во Скопје (јануари 1992 – март 1993); *лектор по македонски јазик* при Катедрата за кроатистика на Филозофскиот факултет, Свеучилиште Загреб (март – јуни 1993); *професор по македонски јазик и литература* во гимназијата „Раде Јовчевки – Корчагин" во Скопје (јуни 1993 – ноември 1998); ***асистент-истражувач*** во Институтот за македонска литература во Одделението за македонска книжевност во 19 век (ноември 1998 – февруари 2004); ***научен соработник*** во Институтот за македонска литература во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност (февруари 2004 – декември 2006); ***виш научен соработник*** во Институтот за македонска литература во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност од декември 2006; ***вонреден професор*** на постдипломските културолошки студии во областа на литературата при Институтот за македонска литература во Скопје од септември 2008; ***научен советник*** во Институтот за македонска литература, во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност / ***редовен професор*** на постдипломските културолошки студии во областа на литературата при Институтот за македонска литература – од септември 2011 до 2016 година.

Значи, во време на кандидирањето, д-р Аврамовска е научен советник при Одделението за теорија на литературата и компаративна литература и редовен професор на постдипломските *културолошки студии во областа на литературата* во Институтот за македонска литература.

## Научноистражувачка дејност на д-р Наташа Аврамовска

Во текот на конкурсниот период (2011 – 2016), од последниот избор во звањето научен советник, д-р Наташа Аврамовска го има раководено научноистражувачкиот проект *Македонски митопоетски роман,* проект на Институтот за македонска литература во периодот од 2010 до 2012 година. Таа е еден од двајцата координатори на проектот на МАНУ, *Методи на книжевната херменевтика (интерпретативни стратегии)* во периодот 2013 – 2015 година (Одделение за лингвистика и литературна наука).

Исто така, д-р Аврамовска е соработник-истражувач во неколку мултидисциплинарни проекти од меѓународен и од републички карактер, а имено: (2010-2012) *Славистички проекции на Европа – реалности и концепции*, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ) и Полска академија на науките – ПАН; (2012 -2013); „Teatrum mundi 3-4", IUC, Дубровник (Хрватска); (2012 – 2013); „Медиумите и меморијата во

југоисточна Европа“, *Европа и Балканот*, ДААД (Германија); (2013) билатерален македонско-бугарски проект *Балкански театарски типологии;* (2014 – 2016) „Културната интеграција и стабилноста на Балканот“, билатерален проект на МАНУ и БАН; (2013-2016) „Методите на книжевната херменевтика“ (МАНУ).

Во овој контекст треба да се истакне фактот дека во изборниот период 2011 – 2016 година, д-р Аврамовска има учествувано, со свои соопштенија, реферати и дискусии, на неколку меѓународни научни конференции и свечени собири, од кои ќе спомнеме само неколку (а другите се дадени во прилог на рецензијава)**:** Втора македонско-словачка конференција, 3-4 јули 2015; 36-ти Загрепски книжеви разговори (меѓународна конференција), Друштво на писателите на Хрватска, Загреб, 1 – 4.10.2015; Денови на македонската книжевност во Хрватска, 7 – 8, 10, 2015, Градска библиотека Загреб; - „Новата македонска литература“, Македонски културен центар, Софија, 3.4.2014; XLI научна конференција на *меѓународниот Семинар за македонски јазик, литература и култура* во Охрид (14 – 15 јуни 2014); меѓународна конференција на тема „Популарна култура“, во организација на ИМЛ, 3-4 ноември 2014, Скопје; Научна работилница „Културната интеграција и балканските идентитети“, Скопје, МАНУ, 26.11.2014; Научна конференција „Интерпретативни методи (книжевна херменевтика)“, 12 декември 2014, МАНУ**,** Скопје; - Култура на економијата (CULTURES OF ECONOMY), The 4$^{th}$ DAAD Workshop of the Network *Media and Memory in Southeastern Europe*, 15$^{th}$ – 18$^{th}$ May 2013, Faculty of Philosophy in Sarajevo; Theatrum Mundi 4: "Europe's Eros – Art and Politics", Dubrovnik, 9 – 14. 8.2013; IV македонско-хрватска конференција, Охрид 28 – 30.9.2013; Македонско-словачки културни врски, Нитра, 28 – 29 ноември 2013; Трета работилница на мрежата „Медиумите и меморијата во југоисточна Европа“ *Европа и Балканот*, 9 – 13 мај 2012, Брач, Хрватска; меѓународен семинар на тема „Театарот и ритуалот“, во рамки на проектот Tetarum mundi, 9 – 15 септември 2012, Дубровник. Исто така, д-р Аврамовска, во својство на гостин-предавач, одржа предавање со наслов „Интеркултурните аспекти на современиот македонски роман“, на Институтот за славистика на Универзитетот во Виена (април 2015), во рамките на интеркултурниот јужнославистички проект, со седиште во Виена.

**Наставна дејност на д-р Наташа Аврамовска**

Во изборниов период, д-р Наташа Аврамовска е предавач на постдипломските студии - културолошки студии во книжевноста на ИМЛ (2011 – 2016), на предметите: теми и методи во културологијата (задолжителен); автобиографијата во литературата и културата (изборен); жанрот во литературата и културата (изборен), потем на интеркултурните студии на Филозофскиот факултет (УКИМ), со предметите: интеркултурализам и книжевност (изборен), како и на докторските студии: телото во културата (изборен курс) и бајката во културата (изборен курс).

Д-р Аврамовска била член на десетина комисии за изработка и за одбрана на магистерски и докторски истражувања и тези, кога покажала високи квалитети на стручност и компетентност, на подготвеност за соработка, помош и за научен дијалог.

Како професор, таа ги мотивира младите постдипломци на дополнителен истражувачки и творечки ангажман и создава интерактивен и тимски работен и соработнички амбиент. Конечно, д-р Аврамовска, како професор, покажува високи педагошки квалитети. Како истражувач и професор на постдипломските студии, д-р Аврамовска е кооперативна и колегијална личност која умее да работи тимски со своите постари, како со своите генерациски блиски колеги, така и со помладите кадри (студенти, постдипломци).

## **Научното творештво на д-р Наташа Аврамовска**

Во изборниов период, д-р Аврамовска објавува две нови монографски публикации, едната под наслов *Во светот на зборовите* (Дијалог, Скопје 2011) и втората *Читателска Читанка / Reader's Reader* (Дијалог, Скопје 2013).

Таа е приредувач и коприредувач на две значајни научни публикации (хрестоматии): *New European Poetics and Hermeneutics. Interpretations* No. 4 & 5, заедно со К. Ќулавкова (МАНУ, 2012); *Антологија на македонската книжевност. Книжевни остварувања од IX до XXI век*, 2014, ИМЛ, Скопје. Поглавје: „Македонска современа поезија“, приредила: Наташа Аврамовска.[10]

Од последниот избор во 2011 до денес, д-р Наташа Аврамовска има публикувано повеќе трудови со научен, критички и интерпретативен карактер од областа на теоријата на книжевноста, компаратистиката, културолошките студии, родовите студии, интеркултурализмот, балканистиката. Некои од нив се подготвени како авторски текстови со книжевнонаучен карактер (студии, есеи, критики), додека, пак, други се подготвени за специјални монографски и антологиски изданија (предговори и поговори кон авторски опуси на македонски писатели). Некои трудови се подготвени како реферати, прилози и истражувања во рамки на некои републички и меѓународни истражувачки проекти, а други имаат жанровско-стилски карактер на беседи, промотивни беседи и пофални слова подготвени по повод одредени свечени собири (годишнини, прослави).

Освен тоа, Н. Аврамовска се јавува и како коавтор на неколку публикации на гимназиски и средношколски учебници. Во продолжение ќе ги спомнеме само оние што се преобјавени во периодот 20011 – 2016. Имено, заедно со академик Гане Тодоровски го подготвувала делот за литература во учебникот *Македонски јазик и литература за III година реформирано гимназиско образование* (ново издание од 2015). Таа,

[10] Преглед на сите објавени трудови на д-р Наташа Аврамовска е даден во табеларниот приказ приложен кон овој Реферат, па затоа овде нема да даваме подробни показатели за сите трудови.

заедно со д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, го подготвувала делот за литература во учебникот *Македонски јазик и литература за IV година реформирано гимназиско образование*, издание на „Просветно дело“ од Скопје (ново издание 2015).

Д-р Аврамовска преведува стручни текстови, драми, романи и есеи од германски и од хрватски јазик. Посебно внимание заслужуваат преводите на *Загаден брег, Медеја-материјал, Пејзаж со Аргонаути* на Хејнер Милер, “Огнено лице” на Мариус фон Мајенбург, објавена во *ММЕ... Антологија на новата европска драма* (прир. Ј. Лужина).

## Други ангажмани на д-р Наташа Аврамовска

Во периодот од 2011 до 2016, д-р Наташа Аврамовска учествува активно во работата на повеќе комисии и тела на научни, државни, стручни и невладини институции и организации. Ќе наведеме за илустрација некои од нив, со цел да фрлиме светлина врз културниот и општествен профил на д-р Наташа Аврамовска: член на Советот на Институтот, член на Наставничкиот совет, национален селектор за избор на добитник на Његошевата награда (2009), член на Советот за доделување на Златниот венец и на комисијата за избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци“ (Струшки вечери на поезијата), како и член на Советот на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература (2005 – 2008).

Посебно е важен ангажманот на д-р Наташа Аврамовска во составот на редакциите на списанијата *Спектар*, каде што ја врши улогата на главен уредник од 2015 година, *Културен живот* (континуирано од 2004 – ), како и на електронското списание *Блесок* (2012 – 2013).

Наташа Аврамовска е член на: ДПМ, Македонското компаратистичко друштво, Интернационалната компаратистичка книжевна асоцијација, како и на Македонскиот ПЕН-центар (член на Управниот одбор на Македонскиот ПЕН-центар).

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИОТ, НАСТАВНИОТ И ТВОРЕЧКИОТ ПРОФИЛ НА Д-Р НАТАША АВРАМОВСКА

Во врска со научноистражувачката и научната дејност на д-р Наташа Аврамовска треба да се предочат следниве податоци:

- Истражувачкиот интерес на д-р Аврамовска е мултидисциплинарен и интердисциплинарен, односно насочен кон неколку комплементарни хуманистички и културолошки научни дисциплини: *книжевната наука* (книжевна теорија, методологија и херменевтика, теоријата на усната книжевност, теоријата на интертекстуалноста, на автореференцијалноста и на метафикцијата, македонската книжевност), *театрологијата*, *културологијата* (теориите на културата, интеркултуралните студии, народната култура), *балканолошките студии*, *родовите студии*. Овој интердисциплинарен истражувачки пристап е

индикативен за научниот творечки и наставен формат на д-р Наташа Аврамовска.

- Д-р Аврамовска со еднаква компетенција анализира и интерпретира дела од различни книжевни жанрови и стилови (роман, поезија, драма, усно книжевно творештво, театар, филм), што исто така сведочи за нејзиниот висок научен потенцијал, акрибичност и оригиналност.
- Д-р Аврамовска е профилирана во научните и стручни кругови во регионот на Балканот, а посебно во јужнословенските научни и универзитетски средини, како автор на референтни научни студии и публикации, посебно значајни за теоријата на книжевноста и книжевната компаратистика.
- Д-р Аврамовска се афирмира сè повеќе како еминентен толкувач на современи книжевни опуси од македонски, хрватски, словачки автори, како и толкувач на книжевноисториски и културни собитија и развојни процеси. Со оглед на ваквата богата научноистражувачка дејност, д-р Наташа Аврамовска денес е легитимно име на македонската современа книжевна теорија и компаратистика.
- Наставната дејност на д-р Наташа Аврамовска е показател за нејзината умешност да ги примени и да ги интерпретира новите научни сознанија од истражувачките проекти во наставата. Таа покажува исклучителна способност да конципира курсеви кои имаат актуелен теориски и методолошки формат, и при тоа да ги вкрсти книжевнонаучните и културолошките методи, теории и теми (историски аспекти, родови аспекти, рецепција, интермедијални релации).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

Врз основа на изнесените информации и согледби за личноста, научната и наставната дејност, за творештвото и за општествениот ангажман на кандидатката, може да се заклучи дека д-р Наташа Аврамовска е книжевен теоретичар, компаратист и универзитетски професор со долгогодишно искуство и со постигнати значајни резултати во македонската книжевна наука (теорија на книжевноста, книжевна компаратистика, историја на книжевноста, драматургија, театрологија, усна книжевност, родови студии) и во современите културолошки студии. Објавените монографски студии, збирките есеи и другите публикации на д-р Наташа Аврамовска претставуваат несомнен и неодминлив придонес во развојот на македонската книжевна наука. Наставната и учебникарска дејност, пак, дополнително го заокружуваат научниот и креативниот профил на д-р Наташа Аврамовска.

Поради сето тоа, ни претставува особена чест и задоволство, на Советот на Институтот за македонска литература да му предложиме д-р Наташа Аврамовска да ја избере во звањето *научен советник* во Одделението за теорија на литературата и компаративна литература при

Институтот за македонска литература.

**Рецензентска комисија**

Акад. Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Александар Прокопиев, научен советник, с.р.

Д-р Лорета Георгиевска Јаковлева, научен советник, с.р.

# О Б Р А З Е Ц

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Наташа** Коста **Аврамовска**

Институција: **Институт за македонска литература – Скопје**

Научна област: **теорија на книжевноста, општа и компаративна книжевност, културолошки студии**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ на д-р Наташа Аврамовска | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 1. | **Монографија/научна книга[11]** | **8** | **12** |
| | *Читателска читанка /Reader's reader*, Дијалог, Скопје, 2013. | 8 | |
| | *Во светот на зборовите,* Дијалог, Скопје, 2011. | 8 | |
| | *Ние во времето,* Магор, Скопје, 2006. | 8 | |
| | *Автобиографијата во македонскиот литературен 19 век*, Институт за македонска литература, Скопје, 2004. | 8 | |
| | *Во вителот на дереализацијата (дуплото дно на македонската драма)*, Култура, Скопје, 2004. | 8 | |
| | *Ex Libris* , Менора, Скопје, 2000. | 8 | |
| | *Травестија на усната историја - раскажувачкиот криптограм на Петре М. Андреевски*, Менора, Институт за македонска литература, Скопје, 1999. | 8 | |
| 2. | **Дел од монографија/научна книга[12] (2011- 2015)** | **4** | **6** |
| | 2015. „Потресот на рожбата на психичкото Јас во граѓанскиот свет“, предговор на *Антологија на* | 4 | |

[11] Монографија е научно или критичко издание кое целосно обработува одредена проблематика врз основа на сопствени и податоци од други автори.

[12] Делот претставува заокружена целина (на пример, глава во научна книга)

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *светската поезија*, том 4, АРС Ламина, Скопје, стр. 9 – 81. | | |
| | 2014. „Клепсидрата на песната/ The Clepsidra of the Poem “, стр. 64-80, предговор во Матеја Матевски: *Копнеж по целина/ Longing for the Whole*, МАНУ, Скопје. | 4 | |
| | 2014. „Кон романот *Пијанистка* од Елфрида Јелинек“ во Елфрида Јелинек *Пијанистка*, Магор, Скопје, стр. 231-238. | 4 | |
| | 2014. „Кон романот *Двојки* на Џон Апдајк“ во Џон Апдајк: *Двојки*, Магор, Скопје, стр. 199-208. | 4 | |
| | 2014. „Кон романот *Воцеление* на Јан Мекјуан“ во Јан Мекјуан : *Воцеление*, Магор, Скопје, стр. 347-354. | 4 | |
| | 2014. „Кон поемата *Амбар* на Славе Банар“, поговор, во Славе Банар, *Амбар,* Детска Радост, Скопје, 2014. | 4 | |
| | 2012. „Еден град и неговото време/ фантастична архитектура на скопските раскази на Влада Урошевиќ“ во: *Планета Скопје,* Феникс, Скопје, стр. 68-78. | 4 | |
| | 2011. Natascha Avramovska, /Zorica Simovska/Naxhi Selimi “Mazedonisch” in*: Meine Sprache- Deine Schprache*, Lehrmittelverlag Zürich | | 4,8 |
| | 2011. „The Placenta/Deathbed of Rationalism and Other Dramatic Pictures“, preface to G. Smilevski: *Conversation with Spinoza* (playwrights) ed. Macedonian Literature , St. Clement of Ohrid, National and University Library, Skopje | 4 | |
| | 2011. „The Poetry of Katica Kjulavkova” preface and selection of the poems, K. Kjulavkova *Erato* ed. Macedonian Literature, St. Clement of Ohrid, National and University Library, Skopje | 4 | |
| | 2011. “The Narrative World of Ermis Lafazanovski”, preface to Ermis Lafazanovski: *Short Stries,* ed. Macedonian Literature, St. Clement of Ohrid, National and University Library, Skopje | 4 | |
| | 2011. “The naked Masks of Faction and Fiction”, preface to Kole Chashule: *It is so,if you find it (so),* ed. Macedonian Literature, St. Clement of Ohrid, National and University Library, Skopje | 4 | |
| | 2011. “The Dark Muse of Macedonian Poetry” in: *Macedonian Essay* ed. By Ivan Dzeparovski, St. Clement of Ohrid, National and University Library, Skopje | 4 | |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати** | **6** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **или објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**[13] | |
| | „Прославата на животот во поезијата на Славко Јаневски“, *Спектар* бр. 65, 2015 стр. 17-29 | 6 |
| | „За современата македонска книжевност“, *Спектар* , бр. 66, 2015 стр, 240-245 | 6 |
| | „Нарација, транскултура, трансхуманизам“, *Контекст*, бр. 13, 2015. стр.83-98 | 6 |
| | АЛЛЮЗИВНОСТЬ И ПАРАБОЛИЧНОСТЬ ПОЭТИЧЕСКОЙ РЕЧИ В КНИГЕ КАТИЦЫ КЮЛАВКОВОЙ «КОГДА У НАС ГОРЕЛО ПОД НОГАМИ (2013)**.** www.phologicalstudies.org | 6 |
| | „Омаж за Анте Стамаќ“, во: *Спектар*, 2013 бр.61, стр. 208-210. | 6 |
| | „Туршија и море од приказни“, во: *Спектар*, бр.62, 2013, стр. 75-84. | 6 |
| | „Kole Chashule“, *Colloquia Humanistica*, tom 1, Institute of Slavic Studies Polish Academy of Sciences, Warsaw, 2012, 349-350. | 6 |
| | „Gender and Archetypes in Drama“<br><br>, *Контекст/Context* 9/2011 стр. 41-56 | 6 |
| | Европа и Другата Европа на европската фестивалска театарска сцена, Филолошки белешки, том 2, 2012.<br><br>http://www.philologicalstudies.org.mk | 6 |
| | „Лицето на денешницата“, *Спектар,* 2011, бр. 58, стр. 521-531 | 6 |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[14] | **4** |
| | „Priče (globalnog: tržišta, scene i arene)“, *Republika* , godište LXXI., Zagreb, Listopad, 2015, str. 7-13. ISSN 03501337 | 4 |

[13] Меѓународен уредувачки одбор е одбор во кој учествуваат експерти од соодветната научна област од најмалку 5 земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број членови

[14] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автори - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добив по 60% од бодовите.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Женското паметење на Балканот“, *Прилози, CONTRIBUTIONS XL 1–2 БАЛКАНСКИ ИДЕНТИТЕТ/И МАНУ*, стр. 119-136. | 4 | |
| | „The Discord of Social Communication: The Motif of Inquest in the Kole Chashule’s Dramaturgy“, Годишен зборник, списание на Македонскиот ПЕН центар,2014, Скопје, ур. Јелена Лужина. | 4 | |
| | „Европа на сцената на современата македонска драма“, Slavia meridionalis, Warshawa, 2012, стр. 13-28 | 4 | |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно популарно списание** | **2** | **со меѓ. уредувачки одбор 3** |
| | ПОЕТСКА ТВОРЕЧКА МИТОЛОГИЈА (Славе Ѓорѓо Димоски *Јазичен триптихон*, 2015, ПНВ Публикации), www.blesok.com.org (No.103-104) | | 3 |
| | „Поетска виделина“ во Културен живот, 3-4, 2014, стр. 4-11. | | 3 |
| | Алузивноста и параболичноста на поетскиот ‚говор низ разговор’“, Културен живот, Скопје, бр. 1-2, стр. 94-101. | | 3 |
| | *Mueller's The Hamletmachine at the National Theatre in Bitola*. www.blesok.com.org (No.88) | | 3 |
| | The Fairy Tale and the Magical: The Chronotope of the South-Slavic Balkans. www.blesok.com.org (No.90) | | 3 |
| | “Aspects of a Dialogical Study of Macedonian and Croatian Drama” http://www.blesok.mk/ | | 3 |
| | Снежана Бановиќ, “Државата и нејзиниот театар”, *Културен живот*, 3-4, 2012, стр. 108-110, Скопје | | 3 |
| 6. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **2** | **3** |
| | “Europe and An/other Europe on the European Theatre Festival Stage”, in: *Europe and the Balkans*, Könighausen &Neumann GmbH, Würzburg 2015, стр, 234-240 | | 3 |
| | *Кон поезијата на Милан Рихтер и Милан Руфус*, MACEDÓNSKO-SLOVENSKÉ LITERÁRNE, KULTÚRNE A JAZYKOVÉ VZŤAHY, Nitra, 2015. | | 3 |
| | „Ликовите на апостолите на словенската писменост во современата македонска книжевност“. Зборник од Научен собир „Свети Климент – легат и фасцинации“, 2015, стр. 33-55 | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Н. Аврамовска: „Македонската современа проза наспрема другите култури", во *Зборник од 41 Меѓународна научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура*, УКИМ, 2015, стр. 201-216 | | 3 |
| | *Романот сведоштво „Како да ме нема" од Славенка Дракулиќ.* Зборник од IV Македонско-Хрватска Конференција, Охрид 28-30. 09. 2013, ИМЛ, Скопје, 2014. | 2 | |
| | „Мотивот на иследувањето во Чашулевата драматика", во *Чашуле, Оттосле,* зборник, МАНУ, стр. 321 -335. | 2 | |
| | „Балканските војни и Првата Светска војна во романите на Петре М. Андреевски", зборник од научниот собир *Струмица и Струмичко во времето на Балканските војни и Букурешкиот мировен договор*, Струмица 25-27 октомври 2012, Струмица 2013 | 2 | |
| | "'A Present-Day Portrait': Tomislav Osmanli's *The Twenty-First* as a Novel of Dislocation", Congress Proceedings, *Literary dislocations*, Institute of Macedonian Literature, Skopje, 2012, 601-611. | 2 | |
| | Наташа Аврамовска: „Родовиот архетип во прозата на Петре М. Андреевски", во зборник од XXXVIII Научна конференција на Семинарот за македонски јазик и литература, УКИМ, 2012 | | 3 |
| | „Повеќеконфесионална заедница: културолошки аспекти на македонската денешница". Во зборникот од Славистичката меѓународна конференција „Христијанскиот Исток и Запад" 21 - 22-ри октомври, универзитет Адам Мицкиевич, Познањ, 2012 | | 3 |
| | „Источните песни на Славко Јаневски", Зборник од XXXVII научна конференција на XLIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2011 | | 3 |
| | Играта со балканските идентитети во романот *Вежби за Ибн Пајко* на Оливера Николова, во зборникот Развојот на македонската литература, ИМЛ, Скопје, 2011, стр. 287 – 294 | 2 | |
| | „Во лавиринтот на раскажувањето", *Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze*, Zbornik radova 3, Filozofski fakultet Rijeka, 2011, стр. 3-9 | | 3 |
| 7. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | **3** | **5** |
| | „Синови на женското усно предание". Пленарна беседа по повод 150-годишнината од публикацијата на Зборникот на Миладиновци, Дом на културата, во рамки на научниот собир | 3 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Медитеранска академија Година на есејот, 8-9 јуни, Струга. | | |
| 8. | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | **2** | **3** |
| | Феминистичката и родовата книжевна критика – прочит на раскажувачкото писмо на Оливера Николова, Научна конференција, 11.12.2015 МАНУ, Скопје | 2 | |
| | Ликовите на апостолите на словенската писменост во современата македонска книжевност. Научен собир „Свети Климент – легат и фасцинации“, 7.12.2015, НУБ „Св. Климент“ – Скопје. | 2 | |
| | „Раскажувачките стратегии (на глобалните:пазар, свена и арена) „Книжевноста во потрошувачкото општество“, 36-ти Загрепски книжеви разговори (меѓународна конференција), Друштво на писателите на Хрватска, Загреб, 1-4.10.2015 | | 3 |
| | „Лицата на смртта во расказите на Петре М. Андреевски и Јурај Шебеста“, Втора македонско-словачка конференција, 3-4 јули 2015 | | 3 |
| | „Женски и родови пишувања и читања на книжевноста“ Научна работилница: „Интерпретативни методи (книжевна херменевтика)“, 12 декември 2014, МАНУ, Скопје. | 2 | |
| | Женското паметење на Балканот“ излагање на Научна работилница Културната интеграција и балканските идентитети, Проект: „Културната интеграција и Стабилноста на Балканот“, МАНУ, 26.11.2014 | | 3 |
| | „Телото во културата“, , меѓународна конференција Популарна култура, во организација на ИМЛ, 3-4 ноември 2014, МАНУ, Скопје. | | 3 |
| | „Во арената: љубовноста и телесноста во светот на Јелинек“, Конференција на ДККМ „За Љубовта“, јуни, 2014, ИМЛ, Скопје | 2 | |
| | „Македонската современа проза наспрема другите култури“, XLI НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА (Охрид, 14- 15 јуни 2014). | | 3 |
| | „Кон поезијата на Милан Рихтер и Милан Руфус“, МАКЕДОНСКО-СЛОВАЧКИ КНИЖЕВНИ, КУЛТУРНИ И ЈАЗИЧНИ ВРСКИ, Нитра, 28 – 29 ноември 2013 | | 3 |
| | Романот сведоштво „Како да ме нема“ од Славенка Дракулиќ. IV Македонско-Хрватска Конференција, Охрид 28-30. 09. 2013 | | 3 |
| | Heiner Mueller's The Hamletmachine at the National Theatre in Bitola. Project: Theatrum Mundi 4: | | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | "Europe's Eros – Art and Politics", Dubrovnik, 08.09. - 14. 082013 | | |
| | *Cultural Icons and the Fairy Tales as a Narrative Strategy Towards the Global Book-Market in The Macedonian Contemporary Literature.* CULTURES OF ECONOMY, The 4th DAAD Workshop of the Network *Media and Memory in Southeastern Europe*, 15th – 18th May 2013, Faculty of Philosophy in Sarajevo. | | 3 |
| | Aspects of rituality in European Theater (Types of theater of participation), предавање на меѓународниот семинар на тема „Тетарот и ритуалот" во рамките на проектот Tetarum mundi, 9-15 септември 2012, Дубровник, Хрватска | | 3 |
| | "Europe and An/other Europe on the European Theatre Festival Stage", Третата работилница на мрежата „Медиумите и меморијата во југоисточна Европа" *Европа и Балканот*, (Europe and the Balkans, The third workshop of the network Media and Memoria in the South- Eastern Europe) 9-13 мај, Брач, Хрватска, 2012. | | 3 |
| | „Лириката на Гане Тодоровски", XXXIX Научна Конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 20-22 јуни 2012. | | 3 |
| | „Лицето на денешницата" *Македонскиот идентитет, литература, јазик, историја, култура*, меѓународниот македонистички научен собир одржан по повод 30-годишниот јубилеј на ИМЛ на 7 и 8 ноември 2011 во Ректорат на УКИМ, Скопје | | 3 |
| | Tomislav Osmanli's *The Twenty-First*: a Novel of Dislocation, 4th International REELC/ENCLS Congress: Literary Dislocations, 1 – 3 септември 2011, Скопје и Охрид | | 3 |
| | „Во лавиринтот на раскажувањето". Македонско - хрватски книжевни и културни врски, Филозофски факултет, Риека, 23-25 март 2011. | | 3 |
| | „Родовиот архетип во прозата на Петре М. Андреевски" Меѓународна научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, Конгресен центар, 14-15 јули 2011. | | 3 |
| | „Културолошките аспекти на Конески книжевен лик во прозата на Петре Бакески". Меѓународна конференција по повод 90-годишнината од раѓањето на Конески со рефератот, Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје: 15-16 декември 2011. | | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | **Одржано предавање по покана од научна институција/Универзитет** | **2** | **3** |
| | „Интеркултурните и транскултурните аспекти на македонскиот прозен наратив“, Институт за славистика, Универзитетот во Виена, 22. 04 2015. | | 3 |
| 10. | **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер/усно)** | **1/1,5** | **1,5/2** |
| | Тркалезна маса на Балканската конференција на Македонскиот ПЕН центар, 6 јуни 2015, Скопје, хотел Бристол | 1 | |
| | „Прославата на животот во поезијата на Славко Јаневски“, научен собир посветен на Г. Јаневски 30 април 2015, ДПМ, Скопје | 1 | |
| | „За новите тенденции во македонската проза“, прилог кон Трибината „Новата македонска литература“, Македонски Културен Центар, Софија, 3.4.2014. | | 1,5 |
| | „Симболот на водата во поезијата на Катица Ќулавкова“, симпозиум: *Симболот на водата во македонската поезија*, Галичка поетска колонија, 8-9 август 2013, Галичник. | 1 | |
| | Поетското творештво на Анте Поповски, Научен собир, ИМЛ, ДПМ, 11.12.2013 (Скопје, ДПМ) | 1 | |
| | Работилница во рамките на билатералниот проект *Балкански театарски типологии*, Благоевград, 30.3.2013. | | 2 |
| | „Балаканските војни и Првата светска војна во романите на Петре М. Андреевски“, научна конференција „Балканските војни во Струмица и Струмичко“, 25-27 октомври, 2013, Струмица | 1 | |
| | Омаж кон заложбите на Филип Давид (Освојување на слободата). Тркалезна маса на тема: Зборот и Слободата, (7 јуни, Скопје: хотел Бристол). 14-ТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ПЕН ЦЕНТАР, 6-9 јуни, Скопје | 1 | |
| | „ Документот и документарното во македонската литература и филм“, Меѓународна конференција по повод 30 години од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност, Ректорат на УКИМ, Скопје – април 2011. | 1 | |
| 11. | **Одбранета докторска дисертација** | **8** | **8** |
| | Интертекстуалноста и самореференцијалноста на македонската драма, 2003, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје. | 8 | |
| 12. | **Одбранет магистерски труд** | **5** | **5** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Teorijski aspekti romana I novele u pripovjednom opusu Petre M. Andreevskog, Filozofski fakultet, Sveučilište Zagreb, 1997. | | 5 | |
| 13. | **Раководител на научен проект** | **национален** **4** | **меѓународен** **6** | |
| | Македонски митопоетски роман, ИМЛ (2010-2012) | 4 | | |
| 14. | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | **6** | | |
| | *Балкански театарски типологии* (билатерален македонско-бугарски проект, 2013 | 6 | | |
| 15. | **Учесник во научен проект (најмногу во 3)** | **национален** **2** | **меѓународен** **3** | |
| | *Славистички проекции на Европа – реалност и концепции* (МАНУ, ПАН, 2010-1012) | 3 | | |
| | Teatrum Mundi, IUC, Dunrovnik (2012-2013) | 3 | | |
| | „Културната интеграција и стабилноста на Балканот“, МАНУ-БАН, 2014-2016 | 3 | | |
| 16. | **Ментор на докторска дисертација** | **3** | | |
| 17. | Ментор на 3 докторанди | 9 | | |
| 18. | **Ментор на магистерски труд** | **1** | | |
| | 8 | 8 | | |
| 19. | **Одржување на настава по задолжителен/изборен предмет**[15] | **прв циклус** | **втор циклус** | **трет циклус** |
| | | **0,04** | **0,05** | **0,06** |
| | (2011-2016) Теми и методи во културологијата | | 3(60x0, 05) | |
| | Предмети: Автобиографијата во литературата и културата. Жанрот во литературата и културата. | | 3,6 (72x0,05 ) | |
| | Интеркултурализмот и книжевноста | | 0,9 | |
| | Телото во културата | | | 5.76 |
| | Бајката во културата | | | 2.88 |

[15] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,05 (поени за предавања од задолжителен предмет од втор циклус студии) = поени

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)**[16] | **0,03** | |
| | (пресметано приближно со најниска веројатност – вкупно за сите предмети во 5 години) | 5,7 | |
| 21. | **Консултации со студенти**[17] | **0,002** | |
| 22. | Консултации со студенти | 0,05 | |
| 23. | **Ментор на дипломска работа/научна студија** | **0,2** | |
| 24. | Ментор на 2 научни студии | 0,4 | |
| 25. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | **0,5** | |
| | 2 | 1 | |
| 26. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | **0,3** | |
| | Член на 12 комисии | 3,6 | |
| 27. | **Превод на учебник** | **3** | |
| | Вовед во драматологија, Вјеран Зупа (Учебник ФДУ) | 3 | |
| 28. | **Основен школски или средношколски учебник** | **автор** | **Коавтор** |
| | | 7 | **6** |
| | Македонски јазик и литература за III реформирано гимназиско, „Просветно дело“ | | 6 |
| | Македонски јазик и литература за IV реформирано гимназиско, „Просветно дело“ | | 6 |
| | Компаративна книжевност (гимназиско образование), „Просветно дело“ | | 6 |
| | Македонски јазик и литература за I за средни училишта, „Просветно дело“ | | 6 |
| 29. | **Рецензент на учебник за средно образование** | **0.5** | |

[16] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,03). Пример 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,03 (поени за часови вежби) = поени

[17] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Рецензент на средношколска книжевна хрестоматија. Невена Исаковска/Бранко Пендовски *Примери од литературата* за II година гимназија, „Просветно дело“, Скопје, 2003 | 0,5 | |
| | Рецензент и стручна редакција на превод на *Атлас по литература*, „Просветно дело“, Скопје, 2008 | 0,5 | |
| 30. | **Пакет материјали за одреден предмет** | **1** | |
| | Теми и методи во културологија | 1 | |
| 31. | **Уредник на зборник на текстови за одреден предмет** | **2** | |
| | *Нова книжевна теорија и херменевтика/New Literary Theory and Hermeneutics* Vol 4/5, MANU, Skopje. (Ed. K. Kulavkova & N. Avramovska) | 2 | |
| 32. | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 33. | **Поглавје во книга** | **автор** | **коавтор** |
| | | **3** | **2** |
| | *Антологија на македонската книжевност. Книжевни остварувања од IX до XXI век*, 2014, ИМЛ, Скопје. Поглавје: „Македонска современа поезија“, приредила: Наташа Аврамовска | | 2 |
| 34. | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | **1** | |
| | (2005-2008) Учество во работата на комисии за државни натпревари по литература за основно и средно образование | 1 | |
| | (2006) Подготовка на тестови за државни натпревари по литература за основно и средно образование | 1 | |
| 35. | **Учество во промотивни активности на Институтот** | **0,5** | |
| | Трибина „Македонската книжевност во Хрватска“, во рамки на манифестацијата Денови на македонската книжевност во Хрватска, 7-8.10.2015, Градска библиотека Загреб | 0,5 | |
| | Промоција на сп. *Спектар*, Матица Македонска, 27 декември 2015, Скопје. | 0,5 | |
| | Промоција: Исак Роса: *Темната соба*, Магор, октомври, 2015 | 0,5 | |

| | | |
|---|---|---|
| | „За современата македонска книжевност", портрет на Георги Сталев, добитник на наградата „Димитар Митрев" за 2014 на ДПМ, Библиотека „Браќа Миладиновци" Скопје, 10.9.2015 | 0,5 |
| | „Омаж за Петре М. Андреевски", во Градска библиотека „Браќа Миладиновци", 18.6.2014 | 0,5 |
| | „Омаж кон творештвото на Анте Стамаќ", Манифестација на ДПМ *Празник на липите* – Доделување на Поетски Жезол, 18.6.2013, Скопје: ДПМ | 0,5 |
| | Беседа за поемата *Амбар* на Славе Банар, добитник на Прличевата награда за поема за 2014, на 5.2.2015, Дом на културата, Охрид | 0,5 |
| | „Портрет на Вера Чејковска", добитник на наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата, во Градска Библиотека „Браќа Миладиновци", септември 2014, Скопје. (подоцна и Куманово, октомври 2014) | 1 |
| | Мунициозност и доследност (Валентина Миронска-Христовска: Литературни студии за македонскиот идентитет, Скопје: ИМЛ, 2012), *Спектар* 60/2012, год. 30, Б5, 129стр. 125 - 126 | 1 |
| 36. | **Член на национална жири-комисија** | **1** |
| | 2014 Претседател на комисија за Прличева награда<br><br>2010 (септември) – избор на најдобра претстава на МОТ 2010 (Македонски Отворен театар) – член на комисија<br><br>2010 (август – септември). Избор на македонски кандидат за наградата Балканика – претседател на комисија<br><br>2010 (јануари – март). Избор на роман на годината. Наградата „Роман на годината" на *Утрински весник* за 2009 г. – член на комисија<br><br>2009 (мај – јуни). Избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци" (Струшки вечери на поезијата) - член на комисија<br><br>2008 (мај – јуни). Избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци" (Струшки вечери на поезијата) - член на комисија<br><br>2003 (април – јуни). Избор на добитник на Рациновата награда – член на комисија | 7 |
| 37. | **Член на меѓународна жири-комисија** | **2** |
| | 2009 – 2012, национален селектор за доделување на Његошева награда | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2006 – 2009, национален селектор за доделување на Његошева награда | | | |
| 38. | **Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/останати** | **5/3** | | |
| | Спектар, Книжевен контекст, Културен живот, Блесок | 12 | | |
| 39. | **Претседател на организационен одбор на научен/стручен собир** | **2** | **3** | |
| | Координатор на Научен симпозиум „Рацинови средби", 14 јуни 2012, Велес | 2 | | |
| | Координатор на работилница по креативно пишување со американската поетеса и новелистка Викторија Редел, организатори *Институт за македонска литература и Разноликост (ПЕН)*, 31 мај 2012, ИМЛ, Скопје | 2 | | |
| 40. | **Член на организационен одбор на научен/стручен собир** | **1** | **2** | |
| | Четврта македонско-хрватска конференција, Охрид, 2013 | 1 | | |
| | Fourth International Congress of the RÉSEAU EUROPÉEN D'ÉTUDES LITTÉRAIRES COMPARÉES / EUROPEAN NETWORK FOR COMPARATIVE LITERARY STUDIES (REELC/ENCLS) *LITERARY DISLOCATIONS*, September 1-3, 2011, Skopje-Ohrid, Republic of Macedonia | 1 | | |
| | Меѓународната конференција по повод 30 години Институт за македонска литература на тема:*Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура*, ноември, 2011 | 1 | | |
| | Меѓународна конференција по повод 90-годишнината од раѓањето на Конески, Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, 15-16 декември 2011. | 1 | | |
| 41. | **Студиски престој во странство** | **до 3 мес.** | **до 6 мес.** | **повеќе** |
| | | 0,5 | 1 | 2 |
| | Универзитет во Загреб, Хрватска, Филозофски факултет, Отсек за јужнословенски јазици и книжевности, 3 – 10 мај 2015 | 0,5 | | |
| | Меѓународен семинар Theatrum Mundi 4: "Europe's Eros – Art and Politics", Dubrovnik, 9 – | 0,5 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 14.8.2013. | | | | |
| | Меѓународен семинар „Тетарот и ритуалот“, во рамките на проектот Tetarum mundi 3, 9-15 септември 2012, Дубровник, Хрватска | 0,5 | | | |
| | European Theatre Prize 2011, 11 - 18.4.2011, Санкт Петерсбург, Руска Федерација. | 0,5 | | | |
| 42. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен проект** | **национален** | | **меѓународен** | |
| | | **носи-тел 1** | **сораб. 0,5** | **носи-тел 2** | **сораб. 1** |
| | носител | 2 | | | |
| | соработник | | 5 | | |
| | носител | | | 4 | |
| | соработник | | | | 8 |
| 43. | **Член на Советот на Институтот** | **2** | | | |
| | (2002-2015) | 2 | | | |
| 44. | **Член на институтска комисија** | **0,5** | | | |
| | Комисија за попис (3 пати) | 1,5 | | | |
| 45. | **Член на Комисија за избор во звање** | **0,2** | | | |
| | 3 комисии | 0,6 | | | |
| 46. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **1** | | | |
| | Член на Комисија за доделување на наградата „11 Октомври“ (2015) | 1 | | | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | 421,19 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | 66,60 |
| **Вкупно:** | **487,79** |

**Рецензентска комисија**

Акад. Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Александар Прокопиев, научен советник, с.р.

Д-р Лорета Георгиевска Јаковлева, научен советник, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА И КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за македонска литература во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 17.3.2016 година, за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот за македонска литература, донесена на 2 седница, одржана на 11.04.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Александар Прокопиев, научен советник во Институтот за македонска литература и д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, научен советник во Институтот за македонска литература.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност, во предвидениот рок се пријави д-р Соња Стојменска-Елзесер, научен советник во Институтот за македонска литература во Скопје.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката Соња Стојменска-Елзесер, доктор по филолошки науки, е родена на 2.9.1963 година во Штип. Средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на групата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дипломирала на 7.7.1986 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот, рускиот и чешкиот јазик.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 13.10.1995 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Теориско-методолошките начела на Михаил Бахтин“, а докторската дисертација на тема: „Лудистички постапки во современиот расказ“ ја одбранила на 8.1.2003 година на истиот Факултет, пред Комисија во состав: акад. д-р Влада Урошевиќ, акад. д-р Милан Ѓурчинов, акад. д-р Катица Ќулавкова, д-р Александар Прокопиев и д-р Лидија

Капушевска-Дракулевска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област наука за книжевноста.

Во Институтот за македонска литература работи од 1988 година, најнапред како стажант-приправник во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност. Во 1989 година е избрана во звањето помлад асистент, во 1996 г. за асистент, во 2003 г. за научен соработник, а на 14.3.2006 за виш научен соработник во истото Одделение.

Во моментот е научен советник (од 2011г.). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 999 од 31 декември 2010 година.

Член е на: Друштвото за компаративна книжевност на Македонија, Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност, Друштвото на писателите на Македонија и Националниот славистички комитет на Македонија.

Автор е на монографските изданија: *Пулсирачка филолоīија*, Скопје: Култура, 1997; *Иīроūис: есеи за книжевниоū лудизам*, Скопје: Магор, 2004; *Сūоредбена слависūика*, Скопје: Институт за македонска литература, 2005; *Еквилибриум/Equilibrium*, Скопје: Институт за македонска литература, 2009; *Со ūосвеūа,* Скопје: Дијалог, 2013 и приредувач на изданијата: *Гризни īо јаболкоūо: анūолоīија на македонскаūа ероūска ūроза*, Скопје: Магор, 2006; *Комūараūивна книжевносū,* (хрестоматија од едицијата *Теории на друīосūа*), Скопје: ЕвроБалкан Пресс; Менора, 2007;*Осūров на коūно,* (Избор од поезијата на Богомол Ѓузел со предговор, едиција: 130 тома македонска книжевност, и во превод на англиски јазик), Битола: Микена, 2008.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за македонска литература, кандидатката д-р Соња Стојменска-Елзесер изведува настава на втор циклус студии на студиската програма интердисциплинарни културолошки студии во книжевноста, по предметите: европски културолошки контекст (заедно со д-р А. Прокопиев), патопис и културна геогргграфија. На докторските културолошки студии при Институтот за македонска литература ги предава предметите: урбана културологија, екокултурни теории (заедно со д-р Ј. Мојсиева-Гушева) и култура и граници (заедно со д-р Ј. Мојсиева-Гушева). Во

моментов е раководител на докторските студии при Институтот за македонска литература.

Кандидатката била ментор на три магистерски  (две одбранети и една во тек) и на две докторски дисертации (во тек).

Во споменатиов период, кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на единаесет (11) магистерски трудови.

Кандидатката била вклучена и во наставата на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, јуни 2015 година, со предавање на тема: Патописот во македонското книжевно творештво.  На покана на Универзитетот „American College“ во Скопје, на 22 декември 2011 година одржала предавање на тема: Културните студии и постколонијалната теорија (“Cultural Studies and Postcolonial Theory”). За странските слушатели кои оствариле студиски престој при Институтот за македонска книжевност, одржала менторска настава од областа на културната географија (септември-декември 2013 година).

Кандидатката е коавтор на рецензиран учебник за изборен предмет на реформираното гимназиско образование под наслов: *Компаративна книжевност* (2004) и приредувач на хрестоматијата *Компаративна книжевност* од едицијата Теории за другоста (2007), која се користи и како универзитетски учебник. Овие учебни помагала се соодветно валоризирани во рецензијата за кандидатката објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 999 од 31.12.2010 година, но тие се сѐ уште релевантни за наставата и во таа смисла упатуваме на нив и во оваа рецензија за преизбор.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

## Научноистражувачка дејност

Д-р Соња Стојменска-Елзесер во периодот од последниот избор до денес има објавено вкупно 41 научен труд од доменот на: книжевната компаратистика и книжевната теорија, книжевната славистика, европските културолошки студии и културната географија, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 7 труда во меѓународни научни списанија, 4 труда во меѓународни научни публикации, 19 труда во зборници од научни собири и 9 написи во научни списанија.

Во оваа пригода, особено го нагласуваме нејзиниот сериозен влог и личен ангажман во доменот на книжевната компаратистика. Посебен датум во негувањето на компаратистичкиот поглед на кандидатката претставува публикувањето на нејзин текст во електронската библиотека/списание на компаративна книжевност што ја подготвува Пердју - универзитетот од Канада *CLCWeb: Comparative Literature and Culture*, која важи за престижно електронско списание со импакт-фактор во областа на компаратистиката и културологијата.

Друга тема која обединува повеќе нејзини активности е феноменот на културата и просторот, во тие рамки и на патописноста. Може да се рече дека ангажманот на д-р Соња Стојменска-Елзесер во овој домен има пионерско значење во нашата научна средина. Нејзин труд од областа на доминацијата на просторноста во хуманистиката е презентиран на Колоквиум во рамки на реномираниот книжевен фестивал Виленица во Словенија и потоа отпечатен во рецензираното и индексирано списание *Primerjalna književnost*.

Во периодот меѓу двата избора (2011-2016), кандидатката учествувала со реферат на вкупно 30 научни собири во земјата и во странство. Се работи за културолошки, компаратистички, феминистички и славистички собири одржани во: Р. Македонија, Словачка, Бугарија, Холандија, Словенија, Франција, Ирска, САД и др. На сите нив успешно ги претставувала Институтот за македонска литература и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и истовремено ги афирмирала своите научно-стручни квалитети. Особено е значајно што во тие настапи кандидатката ги промовирала македонските книжевни и културни вредности како дел од поширокиот европски (и светски) контекст и тоа пред странската научна јавност.

Д-р Соња Стојменска-Елзесер била раководител на еден национален научен проект: Книжевна компаратистика – состојби и перспективи (2009-2011). Учествувала како член во 3 научни проекти (2 национални и 1 меѓународен), и тоа: „Типологија на книжевноста – македонскиот митопоетички роман (2010-2012)" при Институтот за македонска литература, „Интерпретативни стратегии (книжевна херменевтика)" во МАНУ (2015-2016) и „Модернизмот како европска вредност во македонската и бугарската литература во 20 век", билатерален проект меѓу МАНУ и Бугарската академија на науките (2014).

## Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот

Д-р Соња Стојменска-Елзесер има свое реномирано место во македонската книжевна критика и есеистика. Во извештајниот период, кандидатката ја објавила книгата студии и есеи под наслов: *Со посвета* (2013). Насловот на книгата, од една страна, алудира на посветата на писателите и нивните дела кои во последните неколку години ги предизвикале заложбите на авторката за нивна афирмација, а од друга, се однесува и на самата авторка и нејзиното посветено проучување на книжевноста и како професионална, и како интимна животна определба. Книгата содржи триесетина студии и есеи поделени на три тематски целини, и тоа: сондажи, беседи и љубопитства. Поконкретно, се работи за критички студии посветени на автори и дела од македонската книжевност, пригодни промотивни говори изречени при претставување на нови книжевни остварувања во нашата средина и есеи за книжевните љубопитства на авторката од странските литератури. Користејќи ги алатките и најсовремените достигнувања на книжевната теорија, критика и културологија, авторката ги прави своите анализи со јазик и стил кои се несомнено научни, но кои, истовремено, по својата култура на изразот, исцело одговараат на уметничката материја за која станува збор.

Нејзиниот несомнен истенчен усет и мошне суптилен сенс за акрибично промислување на книжевните феномени се видливи и во 18-те предговори и поговори на одделни книжевни остварувања од македонската и од светската литература. Најголемиот дел од овие текстови се реализирани како дел од елитната едиција „Ѕвезди на светската книжевност", проект на Владата на Р. Македонија.

Во поглед на научноистражувачката работа може да се констатира дека кандидатката д-р Соња Стојменска-Елзесер имала значајни ангажмани и остварила забележителни резултати. Нејзината посветеност на толкување на книжевните и културните феномени импонира, како според студиозноста и сериозноста на опфатот, така и според неговиот квантум.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Соња Стојменска-Елзесер активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за македонска литература. Го приредила поглавјето „Македонски современ расказ" во Антологијата на македонската книжевност. Книжевни остварувања од IX до XXI век, објавена од страна на ИМЛ (2014). Исто така, учествувала во многубројни промотивни активности на Институтот и Друштвото на писателите на Македонија при доделување на награди и признанија, чествување на годишнини и јубилејни датуми поврзани со македонски писатели, промоции на книги, на институтски научни изданија и др., а била и модератор на трибина за историјата на македонската книжевност при ДПМ.

Кандидатката д-р Соња Стојменска-Елзесер остварила експертски активности како член на жири-комисијата за доделување на наградата „Роман на годината" на Утрински весник за 2010 година и на Конкурсот за расказ на „Нова Македонија" (2013). Соработувала во подготвувањето и уредувањето на каталозите за меѓународниот Саем на книга во Франкфурт (2014) и за Салонот на книгата во Париз (2016).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при значајни образовни институции и сојузи во Р. Македонија:

- Комисија за лектири во основното образование при Бирото за развој на образованието (2013);
- Работна група за натпревари на Сојузот на Друштвата за македонски јазик и литература во Р. Македонија, за што има добиено Благодарница на 24 декември 2014 година.

Д-р Стојменска-Елзесер активно е вклучена во работата на бројни организациони одбори на Институтот за македонска литература, и тоа: Популарна култура: поглед одоздола (ноември 2014), Македонско-словачки

книжевни, културни и јазични врски (јули 2015), Критика и молк: читање на македонската литература и култура (ноември 2016).

Важен настан во афирмација и развој на македонската компаратистика е нејзиниот директен ангажман во организирање на научниот собир под наслов: Книжевни дислокации, Четврт конгрес на Европската мрежа за книжевни компаративни студии, кој се одржа во Скопје и Охрид во 2011 година и на кој учествуваа огромен број компаратисти од Европа и пошироко. Кандидатката е и еден од уредниците на Зборникот кој произлезе од овој собир (2012).

Била член на 4 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање (Александар Прокопиев, Јасмина Мојсиева-Гушева, Гоце Смилевски и Дарин Ангеловски).

Во изборниот период, д-р Соња Стојменска-Елзесер учествувала во изготвување и пријавување на научното списание *Контекст/Context* пред Министерството за култура на Р. Македонија, списание кое објавува прилози на македонски и на англиски јазик и чијшто главен уредник е таа од 2011 година.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Соња Стојменска-Елзесер, во септември 2014 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на втор циклус студии на Институтот за македонска книжевност.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Соња Стојменска-Елзесер.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Соња Стојменска-Елзесер поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде реизбрана во звањето научен советник во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за македонска книжевност во Скопје, д-р Соња Стојменска-Елзесер да биде реизбрана во звањето научен советник во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност.

**Рецензентска комисија**

Д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Александар Прокопиев, научен советник, с.р.

Проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева, научен советник, с.р.

**ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ**
**(март 2011 – март 2016)**

Кандидат: **СОЊА ЉУПЧО СТОЈМЕНСКА-ЕЛЗЕСЕР**

Институција: Институт за македонска литература

Научна област: теорија на литературата, компаративна книжевност, културолошки студии

| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | | |
|---|---|---|
